# СОЦИОЛОШКИ
# ТЕРМИНОЛОШКИ
# РЕЧНИК

Издавач:
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Раководител на терминолошката комисија од областа на социологијата при МАНУ:

Проф. д-р БЛАГА ПЕТРОСКА

Редактори:

Д-р ЈОВАН КОРУБИН
Д-р ИЛИЈА АЦЕСКИ

Составувачи:

Д-р ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ (а,б,к,л,љ,м,о), д-р ЛАЗАР НИКОДИМОВСКИ (в,д,у,ф,ш), д-р МАРИЈА ТАШЕВА (е,ц), д-р АМАЛИЈА ЈОВАНОВИЌ (и,ј,с), д-р ЈОВАН КОРУБИН (з,н,њ,ч), д-р НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ (п,р), д-р ИЛИЈА АЦЕСКИ (х), м-р ИЛО ТРАЈКОВСКИ (т) ЛЕОНОРА КАЛАЈЛИЕВСКА (г) д-р АНТОАНЕЛА ПЕТКОВСКА (дополнителни термини) и ВАСИЛ ПЛУШКОСКИ (дополнителни термини)

Рецензенти:

Проф.д-р СЛАВКО МИЛОСАВЛЕВСКИ
ТОДОР ДИМИТРОВСКИ, научен советник

# СОЦИОЛОШКИ
## ТЕРМИНОЛОШКИ
# РЕЧНИК

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
БИБЛИОТЕКА

# A

## 1. АБДИКАЦИЈА

*E. abdication*

*F. abdication*

*D. Abdikation*

*P. оūречение од ūресūола*

Откажување од престолот на шефот на државата во монархистичките политички системи (давање оставка на положбата или звањето)

## 2. АБНОРМАЛНОСТ

*E. abnormity (abnormality)*

*F. anormalité*

*D. Abnormität*

*P. ненормальносūь*

Во општествениот живот состојба која значи отстапување од вообичаените непишани или пишани правила, отстапување од стандардното, институционалното и просечното.

## 3. АБОЛИЦИОНИЗАМ

*E. abolitionism*

*F. abolitionnisme*

*D. Abolitionismus*

*P. аболиционизм*

Движење за укинување на некои обичаи, судски постапки, закони или некоја лоша состојба.

## 4. АБОРИГИНИ

*E. aborigines*

*F. aborigenes*

*D. Aboriginalle*

*P. ūуземцы*

Староседелци, домородци - население чиешто потекло е изворно во определена територија. Пранаселение на една територија (Австралија) во однос на населението што е доселено (колонисти).

## 5. АВАНГАРДА

*E. avantgarde*

*F. avant-garde*

*D. Avantgarde*

*P. аванīард*

Претходница, први редови. Во социолошка смисла збир на луѓе, група, организација или движење кои се застапуваат и борат за нови

идеи или нов општествен поредок.

## 6. АВАНГАРДИЗАМ
*E. avantgardism*
*F. avantgardisme*
*D. Avantgardismus*
*P. авангардизм*

Општествена појава која означува дека во неа преовладуваат карактеристики што се пред своето време.

## 7. АВАНГАРДНОСТ
*E. avant-gard*
*F. avant-garde*
*D. Vorhut*
*P. авангард*

Ознака дека некоја општествена појава или некој човек поседува предводнички карактеристики, вредности или идеи што се пред своето време.

## 8. АВСТРОМАРКСИЗАМ
*E. Austro-marxism*
*F. austro-marxisme*
*D. Austro-Marxismus*
*P. австромарксизм*

Збир на теоретски сфаќања за општествено-политичките феномени изградени од страна на австриското социјалистичко движење (Социјалдемократска партија на Австрија) во периодот 1900-1938 година.

## 9. АВТАРХИЈА
*E. autarky*
*F. autarchie*
*D. Autarchie*
*P. автаркия*

Состојба на општеството во која самото си ги задоволува своите вкупни потреби без потреба и зависност од други надворешни општества (првобитната општествена заедница).

## 10. АВТОКРАТИЗАМ
*E. autocratism*
*F. autocratisme*
*D. Autokratismus*
*P. автократизм*

Неограничено владеење, систем на апсолутистичко владеење со отсуство на демократски институции.

## 11. АВТОКРАТИЈА
*E. autocracy*
*F. autocratie*
*D. Autokratie*
*P. автократия*

Политички систем во кој постои самовладеење на една личност (монарх, диктатор, деспот и сл.) или на помала група каде што власта е неограничена и неконтролирана од страна на народот.



## 12. АВТОМАТИЗАМ
*E. automatism*
*F. automatisme*
*D. Automatismus*
*P. автоматизм*

Спонтано дејство кое се одвива без учество на свеста на човекот (самодвижење).

## 13. АВТОМАТИЗАЦИЈА
*E. automatization*
*F. automatisation*
*D. Automation*
*P. автоматизация*

Облик на организација на трудот во услови на развиени производни сили при што многу работни операции на човекот се заменети со автоматизирани машини.

## 14. АВТОНОМИЈА
*E. autonomy*
*F. autonomie*
*D. Autonomie*
*P. автономия*

Релативна самостојност на некој дел во однос на целината. Во политичкиот систем право на некоја територијална заедница самостојно да ги регулира некои законски, политички, културни и други дејности.

## 15. АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ
*E. autonomous provinces*
*F. provinces autonomes*
*D. autonome Provinzen*
*P. автономные края*

Релативно големи, децентрализирани и особени општествено-политички заедници кои не ја поседуваат сувереноста на државата, меѓутоа ја претставуваат највисоката самоуправна, децентрализирана единица со свој устав и законодавна власт, блиски до државата според надлежностите. Настануваат како резултат на постоењето на посебни интереси и специфичности (најчесто од национален карактер) на дел од населението во рамките на една држава.

## 16. АВТОРИТАРИЗАМ
*E. authoritarianism*
*F. autoritarisme*
*D. Autoritarismus*
*P. авторитаризм*

Општествен однос (состојба) во кој доминира некој општествен или духовен ав-

торитет заснован врз нееднаквост на луѓето и присутен во многу форми на општествениот живот (патријархално семејство, училиште, затвор, црква и сл.). Во политичкиот систем ознака за секоја државна власт која не е ограничена со демократски установи и која обично се наметнува со принуда.

**17. АВТОРИТЕТ**
*E. authority*
*F. autorité*
*D. Autorität*
*P. авторитет*

Углед, влијание што некоја личност, установа, начело, закон, мислење и друго стекнато врз основа на општо прифатени вредности ги има врз некоја друга личност.

**18. АВУНКУЛАТ**
*E. avunculate*
*F. avunculate*
*D. Avunculat*
*P. авункулат*

Посебен општествен однос карактеристичен за некои примитивни општества (пред се матријархални), во кој доминантна улога има вујкото како заштитник на децата на својата сестра, особено на машките деца. Вујкото ја презема улогата на таткото, а децата припаѓаат на родот на мајката во генеалошка, економска и општествена смисла.

**19. АГАМИЈА**
*E. agamy*
*F. agamie*
*D. Agamie*
*P. агамия*

Безбрачност, ознака дека некој не е во брак. Во културната антропологија индиферентност на некоја општествена група спрема ендогемијата или егзогамијата на своите членови.

**20. АГИНИЈА**
*E. aginy*
*F. aginie*
*D. Aginie*
*P. агини*

Неженетост - живот без жена.

**21. АГИТАТОР**
*E. agitator*
*F. agitateur*
*D. Agitator*
*P. агитатор*

Човек што поттикнува други на политичка или друга општествена активност.



**22. АГИТАЦИЈА**
*E. agitation*
*F. campagne de propagande*
*D. Agitation*
*P. агитация*

Активност за ширење на некои идеи, придобивки или поттикнување на луѓето да ги прифатат и остварат. Најчесто таа активност е поединечна, идеолошка и политичка пропаганда.

**23. АГЛОМЕРАЦИЈА**
*E. agglomeration*
*F. agglomeration*
*D. Aglomeration*
*P. агломерация*

Процес на собирање (натрупување) на население на определен животен простор кој ги надминува границите на некоја административна единица.

**24. АГНАТ**
*E. agnat*
*F. agnat*
*D. Agnat*
*P. роственик по мужской линии*

Роднина по татко, по машка лоза.

**25. АГНАЦИЈА**
*E. agnation*
*F. agnation*
*D. Agnatation*
*P. родство по отцу*

Сродство по татко (крвно сродство).

**26. АГРАРНА ПРЕНАСЕЛЕНОСТ**
*E. agrarian overpopulation*
*F. surpeuplement agraire*
*D. agrarische Übervölkerung*
*P. аграрное перенаселение*

Појава во неразвиените општества која означува несразмер помеѓу земјоделското (селското) население и земјата и другите средства за работа што ги употребуваат за егзистенција.

**27. АГРАРНО ПРАШАЊЕ**
*E. agrarian question*
*F. question agrare*
*D. Agrarfrage*
*P. аграрньйя вопрос*

Вкупност на сите проблеми кои во определен систем на општествени односи се однесуваат на социјалната положба на селанецот (земјоделецот), а пред се кои се однесуваат на сопственичкиот статус на земјата што селаните ја обработуваат.

### 28. АГРАРНА РЕФОРМА
*E. agrarian reform*
*F. réforme agraire*
*D. Agrarreform*
*P. аграрная реформа*

Збир од мерки кои претпоставуваат промена на аграрните односи, особено во доменот на сопственичките односи врз земјата (се врши прераспределба на земјата, при што таа најчесто се дели на ситните производители или преминува во колективна сопственост) од страна на државата, како дел од економско-политичките мерки што се спроведуваат во земјоделството.

### 29. АГРЕГАТ
*E. aggregate*
*F. ágrégate*
*D. Aggregat*
*P. агрегат*

Повеќе луѓе привремено и случајно собрани на блиско растојание со слаба поврзаност и интеракција на поединците.

### 30. АГРЕМАН
*E. agreement*
*F. agrément*
*D. Agrement*
*P. агреман*

Одобрение, согласност што една држава го дава за прифаќање на дипломатски претсавник на друга држава.

### 31. АГРЕСИВНОСТ
*E. aggressiveness*
*F. agressivite*
*D. Gewalttätigkeit*
*P. агресивност*

Тенденција или својство на некоја личност во општественото поведение да напаѓа или повредува друга личност.

### 32. АГРЕСИЈА
*E. aggression*
*F. agression*
*D. Aggression*
*P. агресия*

Во меѓународните односи напад на една држава врз друга или врз некој правно заштитен објект со примена на сила.

### 33. АДАПТАЦИЈА
*E. adaptation*
*F. adaptation*
*D. Adaptation*
*P. адаптация*

Приспособување на поединецот и општествените групи кон општествените



норми и вредности како резултат на процесот на социјализацијата.

### 34. АДМИНИСТРАЦИЈА
*E. administration*
*F. administration*
*D. Administration*
*P. администрация*

Општо, збир на органи на управување или техничко-управната служба на некоја општествена дејност, организација, установа и сл.

### 35. АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ
*E. administrative menagement*
*F. administratif gestion*
*D. administrative Leitung*
*P. административное управление*

Начин на управување со општествени дејности (особено со стопанството) што се остварува од страна на државните управни органи или со нивно мешање, контрола и раководење.

### 36. АКАДЕМСКА СЛОБОДА
*E. academic freedom*
*F. liberté accademique*
*D. akademische Freiheit*
*P. академическа свобода*

Принцип на слобода на науката и наставата на универзитетите во однос на надворешни влијанија од страна на државата (власта, црквата и др.).

### 37. АКЛИМАТИЗАЦИЈА
*E. acclimatization*
*F. acclimatisation*
*D. Akklimatisierung*
*P. акклиматизация*

Процес на приспособување кон нова социјална средина, процес што е претпоставка на интеграција во неа.

### 38. АКОМОДАЦИЈА
*E. accomodation*
*F. accomodation*
*D. Akkomodierung*
*P. аккомодация*

Процес на промена на односите на поединецот спрема други поединци во рамките на некоја општествена група со цел да се отстранат конфликтните состојби и да се оствари приспособување.

### 39. АКСИОМ
*E. axiom*
*F. axiome*
*D. Axiom*
*P. аксиома*

Став што не е потребно да се докажува, што се прима

како очигледно точен и кој служи за изведување на натамошни докази во рамките на некој логичен, теоретски или научен систем.

**40. АКТ**
*E. act*
*F. acte*
*D. Akt*
*P. акт̄*

в. Социјален акт

**41. АКТИВ**
*E. aktiv*
*F. groupe d'activistes*
*D. Aktiv*
*P. акт̄ив*

Најангажираните членови на некоја општествена или политичка организација.

**42. АКТИВНОСТ**
*E. activity*
*F. activité*
*D. Aktivität*
*P. акт̄ивност̄ь*

Дејствување, вкупност на постапки и дејствија на некој човек, група, организација и сл. за да се постигнат некои цели.

**43. АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ**
*E. active population*
*F. population active*
*D. erwebstätige Bevölkerung*
*P. акт̄ивное население*

Сите лица што вршат некое занимање, како и лица што од одредени причини привремено не се во можност да го прават тоа.

**44. АКУЛТУРАЦИЈА**
*E. acculturation*
*F. acculturation*
*D. Akkulturation*
*P. аккульт̄урация*

Еден вид културна промена кој претпоставува процес на дијалектичка интеракција меѓу културите на две или повеќе општествени групи што од кои било причини доаѓаат во допир.

**45. АКЦИЈА**
*E. action*
*F. action*
*D. Aktie; Aktion*
*P. акция*

Секој облик на свесна индивидуална или колективна дејност во општествениот живот.

**46. АКЦИОНЕР**
*E. stockholder*
*F. actionire*
*D. Aktionär*
*P. акционер*



Сопственик на акции на некое индустриско или трговско претпријатие во капитализмот.

**47. АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО**
*E. joint-stock-company*
*F. société d'actionaires*
*D. Aktiengesellschaft*
*P. акционерное общест̄во*

Вид на капиталистичко претпријатие чијшто капитал е поделен на еднакви делови (акции) кои во вид на вредносни хартии ги купуваат капиталисти, поимашливи работници, државата или др. и со тоа стануваат сопственици на претпријатието, учествуваат во неговото управување и распределба на профитот.

**48. АЛИЕНАЦИЈА**
*E. alienation*
*F. aliénation*
*D. Alienation*
*P. от̄руждение*

Отуѓување - општествена состојба која означува подвоеност на човековата есенција (суштина) од неговата егзистенција (постоење).

**49. АЛКОХОЛИЗАМ**
*E. alcoholism*
*F. alcoolisme*
*D. Alkoholismus*
*P. алкоголизм*

Социјална болест која се јавува како последица на прекумерно конзумирање алкохолни пијалоци, зависност од алкохолот што доведува до нарушување на психичкото или физичкото здравје или психички пореметувања, пореметувања на односите на алкохоличарот со семејството и другите општествени групи и нарушување на неговата социјална и економска состојба.

**50. АЛТРУИЗАМ**
*E. altruism*
*F. altruisme*
*D. Altruismus*
*P. альт̄руизам*

Поведение на човекот кој во своите постапки се раководи од чувства на наклоност спрема другите луѓе со цел да им помогне и направи добро.

**51. АЛТРУИСТ**
*E. altruist*
*F. altruiste*
*D. Altruist*
*P. альт̄руист̄*

Човек што во своето мислење и поведение се ра-

ководи од љубов кон блиските, другите луѓе (човекољубец).

## 52. АМАЛГАМАЦИЈА

*E. amalgamation*
*F. amalgamation*
*D. Amalgamation*
*P. амальгамация*

Поврзување на повеќе луѓе или групи со различни особини во една целина во која настануваат нови особини и карактеристики.

## 53. АМБИВАЛЕНЦИЈА

*E. ambivalention*
*F. ambivalence*
*D. Ambivalenz*
*P. амбиваленция*

Постоење на различни, најчето спротивни, ставови, мислења, чувства, вредности во однос на некоја надворешна состојба (на пример, истовремено чувство на љубов и омраза, наклоност и ненаклоност и сл.).

## 54. АМОРАЛИЗАМ

*E. amoralism*
*F. amoralism*
*D. Amoralismus*
*P. аморальизм*

Доктрина според која не постои морал, па дејствата, постапките и поведенијата на луѓето (посебно на големите историски личности) не можат да се ценат и вреднуваат од апсект на моралот.

## 55. АМОРАЛНОСТ

*E. amorality*
*F. amoralité*
*D. Unmoraltät*
*P. аморальность*

## 56. АНАЛИЗА НА СОДРЖИНА

*E. content analysis*
*F. analyse ducontenu*
*D. Zusammenfassungsanalyse*
*P. анализ садржания*

Методолошка постапка во општествените науки (посебно во социологијата) со која се проучува некоја комуникација, особено нејзината симболичка содржина, објективно, систематски и квантитативно.

## 57. АНАРХИЗАМ

*E. anarchism*
*F. anarchisme*
*D. Anarchismus*
*P. анархизм*

Социјално-политичка доктрина од 19 век (Прудон, Штирнер, Бакунин, Кропоткин и др.), со корени уште во



грчката античка филозофија, која ја негира историската улога на државата и воопшто на политичките институции во општеството. Се залага за уништување на државата и за воведување на општествена состојба во која секој поединец врз основа на доброволен договор, апсолутно слободно го регулира својот живот.

## 58. АНАРХИЈА

*E. anarchy*
*F. anarchie*
*D. Anarchie*
*P. анархия*

Безвластие, општествена состојба во која престанале да важат законите и да функционираат државните органи или политичките авторитети.

## 59. АНАХРОНИЗАМ

*E. anachronism*
*F. anachronisme*
*D. Anachronismus*
*P. анахронизм*

Состојба што означува спротивност со хронологијата со следот на времето; несовременост, несогласност на некоја појава со времето.

## 60. АНАРХОСИНДИКАЛИЗАМ

*E. anarchosyndicalism*
*F. anarcho-syndicalisme*
*D. Anarchosyndikalismus*
*P. анархо-синдикализм*

Идејно-политичка струја или движење во меѓународното работничко движење што се јавува на крајот од минатиот и почетокот на овој век (се среќава и под називите синдикализам и револуционерен синдикализам).

Основните гледишта и дејноста на анархосиндикализмот се блиски до анархизмот. Има негативен однос кон политичкото организирање на работничката класа сметајќи дека синдикатите се најсоодветни институции за спроведување на интересите и борбата на работничката класа.

## 61. АНИМИЗАМ

*E. animism*
*F. animisme*
*D. Animismus*
*P. анимизм*

Вид религиозна свест која претставува верување дека сите предмети и појави што го опкружуваат човекот имаат свој дух или душа (анима) со свои индивидуални белези.

### 62. АНКЕТА

*E. poll*
*F. enquéte*
*D. Enquete*
*P. анкета*

Методолошка постапка што по пат на писмен прашалник собира определени податоци и информации за кои испитувачот се интересира.

### 63. АНОМАЛИЈА

*E. anomaly*
*F. anomalie*
*D. Anomalie*
*P. аномалия*

Појава што отстапува од закон, правило или норма или појава што е исклучок од појавите што чинат еден законски ред. Слично со абнормалност.

### 64. АНОМИЈА

*E. anomy*
*F. anomie*
*D. Anomie*
*P. аномия (беззаконие)*

Состојби на дезорганизација на општеството, отсуство на регулативни функции, кога исчезнува соработката на членовите на општеството, заемната интеракција - како основа на општествениот поредок.

### 65. АНТАГОНИЗАМ

*E. antagonism*
*F. antagonisme*
*D. Antagonismus*
*P. антагонизм*

Непомирлива спротивност, противречност и непријателство.

### 66. АНТАГОНИСТ

*E. antagonist*
*F. antagoniste*
*D. Antagonist*
*P. антагонист*

Противник, соперник, оној што е со спротивни интереси или идеи.

### 67. АНТИКА

*E. antique*
*F. antiquité*
*D. Antike*
*P. античность*

Пошироко - вкупност на материјалната и духовната култура на старите народи. Потесно - се однесува на грчко-римската култура (уметност, литература, филозофија, архитектура, државен и културно-историски развиток итн.).



### 68. АНТИКОЛОНИЈА-ЛИЗАМ

*E. antikolonializm*
*F. antikolonializme*
*D. Antikolonializmus*
*P. антиколониализм*

Организиран вид борба на народите во колониите и во зависните земји за ослободување и за создавање национално независни држави.

### 69. АНТИКОМУНИЗАМ

*E. anticommunism*
*F. anticommunisme*
*D. Antikommunismus*
*P. антикомунизм*

Појава непосредно врзана за појавата на комунистичката идеологија и движење и претставува основа на одредена идеологија и политика со која се настојува да се спречи влијанието на комунистичките идеи преку критика и напаѓање на нивните основи.

### 70. АНТИЛИБЕРА-ЛИЗАМ

*E. antiliberalism*
*F. antiliberalisme*
*D. Antiliberalität*
*P. антилиберализм*

Противност на слободарството, слободоумието и на слободарските принципи.

### 71. АНТИМИЛИТА-РИЗАМ

*E. antimilitarism*
*F. antimilitarisme*
*D. Antimilitarismus*
*P. антимилитаризм*

Сфаќање и движење што е против војната како основен инструмент на политиката и против милитаризацијата на некоја земја или на светот, против јакнењето на воените структури и организации во општествениот живот.

### 72. АНТИСЕМИТИЗАМ

*E. antisemitizm*
*F. antisemitizme*
*D. Antisemitismus*
*P. антисемитизм*

Чувства, расположенија, постапки и практични мерки против Евреите кои добија најстрашни форми и размери во нацистичката доктрина и политичка практика.

### 73. АНТИФАШИЗАМ

*E. antifascism*
*F. antifascisme*

*D. Antifaschismus*
*P. антифашизм*

Широко социјално и политичко движење настанато по Првата светска војна кое ги обединуваше различните општествени групации и поединци (од либерално - буржоаски и религиозни до социјалистички и комунистички) со цел да се потисне и ликвидира фашизмот.

**74. АНТИФАШИС ТИЧКИ ФРОНТ**
*E. anti-fascist front*
*F. front antifascist*
*D. antifaschistische Front*
*P. антифашистский фронт*

. Посебен облик на политичка соработка и поврзаност на демократските партии, движења и поединци со заедничко сфаќање за опасноста од фашизмот и за борба против него настанато со појавата на фашизмот.

**75. АНТИФАШИСТИЧКО ДВИЖЕЊЕ**
*E. anti-fascist movement*
*F. mouvement antifascist*
*D. antifaschistische Bewegung*
*P. антифашистиское двыжение*

Широко социјално политичко движење настанато по Првата светска војна кое обединува различни општествени групации и поединци со цел да се спречи и ликвидира фашизмот.

**76. АНТИЧКА ДЕМОКРАТИЈА**
*E. ancient democracy*
*F. dèmocratie antique*
*D. antike Demokratie*
*P. античная демократия*

Вид политички систем на стариот грчки (атински) полис во кој се развивале облици на влијание на народот (демосот) врз политиката (власта). Имала робовладетелски класен карактер бидејќи се однесува или важи само за слободните граѓани и странците а робовите, жените како и други структури на населението биле исклучени од неа.

**77. АНТИЧКА ДРЖАВА**
*E. ancient state*
*F. etat entique*
*D. antiker Staat*
*P. античное государство*

Пошироко, назив за државната организација на робовладелското општество.



Потесно, и почесто, државната организација што се појавила во робовладетелскиот систем на грчките полиси а подоцна и во Рим на едно релативно високо ниво на економско-политичкиот и културниот развиток на робовладетелското општество.

**78. АНТИЧКА КУЛТУРА**
*E. ancient culture*
*F. ancient culture*
*D. antike Kultur*
*P. античная культура*

Уметноста, литературата, филозофијата, архитектурата и државно-правниот развиток на грчкото и римското општество во робовладетелството.

**79. АНТИЧКИ ПОЛИС**
*E. ancient polis*
*F. polise antique*
*D. antiker Polis*
*P. античный полис*

Држава - град, државичка во античка Грција која опфаќала релативно мала територија (во однос на другите робовладетелски држави) составена од земјоделска околина (агрос) и урбан центар (асти). Во исто време заедница - општество на граѓаните, политичка, етничка заедница и установа.

**80. АНТИЧКО ОПШТЕСТВО**
*E. ancient society*
*F. sociètè antique*
*D. antike Gesellschaft*
*P. античное общество*

Пошироко, општеството во робовладелството како прва општествено-економска формација. Потесно, општеството во робовладетелството на подрачјето на Грција и Рим.

**81. АНТРОПОБИОЛОГИЈА**
*E. anthropobiology*
*F. anthropobiologie*
*D. Anthropobiologie*
*P. антропобиология*

Дел од антропологијата што се занимава со биолошките карактеристики и законитости на човештвото како целина (наследување, влијание на околината, вкрстосување, множење итн.).

**82. АНТРОПОГЕОГРАФИЈА**
*E. anthropogeography*
*F. anthropogeographie*

*D. Anthropogeographie*
*P. антропогеография*

Дел од географијата што се занимава со односот на природната положба на земјиштето на која луѓето живеат спрема нивните заедници, односно колку човекот може да го користи природниот простор за своите општествени потреби.

### 83. АНТРОПОЛОГИЈА
*E. anthropology*
*F. antropologie*
*D. Anthropologie*
*P. антропология*

Наука за човекот која во зависност од фундаменталните карактеристики на човекот се дели на физичка (соматска) и социјална антропологија. Социјалната антропологија скоро е истоветна со социологијата затоа што го проучува човекот како општествено суштество. Од неа се одвојува културната антропологија, која ја проучува човечката култура.

### 84. АНТРОПОМОРФИЗАМ
*E. anthropomorphism*
*F. anthropomorphisme*
*D. Anthropomorphismus*
*P. антропоморфизм*

Сфаќање коешто на предметите од природниот свет (на физичките и биолошките појави) им придава, припишува човечки својства. Во историјата на религијата претставува фаза во која апстрактните божества добиваат човечки лик и особини.

### 85. АПАНАЖА
*E. appanage*
*F. apanage*
*D. Apanage*
*P. апанаж*

Во феудалното општество - дел од имотот што владетелите им го давале на првородените синови или на браќата кои по смртта го наследуваат владетелот. Подоцна, годишен приход на владетелот и неговото семејство законски определен во државниот буџет.

### 86. АПАРТХЕЈД
*E. apartheid*
*F. apartheid*
*D. Apartheid*
*P. апартеид*

Назив за политика на расна сегрегација што го спроведува белото малцинство во Јужноафриканската Република; дискриминација според раса и боја кон африканското население.



### 87. АПРИОРИЗАМ
*E. apriori method*
*F. apriorisme*
*D. Apriorismus*
*P. априоризм*

Збир на ознаки за учењата што сметаат дека сознанието опстанува (постои) без искуство и дека тоа психолошки и логички, т.е. трансцедентално, му претходи на искуството.

### 88. АПСОЛУТИЗАМ
*E. absolutism*
*F. absolutisme*
*D. Absolutismus*
*P. апсолютизм*

Политички систем во кој целата власт е во рацете на еден човек или орган а кој израсна во услови на феудалниот партикуларизам како потреба за единствена и силна централна власт во некои земји во средниот век.

### 89. АПСОЛУТНА ВЛАСТ
*E. absolute power*
*F. pouvoir absolu*
*D. absolute Herrschaft*
*P. абсолютная власт*

Власт што не е ограничена со устав, закон или со некои демократски институции; власт што не е одговорна пред други.

### 90. АПСОЛУТНА МОНАРХИЈА
*E. absolut monarey*
*F. monarchie absolue*
*D. absolute Monarchie*
*P. абсолютная монархия*

Политички систем на развиениот феудализам во кој монархот ги има сите атрибути на севкупната државна власт.

### 91. АПСОРПЦИЈА
*E. absorption*
*F. absorption*
*D. Absorption*
*P. абсорпция*

Вцицување, впивање во себе - процес што означува дека една општествена појава ги впива, ги опфаќа во себе некои други појави, поединци или други општествени сегменти.

### 92. АРИСТОКРАТИЗАМ
*E. aristocratism*
*F. aristocratisme*

*D. Aristokratismus*
*P. аристократизм*

Аристократски систем на владеење. Наклоност кон аристократијата и нејзините начела. Сфаќање дека благородништвото има посебна улога и обврски во општеството.

**93. АРИСТОКРАТИЈА**
*E. aristocracy*
*F. aristocratie*
*D. Aristokratie*
*P. аристократия*

1. Вид на политичко уредување (политички систем) во кој на чело на власта се благородниците или слојот на побогатите луѓе.2. Слој на благородници, на најбогатиот дел од општествената структура.

**94. АРМИЈА**
*E. army*
*F. armèe*
*D. Armee*
*P. армия*

Вооружена сила на државната организација. Синоним за вооружени сили, војска. Во потенса смисла, поголема оперативна единица на вооружените сили на една земја.

**95. АРТЕФАКТ**
*E. artefact*
*F. oeuvre d'art*
*D. Kunstprodukt*
*P. искуственный продукт*

Производ на човекот, предмети вештачко изработени, ракотворба.

**96. АСИМИЛАЦИЈА**
*E. asimilation*
*F. assimilation*
*D. Assimilation*
*P. асимильяция*

Процес кога една општествена појава, група или поединец во подолг контакт со друга појава ги губи своите карактеристики, својата посебност и се втопува во неа, најчесто присутна во националните, верските, јазичките и другите контакти во општеството.

**97. АСКЕТИЗАМ**
*E. asceticism*
*F. ascetisme*
*D. Asketismus*
*P. аскетизм*

Начин на живеење или поглед на свет според кој основни вредности на животот, највисок дострел на човечкото достоинство е



одрекувањето од материјалните добра, животните подо бности и телесните уживања.

**98. АСОЦИЈАЛНОСТ**
*E. insociability*
*F. insociabilitè*
*D. unsozial*
*P. ассоциальность*

Недостиг на чувство за општествената заедница, неспособност да се прифатат општествените норми и неприспособливост на општествените односи од страна на поединци или општествени групи.

**99. АСОЦИЈАЦИЈА**
*E. association*
*F. association*
*D. Assoziation*
*P. асоциация*

Здружување, спојување, поврзување. Здружување на поединците во релативно трајни општествени групи и заедници.

**100. АТАНАТИЗАМ**
*E. athanasy (immortality)*
*F. atanatisme*
*D. Unsterblichkeit (Athanasie)*
*P. бессмертие*

Верување во бесмртноста на душата (бесмртност).

**101. АТЕИЗАМ**
*E. atheism*
*F. atheisme*
*D. Atheismus*
*P. атеизм*

Сфаќање кое го одрекува постоењето на бог затоа што не може рационално да се докаже (безбожност).

**102. АТОМИЗАМ**
*E. atomism*
*F. atomisme*
*D. Atomismus*
*P. атомизм*

Насока во социологијата која ги истражува елементарните факти и процеси во врска со единката (спротивно на холистичката насока).

**103. АТОМИЗАЦИЈА**
*E. atomization*
*F. atomisation*
*D. Atomisation*
*P. атомизация*

Процес на разделување на некоја сложена општествена целина на ситни делови кој доведува до нејзина дезинтеграција.

**104. АФЕРА**

*E. affair*
*F. affaire*
*D. affäre*
*P. афера*

Општествен настан со сомнителни, нечесни и противзаконити карактеристики (политичка, финансиска, спортска, криминална, љубовна, шпионска итн. афера).



# Б

**105. БАБУВИЗАМ**

*E. babouvizm*
*F. babouvisme*
*D. Babuvismus*
*P. бабувизм*

Комунистичко утопистичко учење кое потекнува од францускиот револуционер Франсоа Ноел Бабеф (1760 - 1797) и неговите другари од организацијата "Заговор на еднаквите", а се карактеризира со груб егалитаризам, аскетизам и несфаќање на улогата на работничката класа. (исто: бабавизам)

**106. БАЖДАРЕЊЕ**

*E. to check measures (weights)*
*F. verifier le poids et les meyures*
*D. Eichung*
*P. контролирование меры*

Службено испитување и утврдување на точноста на мерките што се во јавен промет.

**107. БАЗА (општествена)**

*E. base*
*F. base*
*D. Basis*
*P. базис*

Дел од структурата на општеството што ги опфаќа сите односи, институции, поведенија, човечките и материјалните сили што се во врска со производството на материјални добра нужни за егзистенција на луѓето (и на општеството).

**108. БАЗИЧНА СТРУКТУРА (НА ЛИЧНОСТ)**

*E. Basic structure*
*F. Structure de base*
*D. Grundlagezusammensetzung*
*P. базисная структура*

Модел на личност во определена општествена заедница која е идеал според кој се применуваат специфични техники на социјализација на младата генерација.

**109. БАНКА**

*E. bank*
*F. banque*

*D. Bank*
*P. банк*

Финансиска институција која работи со пари, посредува со кредити, дава заеми, прима штедни влогови и го врши вкупниот платен промет во општеството.

**110. БАНКОКРАТИЈА**
*E. bankers, money people*
*F. bancocratie*
*D. Bankokratie*
*P. банкокрайия*

Владеење на финансиската олигархија, економска и социјална моќ на банкарската структура во општеството.

**111. БЕДА**
*E. poverty*
*F. pouvreté misère*
*D. Elend*
*P. беда*

Состојба на недостиг на основни средства за живот, а која може да се изрази и како отсуство на некои елементарни човечки услови, вредности и сл. ( исто: сиромаштија)

**112. БЕЗБОЖНИК**
*E. non-believer*
*F. athee*



*D. Gottloser*
*P. безбожник*

Човек што не верува во бога или во натприродни сили (атеист).

**113. БЕЗБОЖНОСТ**
*E. atheism*
*F. atheisme*
*D. Gottlosigkeit*
*P. безбожие*

в. Атеизам

**114. БЕЗВЕРИЕ**
*E. unbelief*
*F. incroyance, irreligion*
*D. Ungläubigkeit*
*P. безверие*

Состојба што означува дека во некоја општествена средина или група не постои вера (религија).

**115. БЕЗВЕРНИК**
*E. atheist*
*F. irreligieux*
*D. Ungläubiger*
*P. безверник (неверующий)*

Човек што не и припаѓа на некоја вера (религија).

**116. БЕЗВЛАСТИЕ**
*E. anarchy*
*F. manque d'autorité*



*D. Verfassungslosigkeit*
*P. безвластие*

Состојба што означува дека во некое општество нема власт, односно дека власта го изгубила својот авторитет, сила и моќ како резултат на распаѓањето на државната организација.

**117. БЕЗЗАКОНИЕ**
*E. lawlessness*
*F. illégalité*
*D. Gesetzlosigkeit*
*P. беззаконие*

Состојба во општството која означува непочитување и невладеење на законите и прописите што се донесени. Состојба на дезорганизираност на општеството или на некој негов сегмент (аномија).

**118. БЕЗИДЕЈНОСТ**
*E. lacking ideas*
*F. manque des principes idéologiques*
*D. ideenlosigkeit*
*P. безидеинось*

Непостоење на идејна ориентација, идејна припадност кон некоја идеологија, доктрина и сл.

**119. БЕЗРАБОТНОСТ**
*E. unemployment*
*F. chômage*
*D. Arbeitslosigkeit*
*P. безрабоиица*

Општествена појава која значи дека не постои можност за трајно вработување на поединци или на повеќе луѓе.

**120. БЕЗРЕДИЕ**
*E. disorder*
*F. désorder*
*D. ordnungslos*
*P. бесиорядок*

Општествена состојба која означува непостоење на ред и поредок, појава што следува по извесен ред што е нарушен од нешто.

**121. БЕРЗА**
*E. stock exchange*
*F. bourge*
*D. Börse*
*P. биржа*

Институција на модерниот стопански систем за организиран промет на вредносните карти (акции и обврзници). Посебен вид е берзата на трудот која има функција да посредува помеѓу понудата и побарувачката на работната сила.

**122. БЕРНШТАЈНИЗАМ**
*E. bernsteinism*
*F. théorie de Bernstein*

*D. Bernsteinismus*
*P. бернштейнизм*

Учењето на Едуард Бернштајн, водачот на германското социјалдемократско крило на II интернационала, кое претставува обид за систематска ревизија на марксизмот и затоа познато како ревизионизам. Се заснова врз идејата "движењето е сé, целта не е ништо". Бернштајнизмот беше основа, од страна на социјалдемократијата, да се напуштат револуционерните цели на работничката класа, основа на нејзиното вклучување во институциите на граѓанската демократија.

**123. БЕСА**
*E. besa*
*F. besa*
*D. besa*
*P. беса*

Општествена норма на однесување, чесен збор, ветување, заклетва која штом е дадена мора да се одржи по секоја цена. Дел од традиционалната култура на Албанците.

**124. БЕСКЛАСНО ОПШТЕСТВО**
*E. classless society*
*F. société sans classes*
*D. klassenlose Gesellschaft*
*P. бесклассовое общество*

Општество во кое не постојат класи и кое се заснова врз колективна или општествена сопственост.

**125. БЕСПАРТИЈНОСТ**
*E. non-partyness*
*F. sans partie*
*D. Parteilosigkeit*
*P. беспартийность*

Својство на општествена појава со кое се нагласува неприфаќање на политичка партија.

**126. БЕСПРАВНОСТ**
*E. lawlessness*
*F. illégitimité*
*D. Rechtlosigkeit*
*P. бесправность*

Општествена состојба која означува отсуство на примена на право, закон или која означува кршење на законот и правото.

**127. БИАНДРИЈА**
*E. biandry*
*F. biandrie*
*D. Biandrie*
*P. биандрия*

Во некои општествени заедници полова и брачна заедница помеѓу една жена и двајца мажи. Се јавува ретко кај некои бедуински племиња и на Тибет.

**128. БИАРХИЈА**
*E. biarchy*
*F. biyrchie*
*D. Biarchie*
*P. биархия (двувластие)*

Двовластие, политички систем во кој истовремено владеат двајца владетели, постојат два центра на власт кои не се во единствен систем. (Исто: диархија)

**129. БИГАМИЈА**
*E. biamy*
*F. bigamie*
*D. Bigamie*
*P. бигамия*

Полова и брачна заедница во некои општества помеѓу еден маж и две жени (кај муслиманските народи).

**130. БИЗНИС**
*E. business*
*F. affaires*
*D. Bussiness; Geschäft*
*P. бизнес*

Работна активност или занимање што човекот го врши како своја задача или начин за заработување средства за живот. Се употребува и во смисла на претприемништво.

**131. БИОЗАЕДНИЦА**
*E. biosociety*
*F. biocommunauté*
*D. Biogemeinschaft*
*P. биообщество*

Животна заедница, заедница на растителниот, животинскиот или општествениот свет.

**132. БИОЛОГИЗАМ**
*E. biologism*
*F. biologisme*
*D. Biologismus*
*P. биологизм*

Еден од поважните и основните правци во социологијата којшто општеството го објаснува со истите законитости кои важат во живата природа. Општеството се сфаќа како посестран и поразвиен организам (органицизам) или дека во општеството владеат законите на приспособување, борба за опстанок и природно одбирање (социјален дервинизам).

**133.БИОСОЦИОЛОГИЈА**
*E. biosociology*
*F. biosociologie*

*D. Biosoziologie*
*P. биосоциолоīия*

Наука за заедниците на живите суштества која ги истражува сличностите на овие заедници со човечкото општество, особено поделбата на трудовите операции кај животинските заедници (зоосоциологија).

## 134. БИОСОЦИОЛОШКА ШКОЛА
*E. bio-sociology school*
*F. école biosociologique*
*D. biosoziologische Schule*
*P. биосоциолоīическое учение*

Збир на социолошки теории кои општеството го сфаќаат како дел од природата и во кои владеат природните закони (биологизам во социологијата).

## 135. БИРОКРАТИЈА
*E. bureaucracy*
*F. bureaucratie*
*D. Buerokratie*
*P. бирокраīия*

Слој на луѓе произлезен од вршењето на посебни функции во сложената поделба на трудот - раководење, управување, координирање, примена на знаења, информации и сл.- не само во сообразност со објективните законитости, туку во согласност со интересите на самите носители. Бирократијата владее над луѓето и општеството во името на општествените цели, а во согласност со својот интерес.

## 136. БИРОКРАТИЗАМ
*E. bureaucracy*
*F. bureaucratisme*
*D. Bürokratismus*
*P. бюрокраīизм*

Комплекс од појави врзани за организацијата и функционирањето на бирократијата или начин на нејзиното општествено дејствување. Обележен со круто придржување кон прописите без оглед на специфичноста на одделните случаи за кои се применуваат тие прописи.

## 137. БИРОКРАТСКО УПРАВУВАЊЕ
*E. bureaucratic menagement*
*F. gestion bureaucratique*
*D. buerokratische Leitung*
*P. бюрокраīическое уīравление*

Начин на управување на државните (општествените) работи од страна на бирократските структури - спротивно на демократскиот начин на управување.

## 138. БИХЕВИОРИЗАМ
*E. behaviorism*
*F. behaviorisme*
*D. Behaviorismus*
*P. бихевиоризм*

Социолошки метод и теорија која го проучува социјалното поведение на единките во општеството како основа на човечката свест и реагирањето на луѓето и групите на определени ситуации. Теорија што сака да изгради едно генерално учење за човечкото поведение. Ги запоставува објективните општествени односи и карактерот на глобалниот општествен систем.

## 139. БЛАГОРОДНИК
*E. nobleman*
*F. noble*
*D. Edelbürger*
*P. дворянин*

Припадник на благородничкиот сталеж на феудалната класа.

## 140.БЛАГОРОДНИШТВО
*E. nobility*
*F. noblesse*
*D. Adel*
*P. дворянсīво*

Дел од феудалната класа што својата владеачка положба ја заснова врз сопственоста на земјата и врз систем на општествени привилегии.

## 141. БЛАНКИЗАМ
*E. blanquism*
*F. blanquisme*
*D. Blanquismus*
*P. бланкизм*

Политичка струја во француското социјалистичко движење основано од Луј Огист Бланк. Основните идеи на бланкизмот се комунистичко-утопистички: ликвидирање на буржоаската власт по пат на вооружена борба, револуционерна диктатура, национализација на големите поседи, контрола над индустријата итн. Вооружената борба ја води избрано револуционерно јадро, елита (авангарда).

## 142. БОГ
*E. god*
*F. dieu*
*D. Gott*
*P. боī*

Во религиите натприродно семоќно суштество кое

го владее и управува целиот универзум; творец на светот и животот.

**143. БОГАРДУСОВА СКАЛА**
*E. the scale of Bogardus*
*F. echelle de Bogardus*
*D. Bogardus Skala*
*P. Богордусова лестница*

Скала за мерење на социјалната дистанца помеѓу разни групи (расни, етнички, религиозни, класни, професионални и др.) со помош на ставови за готовност или неготовност да се контактира со друга група. Скалата има седум односи: 1. дали сакате брачно сродство со некој од друга група; 2. дали сакате соседство; 3. соработка на работа, 4. живеење во иста земја; 5. контакти со привремена посета на земјата; 6. одбивање на контакт; и 7. припадникот на друга група да се исфрли од земјата.

**144. БОГОМИЛИ**
*E. bogomils*
*F. bogomiles*
*D. Bogomilen*
*P. богомилы*

Припадници на верско-еретичко движење и учење што се појави на територијата на Македонија и Бугарија во 9 - 10 век, на Србија во 12 век, на Босна во 12 - 15 век.

**145. БОГОМИЛСТВО**
*E. bogomilism*
*F. bogomilisme*
*D. Bogomilentum*
*P. богомильство*

Христијанско еретичко движење што во 9 век се појави во Македонија па се прошири и во другите земји на Балканот (Бугарија, Србија, Босна). Социјалната основа на богомилството е бунтот на сиромашните слоеви против тогашниот феудализам.

**146.БОЕМСТВО**
*E. bohemianism*
*F. bohême*
*D. Boheme*
*P. богемство*

Начин на живот на неформални општествени групи или став на поединци кои со своето неконвенционално (некогаш и асоцијално) однесување демонстрираат спротивставување на постојните општествени норми и прилики.

**147. БОЖЕСТВО**
*E. deity*
*F. divinité*



*D. Gottheit*
*П. божество*

Суштество со својство на бог, со натприродни својства.

**148. БОЖЈА ДРЖАВА**
*E. divine state*
*F. état divine*
*D. gottlicher Staat*
*P. божественое государство*

Августин, теолошки мислител, во своето дело "De civitate Dei" (за божјата држава) зборува за две држави: земна (израз на злото) и божествена - небеска (израз на доброто).

**149. БОЖЈЕ ПРАВО**
*E. divine right*
*F. droit divine*
*D. göttliches Recht*
*P. божественый закон*

Средновековно учење (теорија) за потеклото на власта од бога според која неприкосновеното владеење на владетелите се заснова врз божественото право (теорија за божественото потекло на суверенитетот).

**150. БОЖЈИ СУД**
*E. divine judgement*
*F. tribunal de Dieu*
*D. gottliches Gericht; Gottesgericht*
*P. божий суд*

Ирационално доказно средство во судскиот процес, во робовладетелските и феудалните држави, кое се состоело од ритуални процеси преку кои, се верувало, "вишата сила" (бог) ќе укаже на вистинскиот виновник. Средство со кое се користела црквата за докажување на правоверноста на своите поданици(инквизициските судови).

**151. БОЈКОТ**
*E. boycott*
*F. boycottage*
*D. Boykott*
*P. бойкот*

Прекин на врските, отфрлање или исклучување на некоја општествена група или поединец, како средство за притисок во политичка или во економска борба (судир).

**152. БОЛШЕВИЗАМ**
*E. bolchevizme*
*F. bolchevisme*
*D. Bolschevismus*
*P. большевизм*

Политичко движење и насока во руската социјал-

демократија од крајот на 19 и почетокот на 20 век. Називот потекнува од мнозинството (на руски: большинство) на Вториот конгрес на руската социјалдемократија (1903) кое го поддржуваше Ленина во неговата концепција за карактерот и улогата на работничката партија во услови на револуција. По Октомвриската револуција болшевизмот е обележје за вид на комунистичка партија и за целокупна стратегија и тактика на класната борба.

**153. БОЛШЕВИЦИ**
*E. bolcheviks*
*F. bolcheviks*
*D. Bolschewiken*
*P. большевики*

Припадници на револуционерното крило на руската социјалдемократска партија на чело со Ленин која беше најзаслужна за изведувањето на Октомвриската револуција.

**154. БОНАПАРТИЗАМ**
*E. bonapartism*
*F. bonapartisme*
*D. Bonapartismus*
*P. бонапартизм*

Политички режим на чие чело е истакнат војсководец кој својата лична власт ја комбинира со плебисцит и референдум и кој по својата социјална суштина е диктатура што се потпира врз војска, полиција и бирократски државен апарат со демагошки повикувања на народот (според Наполеон Бонапарта).

**155. БРАК**
*E. marriage*
*F. mariage*
*D. Ehe*
*P. брак*

Заедница на лица од различен пол заснована врз трајни и општествено регулирани сексуални и други општествени односи и врски.

**156. БРАКОЛОМСТВО**
*E. adaltery*
*F. adultere*
*D. Ehebruch*
*P. нарушить супружескую верность*

Полово општење на некој брачен другар со лице од спротивен пол што не е негов брачен партнер.

**157. БРАКОРАЗВОД**
*E. divorce*
*F. divorce*



*D. Scheidung*
*P. бракоразвод (расторжение брака)*

Начин на престанување на бракот. Историски - секоја општествена заедница ги утврдува причините кои се општествено признати за раскинување на брачната заедница.

**158. БРАМА**
*E. Brahma*
*F. Brahma*
*D. Brahma*
*P. Брахма*

Врховно индиско божество - апсолутно суштество (апсолутен дух) - творец на космосот како материјален привид - кое самото е безлично и единствено.

**159. БРАТСТВО**
*E. fraternity; clan*
*F. fraternité; clan*
*D. Bruderschaft ; Klan*
*P. братство*

Општествена група, самостојна или во рамките на родовско-племенската заедница.Нејзините основни обележја се: потекло од заеднички предци (кои се одредуваат или по машка или по женска линија); егзогамност, соединетост и солидарност на економски, општествен и обредно-религиски план.

**160. БРАЧНА ДВОЈКА**
*E. married couple*
*F. couple conjugal*
*D. Ehegemahle; Eheppar*
*P. супружеска пара*

Маж и жена во брачна заедница

**161. БРОНЗЕНА ДОБА**
*E. the Bronz Age*
*F. age bu bronze*
*D. Bronze Epoche (Bronzezeit)*
*P. бронзовая епоха*

Предисториска епоха по камената доба во кое луѓето почнале да ја произведуваат и употребуваат бронзата.

**162. БУДИЗАМ**
*E. budhism*
*F. bouddhisme*
*D. Buddhismus*
*P. буддизам*

Една од светските религии настаната во 6 век пред новата ера во Северна Индија чијшто основач е Сидарта Гаутама, наречен Буда - "просветен". Будизмот стана духовна основа на културниот развиток на Индија и голем дел од Азија.

### 163. БУДИСТ
*E. buddhist*
*F. bouddhiste*
*D. Buddhist*
*P. будисш*

Припадник на будистичката религија, оној што верува во будистичкото религиозно учење.

### 164. БУМЕРАНГ ЕФЕКТ
*E. boomerang efect*
*F. effet de boumerang*
*D. Bumerang Effekt*
*P. бумеранī (возврашный) эффекш*

Појава кога еден став се променува во спротивна насока од саканата или кога некоја општествена дејност предизвикува спротивни ефекти од саканите (според оружјето - бумеранг - што го употребуваат австралиските домородци: ако не ја погоди целта, тоа се враќа назад).

### 165. БУНА
*E. Rebellion*
*F. réballion*
*D. Rebellion*
*P. мяшеж*

Облик на спонтана или организирана реакција на општествени групи, слоеви, класи и сл. како резултат на заострени општествено-економски спротивности или врз конфликт на општествени групи заснован на класни, национални, верски, економски, политички, културни или други спротивности. Буната е ограничена на помали општествени сегменти и е потесна и помала општествена акција во однос на востанието и револуцијата (Исто: бунт).

### 166. БУНТОВНИК
*E. rebel*
*F. rebelle*
*D. Rebell*
*P. мяшежник*

Учесник во буна (бунт). Во секојдневниот живот човек што реагира против некоја состојба, политика, морални вредности и поведенија или што не ги прифаќа.

### 167. БУРЖОАЗИЈА
*E. bourgeoisie*
*F. bourgeoisie*
*D. Bourgeoisie ; Bürgertum*
*P. буржуазия*

Една од основните класи во капиталистичкото општество - владеачката експлоататорска класа - сопственикот на средствата за производство (граѓанска класа).



### 168. БУРЖОАСКА ДЕМОКРАТИЈА
*E. bourgeois democracy*
*F. démocratie bourgeoise*
*D. bürgerliche Demokratie*
*P. буржоазная демокрашия*

Вид на поолитички систем на буржоаското општество во кој владеачката позиција на буржоазијата се остварува преку демократски форми (парламентаризам, изборно право, политички партии и др.).

### 169. БУРЖОАСКА ИДЕОЛОГИЈА
*E. bourgeoise ideology*
*F. idéologie bourgeoise*
*D. bürgerliche Ideologie*
*P. буржоазная идеолоīия*

Систем на ставови, идеи и вредности што го сочинуваат погледот на светот на буржоазијата чијашто централна идеја е оправдување на правото на приватна сопственост.

### 170. БУРЖОАСКА РЕВОЛУЦИЈА
*E. bourgeoise revolution*
*F. revolution bourgeoise*
*D. bürgerliche Revolution*
*P. буржоазная революция*

Длабока и коренита промена на општествените односи, начинот на производство, на политичкиот систем и на вкупната идејна и културна надградба на феудализмот како резултат на нараснатите спротивности помеѓу степенот на развиеноста на производните сили и поостоечките закостенети феудални односи. Буржоаската револуција го укина феудалното и го воспостави капиталистичкото општество.

### 171. БУРЖУЈ
*E. bourgeois*
*F. bourgeois*
*D. Bourgeois (Bürger)*
*P. буржуа*

Припадник на сопственичката граѓанска класа - на буржоазијата (капиталист).

### 172. БУЏЕТ
*E. budget*
*F. budget*
*D. Budget*
*P. бюджеш*

Поим што означува преглед на приходи и расходи на еден субјект- од поединец, институција до држава. Денес финансиска институција со која се финансираат дејностите на државата.

# В

## 173. ВАЗАЛ
*E. vassal*
*F. vassal*
*D. Vasall*
*P. вассал*

1. Во феудалната епоха - лице што се наоѓа во положба на зависност од друго лице, на пр. од кралот, владетелот чијашто власт ја признало и било должно да му помага во случај на војна и извршува разни должности, за што владетелот му обезбедувал заштита.2. Потчинето зависно лице или држава (везална држава).

## 174. ВАЗАЛСТВО
*E. vassalage*
*F. vasalite*
*D. Vasallenschaft*
*P. васальство*

1. Во феудална Европа однос помеѓу крупниот феудалец сизеренот и вазалот според кој вазалот се обврзува на верност и воена служба на сизеренот, а овој мора да го заштитува и да му суди. 2. Однос на подреденост и врзаност на послабиот спрема посилниот.

## 175. ВАЛОРИЗАЦИЈА
*E. valorization*
*F. valorisation*
*D. valorisation*
*P. валоризация*

Одредување на вредноста, проценка, но и поправање или зголемување на цените на стоките, валутата, хартиите од вредност, инвестициите и сл. по вештачки пат, заради сообразување со новата, променетата вредност и заради надоместување на загубата на доверителите поради паѓањето на валутата.

## 176. ВАНДАЛИ
*E. Vandals*
*F. Vandales*
*D. Wandalen*
*P. Вандалы*

Германско племе познато по жестоките борби со Рим; во 445 г. го зазеле Рим и во

него уништиле голем број културни, историски и други споменици.

### 177. ВАНДАЛИЗАМ
*E. vandalism*
*F. vandalisme*
*D. Wandalismus*
*P. вандализм*

Дивјаштво; уривање и разорување на културно-уметнички споменици; уривачки стремежи. Назив по Вандалите кои за четиринаесет дена во 455 г. го разориле и ограбиле Рим, и притоа уништиле голем број уметнички вредности.

### 178. ВАРВАРИ
*E. barbarieus*
*F. barbare*
*D. Barbaren*
*P. варвары*

Назив кој старите Грци и Римјани им го давале на народите и племињата што ги опкружувале (Германите, Келтите, Словените и др.). Робовладетелите, повикувајќи се на заостанатоста и на необразованоста на варварите, го правдале ропството и тврделе дека е природно варварите да бидат робови.

### 179. ВАРВАРСТВО
*E. barbarity*
*F. barbarie*
*D. Barbarei*
*P. варварство*

Според периодизацијата на првобитната заедница што ја дал Л. Морган, една од етапите на развојот на првобитното општество. Се дели на три степени: низок, среден и висок; главно се поклопува со траењето на неолитот и металната доба; почнува со појавата на грнчарството и зачетоците на земјоделството и сточарството, а трае сé до појавувањето на т.н. цивилизација.

### 180. ВАРИЈАБЛА
*E. variable*
*F. variable*
*D. Wariable*
*P. изменчивая*

Статистички променлива вредност или димензија на некоја целина што не интересира во истражувањето. Варијаблите се појавуват како операционализација на некој теориски проблем, како посебен вид индикатор (показател).

### 181. ВДОВЕЦ
*E. widower*
*F. veuf*



*D. Witwer*
*P. вдовец*

Човек што во бракот останал без сопруга поради нејзина смрт.

### 182. ВДОВИЦА
*E. widow*
*F. veuve*
*D. Witwe*
*P. вдова*

Жена што во бракот останала без сопруг поради негова смрт.

### 183. ВЕЗИР
*E. vizier*
*F. vizir*
*d. Wesir*
*P. визирь*

Висок државен функционер на феудална Турција, носител на граѓанска и воена власт (во ранг на современ министер). Велик везир - прв министер и советник на султанот, чувар на државниот печат; порано и главен заповедник на војската.

### 184. ВЕЛЕГРАД
*E. metropolis*
*F. métropole*
*D. Grossstadt*
*P. метрополия*

Град со повеќе од милион жители, од меѓународно значење, или поголем градски центар со неговата околина. (Исто: метропола)

### 185. ВЕЛЕПОСЕД
*E. large estate*
*F. grande propriété*
*D. Grossbesitz*
*P. крупное землевладение*

Крупно земјоделско стопанство кое работи врз основа на неограничена приватна сопственост над земјата и другите природни богатства. Во потесна смисла - латифундија во стариот Рим, феудален посед во феудализмот и крупен капиталистички велепосед.

### 186. ВЕЛЕПОСЕДНИК
*E. owner of a large estate*
*F. grand propreétaire*
*D. Grossgrundbesitzer*
*P. крупный землевладелец, помещик*

Лице кое поседува покрупен земјоделски имот, велепосед.

### 187. ВЕЛМОЖА
*E. landowner*
*F. potentat*

*D. Würdenträger*
*P. вельможа*

Назив за припадник на високото благородништво во српската феудална држава.

**188. ВЕНЧАЊЕ**
*E. matrimony*
*F. mariage*
*D. Vermahlung*
*P. бракосочетание*

Начин за засновање на брак помеѓу маж и жена; засновање на брачна заедница.

**189. ВЕРА**

в. Религија

**190. ВЕРБАЛИЗАМ**
*E. verbalism*
*F. verbalisme*
*D. Verbalismus*
*P. вербализм*

Празно и безвредно расфрлување со зборови; способност "многу да се зборува, а ништо да не се каже", употреба на зборови и фрази без цел и корист; прекумерно опишување на поими и сл.

**191. ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ**
*E. verification of mandate*
*F. vérification du mandat*
*D. Mandatsverifikation*
*P. проверка полномочий*

Испитување на правилноста на извршените избори, проверување на мандатот на народните пратеници. Обично ја вршат народните собранија.

**192. ВЕТЕРАН**
*E. veteran*
*F. vétéran*
*D. Veteran*
*P. ветеран*

1. Назив кај старите Римјани за војникот што поминал 16 години во воена служба, а кои имале посебни почести и награди.2. Борец од една или повеќе војни. Денес постојат здруженија на стари борци (ветерани) скоро во сите земји.

**193. ВЕТО**
*E. veto*
*F. veto*
*D. Veto*
*P. вето*

Право да се спречи донесување на некој заклучок или одлука. Во стариот Рим народните трибуни имале право да го сопрат извршувањето на законите што биле во спротивност со народните интереси. Во уставните држави ветото е право на владетелот да го задржи од прогласување законскиот предлог изгласан од народните претставници. Во Советот за безбедност при ООН - право на некои држави со својот глас да го оневозможат донесувањето на одредена резолуција, одлука и сл.

**194. ВИТАЛИЗАМ**
*E. vitalism*
*F. vitalisme*
*D. Vitalismus*
*P. жизнеспособность*

Природнофилозофски правец кој за разјаснувањето на животот ја зема посебната животна сила, тврдејќи дека животните појави не можат да се разјаснат со едноставен механизам, со физичко-хемиски законитости, со физичко-хемиски законитости, како што тоа го толкува механицизмот.

**195. ВИТАЛИТЕТ**
*E. vitality*
*F. vitalité*
*D. Vitalität*
*P. жизнеспособность, жизненость*

Животност, способност да се одржи во живот (виталитет на некоја општествена формација, идеологија и сл.); способност за развивање на животните енергии ("личност со извонреден виталитет").

**196. ВИТЕЗ**
*E. knight*
*F. chevalier*
*D. Ritter*
*P. рицарь*

1. Во стариот Рим добро имотно ситуирано лице коешто служи војска на коњ (коњаник).2. Во средниот век, во Западна Европа, воини (коњаници) кои често вршат големи насилства, а од XI век припадник на угледен сталеж на кој феудалното општество и црквата му посветуваат посебно внимание.(Исто: рицар)

**197. ВИТЕШТВО**
*E. chivalry*
*F. chevalerie*
*D. Rittertum*
*P. рицарство*

Култ што го развивале витезите; витезот бил храбар, верен на својот сениор (крупен земјопоседник), побожен, им укажувал внимание на дамите од благородничкиот

круг и бил заштитник на поклониците, вдовиците и сирачињата.

**198. ВИШОК НА ВРЕДНОСТ**
*E. surplus of value*
*F. surplus de la valeur*
*D. Mehrwert*
*P. прибавочная стоимость*

Облик во кој капиталистот неплатено го присвојува вишокот на трудот на наемните работници.

**199. ВИШОК НА ПРОИЗВОДИ**
*E. surplus of products*
*F. surplus des produits*
*D. Mehrprodukt*
*P. прибавочный продукт*

Дел од општествениот производ добиен од вишокот на трудот. Неговата маса зависи од големината на вишокот на трудот и продуктивноста на трудот.

**200. ВИШОК НА ТРУД**
*E. surplus of labour*
*F. surplus du travail*
*D. Mehrarbeit*
*P. прибавочный труд*

Труд којшто непосредниот производител го дава преку онаа маса на труд што е нужна за производство на нормално количество на неговите животни средства (односно вредности со кои тие можат да се купат).

**201. ВЛАДА**
*E. government*
*F. gouvernement*
*D. Regierung*
*P. правительство*

Највисок колегијален извршно-управен орган на една држава во парламентарните системи на власт, како и во автократските политички режими. Во поширока смисла - сите органи што се вршители на власта во една земја.

**202. ВЛАДЕЕЊЕ**
*E. rule, reign*
*F. règne*
*D. Herrschaft*
*P. правление*

Определен период во кој односот на општествените сили им овозможува на поединци, општествени групи, институции да имаат решавачко влијание врз општествената заедница или врз одделни нејзини делови.



**203. ВЛАДЕЈАЧКА КЛАСА**
*E. ruling class*
*F. classe gouvernante*
*D. herrschende Klasse*
*P. правящий класс*

Економски и политички доминирачка класа на едно општество. Во извесни теории владејачка класа е една потесна група (политичка елита) којашто ја држи вистинската власт во државата.

**204. ВЛАСТ**
*E. power*
*F. pouvoir*
*D. Gewalt*
*P. власть*

Појава во политичката сфера која означува право на управување, поседување на клучна политичка, правна или економска моќ.

**205. ВЛАСТЕЛИН**
*E. landowner*
*F. seigneur*
*D. Edelmann*
*P. властелин*

Лице што му припаѓа на властелинството.

**206. ВЛАСТЕЛИНСТВО**
*E. landedestate*
*F. seigneurie*
*D. Gewaltherrscher*
*P. дворянство*

Владејачка и повластена класа во српското феудално општество; се дели на световно и црковно.

**207. ВОДАЧ**
*E. leader*
*F. chef*
*D. Führer*
*P. лидер*

Поединец кој сфаќањата и поведението на поголем број луѓе трајно ги насочува, поттикнува, обликува и унапредува, во правец на одредени политички, стопански и други цели. За водачот се врзуваат одредени психолошки и физички својства кои се историски променливи.

**208. ВОЕНА ДЕМОКРАТИЈА**
*E. military democracy*
*F. démocratie militaire*
*D. militärische Demokratie*
*P. воинская демократия*

Специфичен политички облик карактеристичен за периодот на создавање на племенските сојузи. Се огледува во постоење на пле-

менски војсководец, племенски главатар и племенско собрание.

## 209. ВОЕН РЕЖИМ
*E. military regime*
*F. régime militaire*
*D. Militärregime*
*P. военный режим*

Политичко уредување во кое основната организациона структура ја чинат воените старешини, организирани во разни државни органи и штабови. Воените старешини се наоѓаат на сите клучни позиции во општеството - во политиката, стопанството, дипломатијата, просветата, средствата за јавно информирање и др.

## 210. ВОЕНА ДИКТАТУРА
*E. military dictatorship*
*F. dictature militaire*
*D. Militärdiktatur*
*P. военная диктатура*

Вид диктатура кој се одликува со тоа што неограничена власт во државата имаат воени лица или воени органи.

## 211. ВОЕНА ХУНТА
*E. military junta*
*F. junte militaire*
*D. Militärjunta*
*P. военная хунта*

Група офицери која со насилни, илегални средства, а спротивно на волјата на народот ја освојуваат власта и заведува диктатура.

## 212. ВОЈСКА

в. Армија

## 213. ВОЈНА
*E. war*
*F. guerre*
*D. Krieg*
*P. война*

Тотален општествен судир, предизвикан од економски и други политички противречности, во кој со примена на масовна вооружена борба се настојува да се остварат одредени цели на државата и народот.

## 214. ВОЛЈА
*E. will*
*F. volonté*
*D. Wille*
*P. воля*

Состојба на свеста којашто непосредно ја обусловува човековата дејност. Заедно со осетот и спознанието волјата е составен дел на свеста како единствена целина.

## 215. ВОЛЈА ЗА МОЌ
*E. will for power*
*F. volonté de puissance*
*D. Willensmacht*
*P. стремление к величию*

Еден од основните поими на Ничеовата филозофија. Ја означува изворно спонтаната сила на животот и творештвото воопшто. Поставен е и како антитеза на Дарвиновиот поим за адаптација: не станува збор за приспособување, туку во прашање е настојување за надвладување на основниот порив на животот.

## 216. ВОЛУНТАРИЗАМ
*E. voluntarism*
*F. volontarisme*
*D. Voluntarismus*
*P. волюнтаризм*

Сфаќање коешто ги негира законитостите на развитокот и функционирањето на општеството, односно општествените процеси ги сфаќа како резултат од дејствувањето на истакнати личности кои благодарејќи на нивните лични својства влијаеле врз мислењето и поведението на масите.

## 217. ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА
*E. illegitimate marriage*
*F. union libre*
*D. uneheliche Gemeinschaft*
*P. внебрачной союз*

Заедница на жена и маж заснована по фактички пат, т.е. со просто соживување на мажот и жената, а не по формален пат, на начин пропишан со закон. Претставува поширок поим од конкубинат. Може да прерасне во вонбрачно семејство, со раѓање на дете, односно деца.

## 218. ВОНБРАЧНОСТ
*E. illegitimacy*
*F. extra-conjugal*
*D. Unehelichkeit*
*P. внебрачность*

Состојба на заедничко живеење на маж и жена спротивно на позитивно-правните прописи што ја регулираат сферата на бракот и брачните односи.

## 219. ВОСПИТАНИЕ
*E. education*
*F. éducation*

*D. Erziehung ; Edukation*
*P. воспитание*

Дел од процесот на социјализацијата кој се состои во свесно пренесување на културните содржини особено од постарите на помладите генерации со цел да се формира нивната личност.

**220. ВРАЧ**
*E. magician*
*F. magicien*
*D. Magier*
*P. маг,колдун*

Главен актер во религиските обреди, верско лице со харизматски својства и со висока положба и углед во архаичните примитивни општества(во рамките на анимистичките и политеистичките религии).Се занимавал и со практични дејности (лекување и др.). (Исто: маг)

**221. ВРХОВЕН КОМАНДАНТ**
*E. supreme comander*
*F. commandant supreme*
*D. Oberbefehlshaber*
*P. верховный главнокомандующий*

Лице со најголема доверба и углед кое според Уставот го избира највисокото претставничко тело (собранието - парламентот) и кому му се доверува управувањето со вооружените сили на државата.

**222. ВРХОВИЗАМ**
*E. vrhovism*
*F. vrhovisme*
*D. Vrhovismus*
*P. врховизм*

Идеологија на Врховниот македонски комитет во служба на бугарскиот двор и бугарската буржоазија. Според оваа идеологија ослободувањето на Македонија не може да се оствари по пат на револуција на македонскиот народ, туку со надворешна интервенција т. со интервенција од Бугарија.

**223. ВРХОВИСТИ**
*E. vrhovisti*
*F. vrhovisti*
*D. Vrhovisten*
*P. врховисти*

Членови на Врховниот македонски комитет, формиран во март 1895 година под името "Македонски комитет". Основан е по иницијатива на бугарскиот двор како



пандан на ЦК на ВМРО, основан во 1893 г. Со текот на времето прераснува во агентура на бугарскиот двор и на експанзионистичката великобугарска политика кон Македонија. Врховистите изразувале идеологија и гледишта туѓи на македонското ослободително движење и се застапувале македонските работи да се решаваат низ интересите и стремежите на бугарската држава.

**224. ВУЛГАРЕН МАТЕРИЈАЛИЗАМ**
*E. vulgar materialism*
*F. matérialisme vulgaire*
*D. Vulgarmaterialismus*
*P. вульгарный материализм*

Филозофски поглед на светот кој материјата (како впрочем и секој друг материјализам) ја зема како примарна при што се поистоветуваат природните и општествените закони.

# Г

## 225. ГАНГСТЕРИЗАМ

*E. gangsterism*
*F. gangsterisme*
*D. Gangsterismus*
*P. гангстеризм*

Вид на криминално однесување и активности кои се карактеризираат со организираност, користење принуда, уцени и насилство.

## 226. ГАЛУПОВ ИНСТИТУТ

*E. Gallup Institute*
*F. Institut Gallup*
*D. Gallup-Institut*
*P. Институт Галлупа*

Американски институт за испитување на јавното мислење основан во 1935 година. Негов основач е Џорџ Галуп. Институтот врши испитувања на мислењата, ставовите и реагирањата на пошироки и потесни заедници за разни прашања во општеството, во општествениот и политичкиот живот.

## 227. ГАМОЛОГИЈА

*E. gamology*
*F. gamologie*
*D. Gamologie*
*P. гамология*

Наука за бракот.

## 228. ГАМОНОМИЈА

*E. gamonomy*
*F. Gamonomie*
*D. Gamonomie*
*P. гамономия*

Проучување на свадбените обичаи.

## 229. ГАНДИЗАМ

*E. gandism*
*F. gandisme*
*D. Gandismus*
*P. гандизм*

Движење за политичко ослободување и за социјална и морална обнова на Индија, наречено според Махатма (Мохандас) Карамчанд Ганди. Основната карактеристика му е настојување да се постигне автономија (сварад) и ослободување на Индија од коло-

нијалната власт. Во ова движење се применува принципот на "невршење насилство (ахимса)", во борбата против непријателот. Таа борба Ганди ја водел со тактика на пасивен отпор.

### 230. ГЕНЕАЛОГИЈА

*E. genealogy*
*F. généalogie*
*D. Genealogie*
*P. ѓенеалоѓия*

1. Приказ на развитокот на некоја појава од нејзиното настанување до последниот степен.2. Дисциплина која го проучува потеклото, развојот и разграничувањето на семејствата или племињата.

### 231. ГЕНЕРАЛЕН ШТРАЈК

*E. general strike*
*F. grève generale*
*D. Generalstraik*
*P. всеобщая забастовка*

Истовремен прекин на работата на поголем број работници во најважните производни и транспортни и други претпријатија во рамките на некое подрачје или во целата држава.

### 232. ГЕНЕРАЦИЈА

*E. generation*
*F. génération*
*D. Generation*
*P. поколение, ѓенерация*

Збир на луѓе кои се родени во иста година или во некој друг поблиску определен временски период.Главното определување на генерацијата е биолошко. Во принцип таа се определува со возрасната граница, но на генерацијата често и се придава и социолошка или политичка содржина.

### 233. ГЕНЕРАЦИСКА МОБИЛНОСТ

*E. generations mobility*
*F. mobilisation*
*D. Generationsmobilität*
*P. мобильность поколения*

1. Подвижност во една генерација во чиишто рамки се вршат движења од еден во друг животен период.2. Промена меѓу две или повеќе генерации (на пр. ако се мери вертикалната меѓугенерациска мобилност, може да се утврди на тој начин што ја споредуваме општествената положба на родителите и децата).

### 234. ГЕНОКРАТИЈА

*E. genokracy*
*F. gynécée*



*D. Genokratie*
*P. ѓенократия*

1. Во поширока смисла значи власт на жените; надмоќност на жените во однос на мажите. 2.Принцип на општественото уредување во "првобитната заедница" според кој, припадноста кон определен род или племе се одредувала со роднинство по мајка. (Исто: гинекократија).

### 235. ГЕНОЦИД

*E. genocide*
*F. génocide*
*D. Genocidium; Völkermord*
*P. ѓеноцид*

Акција која има за цел наполно или делумно уништување на некоја национална, етничка, расна или верска група, со убивање, раселување или ставање на групата во такви животни услови кои доведуваат до нејзино истребување или исчезнување на нејзините општествени, политички или културни институции.

### 236. ГЕНТИЛНО УРЕДУВАЊЕ

*E. clan system*
*F. gentilité*
*D. Gentileordnung*
*P. родовой уклад*

Облик на општествена организација која се заснова врз крвно-сроднички односи, а кој е карактеристичен за варварскиот период во историјата на човештвото.

### 237. ГЕОГРАФСКА ОКОЛИНА

*E. geographical environment*
*F. entour géographique*
*D. geographische Umgebung*
*P. ѓеоѓрафическая округа*

Сите оние природни услови и појави кои постојат независно од човекот и неговата дејност и кои се менуваат спонтано и независно од човекот и неговото влијание.

### 238. ГЕОГРАФСКА ШКОЛА

*E. geographical school*
*F. école géographique*
*D. geographische Schule*
*P. ѓеоѓрафическая школа*

Теории кои општествените појави и историските судбини на едно општество ги објаснуваат како појави настанати под влијание на географските фактори.

## 239. ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНИЗАМ

*E. geographical determinism*
*F. déterminisme géographique*
*D. geographischer Determinismus*
*P. географический детерминизм*

Учење според кое географските фактори се пресудни, решавачки елементи од кои зависат сите општествени појави и процеси.

## 240. ГЕОПОЛИТИКА

*E. geopolitics*
*F. geopolitique*
*D. Geopolitik*
*P. геополитика*

Дисциплина која истакнува дека земјата на која живее еден народ или на која е организирана држава има пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика.

## 241. ГЕРИЛСКА ВОЈНА

*E. guerilla war*
*F. guerilla*
*D. Guerillakrieg*
*P. партизанская война*

Еден од видовите на вооружена борба против непријателот која ја водат борци кои се регрутираат од цивилното население или остатоци од регуларната војска на една окупирана територија.

## 242. ГЕРОНТОКРАТИЈА

*E. gerontocracy*
*F. gerontocratie*
*D. Gerontokratie*
*P. геронтократия*

1. Во пошироко значење под геронтократија се подразбира појава на доминација на постари во управувањето на општеството и воопшто, заземање на командните положби во рамките на различни општествени дејности од страна на постарите.2. Во потесно значење се подразбира формална организација на власт во која еден од највлијателните органи е составен од најстарите луѓе.

## 243. ГЕТО

*E. ghetto*
*F. ghetto*
*D. Getto*
*P. гетто*

Одвоено градско подрачје во кое Евреите биле присилени да живеат. Основа за создавање на гета била забраната на христијаните да живеат заедно со Евреите, донесена на Третиот Латерански концил (1179). Денес под гето се подразбира секое присилно или доброволно затворање на некоја група во себе, или нејзино одвојување од пошироката средина.



## 244. ГИЛДСОЦИЈАЛИЗАМ

*E. guild socialism*
*F. socialisme corporatif*
*D. Gildensozializmus*
*P. Гильдейский социализм*

Струја во историјата на меѓународното социјалистичко движее која дошла до израз во втората деценија на овој век, главно во рамките на британското работничко движење. Претставува обид за приспособување на синдикалистичката доктрина кон британски услови, но со конзистентноста на својата теорија далеку го надминува синдикализмот. Негови основни карактеристики се: тој го прифаќа социјализмот сфатен како бескласно општество, засновано врз јавна сопственост на средствата за производство; како општество без експлоатација во кое владее полна социјална слобода и еднаквост.

## 245. ГЛАВАТАР

*E. chief*
*F. superieur*
*D. Oberhaupt*
*P. глава или руководитель*

Институционализиран старешина кој ги раководи општествените групи во првобитното општество (орди, родови, племиња).

## 246. ГЛАСАЊЕ

*E. voting*
*F. vote*
*D. Wahl*
*P. голосование*

Изразување на волјата или мислењето, на изборите,со давање на глас за одреден кандидат или за определување на членови на општествени групи, организации итн., со формална изјава или со друг знак за исполнување на ставот "за" или "против".

## 247. ГЛАСАЧ

*E. voter*
*F. votant*
*D. Stimmberechtigter*
*P. избиратель ; гласующий*

Човек кој има право на глас, т.е. го остварува своето активно избирачко право со давање глас "за" или "против" некој кандидат.

## 248. ГЛАСИШТА
*E. rumor*
*F. bruit*
*D. Gerücht*
*P. Слухы*

Облик на меѓусебно комуницирање меѓу луѓето во ситуации кои се неизвесни неодредени, двосмислени, а во исто време значајни за интересите на општеството или поединецот. Потекнуваат од непознати извори и се пренесуваат по таканаречени канали на меѓусебна комуникација; се шират многу брзо и можат да предизвикаат штетни последици.

## 249. ГЛОБАЛНО ОПШТЕСТВО
*E. global society*
*F. société globale*
*D. Globale Gesellschaft*
*P. глобальное общество*

Поконкретно одредување на општество воопшто, при што се укажува, прво на главните елементи или појави на едно дадено општество (македонско, француско, англиско, американско) и, второ на спецификите на таа целина според нејзините составни делови.

## 250. ГОСПОД
*E. God Lord*
*F. Seigneur*
*D. Herrgott*
*P. господь*

Врховен и единствен бог во христијанската религија; битие кое поседува натприроден и натчовечки карактер.

## 251. ГОСПОДАР
*E. master*
*F. maître*
*D. Herrscher*
*P. хозяин*

Сопственик на голем имот (земјишта, куќи) за кого работат слуги.

## 252. ГОСПОДАРСТВО
*E. mastership*
*F. domination*
*D. Herrschaft*
*P. владычество*

Посебен вид на социјален однос присутен најмногу во римското и феудалното општество. Овој вид на социјален однос е во суштина различен од односот работодавец - работник присутен во капиталистичкото општество.

## 253. ГОСПОДИН
*E. gentlemen*
*F. monsieur*



*D. Herr*
*P. господин*

1. Човек од добра фамилија, чиешто образование, начин на зборување, навики, начин на облекување, начин на однесување и статус во општеството го одделуваат од масата.2. Учтиво обраќање кон друг.

## 254. ГРАД
*E. city, town*
*F. ville*
*D. Stadt*
*P. город*

Тип на населба со развиена поделба на трудот, концентрација на населението и низа други општествени и културни одлики.

## 255. ГРАД-ДРЖАВА
*E. city-state*
*F. cité-état*
*D. Stadt-Staat*
*P. город-держава*

Карактеристичен облик на општествено-економска и политичка организација која настанува во античкото општество меѓу VIII и VI век пред н.е. Иако карактеристични за античка Грција, градови - држави сретнуваме и во средниот век.

## 256. ГРАЃАНИН
*E. citizen*
*F. citoyen, bourgeois*
*D. Städter, Bürger*
*P. горожанин, гражданин*

1. Човек како носител на одредени слободи и права и должности кон општествено-политичката заедница на која и припаѓа и кон другите членови на таа заедница.2. Означува припадник на една држава, државјанин, припадник на граѓанската класа, човек што живее во град.

## 257. ГРАЃАНСКА ВОЈНА
*E. civil war*
*F. guerre civile*
*D. Bürgerkrieg*
*P. гражданская война*

Судир меѓу антагонистичките општествени сили (класи, етнички групи, верски групи итн.), во една држава, кои меѓусебно се борат за остварување на одредени економски, политички или други интереси.

## 258. ГРАЃАНСТВО
*E. citizenship*
*F. citoyenneté*

*D. Bürgerschaft*
*P. ӣраждансӣво*

Збир од припадници на една држава или лица што населуваат определена територија и се носители на определени слободи, права и должности кон општествено-политичката заедница.

## 259. ГРАЃАНСКИ ПРАВА
*E. civil-reghts*
*F. droits civils*
*D. Bürgerrecht*
*P. ӣражданские ӣрава*

Збир на права кои ги афирмирало граѓанското општество. Поимот граѓански права опфаќа лични, политички и економско-социјални права.

## 260. ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО
*E. bourgeois society*
*F. société bourgeoise*
*D. bürgerliche Gesellschaft*
*P. ӣражданское обещсӣво*

Општество засновано на приватна сопственост над срдствата за производство, и правната еднаквост. Изразот граѓанско општество е настанат во XVIII век кога буржоазијата во Англија и Франција постигнала решавачка економска положба, а просветителската идеологија достигнала највисоко влијание.

## 261. ГРУПА
*E. group*
*F. groupe*
*D. Gruppe*
*P. ӣруӣӣа*

Во најопшта смисла ги означува сите облици на здружување, или собирање, или секој збир на луѓе кои се поврзани заради остварување на некои заеднички интереси, заеднички потреби итн.

## 262. ГРУПА ЗА ПРИТИСОК
*E. pressure group*
*F. groupe de pression*
*D. Druckausübungsgruppe*
*P. ӣруӣӣа бавления*

Вид на општествена група која ја поврзуваат заеднички интереси и која врши притисок врз формалните носители на политичката власт, за да го заштитат и остварат сопствениот интерес. Групите за притисок можат да бидат формални и неформални. Тие се обидуваат своето влијание да го



остварат со помош на различни средства - било со посредно влијание преку средствата за информирање или непосредно, со влијание или притисок врз поединци или органи кои донесуваат или спроведуваат одлуки.

## 263. ГРУПЕН БРАК
*E. group mariage*
*F. mariage en groupe*
*D. Grouppenehe*
*P. ӣруӣӣовой брак*

Според историската класификација на некои социолози и антрополози, втор по ред историски облик на општествена организација на половиот живот. За разлика од претходниот облик на брак (брак по крвно сродство) ова е егзогамен облик на брак (што исклучува брак помеѓу браќа и сестри).

## 264. ГРУПЕН ИНТЕРЕС
*E. group interes*
*F. groupe intérêt*
*D. Gruppeninteresse*
*P. ӣруӣӣовой инӣерес*

Свест на поединците што и припаѓаат на некоја организациона група дека најдобро ќе ја вршат својата функција ако се стремат кон остварување на некои свои одредени интереси.

## 265. ГРУПЕН МОРАЛ
*E. group morality*
*F. groupe moral*
*D. Gruppenmoral*
*P. ӣруӣӣовая мораль*

1. Специфични морални норми на професионални, религиозни, политички, етнички или други социјални групи.2. Степен на почитување на општиот морал на општеството од страна на членовите на некоја група која е дел од тоа општесетво.

## 266. ГРУПЕН ОДНОС
*E. group relationship*
*F. groupe relation*
*D. Gruppenverhältnis*
*P. ӣруӣӣовое оӣношение*

Формален облик на социјално однесување во една група.

## 267. ГРУПИРАЊЕ
*E. grouping*
*F. groupement*
*D. gruppieren*
*P. ӣруӣӣировка*

Поврзување на луѓе, чијашто социјална интеракција не е организирана (и

поради тоа не се формира група), но кои имаат слични социјални карактеристики или статуси.

### 268. ГРУПНА ДИНАМИКА

*E. group dynamics*
*F. groupe dynamique*
*D. Gruppendynamik*
*P. групповая динамика*

Дел од социологијата, кој се занимава со проучување на виталните мотиви или сили на луѓето организирани во колективни активности за функционирање на групата. Ги истражува интеракцијата, социјализацијата, конфликтите, доминацијата, инвенцијата, дифузијата, дезинтеграцијата, акумулацијата на културните вредности итн.

### 269. ГРУПНА СВЕСТ

*E. group consioussnes*
*F. groupe conciense*
*D. Gruppenbewuztsein*
*P. групповое сознание*

Колективен ум или дух, којшто постои независно од индивидуите кои се членови на групата, кој доминира во нивното однесување.

### 270. ГРУПНА СОПСТВЕНОСТ

*E. group property*
*F. groupe propriété*
*D. Gemeinschaftseigentum*
*P. групповая собственность*

Облик на колективна сопственост врз средствата за производство, каде што како сопственик се јавува некоја парцијална општетвена група.



## Д

### 271. ДВОПАРТИСКИ СИСТЕМ

*E. biparty system*
*F. systeme biparti*
*D. Zweiparteiensystem*
*P. двупартийная система*

Политички систем во кој, главно, дејствуваат и имаат пресудно влијание две партии со помалку или повеќе еднаква моќ и влијание.

### 272. ДЕВАЛВАЦИЈА

*E. devaluation*
*F. dévaluation*
*D. Abwertung*
*P. девальвация*

Мерка на државната управа со која вредноста на националната парична единица се смалува во однос на златото и странската валута. Всушност со ова се озаконува веќе постојаното смалување на вредноста на националната парична единица до кое дошло поради инфлација.

### 273. ДЕВИЈАНТНО ПОВЕДЕНИЕ

*E. deviational manners*
*F. conduite déviationniste*
*D. abweichendes Verhalten*
*P. отклонение в поведении*

Постапување коешто дејствува разорно врз општествената кохезија. Како девијантно се смета секое поведение кое претставува отстапување од нормите установени од општествената заедница и кое повлекува општествена реакција.

### 274. ДЕГРАДАЦИЈА

*E. degradation*
*F. dégradation*
*D. Degradation*
*P. деградация*

Постепено опаѓање на некое својство или статус на одреден субјект. Може да се зборува за деградација во различни значења, како на пример: 1. деградација на рангот на некој поединец или орган во рамките на некоја хиерархиски устроена организација; 2. деградација на

личноста, кога поединецот ги губи основните својства на својот субјективитет, достоинството или физичкиот интегритет, и 3. деградација на човековата физичка околина поради загадување на природата или промени што настапуваат стихиски во природата.

### 275. ДЕДУКЦИЈА
***E. deduction***
***F. déduction***
***D. Deduktion***
***P. дедукция***

Изведување на посебното од општото, изведување поединечни судови од општите или од аксиоми.

### 276. ДЕЕТАТИЗАЦИЈА
***E. deetatisation***
***F. deétatisation***
***D. Deetatisation***
***P. деетатизация***

Процес на укинување на државното управување или на директната државна контрола над одредени гранки и области на општествената активност.

### 277. ДЕЗЕРТЕР
***E. deserter***
***F. déserteur***
***D. Deserteur***
***P. дезертер***

1. Тој што ја напушта самоволно својата воена единица или не се јави на позивот за служење во војска.2. Тој што одбегнува да го изврши својот граѓански или општествен долг.

### 278. ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА
***E. disintegration***
***F. désintégration***
***D. Desintegration***
***P. дезинтеграция***

Распаѓање, разградување на некоја општествена целина (група,институција и др.).

### 279. ДЕИЗАМ
***E. deism***
***F. déisme***
***D. Deismus***
***P. деизм***

Сфаќање според кое бог е само безлична првопричина за светот и понатаму не влијае врз збивањата во светот што се одвиваат според природните закони.

### 280. ДЕИФИКАЦИЈА
***E. deification***
***D. déification***
***D. Deifikation***
***P. обожествление***

Боготворење, поистоветување со бога. Во мистичните системи е основно сфаќање дека надвор од првичното суштество или од бога не постои ништо.

### 281. ДЕКАБРИСТИ
***E. decabrists***
***F. décabristes***
***D. Dekabristen***
***P. декабристы***

Руски благородници (дворјани) револуционери кои уште во 1818. основале тајна политичка организација "Сојуз на благосостојба" за борба против царското самодржавје и феудалниот систем во Русија.

### 282. ДЕКАДЕНЦИЈА
***E. decadency***
***F. décadence***
***D. Dekadenz***
***P. декадентство***

Постепено губење, опаѓање, исчезнување на творечките сили, енергијата, виталноста, остварениот стандард, нивото; пропаѓање на утврдени вредности и институции, споменици, градови, цивилизации; симптом на распаѓање на социјални, национални, државно-политички, класни и религиозни институции. Се зборува за декаденција во науката, филозофијата, уметноста, моралот и др.; за материјална, културна, општествена декаденција.

### 283.ДЕКАРТЕЛИЗАЦИЈА
***E. decartelisation***
***F. décurtéllisation***
***D. Dekartellierung***
***P. декартелизация***

Мери на државните органи насочени кон забрана и растурање на монополистички организации и картели во стопанството.

### 284. ДЕКЛАРАЦИЈА
***E. declaration***
***F. déclaration***
***D. Erklärung***
***P. декларация***

Официјална изјава во меѓународното комуницирање на една држава (на пр. декларација за војна, неутралност) или повеќе држави (на пр. по прашања за надворешната политика); изјава на револуционерната власт за измени на државниот поре-

док; изјава на владата по прашања за нејзината политика при првото среќавање со парламентот или во други поважни случаи.

## 285. ДЕКЛАСИРАНИ СЛОЕВИ

*E. declassé stratum*
*F. couches déclassées*
*D. deklassierte Schichten*
*P. деклассированные слои*

Припадници на општеството кои можат да потекнуваат од сите општествени класи и слоеви, а се наоѓаат на маргините на општеството и најчесто средствата за егзистенција ги набавуваат на асоцијален начин (криминалци, проститутки, скитници).

## 286.ДЕКОНЦЕНТРАЦИЈА

*E. deconcentration*
*F. déconcentration*
*D. Dekonzentrierung*
*P. деконцентрация*

Пренесување работите од централната државна управа врз пониските органи на централната управа кои се на самото место, а не на органите на локалните самоуправни единици како што е случај при децентрализацијата.

## 287. ДЕКРЕТ

*E. decree*
*F. décret*
*d. Dekret*
*P. декрет*

1. Одлука, пресуда, решение;наредба на законодавното тело.2. (фиг.) закон.

## 288. ДЕЛЕГАТ

*E. delegate*
*F. délégué*
*D. Delegat*
*P. делегат*

1. Во поширока смисла, лице овластено да застапува некого во одредена ситуација (полномошник, застапник, пратеник и сл.).2. Во политичкиот систем делгат е избрао лице овластено во името и во интерес на тие што го избрале да учествува во донесувањето политички одлуки во органите и телата кои се конституирани врз принципот на делегатски систем.

## 289. ДЕЛЕГАЦИЈА

*E. delegation*
*F. délégation*
*D. Delegation*
*P. делегация*

Група од овластени лица којашто застапува одредена



група,државна институција и сл.пред друг таков субјект.

## 290. ДЕЛИКТ

*E. delict*
*F. délit*
*D. Delikt*
*P. преступление*

1. Според поранешната законска поделба на кривичните дела на злосторства, престапи (деликти) и истапи, кривичноправниот поим деликт се однесувал само на една категорија кривични дела. Критериумот на оваа тројна поделба, што и сега постои во некои странски законодавства, бил видот на казната.2. Во поновата правна литература помот деликт има пошироко значење од поимот кривично дело, и тој се однесува на сите дејства што подлежат на казнување, а посебно на кривичните дела, стопанските престапи и прекршоци.

## 291. ДЕЛИНКВЕНЦИЈА

*E. delinquency, delinquention*
*F. déliquance*
*D. Delinquenz*
*P. преступность*

Свесно и сакано поведение коешто е спротивно на општествените правила. Се разликуваат различни видови делинквенција според добрата што се штитат: имотот, физичкиот интегритет на личноста, државното уредување, моралот и сл.

## 292. ДЕМАГОГ

*E. demagogue*
*F. démagoque*
*D. Demagoge*
*P. демагог*

1. Кај старите Грци - водач на народот кој со својот углед и говорничките способности имал влијание врз одлуките на народното собрание.2. Денес политичар кој со ласкање, измами и ветувања се обидува да стекне народна доверба и ја постигне својата цел или да дојде до власт.

## 293. ДЕМАГОГИЈА

*E. demagogy*
*F. démagogie*
*D. Demagogie*
*P. демагогия*

Метод на манипулирање и заведување на народи, маси, членства на политички организации или потесни групи од страна на водачи, лидери, раководители на партии и

сл. со цел да се обезбеди поддршка, согласност за одреден идеолошки или политички проект, односно за конкретна политичка или економска мерка. Суштината на демагошкиот метод е истакнување на општите или заедничките интереси под превезот на потесните интереси, цели и вредности. Се работи за систематско манипулирање, понекогаш и со лаги и измами.

### 294. ДЕМАРШ
*E. demarche*
*F. démarche*
*D. Demarche*
*P. демарш*

Постапка, дејство, обично одредена интервенција на дипломатски претставник на една држава кај владата на државата кај која е акредитиран.

### 295. ДЕМИУРГ
*E. demiurge*
*F. démiurge*
*D. Demiurg*
*P. демиург, творец*

Творител, градител на светот. Кај Платон божество кое создава свет со помош на идеја и материја. Затоа демиург за Платон значи "татко на сите ствари". Кај гностиците демиургот е потчинет на високото божество. Секогаш е во врска со уверувањето дека светот мора да има свој творец.

### 296. ДЕМИЛИТАРИЗАЦИЈА
*E. demilitarisation*
*F. démilitarisation*
*D. Demilitarisierung*
*P. демилитаризация*

Разоружување, отстранување на војска и воени постројки и уреди од некое место или земја; укинување на воената индустрија како и забрана таква да се гради во некоја држава (ова особено во граничниот појас помеѓу две држави).

### 297.ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА
*E. demobilization*
*F. démobilisation*
*D. Demobilisation*
*P. демобилизация*

1. Премин на вооружените сили, а исто така и на сите стопански гранки од воена, односно, мобилна состојба во мирновремена. 2. Отпуштање на воено лице од активна воена служба во резерва или во пензија.



### 298. ДЕМОГРАФИЈА
*E. demography*
*F. démographie*
*D. Demographie*
*P. демография*

Наука што се занимава со проучување на населението, со проблемите на движењето на населението и промените во неговата структура, природниот прираст (наталитетот, морталитетот) во врска со животните услови и економско-општественото уредување.

### 299.ДЕМОГРАФСКА ТРАНЗИЦИЈА
*E. demographic tranzition*
*F. tranzition demographique*
*D. demographische Transition*
*P. демографическа транзиция*

1. Теорија на демографските промени на населението според која на овие промени во голема мера влијаат општествените и економските фактори.2. Појава на пораст на населението кога под влијание на процесот на индустријализацијаи подобрувањето на здравствените прилики доаѓа до опаѓање на стапката на смртност и наталитетот останува висок.

### 300. ДЕМОКРАТИЈА
*E. democracy*
*F. démocratie*
*D. Demokratie*
*P. демократия*

Власт на народот. Еднаквост и право на секој граѓанин да учествува во одлучувањето за јавните и државните работи.

### 301. ДЕМОКРАТСКИ ЦЕНТРАЛИЗАМ
*E. democratic centralism*
*F. centralisme démocratique*
*D. demokratischer Zentralismus*
*P. демократический централизм*

Еден од основните принципи и основа за организацијата и односите во комунистичките партии. Тоа е облик на меѓусебните односи на различни вертикално поставени органи во една сложена организација, а со самото тоа и една од карактеристиките на таа организација, особено нејзиниот систем на одлучување и управување. Подразбира и рамноправност на членството во претресувањето и во одлучувањето (слобода на одлучување), односно обврска на малцинството да ја при-

фати и спроведе во дело одлуката на мнозинството (принцип на апсолутна вредност на мнозинството).

### 302. ДЕМОН
*E. demon (devil)*
*F. démon*
*D. Demon*
*P. демон*

1. Кај старите Грци божество, божествено суштество, дух добар или лош врзан за судбината на еден човек. Зол дух; преносно: лош човек.2. Во филозофијата на мистицизмот демоните се сфатени како духовни сили кои се посредници помеѓу боговите и луѓето. Во сите примитивни религии е содржано учењето за различните демони, нивната моќ и дејствување.

### 303. ДЕМОНИЗАМ
*E. demonism*
*F. démonisme*
*D. Demonismus*
*P. демонизам*

1. Верување во демони, првобитна форма на религија.2. Својство на некој човек што се однесува како демон. 3.Душевна искривоколченост, злонамерност, сатанско постапување

### 304. ДЕМОНОЛОГИЈА
*E. demonology*
*F. démonologie*
*D. Demonologie*
*P. демонолоīия*

Учење за верувањата во демони и натприродни суштества.

### 305. ДЕМОНОМАНИЈА
*E. demonomania*
*F. démonomanie*
*D. Demonomanie*
*P. демономания*

Болежлив страв од демони и зли духови. Исто и демонопатија.

### 306.ДЕМОНСТРАЦИЈА
*E. demonstration*
*F. démonstration*
*D. Demonstration*
*P. демонсīрация*

Масовно, јавно и потцртано искажување, особено политичко расположение или воена моќ. Како облик на изразување незадоволство со некоја конкретна политичка состојба воопшто, демонстрацијата често претставува знак на продлабочена криза и увод во општествени судири од пошироки размери.

### 307.ДЕМОРАЛИЗАЦИЈА
*E. demoralisation*
*F. démoralisation*
*D. Demoralisation*
*P. деморализация*

Попуштање на дисциплината, слабеење на волјата за работа и борба, опаѓање на борбеноста, духот и енергијата.2. Опаѓање, слабеење на моралот.

### 308. ДЕМОС
*E. demos*
*F. démos*
*D. Demos*
*P. демос*

Сиромашни, долни општествени слоеви. Со оглед на елитистичката политичка култура на античка Грција, зборот **демос** имал пежоративно значење, и главно се однесувал на необразованата маса. Во времето на расцутот на Атина (V век пред н.е.) тој означувал влијателна група на граѓани. (Од грч. збор **демос** - народ).

### 309. ДЕНАТУРАЛИЗАЦИЈА
*E. denaturalization*
*F. dénaturalisation*
*D. Denaturalisation*
*P. денаīурализация*

Лишување од правото на странец кој тоа право веќе го стекнал. Спротивно: натурализација.

### 310. ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА
*E. denationalization*
*F. dénationalisation*
*D. Denationalisierung*
*P. денационализация*

1. Однародување, појава припадниците на една етничка заедница да го губат својот идентитет и поврзаност со таа заедница, до што доаѓа под дејство на различни фактори од спонтан или организиран карактер.2. Враќање на национализираниот имот на приватните сопственици.3. Ширење на странска контрола врз одделни стопански сектори или цели национални стопанства (случај со мултинационалните компании кои ги елиминираат локалните фирми во земјите во развој).

### 311. ДЕНАЦИФИКАЦИЈА
*E. denacification*
*F. dénazification*

*D. Denazifizierung*
*P. денацификация*

Мерки против бившите нацисти во чистењето на Германија од нацистичките идеи по Втората светска војна.

**312. ДЕНУНЦИЈАНТ**
*E. denouncer, informer*
*F. dénonciateur*
*D. Denunziant*
*P. доносчик*

Поткажувач, лице што, обично потајно, пријавува друго лице пред властите.

**313. ДЕНУНЦИЈАЦИЈА**
*E. denunciation*
*F. dénonciation*
*D. Denunziation*
*P. донос*

Обично, значи: поткажување, поднесување (тајна) пријава пред властите против некого.

**314. ДЕПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА**
*E. depersonalization*
*F. dépersonalisation*
*D. Depersonalisation*
*P. деперсонализация*

Состојба во која човекот го губи чувството за сопствен идентитет или за стварноста, и во која своето сопствено тело, своите мисли, зборови и чувства ги доживува со непристрасна рамнодушност.

**315. ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА**
*E. depolitisation*
*F. dépolitisation*
*D. Depolitisierung*
*P. деполитизация*

Опаѓање на интересот кај поединци или општествени групи за учество во политиката.

**316. ДЕПОПУЛАЦИЈА**
*E. depopulation*
*F. dépopulation*
*D. Entvölkerung*
*P. депопулация*

Намалување на бројот на населението (популацијата) на одредена територија.

**317. ДЕПОРТАЦИЈА**
*E. deportation*
*F. déportation*
*D. Deportation*
*P. депортация*

Заточение, прогонство; прогонство на политички осуденици во одредено место.



**318. ДЕПРЕСИЈА**
*E. depression*
*F. dépression*
*D. Depression*
*P. депресия*

Најниска фаза на стопанскиот циклус, состојба на смалена стопанска активност, која се карактеризира едновремено и со постоење на преголема невработеност, паѓањето на цените и смалувањето на животниот стандард.

**319. ДЕПУТАЦИЈА**
*E. deputation*
*F. députation*
*D. Deputation*
*P. депутация*

Пратеништво, специјално избран одбор на еден собир, собрание, организација или некое место, со овластување да изврши одредена мисија (кај шеф на држава, влада и сл.).

**320. ДЕСКРИПТИВНА СОЦИОЛОГИЈА**
*E. descriptive sociology*
*F. sociologie descriptive*
*D. deskriptive Soziologie*
*P. описательная социология*

в. Описна социологија

**321. ДЕСНИЦА**
*E. right*
*F. droite*
*D. Rechte*
*P. десница*

Назив за конзервативно ориентираните идејни и политички сили што ја бранат положбата на старите или постојните општествени односи и се спротивставуваат на промени. Изразот е настанат при поларизацијата на пратениците (парламентарните групи) во собранијата во времето на Француската револуција (1789). Според парламентарните традиции во клупите од десна страна на парламентот седат по правило конзервативци. Лево е опозицијата, а во средината седат членовите на умерените партии.

**322. ДЕСНИЧАР**
*E. Righitist*
*F. Homme de la droite*
*D. Rechtsstehender*
*P. Правый уклон*

Лице со одредена политичка, односно идеолошка припадност која се состои во чување на позициите на старите или постојните општествени односи.

## 323. ДЕСПОТ
*E. despot*
*F. despote*
*D. Despot*
*P. десйош*

1.Владетел, самодржец, тиранин кој има апсолутна и неограничена власт,чија волја е закон за сите. Сите мораат да се потчинуваат на деспотската власт и секоја непослушност повлекува со себе тешки санкции и репресалии. 2. Титула на одделни српски владетели по Косовската битка (1389).

## 324. ДЕСПОТИЗАМ
*E. despotism*
*F. déspotisme*
*D. Despotizmus*
*P. Десйошия*

Облик на самодржавна власт, особено карактеристичен за робовладетелската монархија на древниот Исток (Персија, Кина, Вавилон, Египет итн.). Всушност тоа е груб и примитивен облик на автократски политички режим, добро познат во робовладетелскиот и феудалниот период, кога владетелот самоволно и сурово ја управувал големата империја.

## 325. ДЕСТАЛИНИЗАЦИЈА
*E. destalinisation*
*F. déstalinisation*
*D. Destalinisation*
*P. десшалинизация*

Процес на надвладување на сталинистичките методи во практиката и теоријата, како, во прв ред, во некогашниот Советски Сојуз, така и во меѓународното комунистичко движење.

## 326. ДЕТЕРМИНИЗАМ
*E. determinism*
*F. déterminisme*
*D. Determinismus*
*P. дешерминизм*

Сфаќање за меѓусебниот однос на појавите во светот според кое не постои ниту една појава којашто не е одредена од некоја друга појава. Доктрина која почива врз ставот за сеопштата поврзаност и одреденост на сите појави и севкупните збивања во светот. Го овозможува објаснувањето на минатите и сегашните, како и предвидувањето на идните случувања, бидејќи во себе ги вклучува претпоставките за нужниот однос помеѓу нив.



## 327. ДЕФАНЗИВА
*E. defensive*
*F. défensive*
*D. Defensive*
*P. оборона*

Став на одбрана; во оперативно-стратегиски рамки кон дефанзива прибегнува привремено послабата страна за да дочека поволен момент за премин во напад (офанзива) или да го одбие ударот.

## 328. ДЕФЕТИЗАМ
*E. defeatism*
*F. défaitisme*
*D. Defätismus*
*P. малодушие (йоражение)*

Малодушност, неверување во успехот на некоја акција, помирување со силата и капитулантство пред непријателот, што може да се јави како пасивен однос и манифестирање апатија и малодушност, но и како активно проповедање на дефетистички идеи и ширење недоверба и деморализаторски концепции.

## 329. ДЕФИНИЦИЈА
*E. definition*
*F. définition*
*D. Definition*
*P. дефиниция (оӣределение)*

Определување на поим со што се искажува неговата суштина, обем и содржина.

## 330. ДЕФЛАЦИЈА
*E. deflation*
*F. déflation*
*D. Deflation*
*P. дефлация*

Намалување на количеството на книжните пари или паричните бонови што се наоѓаат во промет, по пат на различни мерки од финансиски и економски карактер, со цел да се покачи нивната куповна вредност; опаѓање на општото ниво на цените.

## 331. ДЕХУМАНИЗАЦИЈА
*E. dehumanization*
*F. déshumanisation*
*D. Dehumanisierung*
*P. бесчеловечный*

Обесчовечување, губење на човечноста,исчезнување на битните човекови својства и квалитети што го прават човекот.

## 332. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА
*E. decentralisation*
*F. décentralisation*

*D. Dezentralisation*
*P. децентрализация*

1. Систем на односи меѓу централните и нецентралните (локални и други) државни органи каде што нецентралните органи слободно одлучуваат во рамките на законот, така што централните органи ја надгледуваат само законитоста, но не и целесообразноста на нивните акти.2. Сличен систем и во другите општествени организации.

## 333. ДИВЕРЗАНТ
*E. saboteur*
*F. agent de diversion*
*D. Diversant*
*P. диверсант*

Лице што врши диверзија, односно што добило задача да изврши диверзија (рушење на важни воени и индустриски објекти, железнички пруги, комуникации и сл.).

## 334. ДИВЕРЗИЈА
*E. diversion*
*F. diversion*
*D. Diversion*
*P. диверсия*

1. Воена операција што се врши со цел силите на противникот да се одвлечат од главниот правец или од боиштето.2. Акција насочена против непријателски објекти во заднината, во текот на партизанските борби - разурнување на железнички линии, непријателски комуникации, складишта и др.3. Облик на илегална активност, саботажа што ја вршат агенти на некоја држава во некоја земја, а се изразува во палење и разурнување на важни воени и индустриски објекти.

## 335. ДИВЈАК
*E. barbarian*
*F. barbare*
*D. Wilder*
*P. дикарь*

Човек што живеел во периодот на дивјаштвото, првата и најраната фаза од развитокот на првобитното, архаично општество.

## 336. ДИВЈАШТВО
*E. barbarity*
*F. barbarie*
*D. Wildheit*
*P. дикость*

Според периодизацијата на првобитната заедница, којашто ја дал Л. Морган, најрана или прва фаза во нејзиниот развиток (втората е варварството); се дели на три



степени: низок, среден и висок; главно се поклопува со траењето на палеолитската доба; почнува од најраното појавување на човекот и трае до појавата на грнчарството и првите зачетоци на сточарството и земјоделството.

## 337. ДИГНИТЕТ
*E. dignity*
*F. dignité*
*D. Dignität*
*P. достоинство;положение; авторитет*

Достоинство, чест, положба, возвишеност, углед, вредност.

## 338. ДИЈАГРАМ
*E. diagram*
*F. diagramme*
*D. Diagramm*
*P. диаграмма*

Линија која во координатниот систем илустрира најразлични процеси во општеството, како на пр. промена во бројот на жителите во текот на одредено време, промени во потрошувачката по жител итн.

## 339. ДИЈАЛЕКТИКА
*E. dialectics*
*F. dialectique*
*D. Dialektik*
*P. диалектика*

1. Во старогрчката филозофија (особено почнувајќи од Зенона, софистите, Сократа, Платона) вештина, посебна постапка или метод на водење на расправи, дијалози и разговори, односно движење и развивање на мислењето по пат на поставување прашања и давање одговори на нив, за да се дојде до вистинско познание на стварноста и до разрешување на поставеното прашање.2. Наука за општите закони на движењето и развитокот на природата, општеството и човековото мислење (кај Енгелс) или општа филозофска теорија и метод.

## 340. ДИЈАЛЕКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИЗАМ
*E. dialectical materialism*
*F. matérialisme dialéctique*
*D. dialektischer Materialismus*
*P. диалектический материализм*

Суштински составен дел, општа филозофска теорија и метод на марксизмот.

## 341. ДИЈАЛЕКТИЧКИ МЕТОД
*E. dialectical method*
*F. méthode dialectique*

*D. dialektische Methode*
*P. диалектический метод*

Определен начин на истражување и објаснување на појавите кој нив ги посматра во процес, во врска со други појави, во заемна обусловеност и детерминираност воопшто, ги открива во нив нивните иманентни спротивности и противречности, заемно негирање на одредени состојби и настанување на нови квалитети.

**342. ДИКТАТУРА**
*E. dictatorschip*
*F. dictature*
*D. Diktatur*
*P. диктатура*

Политички облик каде поединецот (диктаторот) или потесна група врши неограничена, апсолутна политичка власт којашто ја стекнува обично по вонинституционален пат (пуч, државен удар и сл.) и во вонредни општествени околности.

**343. ДИКТАТУРА, (ВОЕНА)**
*E. military dictatorschip*
*F. dictature militaire*
*D. Militärdiktatur*
*P. военская диктатура*

Државна форма на владеење при која војската има највисока, неограничена власт. Се јавува во услови на заострени социјални борби кога преку демократски институции не е можно да се решаваат горливите општествени проблеми.

**344. ДИКТАТУРА НА ПРОЛЕТАРИЈАТОТ**
*E. the dictatorschip of the proletariat*
*F. dictature du prolétariat*
*D. Diktatur des Proletariats*
*P. диктатурапролетариата*

Државен облик на власт на работничката класа (пролетаријатот) која таа мора да ја воспостави за да обезбеди свое владеење.

**345. ДИНАСТИЈА**
*E. dynasty*
*F. dynastie*
*D. Dynastie*
*P. династия*

Владетелска лоза, дом, низа кралеви (монарси) од ист род, со едно исто презиме.

**346. ДИПЛОМАТ**
*E. diplomat*
*F. diplomate*
*D. Diplomat*
*P. дипломат*



Висок чиновник во надворешно-политичката служба на државата.

**347. ДИПЛОМАТИЈА**
*E. diplomacy*
*F. diplomatie*
*D. Diplomatie*
*P. дипломатия*

Вештина за одржување на меѓународни односи и водење на меѓународни работи; умеење во одбраната на својата земја и придобивање на странски влади за политиката на својата влада; луѓето што вршат дипломатска служба.

**348. ДИРЕКТИВА**
*E. directive*
*F. directive*
*D. Direktive*
*P. директива*

Упатство, одредба, правец за работа,насоки што им ги дава повисокиот орган на пониските органи, раководителот - на подредените.

**349. ДИРЕКТОРИУМ**
*E. Directorium*
*F. Directoire*
*D. Direktorium*
*P. директория*

Највисока власт во Франција за времето по Францускета револуција (1795-1799). Се состоел од пет лица (директори) и имал извршна власт. Соборен со Наполеоновиот државен удар од 18 бример (9 ноември 1799).

**350. ДИРЕКЦИЈА**
*E. direction, head office*
*F. direction*
*D. Direktion*
*P. дирекция*

1. Управа; раководство на некоја установа, институција, претпријатие или организација.2. Просторија во која се наоѓа управата на претпријатието.

**351. ДИСИДЕНТ**
*E. dissident*
*F. dissident*
*D. Dissident*
*P. диссидент*

Отпадник, човек кој во мислењето или инаку се разидува со својата група или организација или од неа иступил. (На пр. ја напуштил верата, политичката партија и сл.).

**352. ДИСПЕНЗАЦИЈА**
*E. dispensation*
*F. dispensation*

***D. Dispensation***
***P. диспензация***

Ослободување од обврски за исполнување на законски услови, особено при склучување на брак; ослободување од извесни верски обврски.

**353. ДИСПОЗИЦИЈА**
***E. disposition***
***F. disposition***
***D. Disposition***
***P. диспозиция***

Оној дел од моралната или правната норма во кој се содржани правилата за однесување на поединците во определена ситуација.

**354. ДИСПРОПОРЦИЈА**
***E. disproportion***
***F. disproportion***
***D. Disproportion***
***P. диспропорция***

Во производството - несразмерно,дисхармонично развивање на одделни претпријатија или гранки; нарушување на пропорционалниот однос помеѓу одделни гранки или внатре во одделни претпријатија.

**355. ДИСТАНЦА**
***E. distance***
***F. distance***
***D. Distanz***
***P. дистанция, одстояние***

Оддалеченост меѓу општествените групи во нивниот меѓусебен однос, допир.

**356. ДИСТРИКТ**
***E. district***
***F. district, arrondissement***
***D. Distrikt***
***P. дистрикт***

Управна или судска територијална единица, округ; област (во извесни земји).

**357. ДИСФУНКЦИЈА**
***E. disfunction***
***F. disfunction***
***D. disfunktion***
***P. дисфункция***

Негативна последица на некоја појава, дејство на некоја општествена појава (установа, група или поединечна дејност) која нанесува штета на функционирањето, кохезијата, та дури и на опстанокот на општеството, некоја општествена група (асоцијација) или на поединец.

**358. ДИСЦИПЛИНА**
***E. discipline***
***F. discipline***
***D. Disziplin***
***P. дисциплина***

1. Посебна област од филозофијата (на пример, логиката е филозофска дисциплина), или на една посебна наука (на пример, социологијата е општествена дисциплина).2. Потчинување или самопотчинување на одреден општествен ред и на прописите.3. Совесност во извршувањето на должноста.4. Збир на прописи што го одредува начинот на одржувањето на поредокот во одредени установи и организации (работна дисциплина, партиска дисциплина и сл.).5. Наставен предмет.

**359. ДЛАБИНСКО ИСПИТУВАЊЕ**
***E. deep-sea research***
***F. recherche profonde***
***D. tiefe Forschung***
***P. глубинное испытание***

Облик на испитување што се користи во социологијата и психологијата при што испитувачот, кој има голема слобода во изведувањето на постапката, настојува на испитаникот да му овозможи што поцелосно да се изрази за проблемите кои се предмет на истражувањето.

**360. ДОБРО**
***E. value***
***F. bien***
***D. Gutes***
***P. хорошо; добро***

Етичкото одредување и вреднување на човековото поведение во согласност со одредени општествени вредности.

**361. ДОГМА**
***E. dogma***
***F. dogme***
***D. Dogma***
***P. догма***

1. Во старогрчката филозофија назив за некоја одредена поставка; мислење кое се прифаќа како сигурно без критичко проверување и без оглед на можностите за негова конкретна примена; цврсто изложено мислење или тврдење без докази.2. Во христијанската религија некое нејзино учење формулирано во Библијата или во заклучоците на црковниот собор како таканаречена "верска вистина" во која не може да се изрази сомневање.

**362. ДОГМАТИЗАМ**
***E. dogmatism***
***F. dogmatisme***

D. *Dogmatismus*
P. *догматизам*

Некритичко мислење, прифаќање на теории, ставови како апсолутни вистини, при што основниот критериум за нивната вистинитост е авторитетот, односно верувањето, а не докажувањето, искуството.

**363. ДОГМАТИКА**
E. *dogmatics*
F. *docmatique*
D. *Dogmatik*
P. *догматика*

Црковна теорија на верските учења како вистини во кои човекот не смее да се сомнева, без оглед на тоа што тие му противречат на искуството и логичкото мислење.

**364. ДОКТРИНА**
E. *doctrine*
F. *doctrine*
D. *Doktrin*
P. *доктрина*

Систематизирано учење за општествените или природните појави. Покрај научни, постојат политички, морални и други видови доктрини. Во нив често доаѓа до израз интересот на некоја групација.

За разлика од научните теории и системи, во поимот доктрина акцентот не е на утврдување на објективната вистина кое би имало општ општествен карактер, туку на поврзано излагање на едно становиште кое има непосредно практично значење.

**365. ДОКТРИНЕР**
E. *doktrinaire*
F. *doctrinaire*
D. *Doktrinar*
P. *доктринер*

Човек кој бара да се применуваат доктрини што тој ги усвоил со крајна упорност, без оглед на нивната практична применливост.

**366. ДОКТРИНЕРСТВО**
E. *doctrinairism*
F. *doktrinarisme*
D. *Doktrinarizmus*
P. *доктринерство*

Склоност кон тоа научните и политичките прашања да се разгледуваат во согласност со некои апстрактни принципи или теории не обѕирајќи се на стварноста.

**367. ДОЛЖНОСТ**
E. *duty*
F. *devoir*



D. *Pflicht*
P. *обязанность*

Вид обврска на некој субјект да прави нешто во согласност со правните прописи или моралните вредности и својот живот да го обликува според нив.

**368. ДОМИНИОН**
E. *dominion*
F. *dominion*
D. *Dominion*
P. *доминион*

Самоуправен дел на Британската империја: Канада, Австралија, Јужноафриканската унија, Нов Зеланд и др.; тој е независен и има своја влада и народно собрание (парламент) законодавна и извршна власт и др.

**369. ДОТАЦИЈА**
E. *subvention, subsidy*
F. *subvention*
D. *Dotation*
P. *дотация*

Сума што им ја доделува државата на организации или претпријатија за покривање на загубите или за други цели.

**370. ДРЖАВА**
E. *state*
F. *état*
D. *Staat*
P. *государство*

Основен и најважен облик на политичко организирање на општеството. Таа е историска творба и настанала тогаш кога развитокот на производните сили ја руши хомогената општествена структура на првобитната заедница и доведува до поделба на општеството на класи.

**371. ДРЖАВЕН КАПИТАЛИЗАМ**
E. *state capitalism*
F. *capitalisme d'état*
D. *Staatskapitalismus*
P. *государственый капитализм*

Стадиум во развитокот на капитализмот кој се карактеризира со значително мешање на државата во стопанството.

**372. ДРЖАВЕН МОНОПОЛ**
E. *state monopoly*
F. *monopole d'état*
D. *Staatsmonopol*
P. *государственная монополия*

Право на државата на производство на некоја стока,

на трговија со некоја стока, промет итн.

**373. ДРЖАВЕН СОЦИЈАЛИЗАМ**

***E. state socialism***
***F. socialisme d'état***
***D. Staatssozialismus***
***P. государственный социализм***

Мерки или политика на мешање на државата во стопанскиот живот и спроведувањето општествени реформи во социјалистичките земји преку државната власт.

**374. ДРЖАВЕН УДАР**

***E. coup d`etat***
***F. coup d'état***
***D. Staatsputsch***
***P. государственный переворот***

Ненадејно и брзо, насилно и незаконско преземање на државната власт од страна на луѓе кои самите дотогаш учествувале во државната власт.

**375. ДРЖАВЈАНСТВО**

***E. citizenship***
***F. nationalité***
***D. Staatsangehörigkeit***
***P. подданство***

Трајна правна и политичка врска на поединецот со одредена држава, која се регулира со посебен законски акт.

**376. ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

***E. state property***
***F. propriété d'etat***
***D. Staatseigentum***
***P. государственная собственость***

Сопственост што ја има државата како правен субјект над одредени ствари. Најчесто тоа се јавните добра, кои служат за општите потреби на граѓаните (патишта, природни извори, паркови и сл.).

**377. ДРУЖИНА**

***E. eskort***
***F. camaraderie***
***D. Gruppe***
***P. товарищи***

Неформална група која ја карактеризираат заеднички цели, активности и норми на поведение, како и релативно јасна структура на позициите и улогата на нејзините членови. Обично се однесува на различни детски и младински групи, но не се исклучува ни поширокото значење.



**378. ДУАЛИЗАМ**

***E. dualism***
***F. dualisme***
***D. Dualismus***
***P. дуализм***

1. Филозофски правец кој сите пројавувања во светот и животот, како што се основите на светот, човековото битие, човековото спознание и др., ги сведува на два самостојни, меѓусебно различни принципи; односно таков начин на сфаќање според кое телесното и духовното, физичкото и психичкото, телото и душата значат две меѓусебно различни и независни супстанции или принципи.2. Заедница на две држави со заеднички владетел.

**379. ДУЌАН**

***E. shop***
***F. magasin***
***D. Laden***
***P. магазин***

Вид трговска работна организација.

**380. ДУХ**

***E. spirit***
***F. esprit***
***D. Geist***
***P. дух***

1. Во идеалистичката филозофија основно начело на сето битие, спротивно на материјата.2. Во религијата и секој вид празноверие (спиритизам) значи бестелесно суштество.

**381. ДУША**

***E. sout***
***F. ame***
***D. Seele***
***P. душа***

Според верските и другите верувања дел од човекот кој не е од материјален, туку од чисто духовен карактер. Како таква, душата го управува поведението на поединците, ги содржи неговите морални и емотивни својства.

# Е

### 382. ЕВАКУАЦИЈА
*E. evacuation*
*F. évacuation*
*D. Evakuation*
*P. евакуация*

Пренос на луѓето, установите,материјалните добра надвор од опасната територија; пренесување на ранетите од просторот на кој се одвиваат воени дејства; отстранување на воени единици од одредена област.

### 383. ЕВАНГЕЛИЕ
*E. gospel*
*F. évangile*
*D. Evangelium*
*P. евангелие*

Објава која се однесува на Христос и неговата улога на спасител на човечкиот род. Познати се околу 30 евангелија од кои само четири се вклучени во канонот на христијанската црква.

### 384. ЕВАНГЕЛИСТ
*E. evangelist*
*F. évangeliste*
*D. Evangelist*
*P. евангелист*

Објавувач на спасението, оној што го опишува животот, работата и страданијата на Исус Христос. Најпознати се четири евангелисти: Матеј, Марко, Лука и Јован, творците на канонските евангелија.

### 385. ЕВОЛУЦИЈА, СОЦИЈАЛНА
*E. social evolution*
*F. évolution sociale*
*D. Sozialevolution*
*P. зволюция(социальная)*

Постепени, долготрајни, квантитативни промени во човечкото општество кои ги менуваат материјалните и други услови на животот на луѓето,но не предизвикуваат битни промени во начинот на производството, во карактерот на производствените односи и основните општествени институции.

### 386. ЕВОЛУЦИОНИЗАМ
*E. evolutionism*
*F. éolutionnisme*

*D. Evolutionismus*
*Р. эволюционизм*

Поглед на светот чијшто основен принцип е развојност. Светот е сфатен како појава која непрекинато се развива, се менува, движејќи се од пониско кон повисоко, од помалку совршено кон посовршено. Во социологијата ја претставува највлијателната струја во XIX век.

### 387. ЕГАЛИТАРИЗАМ
*E. egalitarianism*
*F. egalitarisme*
*D. Egalitarismus*
*Р. эгалитаризм*

Доктрина која се заложува за еднаков правен статус и политички и економски права на сите граѓани. Во различни варијатни се јавува во целиот тек на општествената историја. Уште софистите истакнуваат дека сите луѓе по природа се еднакви. Христијанската црква се заложува за еднаквост на луѓето пред бога. Револуционерната буржоазија го поставува барањето за формално-правна еднаквост, а социјализмот за остварување на општа социјална еднаквост.

### 388. ЕГЗЕКУТИВА
*E. executive*
*F. exécutif*
*D. Exekutive*
*Р. экзекватура*

Дел на организацијата или власта чијашто функција е извршување на одлуките.

### 389. ЕГЗЕКУТОР
*E. executor*
*F. exécuteur*
*D. Exekuteur, Exekutant*
*Р. экзекутор*

Оној што извршува одредена одлука, правна пресуда, тестамент и сл. по присилен пат; лице именувано од носителот на тестаментот да ја изврши неговата волја.

### 390. ЕГЗЕКУЦИЈА
*E. excution*
*F. exécution*
*D. Exekution*
*Р. экзекуция*

Присилно извршување на судска пресуда, на пр. телесна казна, смртна казна, присилно наплатување на долг и др.

### 391. ЕГЗИБИЦИЈА
*E. exhibition*
*F. exhibition*
*D. Exhibition*
*Р. показ*

Претставување пред публика (на пр. театарска претстава,уметничка изложба, изложба на индустриски производи).

### 392. ЕГЗИЛ
*E. exile*
*F. exile*
*D. Exil*
*Р. изгнание*

Присилно прогонство од родниот крај, од татковината; периодот на време додека трае прогонството; местото на престојувањето во прогонство.

### 393. ЕГЗИСТЕНЦИЈА
*E. existence*
*F. existence*
*D. Existenz*
*Р. существование*

Специфичен начин на човековото постоење, различен од пасивното траење на стварите и другите биолошки единки; постоење кое има временски одредници, свое место во историјата.

### 394. ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛИЗАМ
*E. existentialism*
*F. existentialisme*
*D. Existenzialismum*
*Р. экзистенсиализм*

Правец во филозофијата кој во центарот на филозофското интересирање ја става смислата на човечката егзистенција.

### 395. ЕГЗОГАМИЈА
*E. exogamy*
*F. exogamie*
*D. Exogamie*
*Р. экзогамия*

Правило за регулирање на брачните односи кое налага брачниот другар да се избира надвор од сопствената потесна или поширока заедница. Во основата на ова правило стои табу на инцестот - забрана за стапување во сексуални односи со блиските крвни роднини.

### 396. ЕГЗОГЕНА ПРОМЕНА
*E. exogenous change*
*F. changement exogene*
*D. exogene Änderung*
*Р. эксогенное изменение*

Промена во општеството - неговата структура или институционален поредок, која е предизвикана од фактори кои му се надворешни

цивилизација, т.е. нејзините институции, идеологија, вредности и свеста за продолжување на таквиот пат во иднината дошле во ќорсокак и дека таквиот правец на развој негативно се одразува на судбината на човештвото.

## 407. ЕКОЛОШКА НИША

*E. ecologican niche*
*F. niche écologique*
*D. ökologische Nische*
*P. экологическая ниша*

Функционалната положба на одреден вид организми во биогенезата, нејзиното место и улога во процесите на промената на материјата и енергијата во екосистемот. Во преносна смисла поимот се однесува на специфичните животни услови кон кои видот е приспособен во својот еколошки простор.

## 408. ЕКОЛОШКИ ПОРЕДОК

*E. ecological order*
*F. order écologique*
*D. ökologische Ordnung*
*P. экологический порядок*

Просторниот поредок на групите на одредена територија која резултира од нивната борба за економски просперитет.

## 409. ЕКОЛОШКИ ПРОЦЕС

*E. ecological process*
*F. processus écologique*
*D. ökologischer Prozess*
*P. экологический процесс*

Процес којшто води кон промени во дистрибуцијата на луѓето и нивните активности во физичкиот простор. Се однесува главно на 1. прегрупирањето на луѓето и активностите меѓу различните територијални заедници и 2. на промените на дистрибуцијата на луѓето и активностите во една територијална единица.

## 410. ЕКОЛОШКА СУКЦЕСИЈА

*E. ecological succession*
*F. succession écologique*
*D. ökologische Suckzession*
*P. экологическая последовательность*

Процес преку кој територијата на која доминира одредена човечка група е освоена и од друга група која на неа станува доминантна.

## 411. ЕКОНОМИЗАМ

*E. economism*
*F. economisme*



*D. Ökonomismus*
*P. экономизм*

Теорија која во толкувањето на општествениот развој премногу ја истакнува улогата на економските фактори, сметајќи ги за иницијатори на промената во сите сфери на општествената структура.

## 412. ЕКОНОМИЈА

*E. economics*
*F. économie*
*D. Ökonomie; Wirtschaftswissenschaft*
*P. экономия*

Правила за работење во одделното стопанство; вештина за управување на таквото стопанство; вештина за стекнување на добра потребни за обезбедување на животот и корисни за домаќинството. Денес (во пошироко значење) - вкупност на економските науки; кратенка за терминот политичка економија

## 413. ЕКОНОМИКА

*E. economy*
*F. économie*
*D. Ökonomik*
*P. экономика*

1. Целокупност на стопанските односи во една земја.2. Наука за стопанската состојба на конкретната земја.

## 414. ЕКОНОМСКА БАЗА

*E. economic base*
*F. base économique*
*D. ökonomische Basis*
*P. экономический базис*

Економска основа (или економска структура на општеството или реална база на општеството) - во марксистичката социологија еден од двата основни елементи на глобалната општествена структура (покрај општествената надградба која и е подредена). Неа ја сочинуваат производните сили (луѓето со своите природни капацитети, навики и искуства, орудијата на трудот преку кои тие ги присвојуваат предметите на природата и ги приспособуваат кон своите потреби како и предметите на трудот) и производствените односи (односите што се воспоставуваат во процесот на производството, пред сé односите што ја определуваат положбата на луѓето кон средствата за производство како и односите во размената и распределбата на материјалните добра).

**415. ЕКОНОМСКА ДЕМОКРАТИЈА**

*E. economic democracy*
*F. democratie économique*
*D. Wirtschaftsdemokratie*
*P. экономическа демокрашия*

Економски поредок во кој економската власт ја има народот. Тој учествува во одредувањето на условите на работата, организацијата на процесот на производството, одредувањето на наемнината, работното време и др.

**416. ЕКОНОМСКА ИНСТИТУЦИЈА**

*E. economic institution*
*F. institution économique*
*D. ökonomische Institution*
*P. экономическийинсшишуш*

Комплексот на општествените односи, средства за производство и човечки активности чијашто цел е задоволувањето на општествената потреба од производство на материјални добра и нивната размена и распределба. Во потесно значење - економска организација.

**417. ЕКОНОМСКА КЛАСА**

*E. economic class*
*F. classe economique*
*D. ökonomische Klasse*
*P. экономический класс*

Најлуксузната и најскапа категорија од скалата на потрошувачката.

**418. ЕКОНОМСКА КРИЗА**

*E. economic crisis*
*F. crise économique*
*D. Wirtschaftskrise*
*P. экономический кризис*

Силно нарушување на економската рамнотежа и воопшто на целиот стопански систем на една држава. Денес кризите се нарекуваат рецесии. По нив доаѓа до повторно привремено консолидирање на економскиот систем, до следната рецесија.

**419. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

*E. economic development*
*F. développement économique*
*D. Wirtschaftsverlauf*
*P. экономическое развишие*

Промени во системот на функционирањето на еден стопански систем насочени пред сé кон зголемување на материјалното производство и националниот доход.



**420. ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА**

*E. economic strukture*
*F. structure economique*
*D. ökonomische Struktur*
*P. экономическая сшрукшура*

В.: Економска база.

**421. ЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНИЗАМ**

*E. economic determinism*
*F. determinisme economique*
*D. Wirtschaftsdeterminismus*
*P. экономический дешерминизм*

Теорија која го истакнува дејствувањето на економските фактори, сметајќи ги за одредувачки во однос на сите останати елементи на општествената структура.

**422. ЕКОСИСТЕМ**

*E. ecosystem*
*F. écosysteme*
*D. Ökosystem*
*P. экосисшема*

Комплексната мрежа на заемни односи меѓу живите суштества и нивната средина. Во социјалната екологија најголемо внимание им се посветува на заемните односи меѓу населението, организацијата, средината и технологијата.

**423. ЕКСКОМУНИКАЦИЈА**

*E. excommunication*
*F. excommunication*
*D. Exkommunikation*
*P. исключение*

Исклучување на поединец/поединци од заедницата или групата. Во примитивните општества, каде што опстанокот во голема мера е обусловен од поддршката на заедницата, претставува најтешка казна. Во општествата организирани на територијална основа нејзин специфичен вид претставуваат остракизмот, егзилот и прогонството. Во религиозните заедници означува исклучување од правата и привилегиите на верската заедница, што може да се однесува на поединци, групи, градови и цели држави.

**.424. ЕКСПАНЗИЈА**

*E. expansion*
*F. expansion*
*D. Expansion*
*P. экспанзия*

1. Дејство или процес на ширење; обем или сума до

која нешто може да се прошири.2. Зголемување, пораст или ширење на нешто како што се економските активности, монетарниот систем или територијата.3. Во меѓународните односи - политиката на ширење на моќта на една држава во територијален, економски или политички поглед, со цел останатите земји да се потчинат на сопственото влијание, да се доведат во зависна или полузависна положба.

**425. ЕКСПЕРИМЕНТ**
*E. experiment*
*F. experiment*
*D. Experiment*
*P. эксперимент*

в. Социјален експеримент.

**426. ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН МЕТОД**
*E. experimental method*
*F. méthode expérimentale*
*D. Experimentalmethode*
*P. экспериментальный метод*

Гранка на индукцијата која настојува да потврди или отфрли некои пробни заклучоци преку повторувања на посматрањето и демонстрациите.

**427. ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА ГРУПА**
*E. experimental group*
*F. groupe expérimental*
*D. Experimentalgruppe*
*P. экспериментальная группа*

Група од единици на која се дејствува со експерименталниот фактор чиешто дејство треба да се утврди.

**428. ЕКСПЕРТ**
*E. expert*
*F. expert*
*D. Expert*
*P. эксперт*

Лице кое има или демонстрира специфична вештина; кое е широко информирано во специфичните области на знаењето или посебно квалификувано за обавување на специфичен тип на дејност.

**429. ЕКСПЛОАТАТОР**
*E. exploiter*
*F. exploiteur*
*D. Ausbeuter*
*P. эксплуататор*

Оној што експлоатира, што го присвојува вишокот на трудот на другиот; оној што го искористува другиот за остварување на материјална или друг вид придобивка.



**430. ЕКСПЛОАТАТОРСКА КЛАСА**
*E. exploiting class*
*F. classe exploitatrice*
*D. Exploitationsklasse*
*P. эксплуататорский класс*

Класа која, користејќи ја својата надредена општествена позиција, ги искористува останатите класи за присвојување на резултатите на нивниот труд. Во различни варијетети се јавува во текот на целата класна историја.

**431. ЕКСПЛОАТАЦИЈА**
*E. exploitation*
*F. exploitation*
*D. Ausbeutung; Exploitation*
*P. эксплуатация*

Искористувањето на природните ресурси или на луѓето. Во социологијата обично се употребува во потесно значење - за означување на искористувањето на подредени групи или класи од страна на надредени, со цел да се постигне материјална или друг вид придобивка.

**432. ЕКСПРЕСИОНИЗАМ**
*E. expresionism*
*F. expressionisme*
*D. Expressionismus*
*P. экспрессионизм*

Движење во уметноста од крајот на 19 век и почетокот на 20 век, кое потекнува од Европа и го нагласува изразувањето на внатрешното искуство, субјективните расположенија и чувства.

**433. ЕКСПРОПРИЈАТОР**
*E. expropriator*
*F. expropriateur*
*D. Expropriateur*
*P. экспроприатор*

Лице што ја врши експропријацијата.

**434. ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА**
*E. expropriation*
*F. expropriation*
*D. Expropriation*
*P. экспроприация*

Полно или привремено одземање на правото на сопственост во името на остварување на општи интереси.

**435. ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ЕКСПРОПРИЈАТОРИТЕ**
*E. expropriation of expropriaters*
*F. expropriation des*

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА БИБЛИОТЕКА

*expropriateurs*
D. *Expropriation der Expropriateure*
P. *экспроприация экспроприаторов*

Експропријација вршена од страна на социјалистичката држава со што се одземаат средствата за производство од капиталистичката класа.

**436. ЕКСТЕРИТОРИЈАЛНОСТ**
E. *exteritoriality*
F. *exterritorialité*
D. *Exterritorialität*
P. *экстерриториальность*

Право на дипломатските претставници во некоја земја да се потчинуваат само на законите на својата земја.

**437. ЕКСТРАДИЦИЈА**
E. *extradition*
F. *extradition*
D. *Extradition*
P. *экстрадиция*

Постапка преку која лицето кое извршило злосторство во една држава и престојува во друга може да и биде предадено на властите на првата заради водење кривична постапка против него или извршување на казната.

**438. ЕКСТРАПОЛАЦИЈА**
E. *extrapolation*
F. *extrapolation*
D. *Extrapolation*
P. *экстраполяция*

Процена на база на две или повеќе познати вредности или варијабли на некоја непозната вредност која им претходи или ги следи познатите вредности, на пр. процена на населението во некоја точка на иднината врз база на веќе спроведените пописи во минатото и сегашноста; протегнување на важењето на некоја правилност која е утврдена во потесна сфера на случувањето на поширока сфера - која со потесната е во одреден заемен однос.

**439. ЕЛИТА**
E. *elite*
F. *élite*
D. *Elite*
P. *элита*

Одбрано малцинство во кое влегуваат најспособните, најдобрите, најзначајните претставници на општеството, оние што со своите интелектуални способности, специфични таленти и морални капацитети ги надминуваат



БИБЛИОТЕКА

останатите. Во социологијата: припадниците на повисоките општествени слоеви кои имаат водечка позиција во политичката, економската, воената и др. организација на општството, без обсир на тоа какви се нивните индивидуални способности.

**440. ЕЛИТИЗАМ**
E. *elitism*
F. *élitisme*
D. *Elitärtheorie*
P. *элитаризм*

Верување во елитистичкото владеење, верување во потребата или дури неминовноста од елитистичка организација на општеството. Како општествена теорија поаѓа од ставот за подвоеноста на луѓето од општеството во малубројна елита и многубројна маса и има свои приврзаници од антиката до денес.

**441. ЕМАНЦИПАЦИЈА**
E. *emantipation*
F. *émantipation*
D. *Emanzipation*
P. *эманципация*

Процес на ослободување од зависноста, од угнетувањето, од ограничувањето на слободата. Во римското право претставува акт со кој членот од патријархалното семејство се ослободува од власта на старешината на семејството. Во современата социолошка литература се однесува на секој вид ослободување од зависноста и стекнување рамноправност со другите членови од општеството, како што е ослободувањето на жените, на одредена класа, одредена етничка група, на човекот, на трудот.

**442. ЕМИГРАНТ**
E. *emigrant*
F. *emigrante*
D. *Emigrant*
P. *эмигрант*

Оној што емигрира, што ја напушта земјата и се населува во друга земја со намера во неа тајно да престојува.

**443. ЕМИГРАЦИЈА**
E. *emigration*
F. *emigration*
D. *Emigration*
P. *эмиграция*

Физичко движење на поединци или групи во географскиот простор; движење

на населението од една земја во друга со намера во неа трајно да престојува, најчесто од економски причини.

### 444. ЕМИНЕНЦИЈА
*E. eminence*
*F. éminence*
*D. Eminenz*
*P. эминенция*

Позиција со високо истакната пооебност или супериорност во достигањето, рангот или карактерот; почесна титула која им се доделувала на кардиналите на Римската католичка црква.

### 445. ЕМИСАР
*E. emissary*
*F. émissaire*
*D. Emissär*
*P. эмиссар*

Пратеник, носител на пораки или агент кој е испратен за да ги претставува или брани интересите на друг (друго лице, група или политичка партија); лице кое со тајна политичка порака е испратено во друга земја.

### 446. ЕМОЦИЈА
*E. emotion*
*F. émotion*
*D. Emotion*
*P. эмоция*

Комплексна состојба на индивидуата во која преку комбинацијата на идеи, чувства и моторна експресија го изразува својот моментален однос кон случувањата околу неа; кое било јако чувство, како радост, жалост, омраза, љубов, презир, кое израснува повеќе сугестивно отколку преку свесен умствен напор.

### 447. ЕМОЦИОНАЛНОСТ
*E. emotion*
*F. émotionnable*
*D. Emotionalität*
*P. эмоциональность*

Подложност на емоции или постоење тенденција за нивно пројавување кај индивидуата; повеќе од вообичаената наклоност кон практикување на емоции или поведување по нив.

### 448. ЕМПИРИЗАМ
*E. empiricism*
*F. empirisme*
*D. Empirismus*
*P. эмпиризм*

Филозофски правец кој смета дека знаењето се стекнува само преку искуството. Се јавува во повеќе варијанти од кои најекстремна е сензуалистичкиот емпиризам (или сензуализам), според кој до сите факти на сопственото искуство доаѓаме преку сетилата (нема ништо во разумот што не било порано во сетилата).

### 449. ЕМПИРИСКА СОЦИОЛОГИЈА
*E. empirical sociology*
*F. sociologie empirique*
*D. empirische Soziologie*
*P. эмпирическая социология*

Сфаќање на социологијата како општествена наука која ги добива релевантните научни сознанија за врските помеѓу појавите и нивните карактеристики по пат на сетилно човечко искуство и опишување на добиените резултати.

### 450. ЕМПИРИЧКИ МЕТОД
*E. empirical method*
*F. méthode empirique*
*D. empirische Methode*
*P. эмпиричный метод*

Систематски начин на прибирање податоци за појавите, нивните карактеристики, заемни односи, базиран на човековото сетилно искуство.

### 451. ЕМПИРИЧКИ ТЕСТ
*E. empirical test*
*F. test empirique*
*D. Empirietest; empiristischer Test*
*P. эмпирическый тест*

Постапка, методолошки и статистички стандардизирана, преку која се утврдува постоењето или степенот на некое својство, или пак се проверува постоењето на одредени врски во рамките на дадената состојба.

### 452. ЕНДОГАМИЈА
*E. endogamy*
*F. endogamie*
*D. Endogamie*
*P. эндогамия*

Правило за регулирање на брачните односи кое упатува на брак меѓу членовите од истото племе, село, каста или друга општествена група.

### 453. ЕНЕРГИЈА, СОЦИЈАЛНА
*E. social energy*
*F. énergie sociale*
*D. soziale Energie*
*P. социальная энергия*

Виталната сила на групата заедно со сите нејзини расположиви ресурси на ма-

теријални и културни добра.

### 454. ЕНТУЗИЈАЗАМ
*E. enthousiasm*
*F. enthousiasme*
*D. Enthusiasmus*
*P. энтузиазм*

Занес, силна емоционална врзаност за нешто (идеја, објект, личност и сл.); во старите пагански култови состојба на човекот исполнет со бога.

### 455. ЕНТУЗИЈАСТ
*E. enthousiast*
*F. enthousiaste*
*D. Enthusiast*
*P. энтузиаст*

Лице исполнето со ентузијазам; религиозен фанатик, визионер; занесеник, човек кој е одушевен, кој обожава некого или нешто.

### 456. ЕНЦИКЛОПЕДИЈА
*E. encyclopedia*
*F. encyclopédie*
*D. Enzyklopädie*
*P. энциклопедия*

Заокружено општо образование, систематско излагање на знаењата од областа на науката и уметноста.

### 457. ЕНЦИКЛОПЕДИСТ
*E. encyclopedist*
*F. encyclopédiste*
*D. Enzyklopädist*
*P. энциклопедист*

Претставник на Француската научна мисла од XVII и XVIII век, собран околу големата едиција на Француската енциклопедија, носител на идеите на револуционерната француска буржоазија. Најпознати од нив се: Дидро, Даламбер, Волтер, Халвециј, Холбах, Русо, Монтескје и др.

### 458. ЕПИГОН
*E. epigone*
*F. épigone*
*D. Epigone*
*P. эпигон*

Следбеник или имитатор во уметноста или филозофијата; синовите на седумминатa грчки јунаци загинати во војната против Теба, кои ги имитираат своите татковци во повторниот напад на Теба; наследник, роден после.

### 459.ЕПИТАФ
*E. epitaph*
*F. epitaphe*
*D. Epitaph*
*P. эпитфия*



Натпис на надгробна плоча или надгробен споменик во чест на оној што е погребан.

### 460. ЕПОХА
*E. epoch*
*F. époque*
*D. Epoche*
*P. эпоха*

Временски период на кој основно обележје му дава некој значаен настан. Период со одредено ниво од развојот на производните сили и институционален поредок кој ним им одговара. Период што го одбележува одредена културна појава.

### 461. ЕРА
*E. era*
*F. ere*
*D. Äre*
*P. эра*

Временски период кој користи специфична точка од историјата како база за својата хронологија; период од време карактеристичен по некои нови аспекти, настани или личности.

### 462. ЕРЕС
*E. heresy*
*F. hérésie*
*D. Ketzerei, Häresie*
*P. ересь*

Терминот најпрво се користи во црковната терминологија за означување на учење кое отстапува или му противречи на официјалното црковно учење. Инаку, во текот на историјата ереста најчесто претставувала форма на борба на масите против официјално наметнатата црковна доктрина, како и нивни револт против црквата како носител на општествениот поредок, базиран врз нееднаквоста и експлоатацијата. Во поново време термин за означување на она што отстапува од програмата на некое политичко движење, партија, група и сл.

### 463. ЕРЕТИК
*E. heretic*
*F. hérétique*
*D. Ketzer, Häretiker*
*P. еретик*

Член на христијанската црква што отстапува или се противставува на нејзиното учење.

### 464. ЕРУДИЦИЈА
*E. erudition*
*F. érudition*

*D. Erudition*
*P. эрудированность*

Продлабочена и широка ученост, начитаост, образованост.

## 465. ЕСТЕТИКА
*E. esthetics*
*F. esthétique*
*D. Ästhetik*
*P. эстетика*

Познавање на сетилното; гранка на филозофијата која се занимава со проблемите на убавото во природата и уметноста.

## 466. ЕТАТИЗАМ
*E. etatism*
*F. étatisme*
*D. Etatismus*
*P. этатизм*

Тенденција кон потчинување на општеството од страна на државата; се базира врз идеолошкиот став дека општествената благосостојба зависи од поврзувањето на политичката и економската сфера и остварувањето на централизирана контрола.

## 467. ЕТАТИЗАЦИЈА
*E. etatism*
*F. étatisation*
*D. Etatismus*
*P. этатизация*

Процес на ширење и зајакнување на компетенциите и интервенцијата на државата врз сите области на општествениот живот.

## 468. ЕТИКА
*E. ethics*
*F. ethique*
*D. Ethik*
*P. этика*

Наука за моралот, филозофска дисциплина која ги истражува формите на однесувањето на човекот, како член на општеството и критериумите за нивното вреднување. Таа ги систематизира принципите, нормите и правилата на однесувањето што ги поставува заедницата и врши вредносна оцена на човековото поведение.

## 469. ЕТИЧКИ РЕЛАТИВИЗАМ
*E. ethical relativism*
*F. relativisme éthique*
*D. ethischer Relativismus*
*P. этический релятивизм*

Правец во етиката за кој моралните вредности се од релативен карактер; тие немаат општочовечко и објективно значење туку важат само во одредено општство и во одредени историско-општествени услови.



## 470. ЕТНИЧКА ГРУПА
*E. ethnical group*
*F. groupe éthnique*
*D. Volksgruppe*
*P. этническая группа*

Група чиишто членови ги поврзува чувството на заедничката припадност, израснато во контекстот на живеењето на заедничка територија, верувањето во заедничкото потекло, единствениот јазик, блиските економски врски, религијата, традицијата, обичаите, културата.

## 471. ЕТНИЧКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА
*E. ethnical identification*
*F. identification éthnique*
*D. ethnische Identifikation*
*P. этническое отождествление*

Свест за себе како припадник на одредена етничка група изразена преку поседувањето на одредени симболи, знаци, насоки преку кои и другите лица себе се идентифицираат како членови на истата група.

## 472. ЕТНОГЕНЕЗА
*E. ethnogenezis*
*F. ethnogenèse*
*D. Ethnogenese*
*P. этногенезис*

Процес на создавање на определена етничка група (народ, нација) по пат на издвојување од разни претходни општествени групи.

## 473. ЕТНОГРАФИЈА
*E. ethnography*
*F. éthnographie*
*D. Ethnographie*
*P. этнография*

Научна дисциплина чијашто цел е да го опише и објасни културното однесување на луѓето во одредено општество, користејќи го како основен метод посматрањето.

## 474. ЕТНОЛОГИЈА
*E. ethnology*
*F. ethnologie*
*D. Ethnologie*
*P. этнология*

Наука чијшто основен предмет е проучувањето на општествената организација,

материјалното и духовното творештво на етничките групи како и односите меѓу нив. Ги проучува роднинските системи, јазикот, верувањата и обичаите, уметноста, начините и средствата на материјалното производство, начинот на исхраната и одржувањетона зравјето, како и односот на овие елементи на културата со општествената организација и човековата персоналност во дадената група.

### 475. ЕТНОС
*E. ethnos*
*F. éthnos; ethnie*
*D. Ethnos*
*P. этнос*

Група, израсната во условите на релативна изолација и сегрегација, кај која поврзувањето и идентификацијата се остварува врз база на врските и особините и на расата и на националноста.

### 476. ЕТНОЦЕНТРИЗАМ
*E. ethnocentrism*
*F. ethnocentrisme*
*D. Ethnozentrismus*
*P. этноцентризм*

Став, проникнат со емоционалност и предрасуди, дека сопствената група, раса, општество е супериорна по своите расни и културни особини во однос на другите.

### 477. ЕТОС
*E. ethos*
*F. ethos*
*D. Ethos*
*P. этос*

Специфичните диспозиции, ставови или карактер на одреден народ, култура или група, преку кои се разликуваат од другите народи, култури или групи.

### 478. ЕФЕМЕРНА ГРУПА
*E. ephemeral group*
*F. group éphémere*
*D. Ephemergruppe*
*P. эфемерная группа*

Агрегација или група која се формира само за краток временски период, поради некои моментални општи стимули или намери.



# З

### 479. ЗАДРУГА
*E. cooperative*
*F. coopérative*
*D. Genossenschft*
*P. кооператив*

1. Куќна економска заедница која се одликува со постоење на заедница на труд и живот, цврста заедница на сопственост, заедница на авторитет и крвна заедница.2. Облик на трудово-економска организација заснована врз зедничка сопственост на нејзините членови.

### 480. ЗАКОН
*E. low*
*F. loi*
*D. Gesetz*
*P. закон*

Највисок државен правен акт по уставот со кој се регулираат односите во определена област на општествениот живот.

### 481. ЗАКОНОДАВСТВО
*E. legislation*
*F. legislation*
*D. Gesetzgebung*
*P. законодательство*

Една од основните политичко-правни функции на државата во остварувањето на нејзините надлежности, нејзината дејност во процесот на подготовката и донесувањето на законите.

# И

## 482. ИДЕАЛИЗАМ

*E. idealism*
*F. idéalisme*
*D. Idealismus*
*Р. идеализм*

Еден од основните филозофско-идеолошки правци кој, наспроти материјализмот, за примарна ја смета духовноста. Во социологијата идеализмот ги карактеризира сите теоретски и методолошки правци кои основното значење во објаснувањето на општеството и општествените појави им го придават на духовните - идејните фактори од различен карактер (интелектуален, емотивен, религиозен, психички, културен и сл.).

## 483. ИДЕАЛЕН ТИП

*E. ideal type*
*F. type ideal*
*D. Ideal typ*
*Р. идеалный тип*

Според М. Вебер, појмовна, теориска конструкција во која се нагласени одредени елементи на општествената реалност, кој поседува внатрешен склад и има аналитичка и хеуристичка вредност.

## 484. ИДЕАТСКА КУЛТУРА

*E. ideat culture*
*F. culture idéat*
*D. Ideatkultur*
*Р. идеатска культура*

Поим што П. Сорокин го употребува за објаснување на развитокот на културата кој се одвива по сопствени законитости а преку промена на ритми по постојан редослед: најпрвин се јавува сензатска, потоа идеатска и, на крајот, идеалистичка култура и понатаму продолжува преку истиот редослед. Со овој поим ја објаснува сушноста на стварноста која се наоѓа надвор од сетилата.

## 485. ИДЕЈНА БОРБА

*E. ideological struggle*
*F. lutte des idées*

*D. idealicher Kampf*
*P. идейная борьба*

Борба на поединци или групи за остварување на определени идејни становишта која во суштината значи борба за основните интереси, вредности и принципи на определено движење.

**486. ИДЕЈНОСТ**
*E. ideality*
*F. caractere ideologique*
*D. Ideelichkeit*
*P. идейносӣь*

Поим за своевидна по врзаност и проткаеност на некое теоретско и практично дејствување со определени идеи и идеолошки сфаќања.

**487. ИДЕОГРАФИЈА**
*E. ideografhy*
*F. ideographie*
*D. Ideographie*
*P. идеоīрафия*

Вид сликовно писмо, писмо кое наместо гласовни тонови користи идеограми (цртежи, слики) и претставува повисок степен во развитокот на сликовното писмо. Некои народи и денес го користат.

**488. ИДЕОЛОГ**
*E. ideologist*
*F. idéologue*
*D. Ideologe*
*P. идеолоī*

Мислител, теоретичар кој твори и шири определена идеологија. 2. Приврзаник на една идеологија, кој се грижи за нејзиното прифаќање во општеството.

**489. ИДЕОЛОГИЈА**
*E. ideology*
*F. ideologie*
*D. Ideologie*
*P. идеолоīия*

1.Наука за идеите врз кои се засновува нашето целокупно сознание.2. Искривена свест, искривена слика за светот и општеството која настанала поради општествено-историската определба и класната ограниченост на нејзините носители кои поради своите посебни интереси не можат да ја согледаат полната вистина за светот и човечкото општество.3. Систем на сфаќања, претстави и поими со кој се изразува општо гледиште на некоја група за сето она што е околу неа, разработено во религиозни, филозофски или научни системи.

**490. ИДЕОЛОГИЗАЦИЈА**
*E. ideologization*
*F. idéologisation*



*D. Ideologisation*
*P. идеолоīизация*

Процес на создавање, ширење и прифаќање на определена идеологија во општеството.

**491. ИДЕОЛОШКА НАДГРАДБА**
*E. ideological superstructure*
*F. superstructure ideologique*
*D. ideologischer Überbau*
*P. идеолоīическая надсӣройка*

Во марксистичката социологија составен дел од општата структура на глобалните општества, а претставува духовна надградба која ги опфаќа сите подрачја на човековата духовна дејност: религија, филозофија, наука, морал, уметност, политика итн. За неа често се употребува и називот: облици на општествената свест.

**492. ИЗБОРЕН СИСТЕМ**
*E. electoral system*
*F. systeme électoral*
*D. Wahlsystem*
*P. избираӣельная сисӣема*

Збир на начела, гаранции, права и технички дејства врз основа на кои се утврдува учеството на граѓаните или избирачите во изборот на нивните претставници во претставничките тела.

**493. ИЗБОРИ**
*E. election*
*F. eléctions*
*D. Wahlen*
*P. выборы*

Збир на начела, мерки и политички процеси преку кои, согласно на прописите на една земја, се остварува и обезбедува организирано учество на граѓаните односно избирачите во изборот на политичките претставници.

**494. ИЗВОЗ НА КАПИТАЛ**
*E. export of capital*
*F. exportation des capiteaux*
*D. Kapitalausfuhr*
*P. вывоз каӣиӣала*

Извоз на капитал-вредноста поради нејзиното оплодување во странство. Извозот на капиталот главно се врши преку две форми: форма на каматоносниот капитал (кредитирање) и во форма на инвестиционен капитал.

**495. ИЗВРШЕН КОМИТЕТ**
*E. executive commitee*
*F. comité exécutif*

*D. Vollzugausschuse*
*P. исполнительный комитет*

Потесен и оперативен колегијален орган на кој поширокото, по правило претставничкото тело односно политичкото раководство на една организација му ја доверува функцијата на извршувањето, а со тоа и значајни овластувања во одлучувањето.

**496. ИЗВРШНА ВЛАСТ**
*E. executive Power*
*F. pouvoir exécutif*
*D. Vollstreckungsgewalt*
*P. исполнительная власть*

Гранка на државната власт која со донесувањето на прописи и вршењето на материјалните акти како и со физичката принуда извршува закони и други одлуки на законодавната власт.

**497. ИЗВРШНИ ОРГАНИ**
*E. executive organs*
*F. organes exécutifs*
*D. vollziehende Organe*
*P. испольнительнье органы*

Органи за спроведување на политиката и извршувањето на прописите и други општи акти на собранијата како и за усогласувањето на работата на органите на управата; носители на политичко-извршната функција на власта.

**498. ИЗОЛАЦИОНИЗАМ**
*E. isolatinism*
*F. isolationalisme*
*D. Isolationismus*
*P. изоляционизм*

Политичка доктрина која застапува осамување, издвојување и затвореност на една општествена група, нација, организација, па и идеологија.

**499. ИЛЕГАЛНОСТ**
*E. illegality*
*F. clandestinité*
*D. Illegalität*
*P. подполье*

Состојба или активност спротивна на позитивните закони, односно скриена политичка активност.

**500. ИМАГИНАЦИЈА**
*E. imagination*
*F. imagination*
*D. Imagination*
*P. имагинация*

Во социолошка смисла (според Рајт Милс): способност за креативна интерпретација на сувопарните емпириски факти, за нивно поширoко и послободно толкување ("социолошка имагинација").

**501. ИМИГРАЦИЈА**
*E. immigration*
*F. immigration*
*D. Immigration*
*P. иммиграция*

Вселување, доселување во определена област, територија или држава со цел за потраен или постојан престој (територија на доселувањето).

**502. ИМОТ**
*E. property*
*F. propriété*
*D. Eigentum*
*P. имущество*

Збир на подвижни и неподвижни материјални добра и сите права и обврски што му припаѓаат на поединец или група, а можат да се изразат во пари.

**503. ИМПЕРАТОР**
*E. imperator*
*F. imperateur*
*D. Imperator*
*P. император*

Цар; носител на врховна воена и цивилна власт.

**504. ИМПЕРИЈА**
*E. ampire*
*F. impérie*
*D. Imperie*
*P. империя*

1. Највисока државна власт во стариот Рим.2. Назив за римската држава по падот на републиката.3. Назив за подоцнежните државни творби (царства).

**505. ИМПЕРИЈАЛИЗАМ**
*E. imarialism*
*F. impérialisme*
*D. Imperialismus*
*P. империонализм*

Политика која се стреми кон потчинување на други народи и држави, својствена особено за големите сили кои сакаат да остварат превласт во светски размери.

**506. ИНВАЗИЈА**
*E. invasion*
*F. invasion*
*D. Invasion*
*P. вторжение*

Употреба на вооружени сили од поголем размер за насилен пробив и окупација на некоја област или земја.

**507. ИНВЕСТИТУРА**
*E. investiture*
*F. investiture*

*D. Investitur*
*P. инвеститура*

Воведување во различни звања и должности и формалното предавање на некоја служба или посед (земјиште).

**508. ИНВЕСТИЦИИ**
*E. investments*
*F. innvestissements*
*D. Investitionen*
*P. капиталовложения*

Вложување или претворање на дел од општествениот производ во елементи на репродукцијата за постигање на определени стопански или други општи општествени цели.

**509. ИНДЕТЕРМИНИЗАМ**
*E. indeterminism*
*F. indéterminisme*
*D. Indeterminismus*
*P. индетерминизм*

Учење за апсолутната слобода на човековата волја и философска доктрина која наспроти детерминизмот зборува за неопределеност и непредвидливост на природните , општествените и психичките процеси. Тие дејствуваат спонтано, независно, како и човекот којшто е апсолутно слободен.

**510. ИНДИВИДУА**
*E. individual*
*F. individu*
*D. Individuum*
*P. индивид*

Поединец, личност, општествена единка чиешто место и улога во општеството зависи од конкретните општествено-историски услови, поради што не можат трајно да се определат.

**511. ИНДИВИДУАЛИЗАМ**
*E. individualism*
*F. individualisme*
*D. Individualismus*
*P. индивидуализм*

Назив за определена психологистичка варијанта на социолошка теорија според која општествените појави се сведуваат на поединечна свест и на нивниот меѓусебен допир односно меѓусебно влијание. Се вбројува меѓу индивидуално-психолошките теории во социологијата.

**512. ИНДОКТРИНАЦИЈА**
*E. indoktrination*
*F. indoctrination*



*D. Indoktrination*
*P. индоктринация*

Организирано настојување од страна на државата, црквата или други организирани сили во општеството на поединците или пошироките маси да им наметнат (односно тие да усвојат) определен систем на мислење и однесување користејќи притоа различни средства и методи, а најчесто средства за јавното информирање и комуницирање, иако наметнувањето на доктрината се остварува и преку уметноста, науката, филозофијата и религијата.

**513. ИНДУКЦИЈА**
*E. induction*
*F. induction*
*D. Induktion*
*P. индукция*

Логички метод, спротивен на дедукција, при кој се работи за заклучување од поединечното кон општото, од случајното кон законитото.

**514. ИНДУСТРИЈА**
*E. industry*
*E. industrie*
*D. Industrie*
*P. индустрия; промышленность*

Дел од стопанската дејност кој најчесто се поврзува со фабричкото производство (со примена на најсовремена техника и технологија) на полусуровини и финални производи. (Се јавува во ерата на капитализмот).

**515. ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА**
*E. industrialization*
*F. industrialisation*
*D. Industrialisierung*
*P. индустриализация*

Процес на воведување на машинското производство, наместо рачното производство, кој започнува во Англија во 18 столетие, како резултат на развитокот на производните сили, а подоцна добива доминантна улога во целокупното производство, а има за последица низа длабоки промени во сите области на општествениот живот.

**516. ИНДУСТРИСКО ОПШТЕСТВО**
*E. industrial society*
*F. société industrielle*
*D. industrielle Gesellschaft*
*P. индустриальное общество*

Посебен тип на развиено општество чијашто најзна-

чајна карактеристика е индустрискиот начин на производство.

### 517. ИНДУСТРИСКА РЕВОЛУЦИЈА

*E. industrial revolution*
*F. révolution industrielle*
*D. Industrierevolution*
*P. промышленная революция*

Процес на брзиот развиток на односите во општествените групи во капиталистичките земји како резултат на примена на машините и нови извори на енергија и низа пронајдоци во производството што има за последица не само длабоки промени во основите на производството туку и во општествените односи.

### 518. ИНДУСТРИСКА РЕЗЕРВНА АРМИЈА

*E. industrial reserve army*
*F. armée industrielle de réserve*
*D. Reservearmee der Industrie*
*P. промышленная резервная армия*

Назив за дел од работничката класа кој е на располагање за употреба и објективно претставува општествена резерва. Во капитализмот се јавува како резултат на акумулацијата на капиталот и претставува неопходен услов за функционирање на капиталистичкиот систем на производство.

### 519. ИНДУСТРИСКА СОЦИОЛОГИЈА

*E. industrial sociology*
*F. sociologie du travaill*
*D. Industriesoziologie*
*P. промышленная социология*

Посебна социолошка дисциплина која ги испитува меѓучовечките односи во индустриското производство. Настанала во САД во дваесеттите години на 20 век, како израз на општествените потреби за испитување на влијанието на општествените односи врз работната активност и продуктивност на човекот.

### 520. ИНДУСТРИСКИ КОМОРИ

*E. industrial chambers*
*F. chambres industrielles*
*D. Industriekammern*
*P. промышленные палаты*

Автономни и самоуправни организации во кои членуваат стопанските претпријатија на една земја на принцип на територијалната припадност или професионалната дејност врз база на задолжителното (европски, континентален тип) или доброволно (англо-американски тип) членување заради развивање, унапредување и заштита на дејноста за која се заинтересирани нејзините членови.

### 521. ИНДУСТРИСКИ УНИОНИЗАМ

*E. industrialunionism*
*F. unionisme industriel*
*D. Industrieunionismus*
*P. промышленный унионизм*

Посебна струја во северно-американското работничко движење кон крајот на минатиот и почетокот на овој век, а претставува американска варијанта на поширока синдикалистичка доктрина, која основната задача на работничката партија ја гледа:1. во изградувањето на моќни синдикати, кои ќе ги опфатат сите работници на една индустрија без оглед на струката (надминување на трејдунионите).2. во подготовките за заземање на власта, а потоа партијата и сите политички организации треба да се распуштат.

### 522. ИНКВИЗИЦИЈА

*E. inquisition*
*F. inquisition*
*D. Inquisition*
*P. инквизиция*

Истражно-казнен орган на Католичката црква, основан во време на нејзиното големо општествено и културно влијание, 13-19 век. Како посебна установа за испитување, мачење и казнување на еретиците и критичарите на црквата се карактеризира со бруталност во испитувањето и казнувањето.

### 523. ИНКРИМИНАЦИЈА

*E. incrimination*
*F. incrimination*
*D. Inkriminierung*
*P. инкриминация*

Обвинување на одреден субјект за противправно или друго дејство

### 524. ИНСТИТУТ

*E. institut*
*F. institut*
*D. Institut*
*P. институт*

1. Установа која се занимава со научноистражувачката дејност.2. Општествено или правно заснован

облик на односите меѓу субјектите (институт на сопственост, бракот и сл.).

## 525. ИНСТИТУЦИЈА
*E. institution*
*F. institution*
*D. Institution*
*P. институт*

1. Организирана и регулирана форма на сложени и многубројни односи во кои стапуваат луѓето вршејќи определена општествена активност (институција на семејство, бракот и сл).2. Израз за некој завод, орган на власта, научен или школски центар (културна, научна, здравствена институција).

## 526. ИНСТРУКЦИЈА
*E. instruction*
*F. instruction*
*D. Instruktion*
*P. инструкция*

1. Збир на правила за организирање на определени служби или за начинот на извршување на определени работи или дејности.2. Упатство.

## 527. ИНТЕГРАЦИЈА
*E. integration*
*F. intégration*
*D. Integration*
*P. интеграция*

1. Општествена состојба во која елементите се поврзани во стројна и цврста општествена целина со што е овозможено нејзиното успешно дејствување и опстанок.2. Општествен процес на поврзувањето на луѓето во определена општествена средина по повод на вршењето на некои основни дејности за задоволувањето на лични и општи потреби на членовите на општеството во целина или некој негов дел.

## 528. ИНТЕГРИТЕТ
*E. integrity*
*F. intégrité*
*D. Integrität*
*P. неприкосновенность*

1. Целокупност, неделивост, неприкосновеност; се однесува пред сѐ на човековата личност како единство на различни компоненти (и моралната) поради што интегритетот на личноста претставува највисока вредност на многу општествени идеологии.2. Состојба на целокупност и неповредливост на територијата и суверенитетот на некоја земја.

## 529. ИНТЕЛИГЕНЦИЈА
*E. inteligentsia*
*F. inteligentsia*



*D. Intelligenz*
*P. интеллигенция*

Посебна општествена група која поради повисокото општо и стручно образование зазема посебна положба во конкретните општества,и која, обично се занимава со интелектуална дејност. Почетоците се совпаѓаат со општествената поделба на трудот на физички и умствен труд.

## 530. ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНО ИСТРАЖУВАЊЕ
*E. interdisciplinary research*
*F. recherches interdisciplinaires*
*D. Interdisziplinaruntersuchung*
*P. интердисциплинарное исследование*

Облик на соработка или интеграција на различни научни дисциплини или методи при испитувањето на една општествена појава, која како таква е предмет на повеќе дисциплини за на тој начин да се добие сестрано и комплексно сознание за неа.

## 531. ИНТЕРАКЦИЈА, ОПШТЕСТВЕНА
*E. interaction (social)*
*F. intéraction sociale*
*D. Interaktion (gesellschaftlische)*
*P. общественное взаимодействие*

Меѓусебно дејствување и однесување меѓу поединци или групи во општеството.

## 532. ИНТЕРЕС
*E. interest*
*F. intéret*
*D. Interesse*
*P. интерес*

1. Определен активен однос на човекот спрема нешто (како предмет) или спрема некого (како личност) или спрема некоја идеја или вредност, со цел да се задоволи некоја лична желба или потреба на човекот (личен интерес) или определен општествен стремеж или потреба (општествен интерес).2. Добивка, корист, а и паричен надомест за користење на туѓи материјални средства (исто: камата).

## 533. ИНТЕРЕСОВНИ ГРУПИ
*E. interest groups*
*F. groupes lies par des intéret*
*D. Interessengruppen*
*P. група выражающая свои интересы*

Општествени групи формирани по повод на посебен материјален или друг интерес на нивните членови, со цел да влијаат врз работата на државните органи за обезбедување на тој интерес.

**534. ИНТЕРНАЦИЈА**
*E. internment*
*F. internnement*
*D. Internierung*
*P. интернированние*

Мерка против лице или група на луѓе која значи забрана на напуштање на подрачјето на кое се наоѓаат или затворање во логори под стража; ограничување на слободата на движење.

**535. ИНТЕРНАЦИОНАЛА**
*E. International*
*F. Internationale*
*D. Internationale*
*P. Интернациональ*

Назив за меѓународна работничка организација установена (1864) со цел за ослободувањето на работничката класа, врз основа на сé поголема свест за заедничките цели на нејзината борба.

**536. ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАМ**
*E. internationalism*
*F. internationalisme*
*D. Internationalismus*
*P. интернационализм*

Стремеж за надминување на националните рамки за меѓународна и меѓудржавна солидарност, за рамноправна економска и политичка соработка и заштита и почитување на слободата и еднаквоста на сите народи, за помагање на помалку развиените земји и поробените народи, за остварување на заедничките интереси на човештвото да живее во слобода и мир.

**537. ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА**
*E. interparlamentary unit*
*F. Union interparlementaire*
*D. interparlamentarische Union*
*P. интерпарламентарная уния*

Меѓународна организација на парламентарните претставници, некој вид светски парламент, основана во 1888 година, заради заедничко разгледување на позначајни меѓународни прашања, со седиште во Женева од 1920 година.



**538. ИНФЛАЦИЈА**
*E. inflation*
*F. inflation*
*D. Inflation*
*P. инфляция*

Состојба во стопанството, кога поради кои и да било причини, во стоковно-паричното производство доаѓа до расчекор меѓу паричните и стоковните фондови, односно кога во оптекот се јавуваат повеќе пари и одобрени кредити отколку што можат да се покријат со стоките. Тоа има за последица опаѓање на вредноста на парите односно пораст на цените.

**539. ИНФОРМАЦИЈА**
*E. information*
*F. information*
*D. Information*
*P. информация*

Објективно, точно, потполно и навремено известување, соопштение, податок, знаење кое може да биде употребливо за донесување на одредено мислење или одлука, и кое, обично, влијае врз конкретното однесување на групите и поединците.

**540. ИНФОРМАТИКА**
*E. information science*
*F. informatique*
*D. Informatik*
*P. информирование*

Наука за собирање, обработка, чување и ширење на информации со употреба на електронски апарати (компјутери).

**541. ИНФОРМБИРО**
*E. informburo*
*F. informbureau*
*D. Kominform*
*P. информбюро*

Информационо биро на комунистичките и работничките партии , основано во Варшава кон крајот на септември 1947 година, по иницијатива на СКП (б) со учество на претставници на 8 европски комунистички партии меѓу кои и КПЈ, со цел да се разменат искуства меѓу комунистичките партии на поединечните земји и во случај на потреба да се координираат дејностите на комунистичките партии врз база на заемната согласност.

**542. ИНФРАСТРУКТУРА**
*E. infrastructure*
*F. infrastructure*
*D. Infrastruktur*
*P. инфраструктура*

1. Основни технички средства и системи неопходни за развитокот на стопанството, целокупните сообраќајни, енергетски и мелиорациони системи.2. Објекти и постројки кои го обезбедуваат и подобруваат квалитетот на живеење - станбени објекти, водовод, канализација, објекти на здравствена и социјална заштита, образование и воспитание, култура, забава, спорт и рекреација.

### 543. ИРАЦИОНАЛИЗАМ

*E. irrationalism*
*F. irrationalisme*
*D. Irrationalismus*
*P. иррационализм*

1. Учење според кое разумското сознание е неможно, поради што до апсолутната вистина се доаѓа со извесна сознајна моќ, која суштествено се разликува од разумот и е над разумското сознание.2. Нешто што не е во досегот на разумот и критичката оцена.

### 544. ИРЕДЕНТИЗАМ

*E. irredentism*
*F. irrédentisme*
*D. Iredentismus*
*P. ирредентизм*

1. Националистичко движење во Италија (иредента) на крајот на 19 и почетокот на 20 век, според кое кон неа треба да се присоединат сите краишта вон од нејзините граници, кои по оценката на движењето се врзани со неа поради етничките, јазичните, воопшто културно-историските карактеристики.2. Секое движење во државата која има малцинство во друга држава и претендира и територијално да го присоедини кон себе, повикувајќи се најчесто на своите историски права.

### 545. ИСЕЛЕНИШТВО

*E. emigration*
*F. émigration*
*D. Auswanderung; Emigration*
*P. переселение*

Преселба на поединци, граѓани од една земја во друга земја, поради економски, политички и други причини. Може да биде од привремен или траен карактер.

### 546. ИСЛАМ

*E. islam*
*F. islam*
*D. Islam*
*P. ислам*

Религија, настаната во 7 век во Арабија. Нејзин основач е Мухамед, а називот буквално значи: покорност на божјата волја. По своите карактеристики таа е строго монотеистичка и особена по својата етика, иако како најмлада презела низа елементи од другите религии. Многубројните нејзини правни и етички прописи и догми се содржани во светата книга на исламот - Куран.

### 547. ИСТОРИЈА

*E. history*
*F. histoire*
*D. Geschichte*
*P. история*

1. Временски след или секој развоен процес на појавите во природата и во општеството. 2. Наука која го проучува временскиот след на појавите во општеството водејќи сметка за нивните меѓусебни односи, односно наука за развојот на општеството како единствен законит процес кој се манифестира низ разнообразни конкретни појави. 3. Временски след на настани и промени во општеството, или наука која ги проучува овие феномени во врска со едно конкретно општество или култура прецизно определени во простор и време (историја на Европа, историја на Македонија).

### 548. ИСТОРИСКИ МАТЕРИЈАЛИЗАМ

*E. historical materialism*
*F. matérialisme historique*
*D. historischer Materialismus*
*P. исторический материализм*

Марксистичка концепција за општеството; нејзини основачи се Маркс и Енгелс кои своето учење го нарекле историски материјализам како негација на статичкото и неисториско толкување на историјата и идеализмот во третирањето на општествените појави и настани кое доминирало во нивно време. Претставува општа теорија за општеството а истовремено служи и како општ метод за натамошни конкретни испитувања.

### 549. ИСТОРИСКИ МЕТОД

*E. historikal method*
*F. mèthode historique*
*D. historishe Methode*
*P. исторический метод*

1. Теориско-методолошки пристап кој во социоло-

шките истражувања ја зема во вид историската димензија на испитуваните општествени појави.2. Метод на употреба на историографските податоци во социолошките истражувања.

### 550. ИСТОРИЦИЗАМ

*E. historicism*
*F. historicité*
*D. Historismus*
*P. исторuзм*

Критички назив за теоретски и методолошки начин на прикажување на општествените појави, кој се содржи во преголема нагласеност на нивната историска компонента, а во занемарување на современата, како и во пренагласеното опишување на поединечните историски настани на штета на теоретското воопштување.



# J

### 551. ЈАВЕН ИНТЕРЕС

*E. public interest*
*F. intéret publique*
*D. öffentliche Intéresse*
*P. общественнй интерес*

Општ државен интерес; интерес кој е од значење за целокупната општествена заедница.

### 552. ЈАВЕН ПОРЕДОК

*E. public order*
*F. ordre publique*
*D. öffentliche Ordnung*
*P. общественный порядок*

Вкупност на прописи со кои се обезбедува почитување на основните установи на правниот систем и однесување на граѓаните во рамките на правните норми.

### 553. ЈАВЕН РЕД И МИР

*E. public peace and order*
*F. ordre et paix publics*
*D. öffentliche Ordnung und Ruhe*
*P. общественный порядок и спокойствие*

Назив за општоприфатен начин на меѓусебното однесување на граѓаните во некоја организирана општествена заедница, заснован и регулиран со правните, моралните и обичајните норми на однесување.

### 554. ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

*E. public administration*
*F. administration publique*
*D. öffentliche Administration*
*P. государственое управление*

Вкупност на органи и организации кои вршат управни активности врз база на власта и јавните овластувања.

### 551. ЈАВНА ВЛАСТ

*E. public authority*
*F. pouvoir public*
*D. öffentliche Gewalt*
*P. государственная власть*

Терминов најчесто се употребува во смисла на државна власт, иако тој подразбира секој однос на власт

во општеството без оглед дали одредбите на власта се санкционирани од страна на државата или некој друг субјект на власта.

## 556. ЈАВНИ РАБОТИ

*E. public service*
*F. service public*
*D. öffentlicher Dienst*
*P. общественные службы*

Големи проекти со кои се создаваат трајните добра од општото значење за стопанството или другите потреби (големи сообраќајници, канали, брани, хидроцентрали и сл.) финансирани од страна на државата. Во време на кризи и невработеност јавните работи помагаат да се ублажат нивните придружни појави.

## 557. ЈАВНА ФУНКЦИЈА

*E. public function*
*F. fonction publique*
*D. öffentliche Funktion*
*P. общественная функция*

1. Во поширока смисла: вршење на работите во врска со остварувањето на задачите на јавните организации конституирани врз основа на општи или други избори, врз основа на именувањето или делегирањето.2. Во потесна смисла: за вршење на задачи на државните органи или органи со сличен статус од страна на стручњаци во нивно постојано занимање врз основа на склучен работен однос.

## 558. ЈАВНИ ДОЛГОВИ

*E. public depts*
*F. deltes publiques*
*D. öffentliche Schulden*
*P. государственные долги*

Општ термин за ред државни финансиски обврски од кои главен дел отпаѓа на склучени државни заеми, внатрешни и надворешни.

## 559. ЈАВНО ГЛАСАЊЕ

*E. public voting*
*F. votéau serutin public*
*D. öffentliche Abstimmung*
*P. открытое голосование*

Јавно искажување на гласачите за кандидатот или за свое мислење или став (наспроти тајното гласање со куглици или гласачки ливчиња, кое обезбедува поголема слобода во искажувањето). В. Гласање.

## 560. ЈАВНО МИСЛЕЊЕ (МНЕНИЕ)

*E. public opinion*
*F. opinion publique*
*D. öffentliche Meinung*
*P. общественое мнение*

Мислење (став) на една општествена група или глобална општествена заедница, кое се формира по повод на појави и прашања од интерес на општествените групи или општеството во целина или како реакција за однесувањето на групи и поединци, а особено за дејствувањето на политичките и други општествени фактори кои имаат влијание врз севкупниот живот во општеството.

## .561. ЈАВНОСТ

*E. public control*
*F. caractere public*
*D. Öffentlichkeit*
*P. общественность*

1. Група на граѓани кои релативно трајно учествуваат во општетвениот и политичкиот живот на едно општество, а својот активен однос го изразуваат преку своите политички ставови.2. Јавност во работата на органите на власта и сите носители на јавните функции.3. Сфера на општествениот живот, различна од приватната сфера на човековите активности, а се остварува преку социјално-политичките интеракции меѓу поединците.

## 562. ЈУРИСДИКЦИЈА

*E. jurisdiction*
*F. jurisdiction*
*D. Jurisdiktion*
*P. юрисдикция*

Делокруг на судот за вршење на своите овластувања кој е определен со надлежноста за определен вид дејност на судовите (стопански суд) или по територијален принцип на надлежност.

# K

## 563. КАБИНЕТСКА ВЛАДА

*E. cabinet government*
*F. gouvernement de cabinet*
*D. Kabinettsregierung*
*P. кабинетное правительство*

Посебен вид на парламентарна влада којшто се одликува со централна улога на министерските кабинети при одлучувањето. Самиот поим кабинет има различно значење во разни земји: во Белика Британија тоа е владата во потесен состав; во Франција владата кога претседава претседателот на министерскиот совет; во САД кабинетот го сочинуваат министрите (шефовите) на департманите на чело со претседателот на САД итн.

## 564. КАДРОВСКА ПОЛИТИКА

*E. cadre policy*
*F. politique des cadres*
*D. Kaderpolitik*
*P. политика кадров*

Организирана општествена активност во врска со избор, изградба и движење на луѓето што го сочинуваат составот на општествено-политичкиот, економскиот, културниот и другиот кадар на една заедница.

## 565. КАЗУИСТИКА

*E. casuisty*
*F. casuistique*
*D. Kasuistik*
*P. казуистика*

Начин на испитување и проучување заснован врз поединечни случаи на некоја комплексна појава при што не се воочува целината. Во католичката религија начин на решавање на замрсени случаи на гризење на совеста.

## 566. КАЗНА

*E. punishment*
*F. peine*
*D. Strafe*
*P. наказание*

Санкција за повреда на некоја правна норма, обичај,

морална или религиозна заповед, одлука или правило, односно норма на однесување на некоја организација кон нејзините припадници.

**567. КАЛВИНИЗАМ**
*E. calvinism*
*F. calvinisme*
*D. Kalvinismus*
*P. кальвинизм*

Струја во протестантското движење настаната во 16 век, наречена по Франсоа Жан Калвин која по својата социјална основа е поврзана со граѓанската класа.

**568. КАМАТА**
*E. interest rate*
*F. intérêts*
*D. Zinsen*
*P. учетная ставка*

Паричен надомест што заемопримачот му ја плаќа на заемодавачот за располагањето со парите за извесно време. Всушност тоа е цената за позајмениот капитал и е дел од профитот.

**569. КАПИТАЛ**
*E. capital*
*F. capital*
*D. Kapital*
*P. капитал*

Фундаментален продукционен однос на капиталистичкиот начин на производство, а се манифестира во создавањето вишок на вредност преку употребата на наемната работна сила.

**570. КАПИТАЛИЗАМ**
*E. capitalism*
*F. capitalisme*
*D. Kapitalismus*
*P. капитализм*

Историски настанат општествен систем за кој е карактеристична институцијата на приватната сопственост над средствата за производство, а оттука и правото на индивидуалната приватна иницијатива, а чија основа ја сочинува односот помеѓу процесот на трудот (наемен однос) и оплодувањето на капиталот (вишок на вредност). Со капитализмот започнува ерата на модерното општество.

**571. КАПИТАЛИСТ**
*E. capitalist*
*F. capitaliste*
*D. Kapitalist*
*P. капиталист*

Секој оној што е сопственик на капитал.



**572. КАПИТУЛАЦИЈА**
*E. capitulation*
*F. capitulation*
*D. Kapitulation*
*P. капитуляция*

Акт кога една страна во војната го положува оружјето и му се предава на победникот.

**573. КАРИЕРА**
*E. career*
*F. carrière*
*D. Karriere*
*P. карьера*

Време поминато во некое занимање или најчесто успешен и плоден ангажман во рамките на некој позив (струка).

**574. КАРИЕРИЗАМ**
*E. careerism*
*F. carriérisme*
*D. Karrierismus*
*P. карриеризм*

Ревносно и упорно инсистирање и ангажирање од страна на поединци за промоција на скалата на општествената хиерархија, особено на професионален план и најчесто со нередовни, нерегуларни средства.

**575. КАРТЕЛ**
*E. cartel*
*F. cartel*
*D. Kartell*
*P. картел*

Монополистичко организирање на капиталистички претпријатија со цел да се отстрани конкуренцијата и да се добие поголем профит при што одделните претпријатија во монополот ја задржуваат својата самостојност, а се договараат за цените на работната сила, за начинот за продажба на стоките и др.

**576. КАСТИ**
*E. castes*
*F. castes*
*D. Kasten*
*P. касты*

Општествени групи настанати како резултат на професионалната општествена поделба на трудот во робовладетелството кои се карактеризираат со затвореност за да се зачува посебната општествена положба што ја овозможува професијата или општествената улога и чиешто постоење, начин на живеење, меѓусебни односи, права и должности се

строго регулирани со правни, религиозни и морални прописи и верувања.

**577. КАТОЛИЦИЗАМ**
*E. catholicism*
*F. catholicisme*
*D. Katholizismus*
*P. католицизм*

Една од трите гранки на христијанската религија настанати со расцепот на христијанството, со примат на папата - наследник на апостолот Св. Петар.

**578. КАУЗАЛИТЕТ**
*E. causality*
*F. causalité*
*D. Kausalität*
*P. каузальность*

Причинско-последична врска помеѓу појавите. Во стварноста постојат безброј каузални врски често меѓусебно испреплетени. Секоја појава е последица на некоја причина како и причина на некоја последица.

**579. КВАНТИФИКАЦИЈА**
*E. quantify*
*F. quantification*
*D. Quantifikation*
*P. определять количество*

Методолошка постапка со која квалитативните белези на една општествена појава ги претвораме во квантитативни показатели (нумерички, процентуални) со што можеме да зборуваме за количества, големини, множества на појавите.

**580. КВАНТОФРЕНИЈА**
*E. quantophrenia*
*F. quantophrénie*
*D. Quantophrenie*
*P. квантофрения*

Пренагласена и несоодветна квантификација на ставовите и фактите во областа на социологијата и психологијата (феномен кој се јавува во 30-тите години на овој век), со цел да се зголеми степенот на егзактноста во овие науки.

**581. КИБЕРНЕТИКА**
*E. cybernetics*
*F. cybérnétique*
*D Kybernetik*
*P. кибернетика*

Наука што ги испитува динамичките, саморегулаторни и самоорганизирани системи, посебно контролата, регулацијата и комуникацијата во природните, општествените и техничките системи со цел да се пронајдат единствени принципи.



**582. КЛАСИ**
*E. classes*
*F. classes*
*D. Klassen*
*P. классы*

Специфични, историски формирани глобални општествени групи, врзани за висок степен на развојот на материјалните производни сили, кога доаѓа до диференцијација на правото на сопственост врз средствата за производстрво, при што во зависност од местото во тој сопственички однос произлегува и правото на одлучување за производствениот процес и резултатите од него (ова е особено битен момент во определувањето на современиот поим за класите).

**583. КЛАСИФИКАЦИЈА**
*E. classification*
*F. classification*
*D. Klassifikation*
*P. классификация*

Посебен социолошки метод со кој се открива некаков ред помеѓу појавите и податоците со цел да се согледаат некои законитости, карактеристики и корелативни односи. Се создава врз основа на познати својства на податоци за да се откријат нови непознати.

**584. КЛАСНА БОРБА**
*E. class struggle*
*F. lutte des classes*
*D. Klassenkampf*
*P. классовая борьба*

Историска појава врзана за класните општества; претставува манифестација на базичните општествени спротивности односно на различните облици на судири меѓу антагонистичките класи.

**585. КЛАСНА СТРУКТУРА**
*E. class structure*
*F. structure des classes*
*D. Klassenstruktur*
*P. классовая структура*

Посебен облик на вертикалната димензија на општествената структура кој се огледува во степенот и начинот на отелотворувањето на нееднаквата распределба на економскиот и политичкиот вид на општествената моќ.

**586. КЛАСНИ ОДНОСИ**
*E. class relations*
*F. relations des classes*

*D. Klassenbeziehungen*
*P. классовые соотношения*

Еден од клучните поими на марксистичката теорија за општеството и општествениот развој. Класните односи се особен вид на општествени односи, кои се базираат на сопственичките односи, односно се јавуваат на оној степен на општествениот развиток кога се создаваат услови приватната сопственост да стане доминантен облик на сопственост (класно општество).

**587.**
**КЛАСНО ВЛАДЕЕЊЕ**
*E. class rule*
*F. domination des classes*
*D. Klassenregierung*
*P. классовое владычество*

Политичка, економска и културна надмоќ на една класа врз друга која се спроведува со помош на институциите на државата (како инструмент на владеачката класа), а се јавува како резултат на историско-општествениот развиток.

**588.**
**КЛАСНО ОПШТЕСТВО**
*E. class society*
*F. société de classe*
*D. Klassengesellschaft*
*P. классовое общество*

Вид на општествен систем настанат како резултат на определен степен на развојот на производните сили, а во врска со промената на односот кон средствата за производство, односно воспоставување на приватната сопственост како фундаментален општествен однос.

**589. КЛЕРИКАЛИЗАМ**
*E. clericalism*
*F. cléricalisme*
*D. Klerikalismus*
*P. клерикализм*

Појава која означува настојување на црквата (особено на католичката) да влијае врз општествено-политичкиот и културниот живот на една заедница.

**590. КЛИКА**
*E. clique*
*F. clique*
*D. Clique*
*P. клика*

Општествена група од неформален карактер чиишто членови припаѓаат кон иста општествена средина, установа или политичка група, а



најчесто имаат ист ранг во општествената хиерархија. Се поврзуваат врз база на некои заеднички интереси и остварувања на заеднички цели.

**591.**
**КМЕТ (КРЕПОСЕН)**
*E. serf*
*F. serf*
*D. Knecht*
*P. крепостной*

Припадник на произведувачката класа во феудализмот врзан за земјата која мора да ја обработува и за неа да му плаќа рента на феудалецот (работна, натурална и парична).

**592. КОАЛИЦИЈА**
*E. coalition*
*F. coalition*
*D. Koalition*
*P. коалиция*

Воен или политички сојуз на држави, политички партии или потесни социјални групи за заедничка акција или за постигнување на една заедничка цел.

**593. КОДЕКС**
*E. code*
*F. codex*
*D. Kodex*
*P. кодекс*

Збирка на повеќе закони (понекогаш и еден пообемен закон) која опфаќа една правна гранка или област обработувајќи ја на систематски и целосен начин.

**594. КОДИФИКАЦИЈА**
*E. codification*
*F. codification*
*D. Kodifizierung*
*P. кодификация*

Процес на донесување повеќе закони од една област или еден пообемен закон, или процес на донесување повеќе закони наместо обичаите или другите правни прописи во едно општество.

**595. КОЕГЗИСТЕНЦИЈА**
*E. coexistence*
*F. coexistance*
*D. Koexistenz*
*P. сосуществование*

Начело според кое истовремено и напоредно се прифаќа постоење на земји со различен општествено-економски, политички, културен, религиозен и друг систем.

**596. КОЛАБОРАЦИЈА**
*E. collaboration*
*F. collaboration*

D. *Kollaboration*
P. *коллаборация*

Соработка - најчесто свесна и доброволна - со непријателот по окупацијата на некоја земја.

### 597. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
E. *collective agreement*
F. *contrat collectif*
D. *Kollektivvertrag*
P. *коллективный договор*

Писмена спогодба помеѓу синдикатот на една организација или гранка и работодавците со која се утврдуваат условите на трудот, правата и обврските поомеѓу работниците и работодавците.

### 598. КОЛЕКТИВИЗАМ
E. *collectivism*
F. *collectivisme*
D. *Kollektivismus*
P. *коллективизм*

1. Насока во социјалистичката доктрина во која се истакнува предноста на колективноста во однос на индивидуалноста. 2. Антитеза на индивидуализмот. 3.Назив за социјалистичките режими кои се претставуваат како униформни, без индивидуални разлики, со силна улога на државата.

### 599. КОЛЕКТИВИЗАЦИЈА
E. *collectivization*
F. *collectivisation*
D. *Kollektivierung*
P. *коллективизация*

Масовен процес на насилно претворање на приватната сопственост над земјишните имоти во колективна сопственост во поранешниот СССР меѓу двете светски војни и во другите социјалистички земји по Втората светска војна (колхози, совхози, кооперации, селски работни задруги, производни задруги и сл.).

### 600. КОЛЕКТИВНА БЕЗБЕДНОСТ
E. *collective security*
F. *sécurité collective*
D. *kollektive Sicherheit*
P. *коллективная безопасность*

Здружување на две или повеќе држави за заедничка одбрана од евентуален напад од трета земја. Во Повелбата на Обединетите нации е воспоставен општ систем на колективна безбедност.



### 601. КОЛЕКТИВНА СВЕСТ
E. *collective consciousness*
F. *conscience collective*
D. *Kollektivbewusstsein*
P. *коллективное сознание*

Општествен процес на интеракција на поединечните свести во кој доаѓа до поврзување и поистоветување на дел од нивните содржини што резултира со создавање облици на колективно дејствување, чувствување и мислење заедничко за сите припадници на едно општество.

### 602. КОЛОН
E. *colon*
F. *colon*
D. *Kolone*
P. *колон*

Ситен земјоделец (осиромашен селанец или ослободен роб) во стариот Рим, во периодот на распаѓањето на робовладетелството и настанувањето на феудализмот, кој добил дел од земјата од парцијализираните латифундии, прифаќајќи ја обврската да не ја напушта таа земја и да издвојува дел од производите (натурална рента) добиени од обработката на земјата, за сопственциите на латифундиите.

### 603. КОЛОНАТ
E. *colonate*
F. *colonat*
D. *Kolonat*
P. *колонат*

Вид на општествен однос што се разви во последната најразвиена фаза на Римската империја помеѓу селаните - земјоделски производители и крупните земјосопственици.Колонатот значеше надминување на општествено-економската стагнација на робовладетелскиот систем, зашто робовите беа ослободувани за да ја обработуваат земјата, а на сопствениците да им плаќаат рента.

### 604. КОЛОНИЈА
E. *colony*
F. *colonie*
D. *Kolonie*
P. *колония*

1. Земја или територија економски и политички зависна од некоја империјалистичка држава. 2. Населба, подрачје надвор од некоја земја населена со припадници на земјата матица.

605. **КОЛОНИЈАЛЕН СИСТЕМ**
*E. colonial sistem*
*F. sisteme colonial*
*D. Kolonialsystem*
*P. колониальная система*

Економските и политичките односи помеѓу центарот (метрополата) на капиталистичките држави и нивните колонии.

606. **КОЛОНИЈАЛИЗАМ**
*E. colonialism*
*F. colonialisme*
*D. Kolonialismus*
*P. колониализм*

Империјалистичка политика на големите капиталистички држави спрема неразвиените земји; се состои во економско, политичко и стратешко искористување на туѓи територии.

607. **КОЛХОЗ**
*E. kolkhoz*
*F. kolkhose*
*D. Kolchose*
*P. колхоз*

Кованица настаната од руски зборови (коллективное хозяйство - колективно стопанство), која беше облик на колективно стопанство во Советскиот Сојуз и претставуваше земјоделско производувачка единица (задруга) заснована врз заедничка работа, производство, распределба и кооперативна сопственост врз средствата за производство освен врз земјата, која е државна.

608. **КОМАСАЦИЈА**
*E. redistribution of land*
*F. redistribution des terres*
*D. Komassation*
*P. перераспределение земли*

Окрупнување на земјиштето по пат на спојување на повеќе мали во поголеми парцели при што сопствениците добиваат друг распоред на сопственоста.

609. **КОМБИНАТ**
*E. combine*
*F. combinat*
*D. Kombinat*
*P. комбинат*

Форма на развиено и сложено претпријатие во кое се поврзуваат, координираат и комбинираат повеќе видови на производствен и друг труд.

610. **КОМИНТЕРНА**
*E. Comintern*
*F. Cominterne*
*D. Komintern*
*P. Коминтерн*

Скратеница за Комунистичката интернационала (Третата интернационала), основана во Москва 4 март 1919 година на предлог од Ленин и Болшевичката партија, а распуштена во 1943 година.

611. **КОМИНФОРМ**
*E. Cominform*
*F. Cominform*
*D. Kominform*
*P. Коминформ*

Скратеница за Информационото биро на комунистичките и работничките партии, основано во 1947 година.

612. **КОМИСИЈА**
*E. commission*
*F. commission*
*D. Kommission*
*P. комиссия*

Група луѓе назначени од некое тело, орган или организација за да извршат некоја дејност или задача.

613. **КОМИТЕТ**
*E. committee*
*F. comité*
*D. Kommittee*
*P. комитет*

Избрано раководно тело (орган) на некоја политичка или општествена организација со цел да ја раководи неа и да ја спроведува нејзината програма.

614. **КОМОНВЕЛТ**
*E. Commonwealth*
*F. Commonwealth*
*D. Commonwealth*
*P. наций Британское содружество*

Британска заедница на народи - специфичен облик на поврзување на Велика Британија со нејзините поранешни колонии.

615. **КОМПАРАТИВЕН МЕТОД**
*E. comparative method*
*F. méthode comparative*
*D. komparative Methode*
*P. сопоставительный метод*

Еден од основните и општи методи во општествените науки кој подразбира процес на утврдување на сличностите и разликите помеѓу општествените појави, врз основа на што се објаснуваат поединечните појави и нивните меѓусебни врски.

**616. КОМПЛОТ**
*E. complot*
*F. complot*
*D. Komplott*
*P. заговор*

Заговор, таен договор на некоја група или на членови на некоја организација за соборување на политички режим, атентат на личност, изведување на некоја промена во политичкиот систем или за изведување на некоја криминална дејност.

**617. КОМУНА**
*E. commune*
*F. commune*
*D. Kommune*
*P. коммуна*

Територијална општествена заедница - општина - во многу земји основна локална заедница во која постои локална самоуправа.

**618. КОМУНАЛНА СЛУЖБА**
*E. communal service*
*F. service communal*
*D. Kommunaldienst*
*P. коммунальные службы*

Заеднички служби на една локална заедница кои со своите услуги или производи ги задоволуваат потребите на нејзиното население (водовод, канализација, хигиена, топлификација, одржување на улиците итн.).

**619. КОМУНАЛЕН СИСТЕМ**
*E. communal system*
*F. système communal*
*D. Kommunalsystem*
*P. коммунальная система*

Развиен вид на локална управа или самоуправа која покрај централната државна управа постои во демократските општествени системи. Овој израз во XX век се употребува во две значења: 1. Облик на политичка организација на општестото со развиена локална управа или самоуправа. 2. Облик на децентрализиран политички систем во одлучувањето за некои општествени прашања.

**620. КОМУНИЗАМ**
*E. communism*
*F. communisme*
*D. Kommunismus*
*P. коммунизм*

Претпоставен тип на општество во кој степенот на општествената благосостојба би бил услов за градење на бескласни општествени односи и остварување на хуманизмот (пред се кај К. Маркс).

**621. КОМУНИСТИЧКИ ПАРТИИ**
*E. communist parties*
*F. partis communistes*
*D. kommunistische Partein*
*P. коммунистические партии*

Политички партии од револуционерен карактер чијашто основна цел е симнувањето на буржоазијата од власт и нејзиното преземање од страна на работничката класа, со цел да се остварат интересите не само на пролетаријатот туку и на целото општество низ процесот на градењето на бескласно општество.

**622. КОНВЕНТ**
*E. convent*
*F. convention*
*D. Konvent*
*P. конвент*

Уставотворното и законодавно собрание за време на Францускaта револуција (1792-1795) кое ја укина монархијата, феудалните привилегии и воведе република во Франција. Денес со изразот конвент се означува општото собрание на масоните.

**623. КОНВЕНТСКИ СИСТЕМ**
*E. convent sistem*
*F. systéme conventionnel*
*D. Konventsystem*
*P. конвентская система*

Собраниски систем што се појави во време на социјалните револуции и се заснова врз принципот на хоризонтална организација на власта и во кој претставничките органи се истовремено носители на законодавната и извршната власт.

**624. КОНВЕНЦИЈА**
*E. convention*
*F. convention*
*D. Konvention*
*P. конвенция*

1. Меѓународен договор со кој најчесто се регулира една целина на меѓународни односи. 2. Општо политичко собрание на политичките партии во некои земји кога се утврдува претседателски кандидат и изборната платформа.

**625. КОНГРЕС**
*E. congress*
*F. congres*

*D. Kongress*
*P. сьезд*

1. Општо значи собрание, состанок на претставници на некоја организација. 2. Највисоко тело на некоја организација. 3. Претставничко тело (Конгресот на САД).

**626. КОНДОМИНИУМ**
*E. condominium*
*F. condominium*
*D. Kondominium*
*P. кондоминиум*

1. Во римското право - институт што означувал сопственост (заедничка сопственост) врз некое добро. 2. Во меѓународните односи - облик на заедничка управа на две или повеќе држави на некоја територија.

**627. КОНЗЕРВАТИЗАМ**
*E. conservatism*
*F. conservatisme*
*D. Konservatismus*
*P. консервашизм*

Сфаќање според кое треба да се зачува постоечкото, да се задржат постоечките односи и институти и кое е насочено против новото, против проме-ната и прогресот воопшто.

**628. КОНЈУНКТУРА**
*E. markaf boom*
*F. conjoncture*
*D. Konjunktur*
*P. коньюнкшура*

Стек на поволни околности што погодуваат на некого или нешто.

**629. КОНКРЕТЕН ТРУД**
*E. concrete labour*
*F. travail concret*
*D. konkrete Arbeit*
*P. конкрешный шруд*

Труд со кој се создава некоја употребна вредност (со него се создава богатството за најразличните употребни вредности).

**630. КОНКРЕТНО ОПШТЕСТВО**
*E. concrete society*
*F. societés concret*
*D. fassbare Gesellschaft*
*P. конкрешное общесшво*

Секоја поединечна човечка заедница во која се одвиваат сите општествени дејности засновани врз единствен систем на производство (индијанско племе, грчки полис, француско, американско, кинеско и други општества).



**631. КОНКУРЕНЦИЈА**
*E. competention*
*F. concurrence*
*D. Konkurrenz*
*P. конкуренция*

Соперништво, натпревар. Во економскиот живот натпревар на економските субјекти на пазарот.

**632. КОНСТИТУЦИОНАЛИЗАМ**
*E. constitutionalism*
*F. constitutionalisme*
*D. Konstitutionalismus*
*P. консшишуционализм*

Ознака за правна држава, за владеење на правото спротивно на арбитрерност и дискреционост. Еден од темелите на буржоаската либерална идеологија во борбата против феудализмот.

**633. КОНТРАРЕВОЛУЦИЈА**
*E. counter Revolution*
*F. contrerevolution*
*D. Konterrevolution*
*P. коншареволюция*

Организирана идејно-политичка и воена акција против општествено-политичкото уредување воспоставено со некоја револуција.

**634. КОНТРИБУЦИЈА**
*E. contribution*
*F. contribution*
*D. Kontribution*
*P. коншрибуция*

Заеднички придонес или воен намет што се плаќа на окупаторот од страна на целото население.

**635. КОНТРАКЛАСА**
*E. counter class*
*F. contre-classe*
*D. Kontraklasse*
*P. йрошивкласс*

Според некои автори (Хорват, Шувар) групацијата на непроизводни работници која стои наспроти работничката класа.

**636. КОНТРАКУЛТУРА**
*E. counter culture*
*F. contre-culture*
*D. Kontrakultur*
*P. йрошивкульшура*

Современо (неформално и неинституционализирано) културно движење со широки размери, или нов културен модел, чиишто најжестоки и највeрни приврзаници се младите (се јавува при крајот на шеесеттите години на XX век), кој му се спротивставува на

владеачкиот културен модел на граѓанското општество, неговата хипокризија и нехуманост и се обидува да го урне митот за објективната, рационална свест.

**637. КОНУРБАЦИЈА**
*E. conurbation*
*F. conurbation*
*D. Konurbation*
*P. конурбацијя*

1. Појава на просторно ширење на градовите во сите правци и просторна интеграција со околните населби во една урбана целина. 2. Урбани подрачја кои се развиле со постапно ширење и поврзување на соседни градови и села околу некоја метропола.

**638. КОНФЕДЕРАЦИЈА**
*E. confederation*
*F. conféderation*
*D. Konfederation*
*P. конфедерация*

Сојуз на држави во кој тие се здружуваат за да остварат некои заеднички цели задувајќи го својот суверенитет, а пренесувајќи им на сојузните органи водење само на определени работи.

**639. КОНФИСКАЦИЈА**
*E. confiscation*
*F. confiscation*
*D. Konfiskation*
*P. конфискация*

Казнена мерка со која државата без надомест одзема дел или цел имот на осудени лица.

**640. КОНФЛИКТ**
*E. conflict*
*F. conflit*
*D. Konflikt*
*P. конфликт*

Општествена појава во која доаѓа до судир на некои интереси, идеи или сфаќања.

**641. КОНФОРМИЗАМ**
*E. conformism*
*F. conformisme*
*D. Konformismus*
*P. Конформизм*

Склоност на некој поединец да го сообрази своето поведение и своите постапки со очекувањата (барањата) на социјалната средина на која и припаѓа.

**642. КОНФУЧИЈАНСТВО**
*E. confucianism*
*F. confucianisme*
*D. Konfuzianismus*
*P. конфуцианство*

Учењето на кинескиот филозоф Конфучиј (Кунг Фу-



це) (551-479 пред н.е.) за природата и општеството во чија основа е идејата за поларизацијата на два спротивни принципи (позитивен - негативен, активен - пасивен, машки - женски итн.), кои се израз на еден општ космички закон.

**643. КОНЦЕНТРАЦИЈА НА ВЛАСТА**
*E. concentration of power*
*F. concentration du pouvoir*
*D. Konzentration der Macht*
*P. концентрация власти*

Појава која значи дека некоја личност, група или орган ги држи во свои раце сите суштински атрибути на власта, кога постои процес на централизација на власта. Диктатура, автократија, етатизам и сл.

**644. КОНЦЕНТРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ**
*E. concentration of capital*
*F. concentration du capital*
*D. Konzentration des Kapitals*
*P. концентрация капитала*

Зголемување на обемот на капиталот врз основа на акумулацијата со претворање на дел од вишокот на вредност во нов капитал.

**645. КОНЦЕНТРАЦИЈА НА ПРОИЗВОДСТВОТО**
*E. concentration of production*
*F. concentration de la production*
*D. Konzentration der Produktion*
*P. концентрация производства*

Обединување на економските, техничко-технолошките и организационите дејности врз основа на голем капитал, број на работна и стручна сила.

**646. КОНЦЕРН**
*E. concern*
*F. consortium*
*D. Konzern*
*P. концерн*

Облик на капиталистичко-монополистичко претпријатие кој настанува со групирање од поголем број претпријатија, финансиски поврзани околу еден покрупен капитал.

**647. КОНЦЕСИЈА**
*E. concession*
*F. concession*
*D. Konzession*
*P. концессия*

Отстапување во корист на некое физичко или правно

лице за искористување на некои добра, сопственост на државата (шуми, руди, железници, снабдување и сл.).

**648. КОНЦИЛИЈАЦИЈА**
*E. conciliation*
*F. conciliation*
*D. Konzilianz*
*P. концилиация*

Начин на мирно решавање на меѓународните спорови при што странките ги изнесуваат своите барања пред трета избрана страна која дава незадолжителен предлог за решавање.

**649. КООПЕРАТИВИЗАМ**
*E. cooperatism*
*F. coopératisme*
*D. Kooperativismus*
*P. кооперативное движение*

Задругарство, задружно движење кое се појави во капитализмот во 19 век со цел да се формираат разни видови задруги и организации со цел да се заштитат ситните производители и потрошувачи.

**650. КООПЕРАЦИЈА**
*E. cooperation*
*F. coopération*
*D. Kooperation*
*P. кооперация*

Организационен облик на работа на повеќе лица или производувачи кои во иста или различна работа дејствуваат паралелно или заеднички, по еден план заради производство на финален производ.

**651. КООПТАЦИЈА**
*E. cooptation*
*F. cooptation*
*D. Kooptierung*
*P. кооптация*

Постапка со која некој орган самиот врши дополнување на својот состав со нови членови.

**652. КОРПОРАТИВЕН СИСТЕМ**
*E. corporative system*
*F. systéme corporatif*
*D. korporatives System*
*P. корпоративная система*

Начин на управување на стопанството и јавните служби во фашистичките држави заснован воз солидаристичка идеја за класен сојуз на работниците, работодавците и фашистичката држава.



**653. КОРПОРАТИВНА ДРЖАВА**
*E. corporation state*
*F. état corporatif*
*D. korporativer Staat*
*P. корпоративное государство*

Фашистичка корпоративна држава во која се развил корпоративизмот (Италија, Шпанија, Грција, Германија).

**654. КОРПОРАТИВИЗАМ**
*E. corporativism*
*F. corporativisme*
*D. Korporativsystem*
*P. корпоративизм*

Збир на идеи за таков облик на општествен систем кој подразбира засновање корпорации и корпоративен парламент, што би ги застапувал и усогласувал интересите на граѓаните, исклучувајќи ги всушност граѓаните од непосредното одлучување за својот живот во општеството.

**655. КОСМОПОЛИТИЗАМ**
*E. cosmopolitanism*
*F. cosmopolitisme*
*D. Kosmoppolitismus*
*P. космополитизм*

Сфаќање според кое човекот е граѓанин на светот, а не на некоја држава или нација.

**656. КРВНА ОДМАЗДА**
*E. blood feud*
*F. vendetta*
*D. Blutrache*
*P. кровная месть*

Примитивен и суров обичај, всушност морална обврска за семејството кое изгубило (со убиство) еден свој член по вина на член од друго семејство да возврати на ист начин.

**657. КРИМИНАЛ**
*E. criminality*
*F. criminel*
*D. Kriminal*
*P. криминал*

Појави или постапки кои претпоставуват кршење на правните норми (пред сѐ од кривичниот закон) со кои се заштитени основните општествени вредности и интереси.

**658. КРИМИНОЛОГИЈА**
*E. criminology*
*F. criminologie*
*D. Kriminologie*
*P. криминология*

Наука која го изучува криминалот како општест-

вена и индивидуална појава, која ги истражува социјалните причини за неговото настанување и ги утврдува законитостите на неговото движење.

### 659. КРШТЕВКА
*E. baptism*
*F. baptême*
*D. Taufe*
*P. крещение*

Христијански обред со кој, на симболичен начин, новороденот член се воведува во црковната заедница.

### 660. КУЛАК
*E. kulak*
*F. koulak*
*D. Kulak*
*P. кулак*

Богат селанец во некогашна Русија кој користи наемна работна сила на својот имот, а се разликува од крупните земјосопственици по тоа што и самиот работи на својот имот.

### 661. КУЛТ
*E. cult*
*F. culte*
*D. Kultus*
*P. культ*

1. Неформална, неинституционализирана верска група (заедница). 2. Религиозен обред или облик на религија поврзан со обожавање на некој предмет. 3. Обожавање, фетишизирање на некоја личност или предмет во секуларизираните општества (феномен врзан за поново време, особено култот на личноста).

### 662. КУЛТУРА
*E. culture*
*F. culture*
*D. Kultur*
*P. культура*

Специфичен феномен или процес на создавање на артифициелен свет од страна на човекот (наспроти природата или во нејзиното совладување) кој ги задоволува особените човекови потреби, а го овозможува континуитетот и просперитетот на општеството, додека истовремено е и оној посебен елемент на човековото постоење, имено неговата творечка димензија, што го разликува човекот од сите други живи суштества.

### 663. КУЛТУРАЛИЗАМ
*E. culturalism*
*F. culturalisme*
*D. Kulturalismus*
*P. культурализм*



Гледиште или правец во рамките на проучувањето на феноменот на културата. За него е карактеристично сфаќањето на културата како категорија поширока од самото општество, која може да се објасни само со помош на сопствените внатрешни фактори. На културата гледа како на затворен систем (суперогански, суперсоцијален, супербиолошки, суперпсихолошки).

### 664. КУЛТУРНА АНТРОПОЛОГИЈА
*E. cultural anthropology*
*F. anthropologie culturelle*
*D. Kulturanthropologie*
*P. культурная антропология*

Според некои сфаќања, наука идентична со социјалната антропологија само со друг назив. Според други сфаќања, наука со исто поле на истражување како и етнологијата. Застапниците на културната антропологија како посебна наука, различна од социјалната антропологија и етнологијата, сметаат дека нејзин основен предмет на истражување е културата разбрана како особен и независен феномен, со сопствен живот и со сопствени закони.

### 665. КУЛТУРНА МОРФОЛОГИЈА
*E. cultural morfology*
*F. morfologie culturell*
*D. Kultur Morfologie*
*P. культурная морфология*

Теорија, учење за законитостите на настанувањето и развитокот на одделни култури кои слично на органскиот свет се движат во еден циклус: раѓање, младост, расцут, зрела доба, старост и смрт.

### 666. КУЛТУРНА РЕВОЛУЦИЈА
*E. cultural revolution*
*F. révolution culturell*
*D. Kultur Revolution*
*P. культурная революция*

1. Општо, значи коренита, темелна промена во духовниот живот во едно општество (наука, уметност, филозофија, морал итн.), и во оваа смисла тоа е промена на идејната сфера на општеството по социјалистичката револуција. 2. Политичка насока во Кина во шеесеттите години (1966 година) со цел да се обезбеди револуционерно-пролетерски начин на мислење, придружена со груби радикални акции во сите области на животот, што доведе до духовно и целосно

назадување на кинеското општество.

### 667. КУЌНИ СОВЕТИ
*E. committe of tenants*
*F. consells de locataires*
*D. Mieterräte*
*P. домовые комитеты*

Органи на управувањето на станбените згради од страна на станарите.



# Л

### 668. ЛАБУРИЗАМ
*E. labourism*
*E. travallisme*
*D. Labourismus*
*P. лейборизм*

Масовно политичко движење на британската работничка класа како и нејзината социјална доктрина, која претставува посебна, специфична варијанта на социјал-демократијата.

### 669. ЛАИЦИЗАМ
*E. laicism*
*F. laicité*
*D. Laizismus*
*P. лаицизм*

Сфаќање дека некои служби, функции и општествени дејности треба да бидат ослободени од идеолошкото влијание на црквата и од нејзиното управување со нив. Лаицизмот почна да зема поширок замав на преминот од феудализам во капитализам и е дел од општата борба на граѓанската класа за општа еманципација од влијанието на црквата.

### 670. ЛАСАЛИЗАМ
*E. lassalianism*
*F. doctrin de Lassalle*
*D. Lassalleaneanertum*
*P. лассальянство*

Идејно-политичка насока во работничкото движење на Германија според Фердинанд Ласал (1825-1864), основач на ,,Општото германско работничко друштво" - јадро на идната германска социјалдемократија. Според Ласал, работничката класа се бори во рамките на буржоаските закони со помошта на реформи, а не со револуција.

### 671. ЛАТИФУНДИЈА
*E. latifundia*
*F. latifundia*
*D. Latifundien*
*P. латифундия*

Голем земјиштен имот во Рим настанат по пат на доделување на одземеното земјиште од покорените племиња или народи - на при-

падниците на робовладетелската класа. Земјата на латифундите ја обработувале робови.

## 672. ЛЕВИЧАР
*E. leftist*
*F. homme de la gauche*
*D. Linksstehender*
*P. левый*

Идејно и политичко определување на поединец или група кое може да се определи како полиберално, понапредно, посмело или поново во однос на општоважечките определувања во една социјална средина.

## 673. ЛЕВИЧАРСТВО
*E. leftism*
*F. gauchisme*
*D. Linksabschwenkungen*
*P. левизна*

Насоченост на општествените сили, политички партии, групи или поединци кога на политичката сцена постојат и делуваат и десни - конзервативни сили. Во комунистичкото движење струја која бара порадикални, но и не и реални, акти и програми за менување на општествената стварност.

## 674. ЛЕГАЛИЗАЦИЈА
*E. legalization*
*F. legalisation*
*D. Legalisierung*
*P. легализация*

Озаконување, т.е. кога определен акт, дејност или состојба се признаваат од позитивниот правен поредок.

## 675. ЛЕГИТИМИСТ
*E. legitimist*
*E. légitimer*
*D. Legitimier; Legitmist/en*
*P. легитимист*

Припадник на политичкото движење за време на Наполеон и подоцна за време на Третата Република приврзаник на постарата лоза на Бурбоните сметајќи ја за легитимна (законита).

## 676. ЛЕГИТИМИТЕТ
*E. legitimacy*
*F. légitimité*
*D. Legitimität*
*P. легитимитет*

Прифаќање и почитување на определени институции (носители) на власта од страна на припадниците на едно политичко тело или од страна на општеството воопшто. Терминов сега се употребува најчесто за означување на позитивниот одобрувачки однос (став) на јавното мислење кон носителите на власта.



## 677. ЛЕНИНИЗАМ
*E. leninism*
*F. léninisme*
*D. Leninismus*
*P. ленинизм*

Учењето, теоретската концепција на Владимир Илич Ленин која се создаваше од деведесеттите години на XIX век па сè до триесеттите години на XX век. Им обрнува посебно внимание на следниве прашања: политичката партија на работничката класа, социјалистичката револуција, пролетерската држава, нацијата и самоопределувањето, империјализмот и проблемите на материјалистичката филозофија.

## 678. ЛЕСЕ-ФЕР
*E. laisser faire*
*F. laisser faire*
*D. laisser faire*
*P. лесофер*

Доктрина на младата либерална буржоазија според која државата не треба да се меша во економските односи, особено не во приватната активност на капиталистите (работите да врват како што врват).

## 679. ЛИБЕРАЛЕН КАПИТАЛИЗАМ
*E. liberal capitalism*
*F. capitalisme libéral*
*D. liberaler Kapitalismus*
*P. либеральный капитализм*

Првата фаза од почетокот на капитализмот до појавата на крупниот капитал и монополите. Владеат пазарните закони кои стихиски го моделираат движењето и растежот на капиталот. Владее општа конкуренција и слободна деловна дејност на капиталистите.

## 680. ЛИБЕРАЛИ
*E. liberals*
*F. libéraux*
*D. Liberalen*
*P. либералы*

Следбеници на идеологијата на либерализмот, односно на либералните политички партии.

## 681. ЛИБЕРАЛИЗАМ
*E. liberalism*
*F. liberalisme*

*D. Liberalismus*
*P. либерализм*

По своето општо и почетно значење - идеологија на младата буржоазија која во борбата со конзервативниот феудализам се бореше за слобода (без мешање на државата) на стекнување на капиталот, негова експанзија и циркулација, слободен пазар итн. Во современи услови, кога во многу земји постои конзервативизам, тоа е идеологија приврзана кон човекот, слободата, напредокот и промената.

## 682. ЛИБЕРАЛНА ДЕМОКРАТИЈА
*E. liberal democracy*
*F. démocratie libérale*
*D. liberale Demokratie*
*P. либеральная демокрашия*

Политички систем кој се засновува врз политичкиот и економскиот либерализам; тоа е најчесто класична западна демократија

## 683. ЛИБЕРАЛНА ДРЖАВА
*E. liberal state*
*F. état libéral*
*D. liberaler Staat*
*P. либеральное ґосударсшво*

Вид на државна организација која израсна врз општествено-економските основи на либералната фаза на капитализмот. Државата дава полна правна и политичка заштита на основните институции на капитализмот, пред се на приватната сопственост и обезбедува слободно дејствување на капиталот.

## 684. ЛИГА (ДРУШТВО) НА НАРОДИТЕ
*E. League ofnations*
*F. Ligue des nations*
*D. Völkerliga*
*P. Лиґа наций*

Прва меѓународна организација за чување на светскиот мир и организирана меѓународна соработка создадена по Првата светска војна (1919 год.). Фактички постоеше до Втората светска војна (1939 год.) а формално е распуштена во 1946 година кога нејзиниот имот е префрлен на новата меѓународна организација, на Обединетите нации.

## 685. ЛИЧНА ПОТРОШУВАЧКА
*E. personal consumption*
*F. consommation individuelle*



*D. persönlicher Verbrauch*
*P. личное йошребление*

Непосредното трошење на материјални добра, услуги за репродукција на човекот (храна, облека, разни потрошни добра, услуги и сл.)

## 686. ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ
*E. personal property*
*F. propriété individuelle*
*D. persönlicher Besitz*
*П. личная собсшвенносшь*

Оној дел од приватната сопственост кој поединецот индивидуално го користи.

## 687. ЛИЧНИ СЛОБОДИ И ПРАВА
*E. personal liberties and rights*
*F. libertés et droits individuels*
*D. persönliche Freiheiten und Rechte*
*P. личня свобода и йраво*

Сферата за заштитата на физичкиот и личниот интегритет на единката како човечко суштество (право на живот, слобода на личноста, право на приватен живот, слобода на движење и на стекнување, неповредливост на станот, тајност на писмо итн.).

## 688. ЛИЧНОСТ
*E. personality*
*F. pérsonalité*
*D. Persönlichkeit*
*P. личносшь*

Особеност на човекот која настанува во процесот на неговата социјализација и која е различна кај секоја човечка индивидуа во зависност од био-психолошките и психо-социјалните својства како единствен и неповторлив ентитет кој овозможува активно да се вклучи во својата околина и во неа да се пројавува како автономна единка.

## 689. ЛОБИ
*E. lobby*
*F. lobbi*
*D. lobby*
*P. лобби*

Практика на заткулисна активност во парламентарните политички режими со која определени групи или организации (чиишто припадници имаат заеднички интереси) вршат притисок и се обидуваат да влијаат на законодавците.

## 690. ЛОКАЛИЗАМ
*E. localism*
*F. localisme*

*D. Lokalismus*
*Р. местничество*

Вид на затвореност на помала месна општествена заедница во однос на поширока, поголема заедница како последица на неразвиеност на материјалната основа и на свеста на луѓето.

### 691. ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА
*E. local community*
*F. communauté locale*
*D. lokale Gemeinschaft*
*Р. локальная община*

Вид општестена група која настанува постепено како резултат на просторната блискост на населението при што тоа се зближува по различни основи и почнува да чувствува припадност кон таквиот посебен идентитет.

### 692. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
*E. local self - government*
*F. autonomie locale*
*D. lokale Selbstverwaltung*
*Р. местное самоуправление*

Форма на управување со основните, па и пошироките, заедници (места, села, општини, градови, околии и сл.) преку која населението, повеќе или помалку самостојно ги управува нив.

### 693. ЛОКАЛНИ ВОЈНИ
*E. local wars*
*F. guerres locales*
*D. Lokalkriege*
*Р. локальный войны*

Локални војни се ограничени вооружени судири, ограничени според силите што се ангажирани и просторот на кој се одвиваат.

### 694. ЛОКАЛПАТРИОТИЗАМ
*E. localpatriotism*
*F. local patriotisme*
*D. Lokalpatriotismus*
*Р. местный патриотизм*

Љубов и приврзаност кон родниот крај и се што произлегува од него. Често означува субјективност и пристраност кон своето родно место, кон својата локална заедница.

### 695. ЛОКАУТ
*E. lockout*
*F. lockout*
*D. Lockout*
*Р. локаут*

Постапка што ја преземаат работодавците во



капитализмот против работниците и нивните синдикати со цел да ги влошат работните услови или да не ги подобрат. Локаутот е по својата суштина акција спротивна на штрајкот.

### 696. ЛУДИЗАМ
*E. luddism*
*F. ludisme*
*D. Luddismus*
*Р. луддизам*

Движење на младата работничка класа за уништување на фабричките машини како резултат на ниската свест. Работниците веруваа дека за експлотацијата, ниската наемнина и невработеноста, како и за другите маки се криви самите фабрички машини. Лудизмот (името го има добиено според една легендарна историски непотврдена личност Нед Луд) како движење започна во Нотингем (Англија) во 1811 година.

### 697. ЛУМПЕНПРОЛЕТЕРИЈАТ
*E. lumpenproletariat*
*F. lumpen-proletariat*
*D. Lumpenproletariat*
*Р. люмпенпролетариат*

Декласиран сиромашен слој без извори на живот.

### 698. ЛУТЕРАНСТВО
*E. lutherism*
*F. lutheramisme*
*D. Lutheranetum*
*Р. лютеранство*

Учење и движење што го поведе Мартин Лутер (1483 - 1546 год.) како една од струите на протестантизмот и реформацијата од 16 век. Лутеранството е остра опозиција против феудализмот и римокатоличката црква и одраз на интересите на младата граѓанска класа против идеолошките ограничувања наметнати од католичката црква.

# Љ

**699. ЉУБОВ**

*E. love*

*F. amoure*

*D. Liebe*

*P. любовь*

1. Комплекс на чувствителни односи помеѓу луѓе од различен пол засновани врз природните биолошки нагони. 2. Позитивен комплекс на чувства спрема некој човек, општествена заедница природна или општествена појава, предмет итн.

# M

## 700. МААЛО
*E. quarter*
*F. quartier*
*D. Stadtviertel*
*P. махаля*

Дел од населба кој според своите одлики (развиена локална заедница, обичаи, навики) јасно се разликува од другите делови на населбата. Кај нас често егзистира врз етничка основа (турско, влашко маало и сл.).

## 701. МАГИЈА
*E. magic*
*F. magie*
*D. Magie*
*P. магия*

Вид особена вештина и облик на таинствена човечка практика која се состои во ненаучни ирационални постапки за постигање на определена цел (за да се влијае на природниот каузалитет). Води потекло уште од примитивните општества.

## 702. МАЈЧИНСТВО
*E. motherhood*
*F. maternité*
*D. Mutterschaft*
*P. материнство*

1. Биолошка функција на жената која се состои од носење, раѓање и подигнување на децата.2. Социјален однос меѓу мајката и детето и мајката и таткото на детето. Тоа може да биде брачно и вонбрачно.

## 703. МАКИЈАВЕЛИЗАМ
*E. machiavellianism*
*F. machiavéllisme*
*D. Machiavellismus*
*P. макиавеллизм*

Доктрина што произлегува од теоријата на Николо Макијавели (1469-1527 год.), ренесансен мислител. Основната идеја е дека политиката е одвоена од моралот и дека политичките цели се постигнуваат без разлика на моралноста на средствата (целта ги оправдува средствата). Основен фактор во политиката е силата.

704. МАКРОСОЦИОЛОГИЈА

В. Општа социологија

### 705. МАЛОГРАЃАНИН
*E. petit bourgeois*
*F. petit-bourgeois*
*D. Spießbürger ; Kleinbürger*
*P. мещанин*

1. Припадник на ситнобуржоаскиот слој кој, иако поседува средства за производство, учествува и самиот во производството. Поради тоа често се третира како припадник на меѓукласа или на преодна класа. 2. Синоним за хипокризија, ограниченост, конзервативност и ригидност во менталитетот и начинот на однесување на поединци или општествени групи.

### 706. МАЛТУЗИЈАНСТВО
*E. Malthusianism*
*F. malthusianisme*
*D. Malthusianismus*
*P. мальтузианство*

Учење за развојот на населението (името го должи на основачот, англискиот економист Томас Малтус), како и обиди, постапки за регулирањето на овој развој кои тргнуваат од претпоставката дека изворот на бедата и сиромаштијата треба да се бара во неконтролираниот пораст на населението и предлагаат низа мерки ("морално воздржување", војна и сл.) за спречување на оваа појава.

### 707. МАЛЦИНСТВО
*E. minority*
*F. minorité*
*D. Minderheit*
*P. меньшинство*

Збир на луѓе кои во однос на друг збир на луѓе се помалку, во помал број во рамките на една целина или единствена општествена појава. Односот малцинство - мнозинство настанува кога во целината настанува подвојување за некоја идеја, сфаќање, интерес, гласање и сл.

### 708. МАОИЗАМ
*E. Maoism*
*F. maoisme*
*D. Maoismus*
*P. маоизм*

Обид за теориска и практична разработка, ревизија на марксизмот согласно со потребите на кинеската револуција и изградбата на



социјализмот во Кина. Го добил името според водачот и главниот теоретичар на кинеската револуција Мао Цетунг.

### 709. МАРГИНАЛНА ГРУПА
*E. marginal group*
*F. groupe marginal*
*D. marginale Gruppe*
*P. маргинальна группа*

Општествена група која се наоѓа на периферијата на општествената заедница и општествениот живот и нема речиси никакво влијание врз општествените процеси.

### 710. МАНДАТ
*E. mandate*
*F. mandat*
*D. Mandat*
*P. мандат*

Општо значи налог, овластување што едно лице го добива од друго да обави за него некоја работа. Во политичкиот живот овластување за определено време да ги застапуваат избирачите во некое претставничко тело.

### 711. МАНУФАКТУРА
*E. manufacture*
*F. manufacture*
*D. Manufaktur*
*P. мануфактура*

Начин на производство на почетокот на капитализмот карактеристичен по рачна работа. Првите мануфактури биле големи работилници во кои работеле повеќе бивши занаетчии работејќи рачно и заедно за сопственикот на работилницата.

### 712. МАРИОНЕТСКА ВЛАДА
*E. Pupet gavernment*
*F. Gouvernement Fantoche*
*D. Marionettenregierung*
*P. марионеточное правительство*

Владата што не е самостојна во вршењето на своите пропишани функции и која ја управува некој друг.

### 713. МАРКСИЗАМ
*E. marxism*
*F. marxisme*
*D. Marxismus*
*P. марксизм*

Теорија заснована од Карл Маркс и Фридрих Енгелс а прифатена и доразвиена од многубројни следбеници и која од аспект на поделбата на науките е интердисциплина-

рна. Во марксизмот можат условно да се расчленат следниве делови кои инаку се една теоретска и методолошка целина: марксистичка филозофија (дијалектички материјализам), теорија за општеството (историски материјализам), економското учење, политичкото учење.

### 714. МАРКСИСТИЧКА СОЦИОЛОГИЈА

*E. marxist sociologu*
*F. sociologie marxiste*
*D. marxsistische Soziologie*
*P марксистская социологија*

Социологија чијашто теоретска и методолошка основа е марксистичкото учење за општеството.

### 715. МАСА

*E. mass*
*F. masse*
*D. Masse*
*P. масса*

Општествен агрегат, збир на луѓе кои се наоѓаат во определена општествена состојба и помеѓу кои нема цврсти и постојани врски (кино, театарска, спортска публика, гласачи, невработени итн.).

### 716. МАСОВНА КУЛТУРА

*E. mass culture*
*F. culture de masses*
*D. Massenkultur*
*P. массовая культура*

Посебен вид супкултура (некои теоретичари ја нарекуваат култура на масовното општество) карактеристичен за современото општество. Се манифестира, пред сé, во индустријализација, комерцијализација, вулгаризација, редукција, специфичен облик на интернационализација и др. на културните вредности и содржини што добиваат репродуктивен и често банален карактер.

### 717. МАСОВНА ПОЈАВА

*E. mas phenomenon*
*F. phénoméne de masses*
*D. Massenphänomen*
*P. масовое явление*

Појава што често се манифестира, односно опфаќа голем број луѓе и подлежи на специфични законитости.

### 718. МАСОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

*E. mass organizations*
*F. organizations de masses*



*D. Massenorganisationen*
*P. массовные организации*

Општествено-политички организации што собираат голем број членови, кои се отворени во приемот на нови членови.

### 719. МАСОВНО ОПШТЕСТВО

*E. mass society*
*F. société de masses*
*D. Massengesellschaft*
*P. массовое общество*

Според некои социолошки теории современото индустриско, урбанизирано и релативно интегрирано општество е масовно општество затоа што масата учествува во сите сфери.

### 720. МАСОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ

*E. mass communication*
*F. communication de masses*
*D. Massenkommunikation*
*P. массовая коммуникация*

Комуницирање преку специјализирани институции со посредство на технички средства коешто има организиран карактер.

### 721. МАТЕРИЈАЛИЗАМ

*E. materialism*
*F. matérialisme*
*D. Materialismus*
*P. материализм*

Филозофски правец според кој основа на светот на општеството и човекот е материјата. Објективниот свет е независен од свеста и е можно да се спознае.

### 722. МАТЕРИЈАЛНА БАЗА

*E. material base*
*F. base materielle*
*D. Materielle Basis*
*P. материальная база*

Оној дел од структурата на општеството што ги опфаќа сите односи, институции, поведенија, човечки и материјални сили што се во врска со производството на материјални добра нужни за материјална егзистенција на луѓето.

### 723. МАТРИЈАРХАТ

*E. matriarchate*
*F. matriarcat*
*D. Matriarchat*
*P. матриархат*

Општествени и семејни односи во првобитното општество во кој припадноста на единката кон родот се смета по мајката затоа што

преовладува групниот брак. Оттука и нагласеното значење на жената во општествената заедница. Според некои етнолози, матријархатот означува владеење на жената во првобитната заедница.

### 724. МАФИЈА
*E. mafia*
*F. mafia*
*D. Mafia ; Maffia*
*P. мафия*

Специфичен феномен на организиран криминал, со големи финансиски ефекти, а оттука и со големо влијание во економските и политичките сфери на општеството. Историските корени на мафијата потекнуваат од Италија (Сицилија). Под ова или друго име, овој тип на криминал се среќава секаде во развиениот свет, кој е воден од логиката на профитот по која било цена и со какви било средства.

### 725. МАШИНСКО ПРОИЗВОДСТВО
*E. mechanical production*
*F. production mécanique*
*D. Maschinenproduktion*
*P. механическое производство*

Технолошко-организационен облик на развиено материјално производство кое се јавува како придружен ефект на индустриската револуција во погорната фаза на развојот на капитализмот (неговото место е меѓу мануфактурата и автоматизираното производство).

### 726. МЕГАЛОПОЛИС
*E. megalopolis*
*F. mégalopole*
*D. Megalopole*
*P. мегалополис*

Големи и сложени урбани целини, наречени уште и регионални градови, настанати во процесот на експанзијата на градските населби (особено во почетокот на XX век) и присоединување на помалите населби кон овие центри, поврзани меѓу себе со современи комуникациони средства и инфраструктурни објекти.

### 727. МЕЃУНАРОДНА ПОДЕЛБА НА ТРУДОТ
*E. international division of labour*
*F. division f internationale de travail*





*D. internationalle Arbeitsteilung*
*P. международное разделение труда*

Процес, облик на поделба на трудот кој произлегува од разликите во природните богатства и степенот на развојот на економските односи меѓу земјите, деловите на светот.

### 728. МЕЃУНАЦИОНАЛНИ ОДНОСИ
*E. international relations*
*F. relations entre les nations*
*D. internationalle Verhältnisse*
*P. межнациональные соотношения*

Склоп на општествени односи (економски, политички, културни) што се воспоставуваат меѓу различни нации во рамките на една држава, во различни држави или, глобално, на светски план.

### 729. МЕЃУЧОВЕЧКИ ОДНОСИ
*E. interpersonal relations*
*F. relations entre les hommes*
*D. zwischenmenschliche Beziehungen*
*P. межчеловеческие соотношения*

Определени општествени односи и процеси што се резултат на свесното или несвесно меѓудејствување на поединци.

### 730. МЕНАЏЕР
*E. menager*
*F. menagére*
*D. Menager (Manager)*
*P. менаджер*

Припадник на раководната структура на современото претпријатие или установа (директор, управител, раководител и сл.).

### 731. МЕНАЏЕРСКА РЕВОЛУЦИЈА
*E. menagerial revolution*
*F. révolution des menagers*
*D. Manager Revolution*
*P. менаджерская революция*

Трансфер на сопственоста која од рацете на приватниот сопственик или државата преминува во рацете на менаџерите - новите управувачи на општеството.

### 732. МЕНАЏЕРСТВО
*E. management*
*F. gestion*
*D. Management*
*P. менаджерство*

Сложен и современ систем на управување и рако-

водење (во стопанството, но и во сферата на политиката и културата), кој претполага висок степен на знаења и стручност од областа во која се применува.

### 733. МЕНШЕВИЦИ
*E. mensheviks*
*F. menchéviques*
*D. Menschewiki*
*P. меньшевики*

Малцинска фракција во Руската социјалдемократска работничка партија која (1903 г.) се одвоила од болшевиците. Била против револуција и сакала да оствари комунистички поредок по пат на отстапки и реформи.

### 734. МЕРИТОКРАТИЈА
*E. meritocracy*
*F. méritocratie*
*D. Meritokration*
*P. мериШокраШия*

Современ општествен слој поставен на највисоките скалила од општествената хиерархија; поседува моќ да владее, пред се како резултат на знаењата, залагањата и вистинските заслуги на неговите припадници.

### 735. МЕРКАНТИЛИЗАМ
*E. mercantilism*
*F. mercantilisme*
*D. Merkantilismus*
*P. меркаНШилизм*

Водечка економска доктрина, но и систем на економско-политички мерки што преовладуваат во периодот од XV до XVIII век и кои го отелотворуваат духот на новата ера во капиталистичките продукциони односи. Особено инсистира на развојот на трговскиот капитал.

### 736. МЕСИЈАНСТВО
*E. messianism*
*F. messianisme*
*D. Messianismus*
*P. мессианизм*

Верување во способностите и моќта на една личност, во неговата харизма, како и избраник и избавител (месија) кој може да направи големи дела во полза на целото човештво или на дел од него.

### 737. МЕСНА ЗАЕДНИЦА
*E. local community*
*F. communauté locale*
*D. örtliche Gemeinschaft*
*P. месШное содружесШво*

Основна територијална заедница преку која населението во градовите и селата



ги остварува извесни свои права и тоа во оние области кои овозможуваат непречено задоволување на потребите на населението.

### 738. МЕТАСОЦИОЛОГИЈА
*E. metasociology*
*F. méthasociologie*
*D. Metasoziologie*
*P. меШасоциолоГия*

Метанаука, или наука чијшто предмет на истражување е социологијата, нејзиниот развој, нејзините можности, граници и дострели, нејзината специфика како наука. Се нарекува уште социологија на социологијата.

### 739. МЕТАФИЗИКА
*E. metaphysis*
*F. métaphysique*
*D. Metaphysik*
*P. меШафизика*

Отпрвин, со овој термин се означувало делото на Аристотел напишано по неговата физика, а во кое се расправа за првите причини и елементи на сѐ што постои. Подоцна, метафизиката е ознака за филозофска гранка што се занимава со она што ја надминува (трансцендира) реалната искуствена (практична) даденост како што е основната супственција на светот (материја - дух) објаснување на основите и принципите на битието, целите на светот, егзистенцијата на бог и на човековата душа итн.

### 740. МЕТОД
*E. method*
*F. méthode*
*D. Methode*
*P. меШод*

Општо, метод е начин и пат на испитување, смислено и планско постапување при прашањето на некоја дејност (работа), при поставувањето и извршувањето на некоја задача, при остварувањето на некоја цел. Метод на една наука е начинот на истражувањето што таа го применува за да го проучи и спознае својот предмет. Методот ги опфаќа постапките и средствата со чија помош се изучува предметот на науката.

### 741. МЕТОДОЛОГИЈА
*E. methodology*
*F. méthodologie*
*D. Methodologie*
*P. меШодолоГия*

Научна дисциплина, која се потпира првенствено на

логиката, гносеологијата и епистемологијата, а го проучува научниот метод, односно основните принципи и начини за истражувањето на појавите во стварноста. Притоа се разликуваат општата методологија и методологиите на посебните науки.

### 742. МЕТРОПОЛА

в. Велеград

### 743. МИГРАЦИЈА
*E. migration*
*F. migration*
*D. Migration*
*P. миграция*

Процес, движење на населението (поединци и групи) во географскиот простор на една земја или на повеќе земји (меѓународна миграција) поради разни социјални (економски, политички, културни и др.) причини. Миграцијата ја сочинуваат две поврзани појави: емиграција - иселување од изворната средина и имиграција - вселување во нова социјална средина.

### 744. МИКРОСОЦИОЛОГИЈА
*E. microsociology*
*F. microsociologie*
*D. Mikrosoziologie*
*P. микросоциология*

Посебна социолошка дисциплина чијшто предмет на истражување се малите општествени групи, затоа што се претпоставува дека законите што важат за нив, помалку или повеќе, отстапуваат од законите што важат за големите општествени групи или за глобалното општество.

### 745. МИЛИТАРИЗАМ
*E. militarism*
*F. militarisme*
*D. Militarismus*
*P. милитаризам*

Карактеристика на политички систем во кој воената структура и воената идеологија зазема доминантно место. Милитаризмот претставува наметнување на воениот апарат над редовните политички институции во државата.

### 746. МИР
*E. peace*
*F. paix*
*D. Frieden*
*P. мир*

Општо, состојба во општеството или во некој негов сегмент во која владее релативна усогласеност и хармоничност на општествените односи, кога не се пројавуваат



остри социјални спротивности и промени. Во меѓународните односи тоа е состојба кога во меѓународната заедница нема војна.

### 747. МИСТИКА
*E. mysticism*
*F. mysticisme*
*D. Mystik*
*P. мистика*

Религиозно верување дека постои вонсетилно спознавање на бога со изведување на разни култови и постапки и со посебна интуиција која овозможува директен однос со натприродното.

### 748. МИТ
*E. myth*
*F. mythe*
*D. Mythos*
*P. миф*

Фантастична приказна како специфично народно творештво за постанувањето на светот, боговите, натприродните суштества, за народните јунаци, за општествените настани, а во кои се изразуваат определени сфаќања на луѓето за светот и животот. Митовите служат за објаснување на природните и општествените појави во недостиг на објективни знаења за нив, а продолжуваат и после.

### 749. МОБИЛИЗАЦИЈА
*E. mobilization*
*F. mobilisation*
*D. Mobilisation*
*P. мобилизация*

Општо, активирање, раздвижување на луѓе, средства, процеси, односи за да се постигне некоја цел. Во воена смисла, премин на сите живи и материјални потенцијали од мирновремена состојба во состојба на војна. Во политиката, процес на вклучување на масите во политичкиот живот.

### 750. МОБИЛНА СОСТОЈБА
*E. state of mobilization*
*F. étate de mobilisation*
*D. Mobilistand*
*P. мобильность*

Општеството или некоја помала општествена заедница е во мобилна состојба кога сите материјални, стопански и човечки потенцијали се ангажирани во подготовки за евентуална војна.

## 751. МОДУС ВИВЕНДИ
*E. modus vivendi*
*F. modus vivendi*
*D. Modus Vivendi*
*P. модус вивенди*

Општо, начин на живеење, поднослив живот во заедница во која е постигнат некој компромис помеѓу спротивни интереси. Во меѓународните односи, состојба на привремено регулирање на некој спорен проблем.

## 752. МОНАРХИЈА
*E. monarchy*
*F. monarchie*
*D. Monarchie*
*P. монархия*

Политички систем во кој функцијата шеф на државата ја врши монарх (крал, цар, шах, султан и сл.) доживотно, без правна одговорност и со право на наследност.

## 753. МОНИЗАМ
*E. monism*
*F. monisme*
*D. Monismus*
*P. монизм*

Учење кое, спротивно од плурализмот или дуализмот, разновидноста на стварноста ја сведува на еден принцип било во поглед на супстанцијата, било во поглед на законите или моралот кој владее во неа (материјален принцип - материјализам и духовен принцип - идеализам).

## 754. МОНОГАМИЈА

в. Едноженство.

## 755. МОНОКРАТСКИ СИСТЕМ
*E. monocratic system*
*F. systeme monocratique*
*D. monokratisches System*
*P. система единоличной власти*

Вид на раководење и управување на некоја организација (држава, државен орган, стопанска организација, установа, воена единица и сл.) кога најважните одлуки ги донесува една личност.

## 756. МОНОПОЛ
*E. monopoly*
*F. monopole*
*D. Monopol*
*P. монополия*

Исклучиво право на некого или фактичка состојба што овозможува контрола на туѓ труд, имот, на донесување одлуки и слично. Најчесто монополот значи ексклузивно право што државата и го



отстапува на некоја организација или установа за да произведува или тргува со некој вид стока(кибрит, петролеј, тутун и сл.).

## 757. МОНОПОЛИСТИЧКИ КАПИТАЛИЗАМ
*E. monopoly capitalism*
*F. capitalisme monopoliste*
*D. monopolistischer Kapitalismus*
*P. монополистический капитализм*

Фаза во развојот на капитализмот која доаѓа по либералниот и се карактеризира со голема концентрација на капиталот во одделни претпријатија, создавање монополи, поделба на националниот и меѓународниот пазар помеѓу нив. Во монополистичкиот капитализам крупните капиталистички фирми (картели, монополи, трустови, концерни и сл.) се засновани врз финансискиот капитал поврзан со индустрискиот и банкарскиот капитал.

## 758. МОНОПОЛИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ
*E. monopoly organizations*
*F. organisations monopolistes*
*D. monopolistische Organizationen*
*P. монополистические организации*

Општо, секоја организација која во општествениот живот има монопол врз некој негов аспект. Најчесто, ознака за крупните (големите) организации во монополистичката фаза на капитализмот кои врз основа на концентрација на голем капитал стекнуваат монополистичка положба во производството или на пазарот.

## 759. МОНОТЕИЗАМ

в. Еднобоштво.

## 760. МОРАЛ
*E. morals*
*F. morale*
*D. Moral*
*P. мораль*

Посебен (издиференциран) облик на општествена свест што произлегува од заедничкиот живот, а претставува поврзан систем на ставови, мислења и верувања најчесто изразени како правила за она што е добро или лошо за човекот и општеството. Оној дел од човеко-

вата свест изразен во определени норми што го регулираат поведението на човекот, неговите постапки во општествениот живот како упатства и директиви дека нешто треба да се направи или како забрана нешто да не се прави.

### 761. МОРАЛЕН КОДЕКС
*E. moral code*
*F. code de morale*
*D. Moralcode*
*P. моральный кодекс*

Во основа ретки и специфични, систематизирани и децидирано формулирани морални норми, утврдени со пишувани документи, во рамките на моралот врзан за конкретна општествена група. Кон нив таа е обврзана строго да се придржува (на пр. морален кодекс на лекарите, адвокатите и слични професионални здруженија).

### 762. МОРАЛНА НОРМА
*E. ethical standard*
*F. norme morale*
*D. Moralnorm*
*P. моральная норма*

Вид на општествено непишано правило со кое се утврдува што е добро или лошо во поведението на човекот, кое го сочинуваат самиот став што налага нешто да се стори или да не се стори во сообразност со критериумот на доброто и лошото како и моралната оценка или осуда што настапува после некое морално поведение, а кое е дел од моралниот систем на еден човек или на една општествена заедница пошироко.

### 763. МОРТАЛИТЕТ
*E. mortality*
*F. mortalité*
*D. Sterblichkeit*
*P. смерѿносѿь*

Стапка на смртност на населението што се пресметува како однос на бројот на умрените лица во еден временски период и бројноста на определена популација.

### 764. МОРФОЛОГИЈА, ОПШТЕСТВЕНА
*E. social morphology*
*F. morphologie sociale*
*D. gesellschaftliche Morphologie*
*P. общесѿвенная морфолоѓия*

Област на социологијата што компаративно ги проучува различните структури на општеството или, попрецизно, ја проучува структурата и типологијата на општествените групи и нивната организација.

### 765. МОТИВАЦИЈА
*E. motive*
*F. motif*
*D. Motiv (Beweggrund)*
*P. моѿив*

Општ термин со кој се означува динамиката на процесот на внатрешната условеност на поведението на човекот. Мотивацијата е ознака за комплекс од фактори што го насочуваат и обусловуваат поведението на човекот.

### 766. МОЌ
*E. power*
*F. puissance*
*D. Macht*
*P. мощь*

Способност на поединец или група да влијае врз некои аспекти на општествениот живот. Моќта се заснова врз различни општествени критериуми: богатство, знаење, политичка функција, професија и сл.

### 767. МУЛТИВАРИЈАНТНА АНАЛИЗА
*E. multivariant analysis*
*F. analyse multivariée*
*D. mehrvariante Analyse*
*P. мулѿивариянѿнiы анализ*

Методолошка постапка со која се утврдува дали корелацијата меѓу две испитувани појави, со вклучување во анализата на трет фактор, е каузална или случајна.

### 768. МУЛТИНАЦИОНАЛНА КОМПАНИЈА
*E. multinational company*
*F. compagnie multinationale*
*D. multinationaler Konzern*
*P. мульѿинациональная компания*

Претпријатие со големи размери кое, иако е установено и стационирано во една земја, го контролира своето производство и сопственост барем уште во две земји на светот или во целиот свет.

### 769. МУСЛИМАНСТВО
*E. muslimism*
*F. religion muslimane*

*D. Moslemanentum*
*P. мусульманство*

Едно од имињата за монотеистичката религија што се појави во 7 век на Арабискиот Полуостров (мухамеданство и ислам); самиот термин означува права вера. Основач на религијата е Мухамед (570-632) кој своето учење го заснова врз арапските верувања, христијанството и еврејската религија приспособени кон условите на арапските верувања.

**770. МУХАМЕДАНСТВО**
*E. mohammedanism*
*F. mohametisme*
*D. Mohammedanentum; Mohammedanismus*
*P. мусульманство*

Монотеистичка религија (ислам или муслиманство) која го има добиено ова име според својот основач Мухамед. ( Исто: муслиманство).



# Н

**771. НАДГРАДБА**
*E. superstrukture*
*F. superstrukture*
*D. Überbau*
*P. надстройка*

Дел од општествената структура што ги опфаќа правнополитичките институции на определено општество и формите на општествената свест.

**772. НАЕМЕН РАБОТНИК**
*E. wage laborer*
*F. salarie*
*D. Lohnarbeiter*
*P. наемный рабочий*

Лице кое ја продава својата работна сила како стока заради обезбедување на својата егзистенција.

**773. НАЕМНИНА**
*E. wages*
*F. salaire*
*D. Lohn*
*P. плата по найму*

Цена на работната сила како стока. Облици на наемнината се:наемнина од парче и наемнина од време. Номинална: сума на пари со која капиталистот го плаќа наемниот работник; реална: количеството на средства за живот што наемниот работник може да ги купи со висината на номиналната наемнина; релативна: наемнина што го изразува односот на наемнината и вишокот на трудот.

**774. НАМЕСНИШТВО**
*E. regency*
*F. regence*
*D. Regentschaft*
*P. наместничество*

Привремено вршење на врховната власт во монархиите од страна на определено лице кое се назначува за време на малолетството на монархот или во случај на неговата подолга болест или смрт. В. Регенство.

### 775. НАРОД
*E. people*
*F. peuple*
*D. Volk*
*P. народ*

Општествена група што настанува врз база на обединување на етнички сродни племиња и племенски групации на определена територија по распаѓањето на родовско-племенското уредување, а се карактеризира уште со заедништво на јазикот, традициите и културата.

### 776. НАРОДЕН КАПИТАЛИЗАМ
*E. people's capitalism*
*F. capitalisme populaire*
*D. Nationalkapitalismus*
*P. народный капитализм*

Теоретски концепт кој преминот од класичниот кон државниот капитализам го прикажува како премин од власта на капиталистите кон власта на народните маси. Оваа теорија се јавува во САД по Втората светска војна а основните тези се изнесени во синтетизиран облик на посебна конференција одржана во ноември 1956 година на Јелскиот универзитет во САД.

### 777. НАРОДНА ВЛАСТ
*E. people's government*
*F. pouvoir populaire*
*D. Volksmacht*
*P. народная власть*

Власт што ја врши народот, т.е. огромното мнозинство од населението во една земја (држава); исто што и демократска власт.

### 778. НАРОДНА ДЕМОКРАТИЈА
*E. people's democracy*
*F. demokratie populair*
*D. Volksdemokratie*
*P. народная демократия*

Назив за политичкиот систем што се воспостави, по Втората светска војна, во некои земји на Источна Европа и Азија, со освојувањето на власта од страна на работничката класа и селанството, под водството на комунистичките или работничките селански партии. Во поново време тој назив се употребува и за политичкото уредување на некои неразвиени земји.

### 779. НАРОДНА ИНИЦИЈАТИВА
*E. people's initiative*
*F. initiative populaire*



*D. Volksinitiative*
*P. народная инициатива*

Иницијатива на народот во решавањето на основните општествено-економски и политички прашања, како облик на непосредна демократија.

### 780. НАРОДНА ОДБРАНА
*E. national defence*
*F. defense nationale*
*D. Volksverteidigung*
*P. народная оборона*

Воени, економски, политички и друг вид мерки со кои една држава се подготвува и се оспособува за одбрана, односно за водење на војна, а кои во зависност од политиката и целите на секоја земја, придобиваат различен карактер.

### 781. НАРОДНИШТВО
*E. populism*
*F. populisme*
*D. Narodniki-Bewegung*
*P. народничество*

Политичко и општствено движење појавено во Русија кон крајот на шеесеттите години од 19 век и кое, во својата основа, го застапувало сфаќањето дека Русија може да го одмине патот на капиталистичкиот развој и преку т.н. "селска обшчина" (община) како "основно јадро на социјализмот" може да се оствари нов и поправеден општествен поредок. Како главна револуционерна сила за таа преобразба било сметано селанството.

### 782. НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ
*E. people's movement*
*F. mouvement populaire*
*D. Volksbewegung*
*P. народное движение*

Назив за движењата во некои колонијални и полуколонијални земји, главно на Азија и на Африка, за политичко и општествено-економско ослободување од колонијалната експлоатација и за стекнување на национална независност.

### 783. НАСЕЛБА
*E. settlement*
*F. localité*
*D. Siedlung*
*P. населенный пункт*

Секој траен или сезонски облик на човечка населеност на изграден и по-

врзан простор, без оглед на бројот на жителите.

**784. НАСИЛСТВО**
*E. violence*
*F. violence*
*D. Gewaltakt*
*P. насилие*

Употреба на физичка или друг вид сила за да се изнуди определено однесување на луѓето противно на нивната волја, односно да се постигне определен резултат.

**785. НАТАЛИТЕТ**
*E. birth rate; natality*
*F. natalité*
*D. Natalität*
*P. рождаемость*

Стапка на пораст на населението во рамките на одредена популација или на човештвото воопшто, во определен временски период (годишен, дневен, децениски).

**786. НАТУРАЛЕН ДАНОК**
*E. pay tribute in kind*
*F. impot en nature*
*D. Naturalsteuer*
*P. натуральный налог*

Определено количество сопствени производи што на својот феудален господар му ги давал зависниот селанец.

**787. НАТУРАЛИЗАЦИЈА**
*E. naturalization*
*F. naturalisation*
*D. Naturalisation*
*P. натурализация*

Примање на странски државјани или лице без државјанство во државјанство на една држава.

**788. НАТУРАЛНА РЕНТА**
*E. natural rent*
*F. rente en nature*
*D. Naturalrente*
*P. натуральная рента*

Определено количество производи што мора селанецот му ги дава на сопственикот на земјата како надоместок за користењето на обработливо земјиште добиено од него на употреба.

**789. НАТУРАЛНО СТОПАНСТВО**
*E. natural economy*
*F. economie d'autoconsommation*
*D. Naturalwirtschaft*
*P. натуральное хозяйство*

Стопанство што се карактеризира со производство



на материјални добра главно за задоволување на потребите на прозведувачите, како и на сопствениците на средствата за производство, а не за размена, а кое се јавува како доминантен облик на производство во преткапиталистичките општества.

**790. НАУКА**
*E. science*
*F. sciences*
*D. Wissenschaft*
*P. наука*

Посебен вид свесна човечка дејност чијашто главна цел е, со примена на определени методи на истражување, да се дојде до откритие и утврдување на законите на развитокот на природата и општеството и да се објаснат природните и општествените појави - и систем од знаења за објективната стварност кој се јавува како резултат од таа дејност; во таа смисла науката е една од формите на општествената свест.

**791. НАУЧЕН ЗАКОН**
*E. scientific law*
*F. loi scientifique*
*D Gesetzmässigkeit*
*P. научный закон*

Исказ за објективните, нужни и суштински врски и причинско-последични односи меѓу појавите, а кој се карактеризира со општост и постојаност, врз основа на што е можно нивното предвидување.

**792. НАУЧНО - ТЕХНИЧКА РЕВОЛУЦИЈА**
*E. scientific and technical revolution*
*F. révolution scientifique et technique*
*D. wissenschaftlich-technische Revolution*
*P. научно-техническая революция*

Комплекс на промени предизвикани од развојот на науката, техниката и технологијата, во областа на средствата и предметите на трудот, како и во положбата на човекот во процесот на трудот. Н.т.р. се одвива во 50-тите години на XX век. Позната е и како четврта индустриска револуција.

**793. НАУЧЕН СОЦИЈАЛИЗАМ**
*E. scientific socialism*
*F. sozialisme scientifique*

*D. wissenschaftlicher Sozialismus*
*P. научный социализм*

Материјалистичко-дијалектички заснована теорија за социјализмот како нужна етапа во развитокот на човечкото општетво воопшто и за законитостите на неговиот развиток посебно. Основачи на научниот социјализам се Карл Маркс и Фридрих Енгелс.

### 794. НАЦИЈА
*E. nation*
*F. nation*
*D. Nation*
*P. нация*

Специфична историски настаната општествено-економска, културна и политичка заедница која се јавува како резултат на општествената поделба на трудот во епохата на капитализмот на компактна територија, а врз заедничка етничка основа, со заеднички јазик, минато, традиции и обичаи - чиишто припадници се проникнати со свест за заедничката припадност и целосност.

### 795. НАЦИЗАМ
*E. nazism*
*F. nazisme*
*D. Nazismus*
*P. нацизм*

Политичко фашистичко движење во Германија помеѓу двете светски војни (основано 1919) со идеологија и доктрина заснована врз реваншистичите национал-шовинистичките тенденции на најреакционерниот дел на буржоазијата. Него го раководеше Германската националсоцијалистичка партија на чело со Адолф Хитлер.Исто: национален социјализам, националсоцијализам, националфашизам, хитлеризам.

### 796. НАЦИОНАЛЕН ДОХОД
*E. national income*
*F. revenu national*
*D. Nationaleinkommen*
*P. национальны доход*

Збир на сите новосоздадени вредности во производствените дејности во една земја во текот на една година.

### 797. НАЦИОНАЛНИ ОДНОСИ
*E. nacional relations*
*F. relations nationales*
*D. nationale Beziehungen*
*P. национальные сотношения*



Односи помеѓу нациите во повеќенационалните држави и односите помеѓу сите нации на светот.

### 798. НАЦИОНАЛЕН ПАЗАР
*E. national market*
*F. marché national*
*D. Binnenmarkt*
*P. национальныйй рынок*

Комплекс од односи на понудата и побарувачката во рамките на определени национални граници, односно на територијата на една земја.

### 799. НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ
*E. national question*
*F. question nationale*
*D. Nationalfrage*
*P. национальный вопрос*

Се однесува на односот помеѓу нацијата и државата, а денес е особено значајно од гледна точка на актуелноста на принципот на самоопределувањето на нациите и остварувањето на суверенитетот на националните држави, особено на планот на економската рамноправност меѓу развиените и неразвиените нации.

### 800. НАЦИОНАЛИЗАМ
*E. nationalism*
*F. nationalisme*
*D. Nationalismus*
*P. национализм*

Идеологија и политика заснована на тесни интереси на една нација, а која има за цел првенствено да ги зацврстува и да ги развива тие интереси, при што го интензивира чувството на припадност кон таа нација, со елементи на национален фетишизам и шовинизам.

### 801. НАЦИОНАЛ - СОЦИЈАЛИЗАМ

в. Нацизам

### 802. НАЦИНАЛИЗАЦИЈА
*E. natonalization*
*F. nationalisation*
*D. Nationalisation*
*P. национализация*

Стопанско-политички мерки со кои се врши одземање на средства за производство во приватна сопственост и нивни пренос во државна, односно општествена сопственост, најчесто со надомест на поранешните сопственици.

**803. НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**
*E. national minority*
*F. minorite nationale*
*D. nationale Minderheit*
*P. национальное меньшинство*

Дел од една етничка заедница кој, од различни причини се наоѓа во составот на една држава во која, во однос на основниот етнички дел од населението, претставува малцинство.

**804. НАЦИОНАЛНОСТ**
*E. nationality*
*F. nationalité*
*D. Nationalität*
*P. нация*

Припадност кон една нација.

**805. НАЧИН НА ПРОИЗВОДСТВО**
*E. mode of production*
*F. mode de production*
*D. Produktionsweise*
*P. способ производства*

Целокупноста на техничката и општествената организација на производството на материјални добра, која претставува единство на производните сили и производствените односи.

**806. НЕВРАБОТЕНОСТ**
*E. unemployment*
*F. chômage*
*D. Arbeitslosigkeit*
*P. безработица*

Општествена појава која се состои во тоа што извесен, поголем или помал, дел работоспособно население не е вклучен во производството или во некоја друга општествено корисна дејност.

**807. НЕОИМПЕРИЈАЛИЗАМ**
*E. neoimperialism*
*F. néoimpérialisme*
*D. Neoimperialismus*
*P. неоимпериализм*

Комплекс од карактеристики на современиот капитализам поврзани за силниот економски развој и за политиката на високо развиените капиталистички земји кон своите поранешни колонии во изнаоѓањето на нови, посуптилни средства за нивно економско потчинување и експлоатација.

**808. НЕОКОЛОНИЈАЛИЗАМ**
*E. neocolonialism*
*F. neocolonialisme*
*D. Neokolonialismus*
*P. неоколониализм*



Политика на бившите колонијалистички и империјалистички држави, спрема некогашните колонии и неразвиените и позаостанати земји која се стреми, во новосоздадените услови на надживеаност на старите форми на колонијализмот, суштински да ги зачува или да ги постигне истите позиции на доминација со примена на нови методи, кои формално не го нарушуваат суверенитетот и интегритетот на односните земји.

**809. НЕОФАШИЗАМ**
*E. neofascism*
*F. néofascisme*
*D. Neofaschismu*
*P. неофашизм*

Политичко движење од екстремен, реакционен и националистички тип, кое се јавува по II светска војна со цел да ги оживее идеите и аспирациите на фашизмот и да ги спречи сите демократски ихуманистички тенденции во развојот на општеството.

**810. НЕПОСРЕДНА ДЕМОКРАТИЈА**
*E. direct democracy*
*F. démocratie directe*
*D. unmittelbare Demokratie*
*P. непосредственная демократия*

Демократија при која граѓаните непосредно учествуваат во решавањето на прашањата од заеднички интерес.

**811. НЕРАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА**
*E. underdeveloped areas*
*F. regions sous-développees*
*D. Unterntwickelte Gebiete*
*P. слаборазвитые районы*

Подрачја што, во споредба со индустриски развиените региони, се карактеризираат со низок степен на развојот на производните сили, па оттука и со релативно низок национален доход, производство на примарни производи, релативно слаба развојна динамика, ниска акумулативност на стопанството, неповолна социјалноекономска структура на населението и аграрна пренаселеност.

**812. НЕСАМОУПРАВНИ ТЕРИТОРИИ**
*E. non-selfgoverning territories*
*F. territories non-autonomes*

*D. nachtautonome Gebiete*
*P. несамоуправяющиеся територии*

Територии што, во смисла на глава XI од Повелбата на ООН, сè уште не постигнале "полна мера на самоуправа", односно не успеале да се организираат во самостојни и независни држави и што се наоѓаат под странска управа како колонии.

**813. НЕУТРАЛНА ЗОНА**
*E. neutral zone*
*F. zone neutre*
*D. neutrale Zone*
*P. нейтральная зона*

Ограничен дел од некоја територија на кој, врз основа на претходно заклучена меѓународна спогодба, во случај на војна не смеат да се водат непријателства.

**814. НЕУТРАЛНОСТ**
*E. neutrality*
*F. neutralite*
*D. Neutralität*
*P. нейтралитет*

Незаземање став во спор или конфликт меѓу две или повеќе страни; посебно немешање во спорови или војни што се водат меѓу други држави.

**815. НЕФОРМАЛНИ ГРУПИ**
*E. unformal gfroups*
*F. groupes nonformels*
*D. infarmelle Gruppen*
*P. неформальные группы*

Примарни општествени групи, често од привремен карактер, без формална организација, кои настануваат и функционираат без однапред строго пропишани правила (освен неформалните правила за однесување на членовите на групата, што се применуваат мошне автономно) и се одликуваат со висок степен на солидарност.

**816. НИХИЛИЗАМ**
*E. nihilism*
*F. nihilisme*
*D. Nihilismus*
*P. нигилизм*

Во општа смисла: негирање на секакви општествени вредности и идеали, принципи, норми и закони; во посебна смисла: назив за движењето на младите демократи во Русија во XIX век, кои, во името на слободата на индивидуумот, а од позиција на атеизмот, материјализмот и позитивизмот, стануваат против владеачката идеологија и постојниот поредок, како и против тиранијата на авторитетите.



**817. НОМАДСКО ОПШТЕСТВО**
*E. nomad society*
*F. sociéte nomade*
*D. Nomadengesellschaft*
*P. номадное общество*

Општество кое во потрага по услови за егзистенција се наоѓа во процес на континуирано движење проследено со пократки или подолги задржувања на едно место.

**818. НОРМА**
*E. norm*
*F. norme*
*D. Norm*
*P. норма*

Определен принцип што служи како општоприфатено или пропишано правило, модел или стандард за дејствувањето и однесувањето на луѓето во општеството.

**819. НОРМАТИВИЗАМ**
*E. normativism*
*F. normativisme*
*D. Normativismus*
*P. нормативизм*

Сфаќање според кое дејствувањето и однесувањето на луѓето и во општеството како и општествените односи воопшто се регулираат со нивното подведување под однапред пропишани норми. Суштината на нормативизмот се состои, според тоа, во натценување, апсолутизирање на моќта на севкупниот нормативен фактор во регулирањето на човечкото однесување и општествените односи.

**820. НОСИЈА**
*E. costume*
*F. manière*
*D. Volkstracht*
*P. одеяние*

Начин на облекување на луѓето во одредено општество, кој е прецизно одреден и претставува одраз на културата, општествената свест, вредностите и условите на животот во даденото општество.

**821. НУЖНОСТ**
*E. necessity*
*F. necessité*
*D. Notwendigkeit*
*P. необходимость*

Неминовност во настанувањето и развојот на природните и општествените појави која произлегува од дадена целокупност на строго определени услови.

# Њ

### 822. ЊУ ДИЛ

*E. New Deal*
*F. Nev Deal*
*D. New Deal*
*P. Новый курс*

Систем од нови економски социјални мерки кон кои од 1933 година пристапи владата на САД, под претседателство на Франклин Рузвелт, за да се надмине состојбата во која се најде американското стопанство и општество со големата економска криза од 1929 година. Во суштината оваа политика значеше преминување од либералистичките позиции кон засилување на државната интервенција во капиталистичкото стопанство и воопшто ориентација кон засилена улога на државата во регулирањето на општествено-економските односи.

# О

## 823. ОБИЧАЈ

*E. custom*
*F. coutume*
*D. Gewohnheit*
*P. обычай*

Општествена норма настаната со долго и стихиско повторување на некое поведение. Обичаите се создаваат во сите области на општествениот живот.

## 824. ОБИЧАЈНО ПРАВО

*E. common law*
*F. droi coutumier*
*D. Sittenrecht*
*P. обычайное право*

Право настанато со кодификација на обичајните норми. Тоа е збир на обичаите што имаат правна сила затоа што на нив се повикуваат правните прописи или затоа што се извор на правни прописи.

## 825. ОБЈЕКТ

*E. object*
*F. object*
*D. Objekt*
*P. обьект*

Во филозофска смисла означува корелат на субјективната дејност, содржина кон која е насочена волевата и мисловната дејност на субјектот. Во оваа смисла нема објект без субјект. Во обичниот живот често означува предмет.

## 826. ОБЈЕКТИВИЗАМ

*E. objectivism*
*F. objectivisme*
*D. Objektivismus*
*P. обьективизм*

Учење дека објектите постојат независно од субјектите. Во етиката сфаќање дека моралните норми и вредности имат апсолутно значење без разлика на општествените промени и општествениот развиток. Често под објективизам се подразбира научна непристрасност.

## 827. ОБЈЕКТИВНА ВИСТИНА

*E. objective truth*
*F. vérité objective*

*D. objektive Wahrheit*
*P. обьекшивная исшина*

Човековото сознание кое одговара на објективната стварност и кое важи за сите луѓе, за разлика од субјективната вистина на која не и одговара ништо објективно и која "вреди" само за еден или некои субјекти.

**828. ОБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ**
*E. objective responsibility*
*F. responsibilité objective*
*D. objektive Verantwortung*
*P. обьекшивная ошвешсшвеносшь*

Одговорност на раководни лица во државна или општествена служба за незаконитостите во нивниот домен за кои тие не се лично виновни, но поради раководната улога требало и можеле да ги спречат.

**829. ОБРЕД**
*E. ritual*
*F. rite*
*D. Ritual*
*P. обряд*

в: Ритуал.

**830. ОДБОРИ**
*E. comittees*
*F. commités*
*D. Ausschüsse*
*P. комишешы*

Организациона форма во механизмот на управувањето во државните органи, стопанството и другите општествени дејности.

**831. ОДГОВОРНОСТ**
*E. responsibility*
*F. résponsibilité*
*D. Verantwortung*
*P. ошвешсшвенносшь*

Антрополошка категорија која му припаѓа на човекот како творечко и слободно суштество кое чувствува одговорност за својата активност и дејствување. Во општествената заедница се воспоставуваат повеќе видови одговорности: политичка, морална, правна материјална и сл. кои се најчесто регулирани со соодветни прописи.

**832. ОДЛУКА**
*E. desision*
*F. désision*
*D. Beschluss*
*P. решение*

Општо, свесен чин на волјата со која се објективизира некоја активност, се решава некое прашање и се преземаат нови активности.



**833. ОКТОМВРИСКА РЕВОЛУЦИЈА**
*E. Octoberrevolution*
*F. Révolution d'octobre*
*D. Oktoberrevolution*
*P. Окшябрьская революция*

Револуција во Русија, започнува на 24 октомври (по ст. стил, односно на 6 ноември) 1917 година и претставува прва социјалистичка револуција. Предводена од Болшевичката партија на чело со Ленин прва го собори капиталистичкиот општествено-економски поредок и царизмот во Русија и воспостави прво социјалистичко општество.

**834. ОКУПАЦИЈА**
*E. occupation*
*F. occupation*
*D. Okkupaton*
*P. оккупация*

Заземање, освојување на територијата на една држава од страна на друга по пат на војна или како последица на некој договор за извршување на некои обврски од него.

**835. ОЛИГАРХИЈА**
*E. oligarchy*
*F. oligarchie*
*D. Oligarchie*
*P. олигархия*

Недемократски политички систем во кој владеат и управуваат релативно мал број луѓе (мала група луѓе). Со овој термин се означува и групата луѓе што управува недемократски во политичкиот систем.

**836. ОПАСНОСТ**
*E. danger*
*F. danger*
*D. Gefahr*
*P. опасносшь*

Состојба која означува дека од некои општествени или природни фактори е загрозен животот, имотот, здравјето или други добра на луѓето или заедницата.

**837. ОПОЗИЦИЈА**
*E. opposition*
*F. opposition*
*D. Opposition*
*P. оппозиция*

Општо, особина на спротивностите присутни во секоја појава да се спротивставуват во својата борба една на друга и да влијаат врз развојот и движењето на појавата. Во политичкиот живот

- појава на постоење на спротивни ставови или спротивно политичко организирано движење во однос на владеачкото и официјалното.

**838. ОПОРТУНИЗАМ**
*E. opportunism*
*F. opportunisme*
*D. Opportunismus*
*P.. оппортунизм*

Појава на приспособување на некој општествен субјект спрема дадените прилики искористувајќи ги за себе без обзир на моралните начела. Во потесна смисла - ознака за политиката на еден дел од работничкото движење кој значи компромис со политиката на буржоазијата заради учество во власта.

**839. ОПОРТУНОСТ**
*E. opportunity*
*F. opportunité*
*D. Opportunität*
*P. удобный случай*

Погодност на прилики, погодно време, погодни околности или услови.

**840. ОПСЕРВАЦИЈА**
*E. observation*
*F. observation*
*D. Observation*
*P. обсервация*

Набљудување (посматрање). Социолошко-методолошка постапка која служи за собирање податоци за некоја општествена појава со помошта на видот и истражувачкото искуство.

**841. ОПСТРУКЦИЈА**
*E. obstruction*
*F. obstruction*
*D. Obstruktion*
*P. обструкция*

Дејност насочена кон спречување или отежнување на донесување одлуки од страна на некое тело, орган и сл. (особено во парламентите).

**842. ОПТИМИЗАМ**
*E. optimism*
*F. optimisme*
*D. Optimismus*
*P. оптимизм*

Сфаќање кое појавите во светот и општеството ги гледа од нивната најдобра страна или склоност појавите да се гледаат од нивната најдобра страна (спротивно од песимизам).

**843. ОПЦИЈА**
*E. option*
*F. option*



*D. Option*
*P. оптация*

Слободно избирање, слободен избор, право на слободно избирање. Во меѓународното право опционис јус (**opcionis ius**) право на избор на државјанство (татковина) на населението од некоја територија која го променила суверенитетот.

**844. ОПШТА ВОЛЈА**
*E. general will*
*F. volonté générale*
*D. Gemeinwille*
*P. всеобщая воля*

Според договорната теорија за настанувањето на државата по пат на општествен договор (Томас Хопс, Џон Лок, Жан-Жак Русо) луѓето создават држава што е израз на општата волја на сите. Теоријата за заснованоста на власта врз општата волја на сите граѓани беше израз на интересите на младата буржоазија која во почетокот се бореше против теоријата за потеклото на власта од бога.

**845. ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР**
*E. social contract*
*F. contrat social*
*D. Gesellschaftsvertrag*
*P. общественный договор*

Според договорната теорија за настанувањето на државата (Томас Хопс, 1588-1679; Џон Лок, 1623-1704 и Жан-Жак Русо, 1712-1778) основата на поредокот, власта односно државата е општествен договор кој го склучуваат сите луѓе за да се надмине природната состојба во која има апсолутна слобода, но нема ред и поредок. Основна цел на државата е да постои заедничка власт која ќе го брани и штити секој поединец и неговиот имот.

**846. ОПШТЕСТВЕН (СОЦИЈАЛЕН) СИСТЕМ**
*E. social system*
*F. systeme social*
*D. gesellschaftliches System*
*P. общественная система*

Поим на различни определувања во социологијата. Најчесто е синоним за глобално општество сфатено како сложена релативно стабилна целина на сите дејности и односи, групи, класи, слоеви, установи и организации кои се во меѓусебна интеракција и во функција на неговото одржување.

**847. ОПШТЕСТВЕНА БАЗА**

в.База, општествена

**848. ОПШТЕСТВЕНА ГРУПА**

в. Група

**849. ОПШТЕСТВЕНА КРИТИКА**

*E. social critique*
*F. critique sociale*
*D. gesellschaftliche Kritik*
*P. общесшвеюая кришика*

Творечко, објективно просудување на постојните општествени околности и на сознанијата за општествениот живот, кое има големо значење како за развитокот на мислата за општеството така и за општествените односи.

**850. ОПШТЕСТВЕНА МОБИЛНОСТ**

в. Општествена подвижност.

**851. ОПШТЕСТВЕНА МОЌ**

*E. social power*
*F. puassance sociale*
*D. Gesellschaftsmacht*
*P. общесшвенная мощь*

Способност и можност да се влијае врз општествениот живот, врз неговите сегменти, поединци или групи; заснована е врз имот, богатство, политичка функција, професија итн.

**852. ОПШТЕСТВЕНА НАДГРАДБА**

в. Надградба, општествена.

**853. ОПШТЕСТВЕНА ПОДВИЖНОСТ**

*E. social mobility*
*F. mobilité sociale*
*D. gesellschaftliche; Beweglichkeit*
*P. общесшвенная подвижносшь*

Вертикално и хоризонтално движење на поединци и општествени групи по скалата на општествената структура, како резултат на нејзината отвореност.

**854. ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА**

*E. social phenomenon*
*F. phénomen social*
*D. Gesellschaftserscheinung*
*P. общесшвенное явление*

Секое поврзано дејствување на луѓето и на групите, посебно нивната активност спрема природата, општеството и луѓето. Општествената појава се разликува од природната и индивидуалната појава.

**855. ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА**

*E. social status*
*F. état social*
*D. Gesellschaftslage*
*P. общесшвенное положение*

Збир на сите односи, врски и општествени улоги на еден општествен субјект што се мери вертикално на општествената скала. Општествениот статус - положба се определува со многу фактори (материјални, професионални, итн.).

**856. ОПШТЕСТВЕНА СВЕСТ**

*E. social counsciousness*
*F. conscience sociale*
*D. gesellschaftlisches Bewußtsein*
*P. социальное сознание*

1. Свесност за општествените односи што владеат меѓу индивидуите.2. Свесност дека искуството е заедничко за сите луѓе.3. Колективно и меѓуиндивидуално својство на човечкиот ум со кое човекот, во текот на својот живот, се служи како разумно, свесно и општествено битие.

**857. ОПШТЕСТВЕНА СТРУКТУРА**

*E. social structure*
*F. structure sociale*
*D. gesellschaftiche Struktur*
*P. общесшвенная сшрукшура*

Основните елементи од кое е составено општеството. Таа ги покажува суштинските карактеристики и законитости на постоењето и развојот на општеството. Примарната, основната и најглобалната структура на општеството ја сочинуваат два големи дела (елементи) на општеството: општествената база и општествената надградба.

**858. ОПШТЕСТВЕНИ ОДНОСИ**

*E. social relations*
*F. rapports sociaoux*
*D. gesellschaftliche Beziehungen*
*P. общесшвенные оіпношения*

Односите помеѓу луѓето во општеството чија содржи-

на е разновидна во зависност од тоа во која сфера на општеството се одвиваат (производни, политички, културни, идејни итн.).

**859. ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ**
*E. social organizations*
*F. organisations sociales*
*D. gesellschaftliche Organisationen*
*P. общесшвеные оріанизации*

Организации надвор од политичкиот живот за остварување и заштита на разни интереси и цели на граѓаните на една заедница (здруженија на граѓани).

**860. ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКА ФОРМАЦИЈА**
*E. social-economic formation*
*F. formation socio-economique*
*D. sozial-ökonomische Formation*
*P. общесшвенно-экономическая формация*

Вкупниот систем на општествени односи засновани врз определен вид на производствени односи (определен начин на производство) што се воспоставуваат како релативно стабилна и трајна структура за определен период од развитокот на општеството. Тоа се големи временски периоди од развитокот на општеството во кој врз даден степен на развиеност на производните сили се воспоставуваат определен вид производствени односи и општествени односи воопшто, се воспоставува определен начин на егзистенција на општествената заедница (првобитно општество, робовладетелст итн).

**861. ОПШТЕСТВО**
*E. society*
*F. societé*
*D. Gesellschaft*
*P. общесшво*

Заедница на луѓето што настанува како последица на нивното заемно дејствување врз природата како и нивното заемно меѓусебно дејствување како резултат на човековата активна производствена дејност во природата.

**862. ОРГАНИЗАМ**
*E. organism*
*F. organisme*
*D. Organismus*
*P. орīанизм*



Во поширока смисла исто што и систем: целина на меѓусебно поврзани и обусловени делови која се одржува користејќи ја околината. Во оваа смисла организам е секоја авторегулативна функција (општествена група, држава, институција и сл.).

**863. ОРГАНИЗАЦИЈА**
*E. organization*
*F. organisation*
*D. Organisation*
*P. орīанизация*

Општествена творба која претставува поврзување во една структурална средина на различни улоги, материјални и финансиски средства за да се оствари некоја општествена дејност и за да се остварат индвидуални, групни или општествени цели и интереси.

**864. ОРГАНИЦИЗАМ**
*E. organicism*
*F. organicisme*
*D. Organizismus*
*R. organicizm*

Социолошка теорија според која општеството е организам како и другите биолошки организми и дека во него владеат истите биолошки закони според кој е устроен и функционира биолошкиот организам (Херберт Спенсер, А. Еспинас и др.).

**865. ОРГАНСКА ТЕОРИЈА ЗА ДРЖАВАТА**
*E. organic theory of the state*
*F. theorie organique de l'état*
*D. organische Staatstheorie*
*P. орīанская шеория īосударсшва*

Теорија според која државата претставува организам како и живите организми. Во неа се распознава истиот склоп на органи и важат истите закони како во природата.

**866. ОРГАНСКА ТЕОРИЈА ЗА ОПШТЕСТВОТО**
*E. organic theory of society*
*F. theorie organique de la société*
*D. organische Gesellschaftstheorie*
*P. орīанская шеория общесшва*

Според неа општеството е организам како и другите живи организми и во него

владеат истите закони како во природата (социјален дарвинизам.

## 867. ОРУДИЕ

*E. tool*
*F. ontil*
*D. Werkzeug*
*P. орудие*

Предмет што човекот го употребува и со кој се служи во вршењето на разни дејности, пред сé во совладувањето на природата.

## 868. ОРУДИЕ ЗА РАБОТА

*E. work tool*
*F. moyens de production*
*D. Werkzeug*
*P. орудие труда*

Предметот што луѓето го употребуваат за преработка на природата за да произведат материјални добра за егзистенција (средства за работа).

## 869. ОСНОВНИ КЛАСИ

*E. basic classes*
*F. classes de base*
*D. Hauptklassen; Fundamen talklassen*
*P. основные классы*

Според марксистичката социологија оние кои се носители на основниот производствен однос во општеството и се спротивставени една на друга.

## 870. ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО

*E. open society*
*F. société ouverte*
*D. offene Gesellschaft*
*P. открытое общество*

Општество кое е мобилно, со чести меѓучовечки комуникации, со чести промени, во него постои слобода на движењето и владеат демократски институции во политичкиот систем.

## 871. ОТУЃУВАЊЕ

*E. alienation*
*F. aliénation*
*D. Veräusserung*
*P. отчуждение*

Отуѓувањето е дистинкција помеѓу човечката есенција (суштина) и човековата егзистенција. Оваа подвоеност произлегува од класните услови во кои живее човекот, од експлоатацијата на трудот, а се проширува во сите сфери на животот. Човекот е оттуѓен од самиот себе, од својата генерична суштина, затоа што во експлоатираниот труд е оттуѓен од предметот на трудот, од трудовата дејност и од другите луѓе што произведуваат со него. Еден од централните поими во марксистичкото учење.

# П

## 872. ПАЛАНКА
*E. provincial town*
*F. ville provinciale*
*D. Kleinstadt*
*P. йровинциальный ѓородок*

Мал град, гратче, населба со мал број жители во која односите меѓу луѓето се непосредни, социјалните групи пројавуваат високо ниво на хомогеност и имаат доминантна позиција во однос на личностите на поединците, и во која доминантни норми на однесување се конформизмот, традиционализмот, непотизмот и конзервативизмот.

## 873.ПАЛИЈАТИВ
*E. palliative*
*F. palliatif*
*D. Palliativ; Linderungsmittel*
*P. йалиаййив*

Средства (мерки) со кои одреден општествен проблем се решава само навидум, односно се прикриваат неговите појавни облици.

## 874. ПАМФЛЕТ
*E. pamphlet*
*F. pamphlet*
*D. Pamphlet, Streitschrift*
*P. йамфлеш*

Кратка расправа, обично за некој спорен политички или друг предмет од општ интерес чија цел е некому да му нанесе навреда (обично на политички противници), а за себе да се добијат позитивни поени во јавноста.

## 875. ПАН-ДВИЖЕЊА
*E. pan (movements)*
*F. (mouvements) pan*
*D. Panbewegungen*
*P. йан-движения*

Движења кои имаат за цел да обединат одделни поголеми групи нации, земји, дури и цели continenti. На пр.: панамериканизам, панафриканизам, пангерманизам, панславизам, панисламизам и др.

## 876. ПАНИКА
*E. panic*
*F. panique*

D. Panik; Massenangst
P. паника

Социјално-психолошка појава на силен страв (понекогаш без причина) предизвикан од некои ненадејни појави (земјотреси, експлозии и сл.) кој зафаќа голем број на луѓе и води до општо престрашување.

### 877. ПАНСЛАВИЗАМ
E. panslavism
F. panslavisme
D. Panslawismus
P. панславизм

Политичко и општествено движење за зближување на сите Словени заради нивно полно обединување и нивна превласт во светот. Се појави во XIX век со будењето на националната свест кај словенските народи и најсилно е дојден до израз во Русија.

### 878. ПАРАЗИТ
E. parasite
F. parasite
D. Parasit
P. паразит

Во преносно значење: оној што живее за сметка на друг.

### 879. ПАРАЗИТИЗАМ
E. parasitism
F. parasitisme
D. Parasitismus
P. паразитизм

Живеење за сметка на друг. Така можат да се однесуваат индивидуи и општествени групи (класи, слоеви, општествени организации и други форми на општествено здружување).

### 880. ПАРЕНТАРИЗАМ
E. parentarism
F. parentarisme
D. Parentelsystem; Erbfolge
P. парентаризм

Систем на групирање на крвни сродници кои се појавуваат како законити наследници во парентелата. Парентелата (колено, род) пак, претставува група на сродници кои имаат едно или повеќе лица за заеднички, непосредни предци (две, четири, осум) кои имаат исти лица за родоначалници.

### 881. ПАРЛАМЕНТ
E. parliament
F. parlement
D. Parlament; Volksvertretung
P. парламент



Највисоко претставничко тело во државата и израз на народниот суверенитет кое ги врши најважните државни функции, (законодавните и извршните). Како највисок орган на власта во демократските системи е составен од пратеници кои ги бираат граѓаните на основа општото избирачко право.

### 882. ПАРЛАМЕНТАРИЗАМ
E. parliamentarism
F. parlementarisme
D. Parlamentarismus
P. парламентаризм

Облик на организација на државната власт врз принципот на поделба на власта.

в. Поделба на власта

### 883. ПАРОЛА
E. slogan
F. devise; slogan
D. Parole; Losung
P. лозунг

Во политичкиот живот збиено изразен политички став, цел или барање на некое движење, група или партија.

### 884. ПАРТИЗАН
E. partisan
F. partisan
D. Partisan; Widerstandskämpfer
P. партизан

1. Приврзеник на некоја партија или политичка личност. 2. Кај нас: борец, припадник на НОВ и ПОЈ во периодот 1941-1945 г. кој се борел против окупаторот и домашните издајници.

### 885. ПАРТИЈА
E. party
F. parti
D. Partei; Partie
P. партия

Општествена група составена од луѓе кои имаат исто мислење, посебно во политичка смисла, кои се здружуваат заради освојување на власта или влијание на неа.

### 886. ПАРТИЈНОСТ
E. party spirit; party loyalty
F. esprit de parti
D. Parteilichkeit; Angehörigkeit zur Partei
P. партийность

Обусловеност на одреден поглед на свет или одреден однос спрема интересите, правата и целите на една класа, односно политичка партија.

**887. ПАРТИКУЛАРИЗАМ**
*E. particularism*
*F. particularisme*
*D. Partikularismus; Kleinstaaterei*
*P. партикуляризм*

Склоност кон одвојување и чување на поединечните или групните интереси.

**888. ПАРТИЦИПАЦИЈА**
*E. participation*
*F. participation*
*D. Partizipation; Teilnahme; Beteiligung*
*P. участие*

Процес во кој поединци или општествени групи активно учествуваат во вршењето на некои општествени функции.

**889.ПАСИВНА КОЕГЗИСТЕНЦИЈА**
*E. passive coexistence*
*F. coexistence passive*
*D. passive Koexistenz*
*P. пассивное сосуществование*

Во меѓународните односи: истовремено, заедничко постоење на држави со различно општествено и политичко уредување и со различна идеолошка ориентација.

**890. ПАСИВНА РЕЗИСТЕНЦИЈА**
*E. passive resistance*
*F. résistance passive*
*D. passive Resistenz*
*P. пассивное сопротивление*

Специфичен облик на политичка борба којшто се манифестира со наполно пасивен (неактивен) однос спрема сé што наредуваат властите или отсуство на соработка со нив. (Исто: пасивен отпор)

**891. ПАТЕРНАЛИЗАМ**
*E. paternalism*
*F. paternalisme*
*D. Paternalismus*
*P. патернализм*

Сфаќање според кое одделни општествени групи, па и цели народи и раси се третираат како незрели, недораснати, т.е. неспособни да се развиваат сами, туку им е потребно да се грижи за нив некој кој од нив е поразвиен.

**892. ПАТЕР ФАМИЛИЈАС**
*E. pater familias*
*F. pater familias*



*D. Pater familias*
*P. патер фамилиас*

Латински назив за таткото, домаќинот на семејството кај патријархалните семејства, каде што е доминантна неговата улога.

**893. ПАТОЛОГИЈА**
*E. pathology*
*F. pathologie*
*D. Pathologie*
*P. патология*

Општествена наука која се занимава со проучување на сите видови на општествени растројства (социјални болести, девијантни однесувања и општествени дезорганизации).

**894. ПАТРИЈА**
*E. homeland; fatherland; native contry*
*F. patrie*
*D. Vaterland; Heimat, Heimatland*
*P. отечество*

Термин со кој се означува татковината.

**895. ПАТРИ ПОТЕСТАС**

*E. patri potestas*
*F. patri potestas*
*D. Patri potestas*
*P. патри потестас*

Татковска власт, право или углед на таткото во односот на децата. Таа власт е апсолутна: покрај располагањето со имотот на семејството опфаќа и право на животот и смртта на нејзините членови. Предмет на татковска власт се жената, синовите и ќерките (ако не се мажени) и робовите.

**896. ПАТРИЈАРХ**
*E. patriarch*
*F. patriarche*
*D. Patriarch*
*P. патриарх*

Титула и достоинство на врховни поглавари на православните христијански цркви.

**897. ПАТРИЈАРХАЛЕН МОРАЛ**
*E. patriarchal morals*
*F. morale patriarcale*
*D. patriarchalische Moral*
*P. патриархальная мораль*

Морал кој во општествените односи ги фаворизира мажите, а ги запоставува жените, влева чувство на должност и почит кон постарите, заемна солидарност

на членовите и чесност која се пројавува во одржувањето на дадениот збор и исполнување на обврските што од него ги очекува заедницата.

**898. ПАТРИЈАРХАЛНИ ОДНОСИ**
*E. patriarchal relations*
*F. relations patriarcales*
*D. patriarchalische Verhältnisse; Beziehungen*
*P. патриархальные отношения*

Вкупните општествени, економски и идеолошки односи својствени на раниот период од развитокот на човечкото општество (во првобитната заедница во периодот на патријархатот). Се карактеризира не само по доминантната улога на мажот, туку пред сé по доминантната улога на старешината на родот, кој обично е најискусниот, најстариот член и има посебна улога и авторитет и безусловна послушност од членовите на групата.

**899. ПАТРИЈАРХАЛНО СЕМЕЈСТВО**
*E. patriarchal family*
*F. famille patriarcale*
*D. patriarchalische Familie*
*P. патриархальная семля (семейство)*

Семејство во кое мажот се наоѓа на негово чело и во кое семејната лоза се смета според мажот. Настанало во периодот на преминот од првобитното општество во првото класно општество и кое се сретнува, понекаде и денес. Во неговите рамки постои нееднаквост помеѓу машките и женските членови.

**900. ПАТРИЈАРХАТ**
*E. patriarchate*
*F. patriarcat*
*D. Patriarchat*
*P. патриархат*

Период во кој водечката улога во човечката заедница им припаѓа на мажите. Се појавува во првобитното општество кога настануваат такви промени во економската сфера со кои мажот добива позначајна улога (лов, земјоделство и сл.).

**901. ПАТРИЛИНЕАЛ**
*E. patrilineal*
*F. patrilinéal*
*D. Patrilineal*
*P. патрилинеал*

Сметање на децата по таткова линија (на пр. по



презиме на таткото). Основите се поставени уште во првобитното општество и во патријархатот.

**902. ПАТРИЛОКАЛ**
*E. patrilocal*
*F. patrilocal*
*D. Patrilokal*
*P. патрилокал*

Љубов спрема родниот крај и сé што е во него и што произлегува од него.

**903. ПАТРИМОНИУМ**
*E. patrimony*
*F. patrimoine*
*D. Patrimonium*
*P. патримониум*

Имотот наследен од таткото, татковиот имот.

**904. ПАТРИОТИЗАМ**
*E. patriotizem*
*F. patriotisme*
*D. Patriotismus*
*P. патриотизм*

Емоционална поврзаност на поединците спрема својата татковина, што доаѓа до израз во љубовта кон неа, во почитувањето на нејзината култура и традиција и во готовноста да се брани нејзиниот интегритет.

**905. ПАТРИЦИЈ**
*E. patrician*
*F. patrice*
*D. Patrizier*
*P. патриций*

1. Член на некои семејства кои поради своето потекло, во старата римска држава имале големи повластици и предности. 2. Во средниот век лица кои и припаѓале на градската (трговска) аристократија, особено во германските царски слободни градови.

**906. ПАТРОН**
*E. patron; boss; sponsor*
*F. patron*
*D. Patron; Schutzherr; Gönner*
*P. патрон*

1. Светец заштитник на домот или семејството. 2. Шеф на индустриско или трговско претпријатие; газда. 3. Заштитник (покровител) на некоја свечена приредба.

**907. ПАТРОНАТ**
*E. patronage; sponsorship*
*F. patronat*
*D. Patronat*
*P. патронат*

Она што е под покровителство или надлежност на патронот.

**908. ПАУПЕРИЗАМ**
*E. pauperism*
*F. paupérisme*
*D. Pauperismus*
*P. пауперизм*

Масовно осиромашување на широките народни слоеви, посебно на непосредните производители, карактеристично за сите класни општества. Посебно е изразено за време на економските кризи.

**909. ПАЦИФИЗАМ**
*E. pacifism*
*F. pacifisme*
*D. Pazifismus*
*P. пацифизм*

Културно-етичко и политичко движење настанато во Европа (на крајот од XVIII и почетокот на XIX век) кое е против секаква војна и бара решавање на меѓународните спорови по мирен пат и со одржување на вечен мир меѓу народите.

**910. ПАЦИФИСТИ**
*E. pacifists*
*F. pacifistes*
*D. Pazifisten*
*P. пацифисты*

Припадници на движењето кое настојува сите проблеми да се решаваат по мирен пат, односно без употреба на сила.

**911. ПЕРИОДИЗАЦИЈА (ОПШТЕСТВЕНА)**
*E. periodization*
*F. périodisation*
*D. Periodisierung*
*P. периодизация*

Различни начини за одредување на степените (фазите, етапите) на развојот на општеството.

**912. ПЕРИФЕРИЈА**
*E. periphery*
*F. périphérie*
*D. Peripherie; Stadtrand*
*P. периферия*

Фигуративно: дел од градот којшто е најоддалечен од центарот; предградие.

**913. ПЕРМАНЕНТНА РЕВОЛУЦИЈА**
*E. permanent revolution*
*F. révolution permanente*
*D. permanente Revolution*
*P. перманентная революция*

Непрекината, постојана револуција.Термин кој се поврзува со имињата на класиците на марксизмот и со Л. Троцки и означува сфаќање



за настанувањето, суштината и траењето на социјалистичката, односно пролетерската револуција.

**914. ПЕРСОНА**
*E. person; persona*
*F. personne*
*D. Persona*
*P. персона*

Личност, надарена со способност слободно и разумно да дејствува.

**915. ПЕРСОНАЛ**
*E. personnel; staff*
*F. personnel*
*D. Personal; Belegschaft*
*P. персонал*

Сите службеници и работници во некое претпријатие или установа, односно сите лица кои сочинуваат еден колегиум.

**916. ПЕРСОНАЛИЗАМ**
*E. personalism*
*F. personalisme*
*D. Personalismus*
*P. персонализм*

1. Сфаќање на човечката личност и посебност како највисоки вредности. 2. Теоретско сфаќање во филозофијата, социологијата и психологијата кое смета дека светот е составен од единки кои се живи, кои свесно се стремат кон целите и кои се свесни за своите вредности.

**917. ПЕРСОНАЛНА УНИЈА**
*E. personal union*
*F. union personnelle*
*D. Personalunion*
*P. личная уния*

Облик на државен сојуз, т.е. обединување на две или повеќе самостојни држави под еден владетел или едно владетелско семејство.

**918. ПЕРСОНИФИКАЦИЈА**
*E. personification*
*F. personification*
*D. Personification*
*P. персонификация*

Прикажување на некоја ствар како живо суштество, односно вид на метафора кога неживите прдмети и поими на замислени предмети се прикажуваат како суштества со сите знаци на човечки живот како на пр. да мислат, чувствуваат, зборуваат и сл.

**919. ПЕТИЦИЈА**
*E. petition*
*F. pétition*

*D. Petition*
*P. йетиция*

Колективно писмено барање упатено до некој надлежен (орган) да разреши некој проблем. Најчесто се поднесува до највисоките органи на власта.

**920. ПЕЧАЛБА**
*E. gain*
*F. gain*
*D. Verdienst; Einkommen*
*P. заработок*

1. Трудот на земјоделските работници платен во натура.2. Заработката што нашите мигранти (печалбари) ја добивале во далечните земји (САД, Австралија и сл.), неможејќи да најдат вработување во својата земја.

**921. ПЕЧАТ**
*E. seal, stamp*
*F. sceau, cachet*
*D. Presse*
*P. йечать*

Средство за масовно комуницирање кое за пренесување на своите пораки користи графички знаци кои се умножуваат со посебна техника. Понекојпат поимот печат може да се однесува на сите печатени работи кои се наменети за јавна комуникација.

**922. ПИЕТЕТ**
*E. esteem; respect*
*F. piété*
*D. Pietät; Achtung*
*P. йиетет*

Длабоко и вистинско почитување или понизна љубов спрема одредени лица (спрема родителите, претците, постари, добротвори, идеолози, политичари и научни работници) за време на животот или после нивната смрт.

**923. ПИОНЕР**
*E. pioneer*
*F. pionnier*
*D. Pionier*
*P. йионер*

1. Лице кое прави нови патишта на некое подрачје. Посебно така биле викани првите доселеници на новите територии во С. Америка.2. Член на детската организација која опфаќа деца на возраст од 7 до 14 години.

**924. ПИТАЧ**
*E. beggar*
*F. mendiant*
*D. Bettler*
*P. нищий*



Лице кое својата егзистенција ја обезбедува со питачење, т.е. со барање туѓа помош во пари, храна, облека и слично.

**925. ПЛАНСКО СТОПАНСТВО**
*E. planed economy*
*F. économie planifiée*
*D. Planwirtschaft*
*P. плановое хозяйство*

Раководење и управување со стопанството според однапред конципирани планови од страна на компетентни стручњаци и државни или стопански организации, а според определени економски законитости.

**926. ПЛАТА**
*E. salary*
*F. salaire*
*D. Lohn; Entgelt*
*P. плата; заработок*

Вкупните лични примања кои по една или повеќе основи му припаѓаат на вработен за вршење на активностите што произлегуваат од работниот однос.

**927. ПЛЕБЕЈЦИ**
*E. plebeians*
*F. plébéiens*
*D. Plebejer*
*P. плебеи*

Во стариот Рим име за обесправената класа која преку борба со патрициите постигнала политичка и економска рамноправност во III век (пред н.е.). Подоцна овој термин добива погрдно значење во смисла на луѓе сиромаси и лажговци, прости и со ниско потекло.

**928. ПЛЕБИСЦИТ**
*E. plebiscite*
*F. plébiscite*
*D. Plebiszit*
*P. плебисцит*

Една од формите на непосредно одлучување на народот за некое прашање, преку изјаснување со гласање, во кое учествуваат сите полнолетни лица што имаат право на глас.

**929. ПЛЕБС**
*E. plebe*
*F. plèbe*
*D. Plebs*
*P. плебс*

Денес најчесто синоним за сиромашните слоеви од општеството, за обесправените народни маси, било да се

жители од село или да претставуваат градска сиромаштија.

### 930. ПЛЕМЕ
*E. tribe; clan*
*F. tribu; clan*
*D. Stamm; Geschlecht*
*P. племя*

Глобална општествена група и облик на општествено организирање на првобитното општество, посебно во епохата на варварството. Се состоела од повеќе родови, па има политичко-организациска функција. Тоа има заедничка територија на која живеат членовите на родовите.

### 931. ПЛЕНУМ
*E. plenum*
*F. rénuion pléniére; séance plénière*
*D. Plenum; Plenarsitzung*
*P. пленум*

Работен состанок на кој учествуваат сите членови на некој општествен форум или општествено-политичка организација.

### 932. ПЛУРАЛИЗАМ
*E. pluralism*
*F. pluralisme*
*D. Pluralismus*
*P. плюрализм*

1. Општ термин за појави или правци чијашто заедничка карактеристика е постоење или тврдење за постоење на поголем број појави или посебни квалитети кои не можат да се сведат еден на друг, ниту на некој заеднички именител.2. Одреден општествен систем во кој многубројните општествени групи конституирани на политичка, економска, верска, национална и сл. основа имаат релативна самостојност.

### 933. ПЛУТОКРАТИЈА
*E. plutocracy*
*F. plutocratie*
*D. Plutokratie*
*P. плутократия*

Назив за владеење на богати, превласт на парите и богатството во една држава. Таа се појавува во определени периоди на класното општество, а посебно е нагласена во олигархиски режими на робовладетелското општество, како и со превласта на финансиската олигархија во современото општество.

### 934. ПОБУНА (БУНТ)
*E. insurrection; revolt; rebellion*
*F. insurrection; révolte; rébellion*



*D. Empörung; Erhebung, Aufstand*
*P. бунт*

Масовна акција на по број неопределена група учесници кога со употреба на сила против установите на постојниот општествен систем сакаат да се остварат одредени цели.

### 935. ПОВЕЛБА
*E. charter*
*F. charte*
*D. Charta*
*P. грамота*

1. Во времето на феудализмот јавна исправа со која владетелот на правни и физички лица им доделувал поседи, права и повластици.2. Свечена писмена изјава која ги содржи основните начела на меѓународната политика (Повелба на Обединетите нации).3. Свечена писмена изјава за признавање на заслугите.

### 936. ПОГЛЕД НА СВЕТОТ
*E. vision of the world*
*F. vision du monde*
*D. Weltanschaunung*
*P. мировоззрение*

Целосно и општо објаснување на светот, историјата и човекот. Вклучува различни содржини: објективни знаења за стварноста, интереси, идеали, верувања, чувства и сл. и претставува едно единство од рационално и ирационално. Се смета дека сите, а посебно идеолошките групи имаат посебен поглед на свет.

### 937. ПОГРОМ
*E. pogrom*
*F. massacre*
*D. Pogrom*
*P. погром*

Колеж на немоќно население обично проследено со уништување или пљачкосување на имотот, организирано од страна на власта, или со нејзина премолчена согласност. Погромите се насочени против раси, верски или национални малцинства.

### 938. ПОДАНИК
*E. subject*
*F. sujet*
*D. Untertan; Leibeigene*
*P. подданный*

1. Лице кое по правило нема права, т.е. има само од државата подарени права.2. Лице кое му е подредено на авторитетот на друго лице, човек подреден на авторите-

тот на друг.3. Во денешно време поданик се смета човек кој живее во услови на автократски облик на владеење, најчесто во монархија, што укажува на некогашното значење на овој збор.

**939. ПОДРЕДЕНОСТ**
*E. subjection*
*F. sujétion*
*D. Untertänigkeit*
*P. подчинение*

Потчинетост, зависност, послушност,односно должност на извршување на наредбите што ги издава друг кој е надреден.

**940. ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА**
*E. division of power*
*F. division du pouvoir*
*D. Teilung der Macht*
*P. разделение власти*

Организационо-технички принцип за трофункционалност на државната власт, односно принцип според кој се уредуваат односите помеѓу законодавната, извршната и судската власт. Секоја од овие функции е поделена помеѓу три, меѓусебе независни, органи: собранија, влада (управа) и судови. Овој е еден од основните принципи на граѓанската демократија.

**941. ПОДЕЛБА НА ТРУДОТ**
*E. division of labour*
*F. division du travail*
*D. Arbeitsteilung*
*P. разделение труда*

Општствена состојба во која сите членови од општествената заедница не се занимаваат со сите дејности, туку поединци или општествени групи во вид на занимање се бават со поедини дејности за кои се специјализираат и на таа основа постигнуваат поголема продуктивност на трудот.

**942. ПОДДРЖУВАЊЕ**
*E. support*
*F. appui; soutien*
*D. Unterstützen*
*P. поддержка*

Давање материјална или морална поткрепа на некого.

**943. ПОЗИТИВИЗАМ**
*E. positivism*
*F. positivisme*
*D. Positivismus*
*P. позитивизм*

Филозофски и социолошки правец којшто се спротивставува на теоретското мислење со податоци од емпиријата, со позитивни факти, тврдејќи дека на тој начин се издигнал и над материјализмот и над идеализмот и дека ја надминал нивната спротивност. Всушност позитивизмот и искуството го сфаќа како збир на субјективни осети и претстави, улогата на науката ја ограничува и ја сведува само на опис и систематизација, а не и експликација на фактите.

**944. ПОЛАРИЗАЦИЈА**
*E. polarization*
*F. polarisation*
*D. Polarisation*
*P. поляризация*

Процес на крајно заострени општествени спротивности во чиј ток се концентрираат околу две стожерни точки чии својства меѓусебно се исклучуваат.

**945. ПОЛЕМИКА**
*E. polemic; polemics*
*F. polémique*
*D. Polemik; Auseinandersetzung*
*P. полемика*

Препирка помеѓу претставници на две различни научни, уметнички, политички и слични сфаќања, која се состои во одбрана на своето и напаѓање на туѓото сфаќање.

**946. ПОЛИАНДРИЈА**
*E. polyandry*
*F. polyandrie*
*D. Polyandrie*
*P. полиандрия*

Облик на брак кога жената може да има повеќе мажи, т.е. трајна врска општествено регулирана, меѓу една жена и повеќе мажи. Била присутна во минатото, иако и денеска можат да се најдат остатоци од неа.

**947. ПОЛИГАМИЈА**
*E. polygamy*
*F. polygamie*
*D. Polygamie; Vielweiberei*
*P. полигамия*

Појава кога поединец се наоѓа истовремено во брачна, односно полова заедница со повеќе партнери од спротивен пол, без оглед дали се повеќе мажи или повеќе жени. Постоела во првобитното општество кога постоел групен брак со повеќе партнери од обете страни. Била доста распространета кај прими-

тивните народи во Африка, Азија, кај Индијанците во Америка и сл. Денеска со закон е допуштена за мажите во муслиманските земји. Во христијанските земји е забранета. Се јавува како полигинија и полиандрија.

### 948. ПОЛИГИНИЈА
*E. polygyny*
*F. polygynie*
*D. Polygynie*
*P. полигиния*

Брак помеѓу еден маж и повеќе жени.

### 949. ПОЛИС
*E. polis; city-state*
*F. polis*
*D. Polis; Stadt-Staat*
*P. полис*

Град-држава, специфична општествено-политичка заедница карактеристична за Античка Грција која обично го опфаќала градот и земјоделското земјиште во близината.

### 950. ПОЛИТБИРО
*E. politburo; political bureau*
*F. bureau politique*
*D. Politbüro*
*P. политбюро*

Извршен орган на политичка партија или друга политичка или општествена организација.

### 951. ПОЛИТЕИЗАМ
*E. polytheism*
*F. polythéisme*
*D. Polytheismus*
*P. политеизам*

Развоен степен на религијата кој што се карактеризира со верување во многу богови, а кој се појавува после анимизмот и тотемизмот, а пред монотеизмот.

### 952. ПОЛИТИКА
*E. politics; policy*
*F. politique*
*D. Politik*
*P. политика*

Свесна и организирана дејност насочена кон водење на заедничките општествени работи на државата, или на некој посебен дел, област или сл., за што се донесуваат одлуки и се води грижа за нивното извршување.

### 953. ПОЛИТИКАНСТВО
*E. petty politics*
*F. politiquerie*
*D. Politikastertum*
*P. политиканство*

Бавење со ситни, безначајни политички прашања, а ставање на втор план или потполно апстрахирање на крупни, битни политички прашања кое се заснова на лични и групни интереси, празна софистика и демагогија, што е во интерес на оние кои со тоа се служат.

### 954. ПОЛИТИЧАРИ
*E. politicians*
*F. politiques*
*D. Politiker*
*P. политики*

Луѓе кои практично и теоретски се бават со политика, вешти во управувањето со државата, државници. Преносно: снаодливи, вешти и претпазливи луѓе.

### 955. ПОЛИТИЧКА ЕКОНОМИЈА
*E. political economy*
*F. économie politique*
*D. politische Öekonomic; Staatswirtschaftslehre*
*P. политическая экономия*

Наука за законите на развитокот на одреден начин на производството, условите и формите под кои човечкото општество на одреден степен од својот развиток нужно произведува и ги разменува своите производи.

### 956. ПОЛИТИЧКА КРИЗА
*E. political crisis*
*F. crise politique*
*D. politische Krise*
*P. политический кризис*

Период кој настанува меѓу две влади во некоја земја. Обично се изјавува дека има политичка криза кога една влада престанала да биде способна да управува со работите било заради тоа што изгубила поддршка во парламентот или пак се распаднала владината коалиција на политичките партии.

### 957. ПОЛИТИЧКА ОДГОВОРНОСТ
*E. political responsibility*
*F. responsibilité politique*
*D. politische Verantwortlichkeit*
*P. политическая ответственность*

Одговорност на избраните лица, политички функционери и потесни политички тела за правилноста и ефикасноста на својата работа пред избирачите кои ги избрале, или пред оние кои ги именувале или поставиле.

**958. ПОЛИТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**
*E. political organization*
*F. organisation politique*
*D. politische Organisation*
*P. политическая организация*

Таков вид на организација која што си поставува за задача да оствари извесни политички цели. На пр.: државата, политичките партии, пратеничките клубови и сл.

**959. ПОЛИТИЧКИ ПЛУРАЛИЗАМ**
*E. political pluralism*
*F. pluralisme politique*
*D. politischer Pluralismus*
*P. политический плурализм*

Политички систем во кој постојат повеќе самостојни политички субјекти чија дејност е легална, кои изразуваат различни интереси, стојалишта, програми и определби во поглед на политичката организација на општеството и кои имаат или тежнеат да се здобијат со влијание врз текот на понатамошното одлучување.

**960. ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ**
*E. political system*
*F. systèm politique*
*D. politisches System*
*P. политическая система*

Систем на политички дејности, политички односи, начин на организирање на политичката власт (организации, институции), политичка култура кои се непосредно или посредно врзани за државата.

**961. ПОЛИТИЧКА СОЦИОЛОГИЈА**
*E. political sociology*
*F. sociologie politique*
*D. politische Soziologie; Gesellschaftslehre*
*P. политическая социология*

Посебна социологија која ја истражува поврзаноста на политичката активност на општествените субјекти во организираните општествени групи и надвор од нив, со други аспекти на општествениот живот, посебно од аспект на борбата за власт во државите и начинот на задоволување на општите потреби на членовите на општествената заедница.

**962. ПОЛИТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА**
*E. political philosophy*
*F. philosophie politique*



*D. politische Philosophie*
*P. политичка философия*

Област од филозофијата каде што се третираат содржината, карактеристиките и вредностите на политичките институции, пред се државата, прашањето за граѓанските слободи и права и за целите на политичкиот развој на општеството.

**963. ПОЛИТИЧКА ФУНКЦИЈА**
*E. political function*
*F. fonction politique*
*D. politische Funktion*
*P. политическая функция*

Збир од политички дејности или положби на некоја личност или политички орган кои се вршат со одредена политичка цел.

**964. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ**
*E. political parties*
*F. partis politiques*
*D. politische Parteien*
*P. политические партии*

в. Партија

**965. ПОЛИТИЧКИ ПРАВА**
*E. political rights*
*F. droits politiques*
*D. politische Rechte*
*P. политические права*

Права кои на граѓаните од една држава им овозможуваат да учествуваат во политичкиот живот на земјата како што се избирачкото право, слободата на здружување, слободата на зборот, печатот, правото на поднесување на петиции и сл.

**966. ПОЛИТИЧКИ РЕЖИМ**
*E. political regime*
*F. régime politique*
*D. politisches Regime*
*P. политический режим*

Начин на организирање на највисоката власт во државата, посебно во поглед на нејзиниот однос со народот. Посебни облици на политички режим се демократијата и автократијата.

**967. ПОЛИТИЧКО-ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА**
*E. politico-territorial division*
*F. division politico-territoriale*
*D. politische Gebietsgliederung*
*P. политико-территориальное деление*

Во поширока смисла: секоја поделба на една држава на потесни територијални

единици, почнувајќи од федералните, преку автономните до локалните самоуправни единици. Во потесна смисла: поделба на основни територијални единици (општини, околии, области) во чии рамки се организира локална или регионална самоуправа или се создаваат истурени органи на централната државна власт.

### 968. ПОЛИТИЧКО-ТЕРИТОРИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ
*E. politico-territorial units*
*F. unites politico-teritoriales*
*D. politish-territoriale Einheiten*
*P. политико-террито-риальние единицы*

Секоја територијална единица организирана во рамките на државата, која уживајќи својства на јавно-правно лице располага со организирана политичка власт.

### 969. ПОЛИТОЛОГ
*E. politologist*
*F. politicologue*
*D. Politologe*
*P. политолог*

Оној кој стручно, научно и професионално, се бави со науката за политиката.

### 970. ПОЛИТОЛОГИЈА
*E. politology*
*F. politologie*
*D. Politologie*
*P. политология*

Наука за политиката во сите нејзини облици, димензии и односи.

### 971. ПОЛИЦЕНТРИЗАМ
*E. polycentrism*
*F. polycentrisme*
*D. Polyzentrismus*
*P. полицентризм*

Принцип или практика според која во едно општество, заедница, држава, движење и сл. постојат повеќе автономни центри на одлучување.

### 972. ПОЛИЦИЈА
*E. police*
*F. police*
*D. Polizei*
*P. полиция*

Формација од лесно вооружени, подвижни и посебно обучени оружени сили, чија задача е да го чува јавниот ред и мир и како апарат за принуда да стои на располагање на власта заради остварување и почитување на нејзините одлуки со примена на сила во помал обем.



### 973. ПОЛИЦИСКА ДРЖАВА
*E. police state*
*F. Etat de police*
*D. Polizeistaat*
*P. полицейское государство*

Политички режим кој се карактеризира со самоволја на власта олицетворена во политичко-извршните органи, а посебно со полициска контрола на печатот, собирите, систем на прислушкување и следење на граѓаните, отсуство на сила на правните правила кои се значајни за уставно-правна држава.

### 974. ПОЛНОЛЕТСТВО
*E. majority; legal age*
*F. majorité*
*D. Volljährigkeit*
*P. совершенолетие*

Време кога поединец стекнува полна работна способност спрема правните прописи што важат во една општествена заедница (држава).

### 975. ПОЛОЖБА
*E. situation; position; condition; status*
*F. situation; position; statut; condition; état*
*D. Lage; Stand; Stellung; Position; Situation*
*P. положение*

Во социолошка смисла положба што поединците ја заземаат во општеството а која се јавува како збир на сите односи, врски и улоги кои поединецот ги има. Обично се мери вертикално на општествената скала, па постои висока, односно ниска положба.

### 976. ПОЛТРОН
*E. poltroon*
*F. poltron*
*D. Kriecher*
*P. полтрон*

Една од особините на кариеризмот која се карактеризира со ползење пред повисоките (претпоставените) и со додворување и улизување.

### 977. ПООПШТЕСТВУВАЊЕ
*E. socialization*
*F. socialisation*
*D. Sozialisierung; Verstaatlichung*
*P. обобществление*

Претворање во општествено на она што било приватно или со некој посредник (на пр. државата) отуѓено.

**978. ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО**
*E. census*
*F. dénombrement; recensement*
*D. Volkszählung*
*P. перепис населения*

Регистрирање на промените во популацијата кои настануваат со определен временски период кај целокупното население

**979. ПОПУЛАЦИЈА**
*E. population*
*F. population*
*D. Population*
*P. популяция*

Во статистичка смисла статичка маса, односно збир од сите одделни појавувања на една масовна појава која е предмет на статистичко проучување, за одреден простор и одредено време (пр. населението меѓу два пописа).2. Во демографска смисла:населението.

**980. ПОПУЛИЗАМ**
*E. populism*
*F. populisme*
*D. Populismus*
*P. популизм*

Политички движења кои се засноваат врз наводната волја на народот и кои обично се спротивставуваат на институционалниот облик на политичкиот живот.

**981. ПОРНОГРАФИЈА**
*E. pornography*
*F. pornographie*
*D. Pornographie*
*P. порнография*

Натуралистичко опишување, најчесто детално и без мерка, на блуд и блудници, опсцени ситуации, најчесто во литературата, филмот, сликарството и театарот. Се разликува од еротиката бидејќи опишува гол полов акт, при што сексот се користи да би се остварил профит.

**982. ПОРОТА**
*E. jury*
*F. jury*
*D. Geschworenen*
*P. суд прияжных*

Правосудна установа составена од судии лаици одредени за одредена постапка, што заедно со професионалните судии сочинуваат судски совет и судат и во граѓански спорови и во кривични процеси.

**983. ПОРОТНИК**
*E. juror*
*F. juré; membre d'un jury*
*D. Geschworene*
*P. присяжный*

Член на поротата т.е. судија - лаик, кој има слично право како судијата, но не учествува во сите фази на подготовката на судењето како редовните судии.

**984. ПОРТФЕЉ**
*E. portfolio*
*F. portefeulle*
*D. Portefeuille*
*P. портфель*

Име за ресор или орган на управа на чие чело стои министер.

**985. ПОСЕБНА СОЦИОЛОГИЈА**
*E. special sociology*
*F. sociologie particulière*
*D. separate Soziologie Spezialsozilogie*
*P. специальная социология*

Научна дисциплина која со социолошки методи истражува еден конкретен општествен феномен (ги проучува врските и односите на определената појава со општеството).

**986. ПОСИБИЛИЗАМ**
*E. possibilism*
*F. possibilisme*
*D. Possibilismus*
*P. посибилизм*

Струја во работничкото движење во Франција која се залагала не за револуционерни мерки и методи туку за реформи. Во 1882 година се одвоила и како посебна политичка организација. Нејзините интенции биле политичката дејност да ја сведе во рамките на "можност", односно да биде насочена кон непосредно реализирливи цели.

**987. ПОСРЕДНА ДЕМОКРАТИЈА**
*E. indirect democracy*
*F. démocratie indirecte*
*D. mittelbare Demokratie; indirekte Demokratie*
*P. посредственная демократия*

Демократски политички систем во кој за јавните и државните работи решава собрание кое на одреден рок го избира народот преку гласање.

**988. ПОТРОШУВАЧКА**
*E. consumption; spending*
*F. consommation*
*D. Verbrauch; Konsum*
*P. потребление*

Користење на одредено употребно добро заради задоволување на различни индивидуални и колективни потреби. Се разликуваат производна и непроизводна потрошувачка, лична и општествена.

**989. ПОТРОШУВАЧКО ОПШТЕСТВО**
*E. consumer society*
*F. société de consommation*
*D. Verbrauchergesellschaft*
*P. потребительское общество*

Ориентација на населението за зголемена потрошувачка на потрошни и инструментални вредности, следено со интензивирање на доживувањата на задоволство и уживање, не толку со самата консумација колку со фактот на можно самопотврдување во потрошувачкиот чин.

**990. ПРАВЕН ОДНОС**
*E. legal relation*
*F. rapport de droit*
*D. Rechtsverhältnis; Rechtsbeziehung*
*P. правовое отношение*

Општествен однос кој се одвива во форма и на начин како што е одредено со правни прописи.

**991. ПРАВЕН СИСТЕМ**
*E. legal system*
*F. système de droit*
*D. Rechtssystem*
*P. правовая система*

Збир од сите општи правни норми на едно позитивно право средени според нивната содржина.

**992. ПРАВНА НОРМА**
*E. legal norm*
*F. norme légale; norme de droit*
*D. Rechtssatz; Rechtsnorm*
*P. юридические норма*

Правило кое е дел од правниот систем, кое го донесува државата преку своите органи, пропишувајќи за граѓаните одреден начин на однесување, заканувајќи им се со санкција ако не му се придружуваат.

**993. ПРАВО**
*E. law; justice*
*F. droit*
*D. Recht; Rechtswissenschaft; Jus*
*P. право*

Систем на обврзни општествени прописи кои ги



донесуваат државните органи за да би можеле да обавуваат функции на власт и да ги регулираат односите на државната територија, обезбедувајќи го нивното почитување со помош на принудата со која располагаат.

**994. ПРАВОСЛАВИЕ**
*E. orthodoxy*
*F. orthodoxie*
*D. Orthodoxie*
*P. православие*

Покрај католицизмот, гранка на христијанството. Единственото христијанство почнува да се распаѓа уште 451, а раскол помеѓу источната (православна) и западната (католичка) црква постанал дефинитивен во 1054 година. За разлика од католичката црква православната нема единствена црковна организација. Афтокефалноста на православната црква се базира на 28 канон од халкедонскиот собор, кој ги одредува границите на црковните подрачја да се поклопуваат со државните граници. Денеска има 14 автокефални православни цркви.

**995. ПРАГМАТИЗАМ**
*E. pragmatism*
*F. pragmatisme*
*D. Pragmatismus*
*P. прагматизм*

Филозофски правец кој ја смета корисноста како критериум за вистинитоста и според кој целокупното наше сознание треба да се мери и цени по неговата практична вредност и корист во животот.

**996. ПРАИСТОРИЈА**
*E. pre-history*
*F. préhistoire*
*D. Urgeschichte*
*P. праистория*

Период од човековата историја за кој не постојат пишани документи и кој се поклопува со првобитното општество, односно го опфаќа периодот од настанокот на човекот и неговото одвојување од животинскиот свет и трае се до настанувањето на класното општество и државата.

**997. ПРАКТИКА**
*E. practice*
*F. pratique*
*D. Praktikum*
*P. практика*

Материјална општествена дејност со која луѓето ги обавуваат своите функции да

би задоволиле одредени општествени потреби.

**998. ПРАКТИЦИЗАМ**

*E. practicism*
*F. practicisme*
*D. Praktizismus*
*P. практицизм*

Одредена практика во разрешувањето на проблемите од случај до случај, каде што недостига јасна теоретска свест за општите вредности, цели и можности на општествениот развиток. Значи општественото движење да и се препушти на стихијата, во смисла на отсуство на способност успешно да се усогласува општествената практика.

**999. ПРАТЕНИК**

*E. representative*
*F. député*
*D. Gesandte*
*P. депутат*

Избран или именуван претставник којшто е ополномоштен од некој колектив, избирачко тело или државата.

**1000. ПРАТЕНИЧКО ПРАШАЊЕ**

*E. representative's question*
*F. question d'un député*
*D. Interpellation; Anfrage*
*P. депутатский вопрос*

Прашање што пратеникот го поставува до владата или некој раководен функционер или орган да даде одговор или информација за некој проблем од нивната надлежност. Тоа може да биде во усна или пишана форма и претставува одредено средство на контрола од страна на собранието над извршните органи.

**1001. ПРАЧОВЕК**

*E. primitive man; prehistoric man*
*F. homme primitif*
*D. Urmensch*
*P. прачеловек*

Предок на хомо сапиенс (на денешниот човечки род), кој се наоѓа на врвот на скалата на развојот на животинските видови.

**1002. ПРВОБИТНА АКУМУЛАЦИЈА**

*E. primitive accumulation*
*F. accumulation primitive*
*D. Urakkumulation*
*P. первоначальное накопление*

Преоден период од феудализмот во капитализмот, кој се карактеризира со одземање (најчесто со сила) на средствата за производство од непосредните производители - во прв ред селаните - за да се концентрираат во рацете на помал број сопственици, за да се обезбеди поголема ефикасност на производството.



**1003. ПРВОБИТНА ЗАЕДНИЦА**

*E. primitive society*
*F. société primitive*
*D. Urgemeinde; Urgesellschaft*
*P. первобытный общинный строй*

Општествено-економска формација која се карактеризира со општествени односи на соработка и заемно помагање, при крајно примитивни производствени сили. Долг временски период кој се протега од самите почетоци на појава на општествен начин на живеење, до времето кога во одделни конкретни општества се појавува експлоатацијата и се создаваат државите. Се дели на два периода: дивјаштво и варварство, а тие на по три степени - низок, среден и висок.

**1004. ПРЕАМБУЛА**

*E. preamble; recital*
*F. attendu (d'un accord)*
*D. Präambel*
*P. преамбила*

Дел од правен акт (по правило само на најважните акти) закон или устав, во кој се изнесува целта на актот и неговите основни начела и кои им претходат на конкретните прописи што ги содржи тој акт. Понекогаш уводен дел од меѓународен договор во кој се објаснети неговите најосновни поставки.

**1005. ПРЕАНИМИЗАМ**

*E. preanimism*
*F. preanimisme*
*G. Preanimismus*
*P. преанимизм*

Сфаќање според кое најпримитивниот облик на религијата е верувањето во мистериозни, безлични сили.

**1006. ПРЕВЕНТИВА**

*E. preventive*
*F. préventive*
*D. Verhütung*
*P. предупреждение*

Збир од институционализирани и организирани акции заради заштита на општествени вредности од евентуална опасност (болест, кражба, еколошка опасност и сл.).

**1007. ПРЕДГРАДИЕ**
*E. suburb*
*F. fauburg*
*D. Vorort*
*P. пригород*

Населба или збир на населби во близина на градот, територијално и функционално поврзани со него.

**1008. ПРЕЗИДЕНТ**
*E. president*
*F. président*
*D. Präsident*
*P. президент*

Назив за највисокиот претставник на извршната власт во некои буржоаски демократски републики, кои таа функција ја вршат одреден временски период.

**1009. ПРЕЗИДИУМ**
*E. presidium*
*F. présidium*
*D. Präsidium*
*P. президиум*

1.Претседателство,збир од лица избрани да раководат со состанок, одредено собрание или заседание.2. Раководен орган на некоја политичка организација, некоја установа или орган на државна власт.

**1010. ПРЕКРШОК**
*E. violation; infraction; delict*
*F. violation; infraction; délit*
*D. Vergehen; Verstoss; Verletzung*
*P. нарушение*

Во правниот систем - противправна дејност која правниот поредок ја санкционира поради нејзината општествена опасност.Прекршоците се со послаб интензитет односно помалку општествено опасни од кривичните дела.

**1011. ПРЕМИЕР**
*E. prime minister*
*F. premier*
*D. Premier; Premierminister; Ministerpräsident*
*P. премьер-министр*

Прв министер, односно претседател на министерскиот совет (претседател на влада) во државите.

**1012. ПРЕНАСЕЛЕНОСТ**
*E. overpopulation*
*F. surpeuplement; surpopulation*



*D. Übervölkerung*
*P. перенаселение*

Густината на населението на одреден географски простор, а што ги надминува природните и општествено-економските можности за нормален опстанок и општествен развој.

**1013. ПРЕОДЕН ПЕРИОД**
*E. transitional period*
*F. période de transition, période transitoire*
*D. Übergangsperiode; Übergangsstadium*
*P. переходный период*

Период помеѓу две општествено-економски формации во развитокот на некое конкретно општество кој го опфаќа времето на пропаѓање на формацијата што одминува и почетниот период од новата формација.

**1014. ПРЕПОТЕНТНОСТ**
*E. arrogance; conceitedness*
*F. arrogance*
*D. Präpotenz; Überheblichkeit*
*P. препотентность*

Особина на поединци да се однесуваат и чувствуваат дрско и надмоќно, иако реално немаат некои исклучителни способности.

**1015. ПРЕРОГАТИВИ**
*E. prerogatives*
*F. prérogatifs*
*D. Vorrecht; Prärogative*
*P. прерогативы*

Предности или исклучиво право, поврзано со некоја висока општествена положба да може да се преземе нешто независно од другите (на пр. владетелот да врши помилување и сл.).

**1016. ПРЕСЕДАН**
*E precedent*
*F. précédent*
*D. Präzedenzfall*
*P. преседан*

Нешто што порано се случило и што на подоцнешните слични случаи им служи како пример.

**1017. ПРЕСУДА**
*E. judgment; sentence*
*F. jugement; sentence*
*D. Urteil; Ausspruch; Aburteilung*
*P. присуждение*

Судска одлука со која се завршува судската постапка и мериторно се одлучува за

тужбеното барање, односно за предметот на постапката.

**1018. ПРЕСТИЖ**
*E. prestige*
*F. prestige*
*D. Prestige*
*P. престиж*

Угледот што во јавноста го ужива некое лице, група, организација или некоја општествена дејност, како на пр. лекар, научник и сл.

**1019. ПРЕТЕНДЕНТ**
*E. pretender; aspirant; claimant*
*F. prétendant*
*D. Prätendent*
*P. претендент*

Оној што полага право на нешто; принц кој полага право на престолот.

**1020. ПРЕТПРИЕМНИШТВО**

в: Менаџмент, бизнис.

**1021. ПРЕТСЕДАТЕЛ**
*E. president*
*F. président*
*D. Vorsitzende; Präsident;Vorsitzer*
*P. председатель*

Обично највисок раководен (или почесен) орган на некоја организација, установа или орган на државна власт.

**1022. ПРЕТСТАВНИЧКА ДЕМОКРАТИЈА**
*E. representative's democracy*
*F. démocratie des députés*
*D. Vertretungsdemokratie*
*P. представительная демократия*

Облик на политички режим во кој власта му припаѓа на народот. Претставничка демократија е таков систем во кој службените лица на државните органи се сфаќаат како претставници од народот, на власт доаѓаат како израз на народна волја, со избор од народот, така што е избран оној што добил мнозинство на изборите. Суштината на претставничката демократија е во претставувањето на народот, претставниците да ја извршуваат неговата волја, да го прават она што би го правел народот кога би можел да врши власт.

**1023. ПРИВАТЕН СЕКТОР**
*E. private sector*
*F. secteur privé*



*D. Privatsektor*
*P. частный сектор*

Сектор кој ги опфаќа оние установи што се непосредно поврзани со поединци, претставуваат предмет на нивната индивидуална активност и реализирање на нивните индивидуални интереси и цели.

**1024. ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ**
*E. private property*
*F. propriété privée*
*D. Privateigentum*
*P. частная собственость*

Сопственост со која располагаат, управуваат и ја користат поединци или посебни општествени групи.

**1025. ПРИВАТИЗАЦИЈА**
*E. privatization*
*F. privatisation*
*D. Privatisation*
*P. приватизация*

1. Користење на некоја јавна функција во приватни цели од страна оној што ја врши, односно кому му е доверена. 2.Преминување на државна или општествена сопственост во приватна.

**1026. ПРИВИЛЕГИЈА**
*E. privilege*
*F. privilége*
*D. Privileg; Vorrecht*
*P привилегия*

Погодност што некој субјект или групи ја уживаат врз основа на правните прописи или други општествени правила и на тој начин го става во повластена положба наспрема другите општествени субјекти.

**1027. ПРИЈАТЕЛСТВО**
*E. friendship*
*F. amitié*
*D. Freundschaft*
*P. дружба*

Блиска социјална, релативно трајна врска меѓу две или повеќе лица која се одликува со заемна доверба, солидарност, сличност на ставовите и вредностите и потреба за заемни контакти.

**1028. ПРИМАРНА ГРУПА**
*E. primary group*
*F. groupe primaire*
*D. primäre Gruppe*
*P. первичная группа*

Овој поим го внесува во социологијата американскиот

социолог Ч. Кули. Примарни групи ги нарекол затоа што единката во нив влегува како дете (пр. семејството) и низ кои се одвива процесот на социјализација. Првобитното значење подоцна се проширува за сите групи што ги карактеризираат директни, блиски и интимни контакти; имаат релативна трајност, без оглед на возраста.

**1029. ПРИМЕНЕТА СОЦИОЛОГИЈА**

*E. applied sociology*
*F. sociologie appliquée*
*D. angewandte Soziologie*
*P. прикладная социология*

Примена на сознанијата и резултатите до кои дошла социологијата како наука во разрешувањето на одделни општествени проблеми. Таа ја отвора можноста за систематизирање на тие знаења во определен научен (теориски) дискурс.

**1030. ПРИМИТИВЕН МЕНТАЛИТЕТ**

*E. primitive mentality*
*F. mentalité primitive*
*D. primitive Mentalität*
*P. примитивньй менталитет*

Менталитетот, односно особините на поединци кои потекнуваат од пониски културни средини, а преку општествената подвижност се нашле во општествени групи со повисока култура, кон која или сé уште не се приспособиле или кон која воопшто не можат да се приспособат.

**1031. ПРИМИТИВНО ОПШТЕСТВО**

*E. primitive society*
*F. société primitive*
*D. primitive Gesellschaft*
*P. примитивное общество*

Обично се однесува за првобитното општество. Општествени заедници или општествени групи кои се наоѓаат на низок степен од својот развој.

**1032. ПРИНЦИПАЛ**

*E. principal*
*F. principal*
*D. Prinzipal*
*P. принципал*

Главната личност, поглаварот, управникот, посебно управник на училиште, домаќин на куќа и сл.

**1033. ПРИНУДА**

*E. force; compulsion*
*F. contrainte*



*D. Zwang; Nötigung*
*P. принуждение*

Постапка со која некој субјект се поттикнува нешто да направи, со закана дека ако тоа не го направи ќе биде загрозен неговиот личен или материјален интегритет, или на негови поблиски.

**1034. ПРИРОДНА ПОЈАВА**

*E. natural phenomenon*
*F. phénomène naturel*
*D. Naturerscheinung; Naturphänomen*
*P. естественное явление*

Сите појави во природата кои се одвиваат независно од човековата волја и свест, кои се стихијни, несвесни.

**1035. ПРИРОДНИ НАУКИ**

*E. natural sciences*
*F. sciences naturelles*
*D. Naturwissenschaften*
*P. естественные науки*

Сите науки што ги проучуваат законитостите што се манифестираат кај природните појави, значи на кои им е предмет природата и нејзините законитости.

**1036. ПРИРОДНО ПРАВО**

*E. natural low*
*F. droit naturel*
*D. Naturrecht*
*P. естесвенное право*

Право кое, според некои правни теоретичари, постои независно од волјата на луѓето или државата и кое право луѓето го стекнуваат врз основа на својата непроменлива природа (на пр. право на живот, право на сопственост и сл.).

**1037. ПРИТВОР**

*E. temporary arrest; custody; detention*
*F. prison préventive; arrestation provisoir; detention préventive*
*D. Schutzhaft; Vorhaft; Untersuchungshaft*
*P. предварительное заключение*

Превентивно лишување од слобода на лице за кое постои основано сомневање дека извршило кривично дело.

**1038. ПРОВИЗИЈА**

*E commission; fee*
*F. commission; courtage*

*D. Provision*
*P. провизия*

Процент за извршена работа, кој се дава како награда за труд на посредникот за таа работа (агент, комисионер и сл.).

**1039. ПРОВИНЦИЈА**
*E. province*
*F. province*
*D. Provinz; Hinterland*
*P. провинция*

1. Покраина, односно управно подрачје со одредена самоуправа.2. Во Римското царство подрачје под управа на претставник на царската власт, која е освоена или наследена.

**1040. ПРОВОКАЦИЈА**
*E. provocation*
*F. provocation*
*D. Provokation; Herausforderung*
*P. провокация*

1. Предизвикувачко однесување.2. Предизвикување, поттикнување, наговарање некого да изврши некое противзаконито дело или акт кој обично не би го извршил или не во облик во кој е извршен и на местото на кое е извршен.

**1041. ПРОГОНСТВО**
*E. exile; banishment*
*F. bannissement; expulsion*
*D. Verbannung; Ausweisung*
*P. изгнание*

Акт кога поединец или група ќе бидат протерани од пошироката заедница. Најтешка мерка што ја применувало родовското општество, а подоцна и некои држави.(Исто: изганство)

**1042. ПРОГРЕС**
*E. progress*
*F. progrès*
*D. Fortschritt*
*P. прогресс*

Таков вид на општествена промена кога доаѓа до пораст на материјалните и духовните добра (блага), пораст на животниот стандард, развиток на политичките слободи, зголемување на културното и образовното ниво на населението и други форми на човеково напредување.

**1043. ПРОДУКТИВНОСТ НА ТРУДОТ**
*E. productivity of labour*
*F. productivité du travail*
*D. Produktivität der Arbeit*
*P. прозводительность труда*



Креативна сила на трудот која ни покажува со кое количество на труд и потрошок на средства се изработува единица на производ. Зависи од повеќе фактори, меѓу кои најзначајни се: квалификационата структура на вработените и степенот на нивната умешност, развојот на науката и нејзината технолошка применливост, општествената организација на производството, природното богатство и сл.

**1044. ПРОДУКЦИЈА**
*E. production*
*F. production*
*D. Erzeugung; Produktion*
*P. продукция*

Во најопшта смисла: производство.
(в. Производство)

**1045. ПРОДУКЦИОНИ ОДНОСИ**

в. Производствени односи.

**1046. ПРОЕКТ**
*E. project*
*F. projet*
*D. Entwurf; Projekt*
*P. проект*

Претходна фаза на секоја организирана општествена активност, во текот на која се прават планови за димензиите на активноста, за средствата што ќе се употребат, за целите што треба да се остварат и нејзините носители.

**1047. ПРОЕКЦИЈА**
*E. projection*
*F. projection*
*D. Projektion*
*P. проекция*

Општествена активност со која се изготвуваат планови за димензиите на активноста, средствата што ќе се користат, целите што треба да се остварат и носителите што ќе ја реализираат таа општествена акција.

**1048. ПРОИЗВОДИТЕЛ**
*E. producer*
*F. producteur*
*D. Erzeuger; Hersteller*
*P. производитель*

Лице што се занимава со материјално производство, односно со приспособување на предметите од природата кон човековите потреби.

**1049. ПРОИЗВОДНИ СИЛИ**
*E. forces of production*
*F. forces productives*

*D. Produktivkräfte*
*P. производителные силы*

Единство на субјективните и објективните фактори и услови на производството.

### 1050. ПРОИЗВОДСТВЕНИ ОДНОСИ

*E. relations of production*
*F. rapports de production*
*D. Produktionsverhältnisse*
*P. производственные отношения*

Односите на луѓето во економската сфера на општествениот живот (во областа на општественото производство), во кои тие стапуваат нужно и независно од својата волја.

### 1051. ПРОИЗВОДСТВО

*E. production*
*F. production*
*D. Erzeugung; Herstellung*
*P. производство*

Процес на труд при кој луѓето природната материја ја приспособуваат кон своите потреби. Луѓето се принудени да произведуваат, бидејќи во природата не можат да се најдат во потребното количество и форма соодветни производи.

### 1052. ПРОКЛАМАЦИЈА

*E. proclamation*
*F. proclamation*
*D. Kundmachung; Bekanntmachung; Proklamation*
*P. прокламация*

Свечена објава, проглас или јавно соопштение на шефот на извршната власт на една држава за работи што имаат општо значење.

### 1053. ПРОЛЕТАРИЈАТ

*E. proletariate*
*F. prolétariat*
*D. Proletariat*
*P. пролетариат*

Синоним за работничката класа во капиталистичките општества.

### 1054. ПРОЛЕТЕР

*E. proletarian*
*F. prolétaire*
*D. Proletarier*
*P. пролетарий*

Во најопшто значење - припадник на најниската класа во секое класно општество. Во потесна смисла, припадник на најсиромашната класа на мануелни индустриски работници во капиталистичкото општество.



### 1055. ПРОЛЕТЕРСКА ДРЖАВА

*E. proletarian state*
*F. état prolétaire*
*D. proletarischer Staat*
*P. пролеарское государство*

Државата што во првата етапа од изградбата на социјализмот ја воспоставува пролетеријатот и која добива значајна улога во стопанскиот и севкупниот општествен развиток.

### 1156. ПРОЛЕТЕРСКА РЕВОЛУЦИЈА

*E. proletarian revolution*
*F. révolution prolétaire*
*D. proletarische Revolution*
*P. пролетарская революция*

Синоним за социјалистичка револуција. Таква општествена преобразба со која се укинуваат претпоставките на капиталистичкиот начин на производство и присвојување, класната поделба и доминација.

### 1057. ПРОМИСКУИТЕТ

*E. promiscuity*
*F. promiscuité*
*D. Promiscuität*
*P. промискуитет*

Полна слобода за одржување на сексуални односи помеѓу повеќе членови на една група без регулирани врски, роднински или генерациски забрани.

### 1058. ПРОПАГАНДА

*E. propaganda*
*F. propagande*
*D Propagande*
*P. пропаганда*

Свесно, плански организирано настојување кај голем број индивидуи да се формираат или изменат некои ставови или уверенија, односно да се поттикнат кон одредено однесување и тоа по правило такво што е во интерес на оној што врши пропаганда.

### 1059. ПРОПРИЕТЕТ

*E. propriety*
*F. propriété*
*D. Proprietät*
*P. проприетет*

Во најопшта смисла: сопственост, право на сопственост.

### 1060. ПРОРОК

*E. prophet*
*F. prophète*
*D. Propheit; Weissager*
*P. пророк*

1. Човек кој врз основа на некои сопствени прови-

дение или без реална основа предвидува постапки од иднината.2. Во потесна смисла: лице кое проповеда некоја објавена религија. За пророците се верува дека пораките ги добиваат директно од бога, односно божеството пораките им ги соопштува на оние што се упатени, било тоа да го чини во самото светилиште или патувајќи по земјата.

**1061. ПРОСВЕТА**
*E. education*
*F. éducation*
*D. Bildung*
*P. просвещение*

Вообичаено: образование, воспитание и наука. Често се поврзува со некои филозофски правци кои во просветата гледаат решавачка сила која ќе ги промени општествените односи во посакувана насока, односно кон создавање на "добро општество", независно од другите општествени фактори.

**1062. ПРОСПЕРИТЕТ**
*E. prosperity*
*F. prosperité*
*D. Prosperität*
*P. просперитет*

Општ успех, напредок, благосостојба, во вршењето на стопанската и други дејности во дадена заедница.

**1063. ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА**
*E. simple reproduction*
*F. reproduction simple*
*D. einfache Reproduktion*
*P. простая репродукция*

Производството кое се врши во неизменет обем и кај кое не постои додатно ангажирање на фактори на производството и целокупниот вишок се троши за лична потрошувачка.

**1064. ПРОСТИТУЦИЈА**
*E. prostitution*
*F. prostitution*
*D. Prostitution*
*P. проституция*

Социопатолошка појава, каде што најчесто жената го продава своето тело за вршење на полови односи во вид на занает, при што отсуствува емотивниот фактор.

**1065. ПРОТЕКТОРАТ**
*E. protectorate*
*F. protectorat*
*D. Protektorat*
*P. протекторат*

Формално покровителство на посилна држава во однос на послаба; фактички покровителството е облик на независност кој насилно им се наметнува на одредени земји. Значи, се работи за зависна членка во сложена држава која не извршува некои значајни функции (надворешни работи, управување на армијата и сл.).

**1066. ПРОТЕКЦИЈА**
*E. protection*
*F. protection*
*D. Protektion*
*P. протекция*

Заштита, помош, потпора, препорака или покровителство што некое влијателно лице некому му го укажува.

**1067. ПРОТЕКЦИОНИЗАМ**
*E. protectionism*
*F. protectionisme*
*D. Protektionismus*
*P. протекционизм*

Систем на трговската политика на една земја на кој му е целта да ги заштити домашните индустриски и земјоделски производи од странска конкуренција со воведување на високи увозни царини за увезената стока, а и со субвенции, со регрес на извозот.

**1068. ПРОТЕСТ**
*E. protest*
*F. protêt*
*D. Protest*
*P. протест*

1. Енергичен приговор против дејствување на некого кое се смета за неправилно.2. Еднострано формално соопштение на една држава до друга со што се оспорува полноважноста на еден извршен или со намера да се изврши правен акт, постапка или држење.

**1069. ПРОТЕСТАНТ**
*E. protestant*
*F. protestant*
*D. Protestant*
*P. протестант*

Член на протестантска црква која ги опфаќа сите христијански верски учења кои се одделиле од католицизмот во времето на реформацијата во XVI век. Протестанти се членовите на лутеранската, англиканската, калвинистичката, баптистичката црква итн.

**1070. ПРОТЕСТАНТСТВО**

*E. protestantism*
*F. rotestantisme*
*D. Protestantismus*
*P. протестантство*

Една од трите основни гранки на христијанството (заедно со католицизмот и христијанството чии припадници наспроти цврстата улога на верската организација ја нагласуваат самостојната улога на поединецот во контактот на човекот со Бога.

**1071. ПРОТИВРЕЧНОСТ**

*E. contradiction*
*F. contradiction*
*D. Widerspruch*
*P. противоречие*

Облик на спротивности од поголем интензитет кои не само што се обусловуваат една од друга, туку се и заострени, се исклучуваат меѓусебно.

**1072. ПРОФЕСИЈА**

*E. profession*
*F. profession*
*D. Professio; Beruf*
*P. профессия*

Дејност со која се бават поединци во вид на специјалност за да вршат некоја општествена функција, задоволувајќи одредена општествена потреба и како надомест за тоа да добиваат средства потребни за живот за себе и за семејството.

**1073. ПРОФИТ**

*E. profit; gain*
*F. profit; gain; bénéfice*
*D. Gewinn*
*P. прибыль*

Назив за појавната форма на вишокот на вредноста кој се реализира во трговијата како одвишок на остварениот приход над вкупнитепроизводствени трошоци.

**1074. ПРОХИБИЦИЈА**

*E. prohibition*
*F. prohibition*
*D. Prohibition*
*P. прохибиция*

Се однесува за забрана на производство и продавање на алкохолни пијачки. Како израз настанат во САД во 1920 г. кога со уставен амандман е забранeто производство, продавање и уживање на алкохолни пијачки.Како мерка доживеала полн неуспех и е укината во 1933 година.



**1075. ПРОЦЕС**

*E. process; (court) trial*
*F. processus; procès; instance*
*D. Prozess*
*P. процесс*

1. Доследна измена на состојбата, тесна врска меѓу закономерно последованите стадиуми во развитокот или работата, кои претставуваат непрекинато единствено движење.2. Судска расправа.

**1076. ПРУДОНИЗАМ**

*E. prudhonism*
*F. prudhonisme*
*D. Prudhonismus*
*P. прудонизм*

Економско-филозофско учење на францускиот мислител П.Ж.Прудон, автор на изреката "сопственоста е кражба". Ја негира потребата од државата и политичко организирање на општството, а истовремено проповеда реформи на капитализмот на мирен начин низ работнички асоцијации, народни банки и бесплатни кредити.

**1077. ПСИХОАНАЛИЗА**

*E. psychoanalysis*
*F. psychanalyse*
*D. Psychoanalyse*
*P. психоанализ*

Расчленување на психата со цел што подобро да се разберат и запознаат нејзините особености со што се открива скриеното, заборавеното и во потсвеста потиснатото во душевниот живот, како и несвесните желби и нагони, посебно сексуалните, кои не биле задоволени, предизвикувајќи на тој начин патолошки појави.

**1078. ПСИХОДРАМА**

*E. psychodrama*
*F. psychodrame*
*D. Psychodrama*
*P. психодрама*

Вид на групна психотерапија каде што на одредени лица им се дава да играат некоја улога сообразно со нивната улога во животот, со што се постигнува испитување на однесувањето на тие лица во поволни околности и своевидно лекување на тие луѓе.

**1079. ПСИХОЛОГИЗАМ**

*E. psychologism*
*F. psychologisme*
*D. Psychologismus*
*P. психологизм*

Сфаќање според кое психологијата е основа на социологијата и дека сите

други науки се всушност применета психологија, па според тоа таа е единствена наука.

**1080. ПСИХОЛОШКА ШКОЛА**

*E. psychological school*
*F. école psychologique*
*D. psychologische Schule*
*P. психологическая школа*

Во социологијата - збир од сите социолошки теории на кои им е заеднички обидот психолошките појави и процеси и врз нив заснованото однесување на луѓето да го прогласат за основна движечка сила на општествениот развој. Најзначајни теории од психолошката школа се индивидуално-психолошката, колективно-психолошката и социјално-психолошката.

**1081. ПСИХОЛОШКИ ПРАВЕЦ**

*E. psychological trend*
*F. mouvement psychologique*
*D. psychologische Richtung*
*P. психологическое направление*

Гранка во социологијата која општествените појави и процеси ги објаснува било со помош на психологијата на поединците (индивидуално - психолошка варијанта) или со психологијата на групата, колективот, колективна свест (колективно-психолошка варијанта).

**1082. ПСИХОНЕВРОЗА**

*E. psychoneurosis*
*F. psychoneurose*
*D. Psychoneurose*
*P. психонервоз*

Долготрајна реактивна психопатолошка состојба кај некои психопатски личности предизвикана од интрапсихички конфликти или надворешни психички дразби, а манифестирана во повремени благи или тешки органски или невровегетативни, емоционално-афективни и нагонски растројства.

**1083. ПСИХОПАТИЈА**

*E. psychopathy*
*F. psychopathie*
*D. Psychopathie*
*P. психопатия*

Страдање, душевна болест, или душевна или психичка настраност.

**1084. ПУБЛИКА**

*E. public*
*F. public*
*D. Publikum*
*P. публика*



Оние што читаат но и оние што гледаат, слушаат и сл., јавноста, народот.

**1085. ПУБЛИЦИСТИКА**

*E. publicistics*
*F. publicistique*
*D. Publizistik*
*P. публицистика*

Литературна дејност од практична природа која се занимава со актуелни настани од општествениот живот, со цел да информира, воспитува, да врши пропаганда или да забавува.

**1086. ПУРИЗАМ**

*E. purism*
*F. purisme*
*D. Purismus*
*P. пуризм*

Претерано настојување некој јазик да се исчисти од непотребни туѓи зборови, изрази, лошо образувани зборови; претераност во барањето за чистота на говорот.

**1087. ПУРИТАНИЗАМ**

*E. puritanism*
*F. puritanisme*
*D. Puritanismus*
*P. пуританизм*

1. Религиско учење кое се развило во XVI век во Англија, барајќи од своите следбеници во животот и да се придржуваат кон аскетизмот и да ги одбегнуваат неговите пријатни страни.2. Претерана строгост во верноста кон поставените начела и обичаи.

**1088. ПУЧ**

*E. putsch*
*F. pusch*
*D. Putsch*
*P. путч*

Облик на промена на највисоките носители на власта во државата, за која е карактеристично што се врши ненадејно, нелегално и насилно од групи кои не потекнуваат од врвот на државниот апарат. Обично се случуваат во земји со нестабилни општествено-економски и политички системи и земји каде што на власт се воени режими.

# Р

## 1089. РАБОТА

*E. work; labour*
*F. travail*
*D. Arbeit; Geschäft*
*P. труд; работа*

Целесообразна човечка дејност насочена кон изработка на орудија и други употребни вредности. Основен услов за опстанок и развиток на општеството и една од битните црти по кои се разликува човекот од животинскиот свет. (Исто: труд)

## 1090. РАБОТЕН КОЛЕКТИВ

*E. workers collective*
*F. collectif de travail*
*D. Arbeitskollektiv*
*P. трудовой коллектив*

Група од луѓе кои во рамките на единствениот процес на поделбата на трудот имаат заеднички интереси. Ги опфаќа сите членови од некоја работна организација иако поимот ги опфаќа и општествените односи, односно го изразува се она што се случува во врска со процесот на производството.

## 1091. РАБОТЕН НАРОД

*E. working people*
*F. peuple travailleur*
*D. werktätiges Volk; die Werktätigen*
*P. трудовой народ*

Заедничко име за различни општествени слоеви кои средства за своја егзистенција стекнуваат врз основа на сопствен труд.

## 1092. РАБОТЕН ОДНОС

*E. labour relationship*
*F. rapport de travail*
*D. Arbeitsverhältnis*
*P. трудовое отношение*

Однос што настанува помеѓу работодавачот и работникот во процесот на трудот.

## 1093. РАБОТЕН СТАЖ

*E. years of service; length of service*
*F. stage de travail*
*D. Dienstjahre*
*P. трудовой стаж*

Определено време кое-што работникот мора да го помине на работа за да се здобие со определени права (пензија, годишен одмор и сл.).

**1094. РАБОТНА АКЦИЈА**
*E. voluntary youth work drive*
*F. chantier de jeunesse*
*D. Jugendarbeitsaktion*
*P. трудова кампания*

Масовно и доброволно ангажирање на младината и граѓаните за изградба на стопански, сообраќајни, културни и други објекти.

**1095. РАБОТНА ДИСЦИПЛИНА**
*E. labour discipline*
*F. discipline de travail*
*D. Arbeitsdisziplin*
*P. рабочая дисциплина*

Воведување ред при вршењето на некоја работа или во рамките на работењето на некоја работна организација.

**1096. РАБОТНА ЗАЕДНИЦА**
*E. work community; working community*
*F. collectivité de travail, communauté de travail,*
*D. Arbeitsgemeinschaft*
*P. трудовое содржество*

в. Работен колектив

**1097. РАБОТНА ЕДИНИЦА**
*E. work unit*
*F. unité de travail*
*D. Arbeitseinheit*
*P. трудовая единица*

Дел од РО каде што се прозведува дел од некој производ или по некои други белези и критериуми претставува одредена целина, но не ги исполнува условите да биде претпријатие.

**1098. РАБОТНА НОРМА**
*E. work quote*
*F. norme de travail*
*D. Arbeitsnorm*
*P. трудовая норма*

Однапред одреден работен ефект што треба да го реализираат еден или повеќе работници за одредено работно време, при одредени технички и организациони услови на стопанисување, рационална употреба на средствата за производство и одреден квалитет на производите.



**1099. РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА**
*E. work organization*
*F. organization de travail*
*D. Arbeitsorganisation*
*P. трудовая организация*

Самостојна организација на работници поврзани со заеднички интереси во работата и организирани во посебни работни целини во нејзиниот состав, или непосредно поврзани со единствен процес на труд.

**1100. РАБОТНА СИЛА**
*E. labour force; labour work force; manpower*
*F. main d'ouevre; force de travail*
*D. Arbeitskraft*
*P. рабочая сила*

1. Работна способност, односно збир на сите физички и умствени способности на човекот што ги става во движење за да произведе употребни добра (блага).2. Вкупен број работници на пазарот во некое одредено време.

**1101. РАБОТНИК**
*E. worker; labourer*
*F. travailleur; ouvrier*
*D. Arbeiter*
*P. рабочий; работник*

1. Во поширока смисла - човек што се занимава со некаква дејност, било физичка или интелектуална.2. Вообичаен термин за непосреден производител и припадник на работничката класа.

**1102. РАБОТНИЧКА АРИСТОКРАТИЈА**
*E. workers aristocracy*
*F. aristocratie ouvriére*
*D. Arbeiteraristokratie*
*P. рабочая аристократия*

Тесен слој на припадници од работништвото на кој буржоазијатаму овозможува повисок животен стандард и подобри услови за работа. На тој начин работодавателите ги корумпираат членовите и функционерите на позначајните работнички синдикати и политички партии.

**1103. РАБОТНИЧКА ДРЖАВА**
*E. worker's state*
*F. état ouvrier*
*D. Arbeiterstaat*
*P. рабочее государство*

Поим поврзан со политичката филозофија на А. Грамши, кој непосредно по првата светска војна за Ита-

лија формулира програма за обнова и притоа ја истакна улогата на пролетаријатот како нова сила историски повикана да ја преземе на себе одговорноста како раководна класа и создаде нова држава, за подоцна да воведе работничко самоуправување, кое е неостварливо во институциите на капиталистичката држава.

**1104. РАБОТНИЧКА КЛАСА**

*E. working class*
*F classe ouvriere*
*D. Arbeiterklasse*
*P. рабочий класс*

Класа која нема средства за производство и живее од изнајмување на трудот.

**1105. РАБОТНИЧКИ ПАРТИИ**

*E. workers'parties*
*F. parties ouvrieres*
*D. Arbeiterparteien*
*P. рабочие партии*

Политички партии што ги изразуваат интересите на работничката класа. Не се политички партии во вообичаената смисла на зборот, затоа што се стремат да ја освојат политичката власт но не за да реализираат некои парцијални интереси, туку настојуваат со помош на власта коренито да ги изменат општествените односи.

**1106. РАБОТНИЧКИ СИНДИКАТИ**

*E. trade unions; labour unions*
*F. syndicats ouvriers*
*D. Arbeitergewerks chaften*
*P. рабочие професоюзы*

Најмасовен облик на организирање на работниците кој ги претставуваат нивните економски интереси, водејќи борба за нивно остварување.

**1107. РАБОТНИЧКО ДВИЖЕЊЕ**

*E. labour movement*
*F. mouvement ouvrier*
*D. Arbeiterbewegung*
*P. рабочее движение*

Движење на работничката класа (настанато во средината на XIX век) за нејзино ослободување и човечка еманципација воопшто. Се јавува во функција на борбата помеѓу капиталот и трудот, буржоазијата и пролетаријатот.

**1108. РАБОТНИЧКО САМОУПРАВУВАЊЕ**

*E. worker's self-management*
*F. autogestion ouvriere*



*D. Arbeiterselbstverwaltung*
*P. рабочее самоуправление*

Општествен однос во социјализмот кога работниците во разни општествени установи и работни организации претходно управувани од државата сами управуваат со нив, со помош на свои органи. Самоуправувањето се остварува на тој начин што во секоја установа работниот колектив одлучува директно за сите работи, со тоа што извршувањето им припаѓа на органите избрани од неговите редови.

**1109. РАБОТНО ВРЕМЕ**

*E. working hours*
*F. temps de travail; durée de travail*
*D. Arbeitszeit*
*P. рабочее время*

Времето во кое се создаваат материјални добра или се врши друга општествено корисна дејност со која се обезбедува материјална егзистенција.

**1110. РАДИКАЛ**

*E. radical*
*F. radical*
*D. radikal*
*P. радикал*

1. Оној што бара да навлезе подлабоко во проблемите и односите и бара суштинско објаснување и битно менување. 2. Во политичка смисла поединец кој застапува идеи за суштинско политичко, социјално, економско, научно, културно и сл. истражување и промена.

**1111. РАДИКАЛИЗАМ**

*E. radicalism*
*F. radicalisme*
*D. Radikalismus*
*P. радикализм*

1. Стојалиште кое се истакнува со екстремно формулирање на тезите, идеите и мислењата и со екстремен начин на нивно реализирање. 2. Насоченост на општествената и политичката акција кон темелни преобразувања на постојната состојба.

**1112. РАДИО**

*E. radio*
*F. radio*
*D. Rundfunk*
*P. радио*

Едно од најраспространетите аудио средства за масовна комуникација по пат на емитирање на посебна

програма (говорна и музичка). Во поширока смисла секое средство за аудио-комуникација;

### 1113. РАЗВОД НА БРАК
*E. divorce*
*F. divorce (dų couple)*
*D. Scheidung;Ehescheidung*
*P. развод брака*

Постапка со која бракот се прогласува за неважечки. Бракот се разведува ако двајцата партнери уште се живи.

### 1114. РАЗМЕНА
*E. exchange*
*F. échange*
*D. Austausch; Tausch*
*P. обмен*

Фаза од општествената репродукција во која поединци, групи или општствени заедници ги разменуваат своите производи, директно или со посредство на пари. Размената е алка помеѓу производството и потрошувачката.

### 1115. РАЈА
*E. the masses; common folk*
*F. peuple*
*D. Rajah; bettelarmes Volk*
*P. райя; райяты*

Име на припадниците на покорените народи, главно селани, во османлиското царство. Денеска повеќе се употребува како синоним за сиромашна, обесправена маса, потчинет народ.

### 1116. РАМНОПРАВНОСТ
*E. equality*
*F. égalité en droits*
*D. Gleichberechtigung*
*P. равноправие*

Еднаквост во правата и должностите на граѓаните. Во современи услови основен принцип на демократскиот и политичкиот живот воопшто.

### 1117. РАМНОТЕЖА
*E. balance; equilibrium*
*F. équilibre*
*D. Gleichgewicht*
*P. равновесие*

Општествена состојба која се одликува со постоење на внатрешни спротивности што се наоѓаат во состојба на еднаква интензивност. Тие спротивности го движат општествениот систем но бидејќи се со иста јачина не се во состојба да го изменат туку го враќаат во поранешната состојба. Станува збор за динамичка рамнотежа во структурата на општеството, кон која се стреми секој општествен систем.



### 1118. РАНГ
*E. rank; grade*
*F. rang*
*D. Rang*
*P. ранг*

Степен, редослед. За да се рангираат податоци значи на секој податок вонизата да му се придружи реден број кој се одредува според големината на податоците (кога е можно) или според нивната важност. Можат да се рангираат квалитативни и квантитативни податоци.

### 1119. РАСА
*E. race*
*F. race*
*D. Rasse*
*P. раса*

Заедница од луѓе со заеднички морфолошки особини, а настанати со текот на еволуцијата на човекот како приспособување кон животните услови во одредени географски средини. Поделбата на раси е доста сложена и кај различни научници различна. Но повеќето издвојуваат три големи раси - европеиди, негроиди и монглоиди, во обичниот говор изразени како бела, црна и жолта раса.

### 1120. РАСИЗАМ
*E. racism*
*F. racisme*
*D. Rassenhass*
*P. расизм*

Псевдонаучна општествено-политичка теорија која расите вредносно ги диференцира на инфериорни и супериорни (што е божем последица на биолошките расни особини кои ја определувале културната и историската мисија на даден народ). Ги оправдува империјалистичките освојувања и експлоатацијата на т.н. безвредни нации, кои се прогонувани и истребувани. Расизмот беше во основата на националсоцијалистичката идеологија и практика во периодот на Хитлеровиот режим во Германија.

### 1121. РАСНА ДИСКРИМИНАЦИЈА
*E. racial diskrimination*
*F. discrimination raciele*
*D. Rassendiskriminierung*
*P. расовая дискриминация*

Различно постапување спрема одделни народи врз

основа на нивната расна или национална припадност,односно оспорување или ограничување на нивните права на рамноправност со другите народи.

**1122. РАСПРЕДЕЛБА**
*E. distribution*
*F. répartition*
*D. Teilung; Verteilung*
*P. распределение*

Фаза од општествената репродукција која ги поврзува производството и потрошувачката распределувајќи ги производите на трудот помеѓу политичко-територијалните заедници, работните организации и членовите на општеството. Таа зависи од начинот на производство и сразмерот на производство на одделни добра и услуги.

**1123. РАТИФИКАЦИЈА**
*E. ratification*
*F. ratification*
*D. Ratifizierung; Ratifikation*
*P. ратификация*

Акт со кој државен орган овластен за тоа со уставот го одобрува меѓународниот договор (спогодба) склучен во негово име.

**1124. РАЦИО**
*E. reason; intellect; sense*
*F. raison; intellect; sens*
*D. Verstand; Vernuft*
*P. рацио*

Способност со која човекот познава, суди и го детерминира своето однесување. Со негова помош човекот разликува добро од лошо, вистинско од лажно.

**1125. РАЦИОНАЛИЗАМ**
*E. racionalism*
*F. rationalisme*
*D. Rationalismus*
*P. рационализм*

Филозофски правец (односно теорија на познанието),кој го отфрла сетилното искуство а кој тврди дека објективната стварност може да ја (с)познае само со мислењето, односно познанието е дадено само во нашиот ум, разум, интелект.

**1126. РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА**
*E. rationalization*
*F. rationalisation*
*D. Rationalisierung*
*P. рационализация*

1.Збир од мерки за поправање, упростување и поевтинување на процесот на производство, зголемување на производите на трудот и постигање на производство од повисок квалитет.2. Специфичен психолошки одбранбен механизам кој се состои во тоа што личноста се самооправдува и ослободува од вина.3. Во најширока смисла - економичност, подобрување.

**1127. РАЦИОНАЛНОСТ**
*E. rationality*
*F. rationnelité*
*D. Zweckmässigkeit; Rationalität*
*P. рациональность*

Критериум на постапување којшто се применува кога треба да се реализира некоја цел.Како начин на постапување е спротивен на нерационалноста или ирационалноста.

**1128. РЕАКЦИЈА**
*E. reaction*
*F. réaction*
*D. Reaktion*
*P. реакция*

1. Отпор од конзервативни општествени сили спрема прогресот во општеството, односно револуционерните придобивки (дури и синоним за такви сили). 2. Едноставна акција предизвикана од друга, рефлекс.3. Во најширока смисла - одговор.

**1129. РЕАКЦИОНЕРНОСТ**
*E. reactionariness*
*F. réactionarité*
*D. Rückständigkeit*
*P. реакционность*

Карактеристика на оние општествени субјекти и движења кои се спротивставуваат на активноста на прогресивните општествени сили, обидувајќи се да го повратат стариот општествен систем или да го задржат постојниот.

**1130. РЕВАНШ**
*E. revenge*
*F. revanche*
*D. Revanche*
*P. реванш*

Одмазда за поразот во борба (игра), повторна борба (игра) која се презема со цел да се порази поранешниот противник.

**1131. РЕВИЗИОНИЗАМ**
*E. revisionism*
*F. révisionisme*

*D. Revisionismus*
*P. ревизионизм*

1. На крајот на **XIX** и почетокот на **XX** век учење на членови од II Интернационала кои поаѓале од марксистичките претпоставки, но постепено ги доведувале во сомнение. Ова посебно се однесува на марксистичкото учење за нужноста од социјалистичка револуција. Тие се залагаат за реформизам.2. Денеска нема точно определена содржина, но најчесто се применува кога поединци или групи доведуваат во прашање некои елементи од политиката,програмата или доктрината на одредена партија.

**1132. РЕВОЛУЦИЈА**
*E. revolution*
*F. révolution*
*D. Revolution*
*P. революция*

Коренита,длабока промена во општествените односи која настанува како резултат на претходни постепено натрупани спротивности во основата на општеството и премин во историски нов (повисок) облик на општествено-економски, политички и културни односи.

**1133. РЕГЕНТ**
*E. regent*
*F. régent*
*D. Regent*
*P. регент*

Во земјите со монархистички облик на владеење привремен владетел во државата наместо легитимниот монарх.

**1134. РЕГИОН**
*E. region*
*F. région*
*D. Region; Gebiet*
*P. регион*

Просторно и економски заокружено географско подрачје на територијата на некоја држава. Населението најчесто е хомогено и има чувство за припадност кон својот регион како посебен составен дел од државната целина.

**1135. РЕГИОНАЛИЗАМ**
*E. regionalism*
*F. régionalisme*
*D. Regionalismus*
*P. регионализм*

Настојување за посебно економско, политичко или културно осамостојување на некоја област односно покраина. Обично во таква ситуација се истакнуваат локалните особини и специфичности.

**1136. РЕГРЕС**
*E. regress; recourse*
*F. recours*
*D. Regress; Zurückgehen*
*P. регрес*

1. Назадување во општествениот развиток, враќање назад. 2. Одредени административни мерки на државата во рамките на нејзината економска политика кога на одредени производни или трговски претпријатија им дава надоместок бидејќи своите производи или услуги на одредени категории корисници им ги продаваат по пониски цени од пазарните за да им ја надоместат разликата.3.Право на надоместок, обештетување.

**1137. РЕГУЛАЦИЈА**
*E. regulation*
*F. régulation; réglare*
*D. Regulation; Regulierung*
*P. регуляция*

Процес при кој се одржува стабилноста на некој систем на тој начин што се користат коригирачки интервенции кои во повратна врска вршат корекција на штетните фактори на влезот во системот.

**1138. РЕДИСТРИБУЦИЈА**
*E. redistribution*
*F. rédistribution*
*D. Redistribution*
*P. редистрибуция*

Повторна распределба на доходот, животните средства, суровините, средствата за работа и сл. според потребите на крајните потрошувачи. Се спроведува со договор на странките или со административни мерки на државните органи или органите на општествено-политичките заедници.

**1139. РЕЖИМ**
*E. regime*
*F. régime*
*D. Regime*
*P. режим*

1. Државен поредок, начин на владеење. 2. Точно одреден ред во животот, работата, одморот, прехраната и сл.

**1140. РЕЗЕРВНА АРМИЈА НА ТРУДОТ**
*E. reserve labour army*
*F. armée de réserve du travail*

*D. Reservearbeitsarmee*
*P. ш̅рудовая резервная армия*

Невработениот или недоволно вработениот дел од населението способен за работа. Резервната армија на трудот врши притисок врз интересите на вработените работници кои, за да не ја загубат работата, прифаќаат и пониски надници, со што се зголемува експлоатацијата.

### 1141. РЕЗИДЕНТ
*E. resident*
*F. résident*
*D. Deviseninländer; Resident*
*P. резиден̅ш*

1. Граѓанин од некоја земја кој постојано живее во друга држава.2. Таен полномошник на разузнавачката служба од некоја држава кој дејствува во некое подрачје од друга држава.

### 1142. РЕЗИДЕНЦИЈА
*E. residence*
*F. résidence*
*D. Residenz*
*P. резиденция*

Место на постојано живеење на шефот на државата или владата или на лица што заземаат високи општествени положби.

### 1143. РЕЗОЛУЦИЈА
*E. resolution*
*F. résolution*
*D. Resolution; Beschluss*
*P. резолюция*

Писмено формулирани насоки и заклучоци од некој состанок, собир или конгрес на политичките организации, здруженија или органи на власта во кои се изложуваат гледиштата за одредени проблеми, се прецизираат барања и предлози и одредуваат задачи за работа. Таа е политички акт.

### 1144. РЕИНКАРНАЦИЈА
*E. reincarnation*
*F. réincarnation*
*D. Reinkarnation*
*P. реинкарнация*

Религиско верување, присутно кај некои ориентални секти, според кое човечката душа по смртта продолжува да живее преселена во некое друго човечко или животинско тело.

### 1145. РЕИНТЕГРАЦИЈА
*E. reintegration*
*F. réintegration*
*D. Reintegration*
*P. реин̅ше̅грация*



Повраток на одземени права, звања или ствари, враќање во поранешната состојба (пр. повторно стекнување на државјанство).

### 1146. РЕКРЕАЦИЈА
*E. recreation*
*F. récréation*
*D. Erholung; Rekreation*
*P. рекреация*

Одредена активност што ја вршат поединци во своето слободно време кога не се занимаваат со дејност од своето занимање. Има различни форми на рекреација: занимавање со хоби, игри,спортска активност, уметност, посета на изложби, концерти, театри, музеи, барови и сл. Рекреацијата може да биде активна (кога поединецот непосредно учествува) и пасивна (кога поединецот е посматрач).

### 1147. РЕЛАТИВИЗАМ
*E. relativism*
*F. relativisme*
*D. Relativismus*
*P. рела̅шивизм*

1. Во теоријата на познанието термин спротивен на догматизмот, по кое субјектот го спознава светот само во однос на општото стојалиште кое го застапува, неговата психофизичка конституција, историски, културни и општествени услови. Заради тоа (с)познавањето е можно само во определени општествено-историски услови. Радикалниот релативизам води во скептицизам или агностицизам. 2. Во етиката став дека доброто и злото се релативни поими, па не постои општоприфатен критериум за морално однесување, ниту општоважечки вредности.

### 1148. РЕЛИГИЈА
*E. religion*
*F. réligion*
*D. Religion; Glaube*
*P. рели̅гия; вера*

Облик на општествена свест при кој објективната стварност се прикажува на еден имагинарен начин; систем на верувања, сфаќања, што се засноваат врз фантастично толкување на природата и општеството, чиешто постоење и промени се припишуваат на волјата и активноста на замислени натприродни сили.

### 1149. РЕЛИКТИ
*E. relics*
*F. reliques*

D. *Relikten*
P. *реликти*

Предмети, појави или организми кои се зачувани како остаток од дамнешни времиња.

**1150. РЕНЕГАТ**
E. *renegade*
F. *rénégat*
D. *Renegat*
P. *ренегат*

Лице кое го променило своето уверување прифаќајќи спротивно (верско, идеолошко, политичко, национално) и преминало во спротивен лагер.

**1151. РЕНЕСАНСА**
E. *renaissance*
F. *renaissance*
D. *Renaissance*
P. *возрождение*

1. Во најширока смисла - преродба.2. Општествено-политичко и културно движење во Европа меѓу XIV и XVI век, кое ја изразува идеологијата на новата прогресивна општествена класа, буржоазијата. Насочено е против феудално-црковниот поглед на светот. Се карактеризира со голем интерес за литературата и уметноста од стара Грција и Рим, кои се заборавени во средниот век. Доведе до расцутот на науката, литературата и уметноста.

**1152. РЕНТА**
E. *rent*
F. *rente*
D. *Rente*
P. *рента*

Доход што го добива сопственикот на некој неподвижен имот за неговата употреба од страна на други субјекти, а самиот да не вложува труд. Во феудализмот била вишок на труд на крепосните и имала работен, натурален и паричен облик. Во капитализмот претставува еден од појавните форми на вишокот на вредноста (екстра вишок) и може да биде диференцијална рента I и II, апсолутна и монополска.

**1153. РЕНТАБИЛНОСТ**
E. *profitability; earning capacity*
F. *rentabilité*
D. *Rentabilität; Ertragfähigkeit*
P. *рентабильность*

Остварување добивка во работењето; однос меѓу остварениот доход и вложените или потрошените средства (расходи, трошоци) изразена обично во проценти.



Важен показател на економскиот успех. Таа расте со порастот на доходот и паѓа со пораст на вложените и потрошените средства. Зависна е од економичноста, организацијата на производството, инструментите на економската политика, комерцијалната политика на работната организација и условите со кои се среќава на пазарот.

**1154. РЕОРГАНИЗАЦИЈА**
E. *reorganization*
F. *réorganisation*
D. *Reorganisation; Umgestaltung*
P. *реорганизация*

Создавање нови облици или структури и односи помеѓу членовите во некоја веќе организирана општествена група и тоа врз основа на поинакви вредности и сфаќања од оние што постоеле дотогаш.

**1155. РЕПАРАЦИЈА**
E. *reparation*
F. *réparation*
D. *Reparation*
P. *репарация*

Надомест на штета (полно или делумно) направена во војна, која на победникот му ја плаќа победената држава.

**1156. РЕПРЕСАЛИЈА**
E. *reprisals*
F. *représailles*
D. *Repressalien*
P. *репресалия*

Во меѓународните односи присилна мерка, одмазда, одговор на сила со сила. Тоа често го чини една држава со примена на присилни мерки (блокада, ембарго, окупација на дел од територија) како одговор на противправни мерки од друга држава.

**1157. РЕПРОДУКЦИЈА**
E. *reproduction*
F. *reproduction*
D. *Wiedergabe; Reproduktion*
P. *репродукция*

Обнова на материјалното производство во ист, намален или зголемен обем. Својствена на сите епохи, како вечен и природен услов за опстанок и развиток на човечкото општество. Може да се посматра на ниво на една производна единица, една гранка на производството и на ниво на целата општестевена заедница.

**1158. РЕПУБЛИКА**
E. *republic*
F. *république*

*D.* ***Republik***
*P.* ***республика***

Облик на држава во која шефот на државата (претседателот на републиката) е избран од народот за одредено време (по исклучок, доживотно,но не наследно) и врши одредени функции, но без лични привилегии (како монархот).

**1159. РЕСОР**
*E.* ***competence***
*F.* ***ressort***
*D.* ***Ressort; Amtsbereich***
*P.* ***ресор***

Подрачје (делокруг, надлежност) во кое се протегаат компетенциите на некое правно тело или на некој функционер.

**1160. РЕСТАВРАЦИЈА**
*E.* ***restoration***
*F.* ***restauration***
*D.* ***Restauration***
*P.* ***реставрация***

Обновување, враќање на стара претходна состојба, обновување на стариот поредок или општествено уредување, посебно ако било соборено со револуција.

**1161. РЕСТИТУЦИЈА**
*E.* ***restitution***
*F.* ***restitution***
*D.* ***Restitution***
*P.* ***реституция***

Воспоставување на поранешната состојба, поранешната положба, воспоставување на нарушените права.

**1162. РЕФЕРАТ**
*E.* ***report; paper; presentation***
*F.* ***rapport; exposée***
*D.* ***Bericht; Referat***
*P.* ***доклад***

Стручен извештај подготвен од членовите на некое тело кое извршува одредена работа, од некоја комисија или од посебни лица што управуваат некое здружение или друштво.

**1163. РЕФЕРЕНДУМ**
*E.* ***referendum; consultation populaire***
*F.* ***référendum***
*D.* ***Referendum; Volksbefragung***
*P.* ***референдум***

Начин на директно изјаснување на сите лица што имаат право на глас во РО, месна заедница, град, покраина или држава за секој законски предлог или за некое друго важно прашање.



**1164. РЕФОРМА**
*E.* ***reform***
*F.* ***réforme***
*D.* ***Reform***
*P.* ***реформа***

Мерка што ја преземаат државните органи со цел да извршат значајни промени во општествените односи, политичкиот систем, правото, организацијата и сл. Сето тоа се одвива во рамките на постојниот општествен систем, т.е. таа не претставува негово полно квалитативно менување. Обично се презема да се отстранат некои недостатоци или за да се приспособи системот кон новите општествени услови.

**1165. РЕФОРМАТОР**
*E.* ***reformer***
*F.* ***réformateur***
*D.* ***Reformator; Erneuerer***
*P.* ***реформатор***

Лице кое спроведува реформи во некоја област од општествениот живот.

**1166. РЕФОРМАЦИЈА**
*E.* ***reformation***
*F.* ***réformation***
*D.* ***Reformation***
*P.* ***реформация***

Социјално-политичко движење во XVI век во Западна Европа, настанато врз основа на борбата на селанството и младата буржоазија против феудалното уредување. Добива пред сé религиозен облик и значи отпор и протест против Католичката црква која држела огромни поседи и добивала големи приходи од селаните и трговците.

**1167. РЕФОРМИЗАМ**
*E.* ***reformism***
*F.* ***réformisme***
*D.* ***Reformismus***
*P.* ***реформизм***

Струја во меѓународното работничко движење која има за цел со помош на реформи да оствари социјални промени во општеството во рамките на постојниот поредок. Доминантна идеологија кај политичките партии од II интернационала.

**1168. РЕХАБИЛИТАЦИЈА**
*E.* ***rehabilitation; readaptation***
*F.* ***réhabilitation; réadaptation***
*D.* ***Rehabilitation; Rehabilitierung***
*P.* ***реабилитация***

1. Ефект на правен акт со кој се брише поранешната

кривична осуда заедно со нејзините правни последици, така што порано осудениот ги добива сите права како никојпат да не бил осудуван.2. Обид да се поврати добриот глас во јавноста на некој наклеветен или неправилно осуден човек.

**1169. РЕЦЕСИЈА**
*E. recession*
*F. récession*
*D. Konjukturrückschlag*
*P. рецесия*

Израз со кој во поново време се означува опаѓање, слабеење на економската активност во некоја земја.

**1170. РЕЦИПРОЦИТЕТ**
*E. receprocity*
*F. réciprocité*
*D. Reziprozität*
*P. рецupроцumem*

1. Таков однос на интеракција меѓу општествените субјекти во кој активноста на едниот предизвикува реакција на другиот.2. Принцип во меѓународното право според кој една држава признава на друга држава, односно на нејзините граѓани извесни права и привилегии со услов и другата држава од своја страна да постапи на ист начин, односно да ги направи истите концесии кон нејзините граѓани.

**1171. РИТЕРСТВО**
*E. knighthood; chivalry*
*F. chevalerie*
*D. Rittertum*
*P. рицерсmво*

Специфична институција во феудалното општество. Таа опфаќала борци - коњаници, а членовите влегувале во неа со посебна церемонија.

**1172. РИТУАЛ**
*E. ritual*
*F. ritual*
*D. Ritual*
*P. риmуал*

1. Збир на обреди што институционализираните религии ги пропишуваат за вршење на одделни верски церемонии.2. Во поширока смисла - синоним за церемонијал.

**1173. РОБ**
*E. slave*
*F. esclave*
*D. Sklave*
*P. раб*

Неослободен човек, припадник на основната експлоатирана класа во робовладеачкото општество. Иако бил главна производна сила, робот бил правно изедначен со предметите. Неговиот сопственик можел да располага по своја волја со него: да го продаде, тепа, убие. Робови станувале воени заробеници, граѓани од освоени земји и презадолжени граѓани.

**1174. РОБОВЛАДЕТЕЛ**
*E. slaveholder; slave-owner*
*F. propriétaire d'esclaves*
*D. Sklavenhalter*
*P. рабовладелец*

Припадник на основната владејачка класа во робовладетелското општество.

**1175. РОБОВЛАДЕТЕЛСКА ДРЖАВА**
*E. slaveholder state*
*F. état d'esclavage*
*D. Sklavenhalterstaat*
*P. рабовладельческое государсmво*

Установа која ги заменува родовските заедници. Тоа е цела мрежа од посебни установи и организации (војска, државен административен апарат, даночни органи, судови и сл.) кои и служат на владејачката класа за да ги држи експлоатираните во потчинета положба и за да може економски да ги експлоатира.

**1176.РОБОВЛАДЕТЕЛСКО ОПШТЕСТВО**
*E. slaveholder society*
*F. sociéte d'esclavage*
*D. Sklavenhaltergesellschaft*
*P. рабовладельческое общесmво*

Општествена формација која настанала и се развивала од првобитната заедница. Со развитокот на производните сили и поделбата на трудот се појавува вишок на производи кој овозможи приватна сопственост и појава на класи, со што класата сопственици (владелци) ќе живее на сметка на вишокот што го создава потчинетата класа, која и самата била третирана како орудија за производство.

**1177. РОД**
*E. clan*
*F. clan*
*D. Geschlecht*
*P. род*

Глобална општествена група во првобитното оп-

штество, составена од роднини кои потекнуваат од некој заеднички предок. Припадноста кон родот во различни развојни етапи од првобитната заедница се смета или по мајката или по таткото (матријархални и патријархални). Повеќе родови биле поврзани во племе (некаде како меѓучлен се јавува братството).

**1178. РОДОСКВЕРНАВЕЊЕ**
*E. incest*
*F. inceste*
*D. Blutschande; Inzest*
*P. кровосмешение*

Полов однос со крвен сродник. Како забрана е познато уште во првобитното општество.

**1179. РОЈАЛИЗАМ**
*E. royalism*
*F. royalisme*
*D. Royalismus*
*P.ројализм*

Приврзаност кон кралот и кралството (како облик на владеење). Настојување кралот соборен со револуција да се врати на престолот.

**1180. РОПСТВО**
*E. slavery*
*F. esclavage*
*D. Sklaverei*
*P. рабство*

Краен облик на искористување на луѓето од други луѓе. Робот е правно изедначен со предмет. Ропство има уште во првобитното општество, постои во стариот и средниот век, но и во новиот век (на пр. плантажно ропство во САД).

**1181. РОТАЦИЈА**
*E. rotation*
*F. rotation*
*D. Rotation*
*P. ротация; сменяемость*

Принцип во изборниот систем спрема кој носителите на јавни функции се менуваат по истекот на изборниот период. Намерата на ротацијата е да се спречи бирократизација на изборните функции.

**1182. РУРАЛНА СОЦИОЛОГИЈА**
*E. rural sociology*
*F. sociologie rurale*
*D. Soziologie des Dorfes*
*P. руралнa социология*

Социологија на селото - посебна социолошка дисциплина која за предмет на проучување го има селското општество, неговата организација и структура, основните општествени процеси, начинот на живот и неговото менување.

**1183. РУРБАНИЗАЦИЈА**
*E. rurbanization*
*F. rurbanizatione*
*D. Rurbanisation*
*P. рурбанизация*

Процес на непланско, стихијно спојување и испреплетување на градот и селото, односно на преплетување на процесите на урбанизација и рурализација и создавање населби од мешовит тип (т.н. рурбани) и создавање на рурално-урбан континуум.

# С

## 1184. САМОВЛАСТИЕ

*E. despotism*
*F. despotisme*
*D. Selbstherrschaft*
*P. самовластие*

Облик на владеење во кој целокупната власт припаѓа на една помала група или поединец.Самоволно користење на некое право независно од постоечкиот правен поредок.

## 1185. САМОВОЛИЕ

*E. arbitrariness*
*F. arbitraire*
*D. Willkür*
*P. самоволие*

Искажување и употреба на неограничена волја на една личност или група наспроти усвоените општествени и правни норми и против интересите на членовите на општествената заедница.

## 1186. САМОКРИТИКА

*E. self-kriticism*
*F. autocritique*
*D. Selbskritik*
*P. самокритика*

Изнесување на критички суд за сопствените ставови и/или за сопствената практика.

## 1187. САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ

*E. self-determination*
*F. auto-détermination*
*D. Selbstbestimmungsrecht*
*P. самоопределение*

Слободно располагање со самиот себе, слободно одлучување за сопствената судбина. Во социолошка смисла самоопределеувањето значи право на народите да одлучуваат за својата судбина и судбината на територијата на која живеат, за обликот на општественото уредување и за односите со другите народи. Принципот на самоопределување вистински се остварува со ослободувањето на нацијата, остварувањето на националната рамноправност и сестраната национална афирмација.

**1188. САМОУПРАВА**
*E. self-rule*
*F. autonomie*
*D. Autonomie*
*P. самоуправление*

Облик на организација на управата во основните или пошироките административно-територијални заедници (единици) на една земја со право на населението по пат на избори да ги конституира органите на власт а за вршење на работи, по правило, од локален карактер.

**1189. САМОУПРАВУВАЊЕ**
*E. self-Government*
*F. autogestion*
*D. Selbstverwaltung*
*P. самоуправление*

Систем на вршење на општествените работи во кои решавачката улога ја имаат непосредно заинтересираните учесници, носители на определени општествени дејности. На ниво на работен колектив или установа самоуправувањето се остварува преку непосредното учество на сите вработени за сите нејзини работи, а извршувањето на одлуките спаѓа во надлежност на органите избрани од нивните редови.

**1190. СВАДБА**
*E. wedding*
*F. noce*
*D. Hochzeit*
*P. свадьба*

Свеченост, социјален чин познат кај сите општества во минатото и сегашноста, проследен со многу обичаи со кој се одбележува склопувањето на бракот.

**1191. СВЕСТ**
*E. consciousness*
*F. conscience*
*D. Bewusstsein*
*P. сознание*

Севкупност на психичките функции на човекот, психофизиолошката способност на луѓето како живи организми да перципираат, мислат, чувствуваат и свесно да се стремат кон некоја цел. Таа е индивидуална како психофизиолошката способност на поединецот и општествена како резултат на нејзиниот развиток во општетвото, т.е. врз основа на меѓусебното дејствување на луѓето спрема природата и меѓу себе.

**1192. СВЕТА АЛИЈАНСА**
*E. Holly Alliance*
*F. Sainte alliance*



*D. Heilige Allianz*
*P. священный союз*

Политички сојуз на европските владетели (монарси) склучен во 1815 год. Во Париз со потпишување на актот на "Светиот сојуз" меѓу рускиот цар Александар I, австрискиот цар Франц I и пруските крал Фридрих Вилхелм III за заемна помош и соработка на нивните три земји. Подоцна кон Сојузот се приклучиле сите европски владетели освен британскиот регент, папата и султанот. Целта на Сојузот била беспоштедната заштита на монархиите пред демократско-револуционерните движења за одржување на т.н. легитимни европски монархии.

**1193. СВЕТСКА СИНДИКАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА**
*E. World Federation of Trade Unions*
*F. Fédération syndicale mondiale*
*D. Weltgewerkschaftsbund*
*P. всемирная федерация профсоюзов*

Меѓународна организација на синдикатите (ССФ), обединети во октомври 1945 година на првиот конгрес во Париз. Во 1949 година многу западноевропски и американски синдикални организации истапија од неа и основаа Меѓународна федерација на слободните синдикати (МФСС).

**1194. СВЕТСКИ ПАЗАР**
*E. world market*
*F. marché mondial*
*D. Weltmarkt*
*P. мировой рынок*

Севкупност на надворешните пазари на националните економии. Како подрачје на релативно самостојна динамика претставува и внатрешен пазар на светското стопанство (економија). Се разви дури во условите на светскиот капиталистички развој. Претставува меѓународна стоковна размена без оглед на тоа дали таа е стоковно-натурална или стоковно-парична.

**1195. СЕАТО-ПАКТ**
*E. SEATO-pact*
*F. SEATO-pacte*
*D. SEATO-Pakt*
*P. СЕАТО-пакт*

Англиска скратеница за **South-East Asia Treaty Orga-**

nisation (т.е. Организација на пактот на Југоисточна Азија). Тоа е воен сојуз на Австралија, Филипини, Франција, Нов Зеланд, Пакистан, САД, Тајланд и Велика Британија. Основан е во 1954 година. Познат е и како Манилски пакт.

**1196. СЕВ**
*E. SEV; COMECON (Council form Mutual Economic Aid)*
*F. SEV*
*D. SEV; RGW (Rat für gegenseitige Wirtschaftshilfe)*
*P. СЭВ (Совет экономической взаимопомощи*

Руска скратеница за Советот за заемна економска помош - економска организација на источно-европските земји, основана во 1949 год. во Москва, со задача да ја координира економската помош меѓу земјите членки.

**1197. СЕВЕРНОАТЛАНТСКИ ПАКТ (НАТО)**
*E. (NATO) North Atlantic Pact*
*F. Pacte d'Atlantique du Nord (OTAN)*
*D. Nordatlantikpakt (NATO)*
*P. Северно-атлантический пакт (НАТО)*

Воен сојуз на таканаречениот западен блок, творба и инструмент на блоковската политика на големите сили. Потпишан во Вашингтон во 1949 год.од надворешните министри на САД, Велика Британија, Франција, Италија, Канада, Белгија, Холандија, Луксембург, Данска, Норвешка, Исланд и Португалија, (дополнително пристапија и Грција, Турција и СР Германија), за заштита и давање помош на секоја од членките, вклучувајќи ја и воената сила.

**1198. СЕГРЕГАЦИЈА**
*E. segregation*
*F. ségrégation*
*D. Segregation*
*P. сегрегация*

Различно вреднување и издвојување на човечките групи во социјално различни режими во поглед на многуте, често суштествени услови на нивното живеење и меѓусебната комуникација. Основата за сегрегација може да биде различна, а најчето се тоа расните, националните и верските разлики меѓу луѓето.Сегрегација значи и социјална дискриминација во положбата и правата на одделните човечки групи.



**1199. СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ**
*E. everyday life*
*F. vie quotidienne*
*D. Alltagsleben*
*P. повседневная бытовая жизнь*

Основен облик на животната реалност на човекот и нужен составен дел на секоја општествена практика. Поимот е нееднинствено дефиниран, но најчесто се опфаќа како живот кој останува и се одвива по специјализираните дејности и како сфера надвор од официјалното општество.

**1200. СЕКТА**
*E. sect*
*F. secte*
*D. Sekte*
*P. секта*

Помала општествена група која поради посебните нејзини погледи или практика во однесувањето се одделува од некоја поголема религиозна заедница или филозофска школа, најчесто во време на големи општествени преобразби.

**1201. СЕКТАШТВО**
*E. sectarianism*
*F. séctarisme*
*D. Sektierertum*
*P. сектанство*

Појава на идеолошко и политичко дејствување на издвоени, исклучиви општествени групи на сите области на општествено-политичкиот живот (идеологијата, науката, уметноста, политичката партија), кога тие тесно, еднострано и догматски го толкуваат определеното учење само поради интересите и потребите на самата група (секта).

**1202. СЕЛАНСКИ БУНИ**
*E. peasant rebellious*
*F. soulevements paysans*
*D. Bauernaufstände*
*P. крестьянские восстания*

Спонтани и организирани востанија на селаните во средниот век во борба против феудалците и нивното угнетување.

**1203. СЕЛАНСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ**
*E. peasant working cooperatives*
*F. cooperatives agricoles de travail*
*D. Bauern-Arbeitsgenossenschaften*
*P. крестьянские трудовые кооперативы*

Производствените задруги формирани во Југославија од 1947-1951 година врз основа на заедничката работа и заедничките средства, кои ги сочинуваа сите средства на задругарите освен станбените згради и окуќницата.

## 1204. СЕЛАНСКО ПРАШАЊЕ

*E. peasant question*
*F. question paysanne*
*D. Bauernfrage*
*P. крестьянский вопрос*

Прашање кое ги опфаќа сите проблеми врзани за општествената и економската положба на селанството и неговата улога во општествените промени. Всушност ја претставува општествената и политичката страна на аграрното прашање.

## 1205. СЕЛАНСТВО

*E. peasantry*
*F. paysannat*
*D. Bauernschaft*
*P. крестьянство*

Дел од населението кое постојано живее на село, претежно се занимава со земјоделство, што претставува основа за неговата егзистенција без оглед на обликот на сопственоста. Како посебна општествена група селанството постои од робовладетелството до денес а по својот состав не е хомогено.

## 1206. СЕМЕЈСТВО

*E. family*
*F. famille*
*D. Familie*
*P. самья*

Историски променлива примарна општествена група заснована на био-сексуалните, био-репродуктивните, био-социјалните, социо-заштитните и социо-економските врски на мажот и жената, меѓусебно поврзани со брак и нивните родени или адаптирани деца, кои живеат заедно поради задоволувањето на разновидните потреби на личностите, самото семејство и општеството.

## 1207. СЕНАТ

*E. senate*
*F. sénat*
*D. Senat*
*P. сенат*

Термин со повеќе значења:1. Патрициски совет и советодавно тело во старата римска република и империја;2. Некое владејачко колегијално тело, како што е на пр. горниот дом на парламентот на САД, Франција, Италија;3. Назив за судските совети во некои земји;4.Назив за највисоко колегијално тело на некои универзитети.

## 1208. СЕПАРАТИЗАМ

*E. separatism*
*F. séparatisme*
*D. Separatismus*
*P. сепаратизм*

Општествено движење за одвојување на една група од пошироката заедница поради стремеж за приклучување кон друга заедница или за полно осамостојување.

## 1209. СЕЦЕСИОНИЗАМ

*E. secessionism*
*F. secessionisme*
*D. Sezessionismus*
*P. сецессионизм*

Стремеж или движење за отцепување или издвојување на една политичка група, национална или државно-правна целина од пошироката организација, политички сојуз или конфедерација.

## 1210. СИМБИОЗА

*E. symbiosis*
*F. symbiose*
*D. Symbiose*
*P. симбиоз*

Поим за биолошка рамнотежа на два независни биолошки система од кои функционирањето на едниот е претпоставка на другиот живот и обратно. Во општествените науки значи трајна заедница на два тесно поврзани организми од различен вид,која има за последица заедничка корист (човекот и домашните животни).

## 1211. СИНДИКАЛИЗАМ

*E. trade unionism*
*F. sindicalisme*
*D. Sindikalismus*
*P. синдикализм*

Специфичен правец во работничкото движење во некои развиени капиталистички земји, посебно во Франција во почетокот на 20 век, за кој е карактеристично отфрлање на потребата од политичките форми на работничкото организирање (работничка политичка партија, пролетерска држава и диктатура на пролетаријатот). Според него, работниците со помош на генерален штрајк ја земаат во свои раце управата над производството и контролата над индустријата која ќе биде заедничка сопственост на синдикатот.

## 1212. СИТНА БУРЖОАЗИЈА

*E. petit-bourgeoisie*
*F. petite bourgeoisie*
*D. Kleinbürgertum*
*P. мелкня буржоазия*

Слој на буржоазија чиишто припадници се ситни стоковни производители и ситни трговци, сопственици на средствата за производство, односно на капиталот со кој тргуваат. По правило, не користи туѓа работна сила туку сопствената и таа на членовите на семејството. Во капитализмот ситната буржоазија е преоден слој меѓу работничката и капиталистичката класа, а ја сочинуваат занаетчии,ситни и средни трговци и т.н. слободни професии (лекари, адвокати - сопственици на приватните канцеларии односно ординации) во градовите а ситните и средните селани, селските занаетчии и трговци и сл. на село.

## 1213. СКЕПТИЦИЗАМ

*E. scepticism*
*F. scepticisme*
*D. Skeptizismus*
*P. скеӣтицизм*

Филозофски правец чијшто основен принцип е сомневањето во можноста за објективното спознание на вистината за стварноста, односно сомневање во можноста да создаде сигурен критериум за определувањето на вистината, поради што е неможно објективното спознание.

## 1214. СЛАМ

*E. slum*
*F. slum*
*D. Slum*
*P. ӣрущобы*

Густо населен дел од градот во кој куќите се во многу лоша состојба, што резултира со физичко, социјално и психичко негативно влијание на здравјето, однесувањето и чувствата на своите жители.

## 1215. СЛОБОДА

*E. freedom*
*F. liberté*
*D. Freiheit*
*P. свобода*

Можност на независно, недетерминирано, автономно формирање на сoптвената волја и дејствување без постоење на принуда или притисок. Од социолошка гледна точка суштествени се ограничувањата на човековата слобода поставени од општеството, додека природните ограничувања се предмет на други науки. Со оглед на различните видови на човечката дејност постојат: слобода на мислење, чувствување, убедување, економска, правна слобода и сл.

## 1216. СЛОБОДИ И ПРАВА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

*E. freedoms and rights of man and the citizen*
*F. Libertées droits de l'homme et du citoyen*
*D. Freiheiten und Rechte des Menschen und Bürgers*
*P. свободы и ӣрава человека и ӷражданина*

Сфаќањата за правата и слободите на човекот добиле свое место во делата на напредните антички филозофи и државници. Понатаму може да се зборува за извеси закони и други правни мерки за заштита на поединечните права на човекот, и за борба на обесправените класи и поединци за најелементарните човечки права уште во најраните пероди, развитокот на правото и државата. Подоцна се познати разни петиции и декларации за правата на човекот од кои е позната Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот, за време на Француската револуција (1789 г.). Основна карактеристика на сите овие декларации е нивното сфаќање на правото како однос меѓу човекот и општествените групи, пред сé политичката организација, државата. Оттука сите права се познати под називот граѓански и политички права. Нивната основна цел е да го заштитат човекот во неговите активности кои не нанесуваат повреда на правата и слободата на другиот и да му обезбедат извесни функции со кои може да врши извесно влијание врз Уставот и законите.

## 1217. СЛОБОДА НА ПЕЧАТОТ

*E. freedom of the Press (free press)*
*F. liberté du la presse*
*D. Pressefreiheit*
*P. слобода ӣечаӣы*

Уставно право на граѓаните јавно да го изразуват своето мислење и да ги изнесуваат своите ставови и погледи со помош на постојани или повремени публикации или со помош на другите средства за јавното

информирање. Ова право е подложено на ограничување доколку содржините во публикациите се насочени против јавниот ред и мир во државата.

**1218. СЛОБОДНА ИНИЦИЈАТИВА**

*E. free initiative*
*F. libre initiative*
*D. freie Initiative*
*P. свободная инициатива*

Право на поединецот, стопанска или друга организација за преземање мерки или акции за остварување на определена цел.

**1219. СЛОБОДНА КОНКУРЕНЦИЈА**

*E. free competition*
*F. libre concurrence*
*D. freie Konkurenz*
*P. свободная конкуренция*

Процес на борбата на одделните производители за пласирање на своите производи на пазарот. Особено доаѓа до израз во структурата на либералниот капитализам.

**1220. СЛОБОДНА ПРОФЕСИЈА**

*E. free occupation*
*F. libre profession*
*D. freie Beruf Profession*
*P. слободная профессия*

Вршење на определена дејност или занимање со самостоен личен труд надвор од работна организација, на пр. уметници, писатели, адвокати и сл.

**1221. СЛОЖЕНА ДРЖАВА**

*E. complex state*
*F. état composé*
*D. Staatenbündnis; Staatenbund; Bundesstaat*
*P. сложное государство*

Тип на држава која е составена од повеќе посебни држави, земји, кантони, покраини и сл., како нејзини членки. Се јавува во два основни облика на конфедерација и федерација.

**1222. СЛУЖБЕНИК**

*E. employer*
*F. employé*
*D. Beamter*
*P. служащий*

Лице што врши јавна односно општествена служба под која се подразбира и служба во државните органи. Во поширока смисла - лице што врши умствени работи



наспроти лицето што врши мануелни работи, а се определува како работник.

**1223. СОБРАНИЕ**

*E. assembly*
*F. assemblée*
*D. Versammlung*
*P. общее собрание*

Највисока политичка институција на една земја или најзначајно тело на една институција, составено од сите нејзини членови.

**1224. СОВЕТИ**

*E. councils*
*F. conseils*
*D. Räte*
*P. советы*

Различни политички, економски и други институции во некоја земја или меѓународна заедница или органи или тела на управа во нив.

**1225. СОЛИДАРИЗАМ**

*E. solidarism*
*F. solidarisme*
*D. Solidarsmus*
*P. солидаризм*

Учење за општеството кое во својата основа ја истакнува неконфликтноста на општеството, а основно социјално начело и закон претставува заемната поврзаност на членовите на општествената заедница. Види: солидарност.

**1226. СОЛИДАРНОСТ**

*E. solidarity*
*F. solidarité*
*D. Solidarität*
*P. солидарность*

1. Вид (облик) на меѓусебната поврзаност на припадниците на определена општествена група или заедница кој се карактеризира како чувство на поврзаност на сопствените интереси и цели во пошироките интереси на заедницата. Се манифестира како готовност на поединците или групите со нив да го усогласат сопственото однесување. 2. Единство што произлегува одзаеднички интерес или од чувство на симпатија.

**1227. СОСЕДСТВО**

*E. neighbourhood*
*F. voisinage*
*D. Nachbarschaft*
*P. соседство*

Просторно - социјална единица на домување, односно, примарен социјален однос во кој луѓето стапуваат

како поради просторната близина на нивните куќи, така и поради потребата од социјални контакти условени од постоењето на заеднички интереси, потреби и проблеми.

**1228. СОФИЗАМ**
*E. sophism*
*F. sophisme*
*D. Sophismus*
*P. софизм*

Поимот потекнува од античка Грција, а значи заклучување врз основа на привидната формална правилност за да се прикрие невистинитоста на заклучокот. Речено упростено: намерно изведен погрешен или лажен заклучок.

**1229. СОФИСТИ**
*E. sophists*
*F. sophistes*
*D. Sophisten*
*P. софисты*

Група антички грчки филозофи кои во средиштето на своето учење го ставаат човекот и антрополошките филозофски проблеми. Претставници: Протагора, Горгија, Хипија и др.

**1230. СОЦИЈАБИЛИТЕТ**
*E. sociability*
*F. sociabilité*
*D. Soziabilität*
*P. социябилитет*

Суштинско својство на човекот како културно и социјално битие, кое ја означува склоноста на поединецот да стапува во контакт и да соработува со другите поединци, да стапува во општествени групи и општествени процеси.

**1231. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈА**
*E. social-democracy*
*F. social-démokratie*
*D. Sozial-Demokratie*
*P. социал-демократия*

Општ назив за работнички социјалистички партии кои се формирале во редица земји во втората половина од 19 век. Називот првпат се јавува во 1864 година. Социјалдемократија не прифаќа револуционерни облици на борба туку ја застапува концепцијата на мирно остварување на социјализмот.

**1232. СОЦИЈАЛЕН АКТ**
*E. social act*
*F. acte sociale*



*D. sozialer Akt*
*P. социальный акт*

Секоја свесно организирана и целно насочена активност од страна на еден или повеќе учесници чија цел е задоволување на потребите на учесниците во акцијата.

**1233. СОЦИЈАЛЕН АНТАГОНИЗАМ**
*E. social antagonism*
*F. antagonisme sociale*
*D. sozialer Antagonismus*
*P. социальный антагонизм*

Непријателски однос, затегнатост, напнатост во односите меѓу составните делови на општествената структура кој се темели на принципот на спротивност на општествениот статус, општествените улоги, вредности, идеологија итн.

**1234. СОЦИЈАЛЕН БЛОК**
*E. social block*
*F. bloc sociale*
*D. sozialer Block*
*P. социальный блок*

Сојуз на пријателски односи на социјални групи со блиски или идентични погледи на општествената реалност во економските, политичките, моралните и други сфери на животот.

**1235. СОЦИЈАЛЕН ЕКВИЛИБРИУМ**
*E. social equilibrium*
*F. equilibrisme sociale*
*D. sozialer Äquilibrismus*
*P. социальное равновесие*

1. Општествена состојба која се одликува со постоење внатрешни спротивности кои постојано го придвижуваат социјалниот систем, но поради еднаквиот интензитет не можат да го изменат. 2. Фундаментален поим во функционализмот кој означува динамичка рамнотежа на елементите на социјалната структура кон која тежи секој социјален систем.

**1236. СОЦИЈАЛЕН ЕКСПЕРИМЕНТ**
*E. social experiment*
*F. experiment sociale*
*D. soziales Experiment*
*P. социальхый эксперимент*

Аналитичка потапка со која по пат на планирано предизвикување на одредени промени се настојува да се утврдат причинските односи меѓу испитуваните појави.

1237. **СОЦИЈАЛЕН КОНФЛИКТ**

*E. social conflict*
*F. conflit sociale*
*D. sozialer Konflikt*
*P. социальный конфликт*

в. Конфликт

1238. **СОЦИЈАЛЕН ОРГАНИЗАМ**

*E. social organism*
*F. organisme sociale*
*D. sozialer Organismus*
*P. социальный организм*

Термин со кој во биологистичките теории во социологијата се означува општеството како збир на социјални органи.

1239. **СОЦИЈАЛЕН ПРИТИСОК**

*E. social pressure*
*F. pression sociale*
*D. sozialer Druck*
*P. социальное давление*

Влијанието кое општеството, општествените групи, општествените институции го вршат на поединците да се однесуваат во согласност со нивните ставови, вредности и норми на однесување, кои можат да бидат спротивни на волјата на поединците но притоа нема употреба на принуда.

1240. **СОЦИЈАЛЕН ПРОБЛЕМ**

*E. social problem*
*F. probleme sociale*
*D. Sozialproblem*
*P. социальхый проблем*

Социјална појава која погодува многу поединци и општествени групи на тој начин што им го отежнува или оневозможува задоволувањетона основните животни потреби и развојот и афирмацијата на нивната личност, општествени улоги, и статуси.

1241. **СОЦИЈАЛЕН ПРОЕКТ**

*E. social project*
*F. projet sociale*
*D. soziales Projekt*
*P. социальный проект*

Социјална акција чија намера е да го расветли некој социјален проблем со цел да се преземат мерки за негово решавање.

1242. **СОЦИЈАЛЕН ПРОСПЕРИТЕТ**

*E. social prosperity*
*F. prospérité sociale*
*D. soziale Prosperität*
*P. социальное преуспевание*

Состојба на успешност и благосостојба во која социјалните групи и поединците успеваат да ги задоволат своите цели и интереси.

1243. **СОЦИЈАЛЕН ПРОТЕСТ**

*E. social protest*
*F. proteste sociale*
*D. sozialer Protest*
*P. социальный протест*

Чин преку кој некоја социјална група или поединец по пат на јавна демонстрација покажува дека се противи на одредена состојба и дека истата не ја прифаќа.

1244. **СОЦИЈАЛЕН ПРОЦЕС**

*E. social process*
*F. procés sociale*
*D. sozialer Prozes*
*P. социальный процесс*

Свесно или нагонско поврзано делување на луѓето, нивните дејствија, било телесни или психички, позитивни или негативни, со кое се влијае како на самите дејствија кои се поврзуваат така и на останатиот свет, предизвикувајќи одредени промени.

1245. **СОЦИЈАЛЕН ТИП**

*E. social type*
*F. type sociale*
*D. Sozialtyp*
*P. социальный тип*

Рационална суперструктура над социјалниот живот, или дел од него, моделирана според специфична форма (гешталт) и детерминирана со квалитетите на социолошки дефинираниот објект.

1246. **СОЦИЈАЛЕН ЦИКЛУС**

*E. social cycle*
*F. cycle sociale*
*D. sozialer Zyklus*
*P. социальный цикл*

Низа од заемно поврзани социјални појави кои се случуваат по одреден редослед, при што секоја од нив е причина за последователната а последица на претходната и на тој начин формираат затворен круг.

1247. **СОЦИЈАЛИЗАМ**

*E. socialism*
*F. socialisme*
*D. Sozialismus*
*P. социализм*

Општествено уредување засновано врз поопштествување на средствата за производство и врз распределбата на доходот според

принципот: секому според трудот и резултатите на трудот.

**1248.**
**СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА**
*E. socialization*
*F. sociabilisation*
*D. Sozialisation*
*P. социализация*

1. Процес на трансформација на биолошка единка во личност со многу карактеристики заеднички за сите луѓе, но и со свои специфични одлики. 2. Процес на изградување на личноста на индивидуата во согласност со општествените норми и однесувања и нејзино оспособување за живот во општеството.

**1249.**
**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ДЕМОКРАТИЈА**
*E. socialist Democracy*
*F. démocratie socialiste*
*D. sozialistiche Demokratie*
*P. социалистическая демокрациия*

Демократија карактеристична за т.н. социјалистички општества. Нејзината главна прокламирана цел беше се поголема непосредност и остварување на што пополна самоуправа на т.н.-работен народ, а во врска со тоа и на постепеното одумирање на одделни државни функции, а на крајот и на самата државна организација на општеството.

**1250.**
**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ДРЖАВА**
*E. socialist state*
*F. l'état socialiste*
*D. sozialistischer Staat*
*P. социалистическое государство*

Вид држава настаната како резултат на социјалистичката револуција,во која работничката класа има (односно би требало да има) раководна улога.

**1251.**
**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ИНТЕРНАЦИОНАЛА**
*E. Socialist International*
*F. Internationale socialiste*
*D. Sozialistische Internationale*
*P. Социалистический интернационал*

Меѓународна организација на различни социјалистички партии, главно ориентирани антикомунистички (социјалдемократи - центар и десница), основана во 1951 год. во Франкфурт на Мајна. Се смета за идејна наследничка на Втората интернационала.



**1252.**
**СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕВОЛУЦИЈА**
*E. socialist revolution*
*F. révolution socialiste*
*D. sozialistische Revolution*
*P. социалистическая революция*

Револуција со која се укина капиталистичкиотначин на производство и присвојувањето, класната поделба и чија цел беше создавање на комунистичко општество.

**1253.**
**СОЦИЈАЛИСТИЧКИ ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАМ**
*E. socialist internationalism*
*F. internationalisme socialiste*
*D. sozialistischer Internationalismus*
*P. социалистическия интернационализм*

Се изразува во познатото гесло "Пролетери на сите земји, обединете се" и претставува една од суштествените карактеристики на комунистичкото пролетерско револуционерно движење.

**1254. СОЦИЈАЛНА БОЛЕСТ**
*E. social disease*
*F. maladie sociale*
*D. soziale Krankheit*
*P. социальная болезнь*

Органски или ментални заболувања за чие постоење одлучувачко влијание имаат социо-економските услови за живот на поединците и општествените групи (туберкулоза, заразни болести, алкохолизам, наркоманија и сл.).

**1255. СОЦИЈАЛНА ВРЕДНОСТ**
*E. social value*
*F. valeur sociale*
*D. sozialer Wert*
*P. социальная стоимост*

Релативно трајна, општа и хиерархиски, во однос на другите социјални вредности, поставена карактеристика на поединците и општествените групи, која настанала под влијание на историските, групните и индивидуалните фактори, и која поради својата општествена пожелност го насочува однесувањето на поединците и општествените групи.

**1256. СОЦИЈАЛНА ДЕТЕРМИНАНТА**
*E. social determinant*
*F. dèterminant sociale*

*D. soziale Determinante*
*P. социальный детерминант*

Причина, фактор, елемент кој влијае на општеството во целина или на некоја одделна општествена појава.

**1257. СОЦИЈАЛНА ДЕСТРУКЦИЈА**
*E. social destruction*
*F. destruction sociale*
*D. soziale Destruktion*
*P. социальная деструкция*

Однесување кое предизвикува дисфункционални појави во општеството, нарушување на општествената рамнотежа.

**1258. СОЦИЈАЛНА ДИСКРИМИНАЦИЈА**
*E. social discrimination*
*F. discrimination sociale*
*D. soziale Diskrimination*
*P. социальная дискриминация*

Отворено или прикриено држење во подредена положба на одредени општествени групи, кои поради својата расна, етничка, верска, социјална припадност, од страна на доминантната општествена група се сметаат за "пониски".

**1259. СОЦИЈАЛНА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА**

в. Диференцијација

**1260. СОЦИЈАЛНА ЕКОЛОГИЈА**
*E. social ecology*
*F. ecologie sociale*
*D. Sozialökologie*
*P. социальная экология*

Посебна научна дисциплина која своите истражувања ги насочува кон специфичните врски на човекот и неговата животна средина како рамка на човековиот живот и нивното заемно влијание.

**1261. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**
*E. social protection*
*F. prévoyance sociale*
*D. sozialer Schutz*
*P. социальная защита*

Збир на дејности и систем на мерки на државните органи, работни, општествени и други организации насочени кон обезбедување на условите за живот и напредувањето на животот на оние лица кои од кои било причини (неспособност за работа и сл.)



не можат сами нив да ги обезбедат.

**1262. СОЦИЈАЛНА КАТЕГОРИЈА**
*E. social category*
*F. categorie sociale*
*D. Sozialkategorie*
*P. социальня категория*

Збир на поединци кои творат извесно единство бидејќи се слични според едно или повеќе обележја, но кои не мораат да имаат заемни меѓусебни контакти.

**1263. СОЦИЈАЛНА КОМУНИКАЦИЈА**
*E. social communication*
*F. communication sociale*
*D. soziale kommunikation*
*P. социальная коммуникация*

Општење, сообраќање меѓу луѓето (поединците и општествените групи), т.е. процес на пренесување на содржината на одредена порака од еден на друг субјект преку симболи.

**1264. СОЦИЈАЛНА КОНТРОЛА**
*E. social control*
*F. controle social*
*D. soziale Kontrolle*
*P. социальный контроль*

Систематско следење на однесувањето на поединците и функционирањето на општествените институции со цел преземање превентивни, корективни и казнени мерки против прекршителите на општествените норми.

**1265. СОЦИЈАЛЕН КОНФЛИКТ**

в. Конфликт

**1266. СОЦИЈАЛНА ПАТОЛОГИЈА**
*E. social patology*
*F. patologie sociale*
*D. soziale Patologie*
*P. социальная патология*

Наука која се занимава со изучувањето на сите оние растројства и болести како на поединците така и на цели општествени групи кои се предизвикани и условени пред сѐ од општествените фактори, а според тоа можат да се отстрануваат предимно со општествени акции. Во себе ги интегрира деловите и аспектите од сродните подрачја како што се: социјална медицина, психијатрија, психоанализа, социологија, социјална психологија, криминологија и сл.

**1267. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

*E. Vsocial policy*
*F. politique sociale*
*D. Sozialpolitik*
*P. социальная политика*

Спроведување на определени акции од страна на државата, јавни и општествени организации, хуманитарни установи и поединци, заради социјалната заштита на граѓаните со определени социјални проблеми.

**1268. СОЦИЈАЛНА ПРИНУДА**

*E. social compulsion*
*F. coertion sociale*
*D. sozialer Zwang*
*P. социальное принуждение*

Организирана или неорганизирана, отворена или прикриена принуда која што општеството ја врши над поединците или општествените групи со цел да влијае на нивното однесување и свест.

**1269. СОЦИЈАЛНА ПРОГНОЗА**

*E. social prognosis*
*F. prognose sociale*
*D. soziale Prognose*
*P. социальный прогноз*

Теориско-методолошки пристап кој се обидува врз основа на стекнатите сознанија да ги предвиди можните правци на промени во општеството.

**1270. СОЦИЈАЛНА РЕГУЛАЦИЈА**

*E. social regulation*
*R. regularisation sociale*
*D. soziale Regulation*
*P. социальная регуляция*

Процес на одржување на стабилноста на општествениот поредок на тој начин што социјалните субјекти, со користење коригирачки интервенции, го елиминираат влијанието на факторите кои негативно влијаат на социјалниот поредок.

**1271. СОЦИЈАЛНА РЕИНТЕГРАЦИЈА**

*E. social reintegration*
*F. reintegration sociale*
*D. soziale Reintegration*
*P. социальная реинтеграция*

Процес на повторно вклучување, соединување, враќање на елементите на некоја социјална целина, кои од разни причини биле оттргнати од истата, со цел таа повторно успешно да функционира и да опстојува.



**1272. СОЦИЈАЛНА РЕСТАВРАЦИЈА**

*E. social restoration*
*F. restauration sociale*
*D. soziale Restauration*
*P. социальная реставрация*

Во општествениот и политичкиот живот враќање или обнова на одредени општествени односи и состојби претходно постоечки.

**1273. СОЦИЈАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА**

*E. social rehabilitation*
*F. rehabilitation sociale*
*D. soziale Rehabilitation*
*P. социальная реабилитация*

Процес на повторно воспоставување, враќање на поранешниот, позитивен, социјален статус на некоја личност или општествена група која била неправедно наклеветена или обвинета.

**1274. СОЦИЈАЛНА СИЛА**

*E. social force*
*F. force sociale*
*D. Sozialkraft*
*P. социальная сила*

Организирано или неорганизирано движење на една или повеќе општествени групи кои со своите одлуки или активности настојуваат да предизвикаат промени и да влијаат на општествените односи во некое општество.

**1275. СОЦИЈАЛНА СТАГНАЦИЈА**

*E. social stagnation*
*F. stagnation sociale*
*D. soziale Stagnation*
*P. социальная стагнация*

Состојба кога целото општество или негови поединечни делови се наоѓаат во стадиум на застој, замреност или назадување, т.е. кога поради структурни причини е оневозможен општествениот развој.

**1276. СОЦИЈАЛНА СТРАТИФИКАЦИЈА**

в. Стратификација.

**1277. СОЦИЈАЛНА ХАРМОНИЈА**

*E. social harmony*
*F. harmonie sociale*
*D. soziale Harmonie*
*P. социальная гармония*

Состојба на социјалниот систем кога сите негови делови се наоѓаат во доволно висок степен на внатрешна

консистенција и неконфликтност.

**1278. СОЦИЈАЛНА ХЕТЕРОГЕНОСТ**

*E. social heterogenity*
*F. heterogeneite sociale*
*D. soziale Heterogenität*
*P. социальная гетерогеность*

Постоење на меѓусебно различни и противречни цели и интереси на социјалните групи и институции во рамките на социјалниот систем.

**1279. СОЦИЈАЛНА ХОМОГЕНОСТ**

*E. social homogenity*
*F. homogeneite sociale*
*D. soziale Homogenität*
*P. социальная гомогеность*

Состојба на социјалниот систем кога неговите делови (групи и институции) се цврсто интегрирани.

**1280. СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

*E. social insurence*
*F. assurance sociale*
*D. Sozialversicherung*
*P. социальная защита*

Систем на материјална и здравствена заштита на работниците и службениците, како и на членовите на нивните семејства, во случај на болест, незгода на работното место или во старост.

**1281. СОЦИОЛОГ**

*E. sociologist*
*F. sociologue*
*D. Soziologe*
*P. социолог*

Лице со оформено соодветно стручно образование кое се занимава со социологијата како професија.

**1282. СОЦИОЛОГИЗАМ**

*E. sociologism*
*F. sociologisme*
*D. Soziologismus*
*P. социологизм*

Еднострано гледиште во социологијата, според кое општествените појави и процеси можат да се објаснат чисто социолошки, значи само со дејствувањето на општествените фактори.

**1283. СОЦИОЛОГИЈА**

*E. sociology*
*F. sociologie*
*D. Soziologie*
*P. социология*

Најопшта општествена наука која го изучува општеството во целина. Авторот на називот е Огист Конт, кој социологијата ја издвои како посебна наука покрај математиката, астрономијата, физиката, хемијата и физиологијата (биологијата). Иако постојат разлики во сфаќањето на поимот социологија и предметот на нејзиното изучување, таа како наука за општеството ја испитува општата структура и законите на развојот на општеството во неговата целина, ги утврдува најсуштествените елементи и карактеристики на општествените формации, основните општествени групи и нивните меѓусебни односи, кои како такви не се предмет на ниедна друга посебна наука.

**1284. СОЦИОЛОГИЈА НА ВОЈНАТА**

*E. sociology of war*
*F. sociologie de la guerre*
*D. Kriegssoziologie*
*P. социология войны*

Социолошка дисциплина која ја проучува војната како општествена појава, облик и средство на општествени конфликти, армијата како општествена интитуција, социјалните односи во неа, однесувањето на луѓето во воени услови.

**1285. СОЦИОЛОГИЈА НА ГРАДОТ**

*E. urban sociology*
*F. sociologie urbane*
*D. Stadtssoziologie*
*P. социология города*

Посебна социологија, позната и под називот урбана социологија. За предмет на своето изучување го има градот како тип на населба и неговиот однос спрема општеството како целина.

**1286. СОЦИОЛОГИЈА НА КУЛТУРАТА**

*E. sociology of culture*
*F. sociologie de la culture*
*D. Kultursoziologie*
*P. социология культуры*

Посебна социологија која ја проучува социјалната природа на културата и заемниот однос меѓу културата и општеството во статичка и динамичка смисла, при што се утврдува и степенот на нејзината релативна самостојност.

**1287. СОЦИОЛОГИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА**

*E. sociology of literature*
*F. sociologie de la litterature*

*D. Literatursoziologie*
*P. социолоīия лиīераīуры*

Дисциплина на социологијата на уметноста која го проучува заемниот однос меѓу литературниот факт и општеството, односно меѓу литературата и социјалниот систем.

**1288. СОЦИОЛОГИЈА НА МАСОВНИТЕ КОМУНИКАЦИИ**
*E. sociology of mass communications*
*F. sociologie de la communication de masses*
*D. Massenkommunikations-soziologie*
*P. социолоīия масовых комуникаций*

Посебна социолошка дисциплина која го проучува масовното комуницирање како социјална појава, односно го проучува влијанието на средствата за масовно комуницирање на современото општество и култура.

**1289. СОЦИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНАТА**
*E. sociology of medicine*
*F. sociologie de la medicine*
*D. medizinsche Soziologie*
*P. социолоīия медицины*

Социолошка дисциплина која ги проучува општествените аспекти на здравјето и болеста, општествените функции на здравствените институции и организации, односот меѓу системот на здравствена заштита и другите општествени системи, и општественото однесување на здравствениот персонал и луѓето кои користат здравствена заштита.

**1290. СОЦИОЛОГИЈА НА МОРАЛОТ**
*E. sociology of ethic*
*F. sociologie de éthic*
*D. Morálsoziologie*
*P. социолоīия морали*

Посебна социологија која се занимава со моралот како значајна општествена појава, но сé уште недоволно развиена како наука, особено нејзиниот теоретски систем.

**1291. СОЦИОЛОГИЈА НА НАУКАТА**
*E. sociology of science*
*F. sociologie de la science*
*D. Wissensoziologie*
*P. социолоīия науки*

Социолошка дисциплина чија цел е проучување на



општествените услови и фактори кои влијаат на научниот развој, испитување на општествената организација на науката, односот на науката со општествените институции и социјалната структура и односот меѓу науката и другите сфери на општествената свест и култура.

**1292. СОЦИОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**
*E. sociology of education*
*F. sociologie de l'éducation*
*D. Bildungssoziologie*
*P. социолоīия образования*

Посебна социолошка дисциплина која се занимава со изучувањето на пошироката општествено-историска и културна условеност на процесите на социјализацијата, воспитанието и образованието, како и со изучувањето на внатрешната структура на процесот на социјализацијата, воспитанието и образованието како општествени појави.

**1293. СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИТИКАТА**
*E. sociology of politics*
*F. sociologie de la politique*
*D. Politiksoziologie*
*P. социолоīия йолиīики*

Посебна социолошка дисциплина која се занимава со изучувањето на политиката како општествена појава, која се манифестира во влијанието на општеството врз политиката и политиката врз општеството.

**1294. СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВОТО**
*E. sociology of law*
*F. sociologie du droit*
*D. Soziologie des Rechtes*
*P. социолоīия ӣрава*

Гранка на социологијата - посебна социологија која го проучува правото како општествена појава.

**1295. СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА**
*E. sociology of religion*
*F. sociologie de la religion*
*D. Religionsoziologie*
*P. социолоīия релиīии*

Посебна социологија која за свој предмет го има изучувањето на настанувањето, развитокот, функцијата и влијанието на религиските феномени во одделните конкретни општества како и постоењето на установите кои вршат соодветни општествени активности.

## 1296. СОЦИОЛОГИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО

*E. sociology of the Family*
*F. sociologie de la famille*
*D. Familiensoziologie*
*P. социология семьи*

Посебна социолошка дисциплина која за предмет на своето изучување го има семејството.

## 1297. СОЦИОЛОГИЈА НА СЕЛОТО

*E. rural sociology*
*F. rurale sociologie*
*D. Ruralsoziologie*
*P. социология села*

Посебна социологија, позната и под називот рурална социологија, која за предмет на изучувањето го има селското општество, неговата организација и структура, основните општествени процеси во него, начинот на животот и неговото менување.

## 1298. СОЦИОЛОГИЈА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

*E. sociology of sparetime*
*F. sociologie du temps libre*
*D. Freizeitssoziologie*
*P. социологиа свободного времени*

Посебна социолошка дисциплина која го изучува слободното време како општествена појава.

## 1299. СОЦИОЛОГИЈА НА СПОРТОТ

*E. sociology of sport*
*F. sociologie du sport*
*D. Sportsoziologie*
*P. социология спорта*

Посебна социолошка дисциплина која ги изучува спортот и физичката култура како и општествените појави и општествените процеси и групи кои притоа се формираат.

## 1300. СОЦИОЛОГИЈА НА ТРУДОТ

*E. sociology of work*
*F. sociologie du travaille*
*D. Arbeitssoziologie*
*P. социлогия труда*

Наука која за предмет на своето изучување го има човечкиот труд како општествена појава, специфичните законитости на неговиот развиток и специфичните врски со останатите општествени појави.

## 1301. СОЦИОЛОГИЈА НА УМЕТНОСТА

*E. sociology of art*
*F. sociologie de l'art*



*D. Kunstsoziologie*
*P. социология искусства*

Посебна социологија која го изучува односот меѓу уметноста и општеството. Во однос спрема општата социологија, социологијата на уметноста е посебна дисциплина додека во однос спрема посебните видови на уметноста таа се јавува како општа, бидејќи го изучува односот на сите уметнички видови спрема општеството.

## 1302. СОЦИОЛОШКА ТЕОРИЈА

*E. sociological theory*
*F. thèorie sociologique*
*D. soziologishe Theorie*
*P. социологическая теория*

Систем на научни искази за општетвото или поедините негови делови чија што вистнитост односно совпаѓање со општествената реалност може емпириски да се потврди.

## 1303. СОЦИОМЕТРИЈА

*E. sociometria*
*F. sociométrie*
*D. Soziometrie*
*P. социометрия*

Правец во граѓанската социологија кој тежиштето на своите испитувања го става врз мерењето на различни психички и социјални односи и процеси во мали општествени групи, како што се семејството, училиштето, работниот колектив и сл. Основач е Јакоб Морено.

## 1304. СПЕКУЛАЦИЈА

*E. speculation*
*F. spéculation*
*D. Spekulation*
*P. спекуляция*

1. Првобитна смисла на поимот е набљудување, испитување, размислување. 2. Општо - спекулација значи мисловно конструирање без можност за искуствена проверка; потоа, чисто теоретско размислување без врска со стварноста, духовно продлабочување во нешто, што често добива презрив призвук на празно мудрување. 3. Во филозофска смисла - спекулација значи чисто теоретско спознание наспроти практиката.

## 1305. СПИРИТУАЛИЗАМ

*E. spiritualism*
*F. spiritualisme*
*D. Spiritualismus*
*P. спиритуализм*

Идеалистички поглед според кој духот и духовното

е примарна односно единствена стварност додека телесното е само неговата манифестација.

**1306. СПОЗНАНИЕ**

*E. cognition*
*F. conaissance*
*D. Erkenntniss*
*P. йознание*

Највисока активност на свеста својствена само на човекот; субјективен облик на сфаќањето на објективната стварност до кој се доаѓа врз основа на искуство и мислење.

**1307. СПОНТАНОСТ**

*E. spontaneity*
*F. spontaneité*
*D. Spontanität*
*P. сйонтанность*

Самостојност, самодејност наспроти организираност и свесност. Спонтано општествено движење со претежно стихијни елементи наспроти свесно организирано движење.

**1308. СПРОТИВНОСТ (ОПШТЕСТВЕНА)**

*E. contradiction*
*F. contradiction*
*D. Widerpruch*
*P. йротиворечие*

Поим со кој во социологијата се означуваат спротивностите на различни општествени субјекти кои произлегуваат од нивната различна положба во општеството. Оттука тие имаат различни интереси како и различен поглед на свет. Спротивностите можат да бидат со различен интензитет и можат да предизвикаат полесни или посилни судири или борби, кои можат да завршат и со борба на живот и смрт. Најзначајни се економските спротивности.

**1309. СРЕДНИ СЛОЕВИ**

*E. middle strata*
*F couches moyennes*
*D. mittlere Schichten*
*P. средний клас*

Општествени групи што се јавуваат во сите општества со развиена поделба на трудот, а не им припаѓаат на основните класи на дадениот начин на производство.

**1310. СРЕДСТВА ЗА ПРОИЗВОДСТВО**

*E. means of production*
*F. moyens de production*
*D. Produktionsmittel*
*P. средсшва йроизводсшва*

Назив за севкупноста на материјалните фактори на





производството, а тоа се средствата на трудот и предметите на трудот и други материјални фактори.

**1311. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА**

*E. means of work*
*F. moyens pour travail*
*D. Arbeitsmittel*
*P. средсшва шруда*

Назив за сите предмети што луѓето ги користат за обработка на предметот на работа за задоволување на своите потреби. Тие можат да бидат преработени или непреработени делови на природата за целите на работата и како такви се делат во непосредни средства за работа (непреработени делови од природата и алати за рачна работа) и посредни, сложени средства (преработени делови од природата, специјализирани машини и машински системи).

**1312. СРОДСТВО**

*E. relationship*
*F. parenté*
*D. Verwandtschaft*
*P. родсшво*

Назив за крвна врска меѓу луѓето или за врска што настанува врз основа на правните акти - сродство врз основа на адопција (меѓу усвоителот и усвоеникот и неговите потомци) и тезбинско сродство (меѓу едниот брачен другар и роднините на другиот брачен другар). Покрај тоа кај нас е познато и духовното сродство - кумство, како и посестримство и побратимство, воспоставување на "сестрински" и "братски" односи меѓу лица кои не се крвни сродници, но со цел да се воспостави блискост и солидарност. Најзначајно е крвното сродство кое претставува однос меѓу две лица од кои едно произлегува од друго - права линија, или од заеднички предок - бочна линија. Во рамките на линиите сродството се смета според степените (колена).

**1313. СТАГНАЦИЈА**

*E. stagnation*
*F. stagnation*
*D. Stagnation*
*P. сшагнация*

Застој во стопанската дејност или во стопанскиот развој на една земја. Се манифестира со проста или недоволно проширена репродукција.

### 1314. СТАЛЕЖ

*E. seniority*
*F. état çclasseà*
*D. Stand*
*P. сословие*

Затворени општествени групи, правно определени, карактеристични за феудалното општество. Се одликуваат со правна привилегираност, наследност на сталешките права, хиерархиска надреденост и подреденост, сталешка затвореност и сталешки титули. Во феудализмот основните сталежи се: благородништвото и свештенството и третиот сталеж (селани и граѓани). Припадноста кон нив се стекнувала со раѓање.

### 1315. СТАЛИНИЗАМ

*E. stalinism*
*F. stalinisme*
*D. Stalinismus*
*P. сталинизм*

Назив за етатистичко-бирократската деформација на социјализмот во периодот кога Јосиф Висаринович Џугашвили - Сталин (1879-1953) во својство на генерален секретар на КПСС имаше доминантна улога и влијание врз политичкиот живот на СССР и меѓународното работничко движење. Основните карактеристики на сталинизмот се: бирократски етатизам, вулгарен материјализам и економизам, одвојување на теоријата од практиката, претворање на диктатурата на пролетаријатот во диктатура на партијата, концентрација на власта во рацете на партиско-државниот врв, култ на личноста, бруталност под маска на револуционерност.

### 1316. СТАРОСНА ГРУПА

*E. age group*
*F. classes d'age*
*D. Altersgruppe*
*P. старосная группа*

Социјална група во која влегуваат лица кои според психофизичката состојба и генерациската припадност имаат одреден статус во општествената заедница.

### 1317. СТАТИСТИЧКИ МЕТОД

*E. statistical method*
*F. methode statistique*
*D. statistische Methode*
*P. статистический метод*

Квантитативен метод кој се користи за собирање, обработка и анализа на податоци за појави кои имаат масовен карактер и за утврдување на одредени врски меѓу појавите.

### 1318. СТАТУС КВО

*E. status quo*
*F. status quo*
*D. status quo*
*P. статус-кво*

1. Скратениот израз статус кво значи состојба каква што е, а произлегува од латинската изрека **Status quo ante bellum** (состојбата каква што била пред војната).2. Одржување на постоечката состојба или за враќање кон некоја претходна состојба.

### 1319. СТАТУТ

*E. statute*
*F. statut*
*D. Statut*
*P. устав*

Правен акт што го донесува органот понизок од законодавецот, а кој е овластен да пропишува извесни правила, но во согласност со законот.

### 1320. СТИГМА

*E. stigma*
*F. stigmate*
*D. Stigma*
*P. ярлык*

Погрден атрибут наметнат на некој поединец или група, најчесто како последица на стереотипите кои постојат за одредено однесување карактеристично за тој поединец или група.

### 1321. СТИЛ НА ЖИВОТ

*E. life style*
*F. style de vie*
*D. Lebensstil*
*P. стиль жизни*

Збир на обрасци на однесување во секојдневниот живот кое зависи од финансиските, културните и рекреативните човекови потреби, односот кон трудот, потрошувачката, слободното време, начинот на задоволување на овие потреби, односот кон сопственоста итн.

### 1322. СТИХИЈНОСТ

*E. spontaineity*
*F. spontaneité*
*D. Spontanität*
*P. стихийность*

Во општествениот живот - вршење на различити облици на општествена актив-

ност на луѓето без постоење на свест за некоја заедничка цел или нејзините последици.

### 1323. СТОИЦИЗАМ
*E. stoicism*
*F. stoicisme*
*D. Stoizismus*
*P. стоицизм*

Учење на стоичката филозофска школа на Зенон (300 пред н.е. до 529) за достоинствен живот кој треба да е во согласност со добродетелта, која се состои во власта на разумот над емоциите (стоички мир).

### 1324. СТРАТИФИКАЦИЈА
*E. stratifikation*
*F. stratification*
*D. Stratifikation*
*P. стратификация*

Слоевитост на општествените појави (стратум значи слој), што значи дека постоја нехомогени, диференцирани општествени структури.

### 1325. СТРУКТУРА
*E. structure*
*F. structure*
*D. Struktur*
*P. структура*

Во најопшта смисла - состав на некоја целина. Во општествените науки, зависно од различни теоретски сфаќања, терминот се употребува за означување на посебностите на составот на општеството и општествените појави, а и за специфичните општествени односи меѓу составните елементи.

### 1326. СТУДЕНТСКИ ДВИЖЕЊА
*E. student movements*
*F. mouvements des ètudiants*
*D. Studentenbewegungen*
*P. студенческие движения*

Општествено-политички движенија, чиј носител е студентската младина, кои според основните содржински обележја и цели можат да бидат национални, класни, политички, културни итн.

### 1327. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ
*E. case study*
*F. étude de cas*
*D. Fallstudie*
*P изучение случая*

Методолошка постапка во социологијата која при проучувањето на одредена појава се користи со повеќе



методи (посматрање, анкета и сл.) и која има првенствено дескриптивна природа.

### 1328. СУБВЕРЗИЈА
*E. subversion*
*F. subversion*
*D. Subversion*
*P. подривная деятельность*

Отворена или тајна, директна или индиректна активност организирана од страна, а насочена против постоечкото правно, политичко и општествено уредување на една земја.

### 1329. СУБЈЕКТИВИЗАМ
*E. subjectivism*
*F. subjectivisme*
*D. Subjektivismus*
*P. субьективизм*

Низа идеалистички погледи во филозофијата според кои целокупното спознание е од субјективна природа, бидејќи единствена реалност е субјект, а личното искуство на секое Јас (субјект) е единствено мерило на спознанието.

### 1330. СУВЕРЕНОСТ
*E. sovereignity*
*F. souveraineté*
*D. Souverenität*
*P. суверенитет*

Својство на некој субјект што го прави највисок во својот домен, бидејќи поседува највисока власт која е самостојна и независна од другите субјекти, пониски и зависни од него. Најчесто се однесува на државната власт и значи дека таа е самостојна, независна и неограничена во вршењето на своите функции.

### 1331. СУПРЕМАТИЈА
*E. supremacy*
*F. suprématie*
*D. Suprematie*
*P. супрематизм*

Елемент на сувереноста на државната власт со значење на највисока власт во однос на секој друг облик на власт. Значи и својство на поседување на најголемо влијание во рамките на една група или организација.

### 1332. СФЕРА НА ВЛИЈАНИЕ
*E. sphere of influence*
*F. sphere d' influence*
*D. Einflussphäre*
*P. сфера влияния*

Поим со кој се означува определено географско подрачје, земја или област која некоја држава, обично голема

сила, го користи за предмет на својата економска и политичка експанзија.

### 1333. СЦИЕНТИЗАМ
*E. scientism*
*F. scientisme*
*D. Scientismus*
*P. научность*

Становиште кое ја претпоставува и глорифицира улогата на егзактните, експерименталните и научните методи во сите области.



# Т

### 1334. ТАБУ
*E. taboo*
*F. tabou*
*D. Tabu*
*P. табу*

Однос спрема одредени предмети, лица, места или односи, изграден врз ирационално засновано верување дека допирањето, повредувањето, или едноставното свесно и рационално актуализирање на истите донесува несреќа и зло за поединецот и заедницата.

### 1335. ТАЈНА ПОЛИЦИЈА
*E. secret police*
*F. police secrete; police de suhreté; haute police*
*D. Geheimpolizei*
*P. тайная полиция*

Специјална гранка на полиција чијашто основна функција е борба против тенденциите за дестабилизација и рушење на општствено-политичкиот систем на одредена земја, т.е. борба против политичките кривични дела. Поради таквата нејзина функција се нарекува и политичка полиција.

### 1336. ТАОИЗАМ
*E. Taoism*
*F. taoisme*
*D. Taoismus*
*P. таоизм*

Кинеска филозофија чијшто основач е Лао-Це (помеѓу VI и IV век пред н.е) според која човекот и општествените односи треба да се усогласат со основниот ритам (Тао), рамнотежа и смена на спротивности преку кои се одвива сè во природата. Од тие причини таоистите се залагале за што попрости облици на општествено организирање и уредување. Подоцна се јавува и таоистичката религија, главно како резултат на поврзувањето меѓу таоистичкото учење и древните кинески култови на предците како и верувањето во духовите на природата.

### 1337. ТАТКОВИНА
*E. homeland*
*F. patrie*

*D. Vaterland*
*P. отечество*

Израз кој укажува на сентиментално - етнички однос на жителите на една држава кон неа и кој укажува дека тие етнички, културно и просторно се врзани со географското подрачје на таа држава.

**1338. ТАЖАЛКА**
*E. wailer*
*F. pleureuse*
*D. Klageweib*
*P. плакальщица*

Жена која според утврдени општествени обичаи, изговарајќи одредени жалидбени формули и изведувајќи ритуални гестови, тажи над мртовецот и која за таа своја способност добила соодветно општествено признание.

**1339. ТЕИЗАМ**
*E. theism*
*F. théisme*
*D. theismus*
*P. теизм*

Тип на религија за која е карактеристично верување во богови како суштества кои примиле облик на материјални (растенија, луѓе, животни), или нематеријални, чисто духовни форми.

**1340. ТЕЈЛОРИЗАМ**
*E. teylorism*
*F. taylorisme*
*D. Taylorismus*
*P. тейлоризм*

Облик на научна организација на работата, развиен од Ф. Тејлор. Почива врз следниве принципи: нормирање на работните операции врз основа на студија на движењата и времето, потребни за нивно вршење; избор на најсоодветни работници и нивно обучување; одвојување на подготовката од извршувањето. Специјализацијата на работниците и парцелизацијата на процесот на трудот се резултат и цел на примената на овие принципи.

**1341. ТЕЛЕОЛОГИЈА**
*E. teleology*
*F. téléologie*
*D. Teleologie*
*P. телеология*

Учење за целите и целесообразноста, по кое секој настан и постоење има своја цел.



**1342. ТЕОЗОФИЈА**
*E. theosophy*
*F. théosophie*
*D. Theosophie*
*P. теософия*

1. Религиозно мистично учење засновано врз верувањето во можноста за интуитивно спознавање на Бога и човековата врска со него.2. Религиозно мистично засновано празноверје.

**1343. ТЕОКРАТИЈА**
*E. theocracy*
*F. théocratie*
*D. Theokratie*
*P. теократия*

Облик на политички систем чијшто легитимитет се изведува од верувањето во поврзаноста на политичката власт, владетелот или свештенството, со Бога. Се верува дека владетелот е потомок на Бога, или дека Бог преку него управува со земските работи.

**1344. ТЕОЛОГИЈА**
*E. theology*
*F. théologie*
*D. Theologie*
*P. теология (богословие)*

Учење за Бога, засновано врз текстови од Стариот и Новиот Завет, заклучоци на црковните концили, списи на црковните отци и христијанската традиција.

**1345. ТЕОРИЈА**
*E. theory*
*F. théorie*
*D. Theorie*
*P. теория*

1. За разлика од практиката, значи знаење, мислење.2. Систематско знаење до кое се доаѓа на методолошки начин.3. Научна теорија, систем од емпириски проверливи тврдења во кој се доведуваат во одреден однос две или повеќе концепти, а со цел да се опишат или објаснат научно дефинирани проблеми.

**1346. ТЕОРИЈА НА ИГРИ**
*E. game theory*
*F. théorie du jeu*
*D. Spieltheorie*
*P. теория игр*

Теорија која ги посматра и објаснува општествените појави и процеси како "игри на среќа". Заснована е на теоријата на веројатноста. Врз таа основа, со примена на

математички модели, настојува да го опише и утврди текот на општествените процеси и шансите на учесниците за успех.

**1347. ТЕОРИСКА СОЦИОЛОГИЈА**

в. Општа социологија

**1348. ТЕРИТОРИЈАЛНА ЗАЕДНИЦА**

*E. territorial community*
*F. communauté térritoriale*
*D. territoriale Gemeinschaft*
*P. территориальная община*

Општествена заедница настаната врз основа на територијалната поврзаност на луѓето која има исклучително влијание врз нивниот живот и однесување, како и врз општествената организација.

**1349. ТЕРОР**

*E. terror*
*F. terreur*
*D. Terror*
*P. террор*

Насилство над луѓе или објекти, извршувано заради застрашување или кршење на нечиј отпор, или свртување на внимание и сл., а мотивирано од политички цели.

**1350. ТЕРОРИЗАМ**

*E. terrorism*
*F. terrorisme*
*D. Terrorismus*
*P. терроризм*

Доктрина и метод на борба за постигнување на политички цели со систематска употреба на терор. Тероризмот го практикуваат различни општествени движења, но и држави од што е произлезен и поновиот термин државен тероризам.

**1351. ТЕХНИКА**

*E. technic*
*F. technique*
*D. Technik*
*P. техника*

1. Начин и вештина како нешто се прави.2. Збир на средства за производство.3. Збир на методи за производство.

**1352. ТЕХНИЦИЗАМ**

*E. technicalism*
*F. technicisme*
*D. Technizismus*
*P. техницизм*

Проект и практика на општествено дејствување кој ја сфаќа техниката како општествено неутрална творба,



а развојот на техниката како цел само по себе. Техницизмот ја негира (или испушта да ја увиди) неопходноста од промислување на процесот и резултатите на техничкиот развој од аспект на хуманистичките и етичките идеали и цели, односно потребата од промислување на техниката како инструментална вредност, како средство за постигање на конкретно-историски општествени цели.

**1353. ТЕХНИЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА**

*E. tehnical intelligentsia*
*F. intelligence technique*
*D. technische Intelligenz*
*P. техническая интеллигенция*

Припадници на интелигенцијата кои дејствуваат на полето на природните науки, техничките науки и технологијата.

**1354. ТЕХНОБИРОКРАТИЈА**

*E. techno-bureaucracy*
*F. technobureaucratie*
*D. Techno-buerokratie*
*P. технобюрократия*

Сраснување на технократијата и бирократијата, кое е резултат на комплементарноста на технократскиот и бирократскиот проект и практика, кое се заснова врз сличноста на функциите на техноструктурата и администрацијата во продукцијата и репродукцијата на општеството.

**1355. ТЕХНОКРАТ**

*E. technocrat*
*F. technocrate*
*D. Technokrat*
*P. технократ*

Стручњак, професионалец, општествено ангажиран за оживотворување на технократскио проек и практика на општествениот развој.

**1356. ТЕХНОКРАТИЗАМ**

*E. technocratism*
*F. technocratisme*
*D. Technokratismus*
*P. технократизм*

Види: Технократија

**1357. ТЕХНОКРАТИЈА**

*E. technocracy*
*F. technocratie*
*D. Technokratie*
*P. технократия*

Проект и практика на општествено дејствување, спо-

живот, естетичките и уметничките критериуми, науните ориентации и резултати итн.

### 1365. ТОТАЛИТЕТ
*E. totality*
*F. totalité*
*D. Totalität*
*P. тоталитет*

1. Принцип на спознанието според кој постои многустрана поврзаност и зависност на појавите во реалноста, поради што објективното спознавање на одредена појава претпоставува нејзино спознавање како дел од одредена целина.2. Во социологијата и другите општествени науки, клучен аксиом на дијалектичкиот метод, кој општеството го сфаќа како целосен, тотален, а не еднодимензионален феномен.

### 1366. ТОТЕМ
*E. totem*
*F. totem*
*D. Totem*
*P. тотем*

Во примитивните општества, однос на страхопочит и идолопоклонство спрема одреден предмет, растение или животно, заснован врз верувањето дека тие се свети и се заштитници на родот или поединецот. Припадниците на еден род се сметаат за потомци на ист тотем, кој ги поврзува и е симбол на нивната среќа.

### 1367. ТОТЕМИЗАМ
*E. totemism*
*F. totémisme*
*D. Totemismus*
*P. тотемизм*

Систем на верувања, обичаи, правила и забрани со кој се регулираат односите спрема тотемот.

### 1368. ТРАДИЦИЈА
*E. tradition*
*F. tradition*
*D. Tradition*
*P. традиция*

Духовни творби: погледи на свет, норми и облици на мислење, однесување и дејствување, кои како дадени се пренесуваат од генерација на генерација, преку механизмот на социјализација.

### 1369. ТРАДИЦИОНАЛИЗАМ
*E. traditionalism*
*F. traditionalisme*



*D. Traditionalismus*
*P. традиционализм*

Синдром на ставови за општествениот живот во целина или само за посебни сфери, најчесто семејните и меѓучовечките односи, но и за политичкиот живот, изграден врз приврзаност и некритично прифаќање и почитување на традицијата. Во практиката се изразува како страв од новото, модерното, вклучувајќи и елементи на копнеж по изминатото, антимодернизам и конзервативен ангажман.

### 1370. ТРЕДЈУНИОНИЗАМ
*E. tradeunionism*
*F. trait d'unionisme*
*D.*
*P. тред-юнионизм*

Термин со кој се означува британското синдикално движење. Се употребува за означување на струја во работничкото движење која својата борба ја ограничува на дејствување на синдикатот за подобрување на економската положба, работните услови и условите за живот на работниците.

### 1371. ТРЕДЈУНИОНИ
*E. trade unions*
*F. trade unions*
*D. Trade Unions*
*P. тред-юнионы*

Термин од англиско јазично потекло и значи "струковен сојуз", односно синдикат.

### 1372. "ТРЕТ СВЕТ"
*E. "third world"*
*F. "tiers monde"*
*D. "dritte Welt"*
*P. "третий мир"*

Термин настанат во периодот 1950-1960 година; со него се означуваат деколонизираните земји.

### 1373. ТРЕТ СТАЛЕЖ
*E. third estate*
*F. tiers- état*
*D. dritter Stand*
*P. третье сословие*

Непривилегирани слоеви од населението во феудална Франција: селанство и граѓанство (занаетчии, трговци и наемни работници).

### 1374. ТРИБУН
*E. tribune*
*F. tribun*
*D. Tribun*
*P. трибуна*

Во стариот Рим, шеф на племе, а подоцна лице што врши јавна функција.Денес,

термин за означување на истакнати личности кои во своите јавни настапи ги интерпретираат и претставуваат интересите на одредена општествена група, етничка или класно-социјална.

**1375. ТРОЦКИЗАМ**
*E. trockysm*
*F. trotskysme*
*D. Trotzkismus*
*P. троцкизм*

Социјалистичка и марксистичка доктрина и движење чијшто основач е Л.Б. Троцки. Го карактеризираат неколку клучни идеи: перманентна револуција, потценување на улогата на селанството во социјалистичката револуција и постоењето на фракции во партијата како услов за партиска демократија.

**1376. ТРУД**
*E. labour*
*F. travail*
*D. Arbeit*
*P. труд*

Целесообразна и универзална човекова дејност, посредник помеѓу човекот и природата. Преку трудот и со помош на трудот човекот го обезбедува својот опстанок.

**1377." ТРУСТ НА МОЗОЦИ"**
*E. "brain trust"*
*F. "trust des cerveaux"*
*D. "Trust der Gehirne"*
*P. "трест мозгов"*

Група составена од истакнати експерти и интелектуалци, која, како орган на одредена политичка институција, врши советодавна дејност. Изразот е настанат во времето на Ф. Рузвелт, а заради означување на групата либерални интелектуалци кои го изградија проектот "нов правец".



# У

**1378. УВРИЕРИЗАМ**
*E. ouvrierism*
*F. ouvriérisme*
*D. Ouvrierismus*
*P. увриеризм*

Сфаќање на францускокото работничко движење според кое работниците се единствената сила способна за раководење на движењето, односно на сите револуционерни општествени движења.

**1379. УГЛЕД**

в. Општествен углед

**1380. УЗУРПАЦИЈА**
*E. usurpation*
*F. usurpation*
*D. Usurpation*
*P. узурпация*

1. Противправно и самоволно присвојување, одземање или приграбување на туѓи права над нешто, односно, незаконско зафаќање во признати или утврдени права на други. 2. Според меѓународното право, чинот узурпација се смета присвојување на туѓа територија, односно власт или функција што му припаѓаат на друг субјект на меѓународното право.

**1381. УЛОГА**

в. Општествена улога

**1382. УЛТИМАТУМ**
*E. ultimatum*
*F. ultimatum*
*D. Ultimatum*
*P. ультиматум*

Во меѓународните односи - последно барање, односно услов за склучување договор со ограничен рок на траење кој една држава и го упатува на друга со закана дека во случај на неизвршување на барањето, односно неизвршувањето на условот, ќе преземе одредени мерки, та дури и војна.

**1383. УМ**
*E. reason*
*F. raison*

термин за означување на истакнати личности кои во своите јавни настапи ги интерпретираат и претставуваат интересите на одредена општествена група, етничка или класно-социјална.

**1375. ТРОЦКИЗАМ**
*E. trockysm*
*F. trotskysme*
*D. Trotzkismus*
*P. троцкизм*

Социјалистичка и марксистичка доктрина и движење чијшто основач е Л.Б. Троцки. Го карактеризираат неколку клучни идеи: перманентна револуција, потценување на улогата на селанството во социјалистичката револуција и постоењето на фракции во партијата како услов за партиска демократија.

**1376. ТРУД**
*E. labour*
*F. travail*
*D. Arbeit*
*P. труд*

Целесообразна и универзална човекова дејност, посредник помеѓу човекот и природата. Преку трудот и со помош на трудот човекот го обезбедува својот опстанок.

**1377." ТРУСТ НА МОЗОЦИ"**
*E. "brain trust"*
*F. "trust des cerveaux"*
*D. "Trust der Gehirne"*
*P. "трест мозгов"*

Група составена од истакнати експерти и интелектуалци, која, како орган на одредена политичка институција, врши советодавна дејност. Изразот е настанат во времето на Ф. Рузвелт, а заради означување на групата либерални интелектуалци кои го изградија проектот "нов правец".



# У

**1378. УВРИЕРИЗАМ**
*E. ouvrierism*
*F. ouvriérisme*
*D. Ouvrierismus*
*P. увриеризм*

Сфаќање на француското работничко движење според кое работниците се единствената сила способна за раководење на движењето, односно на сите револуционерни општествени движења.

**1379. УГЛЕД**

в. Општествен углед

**1380. УЗУРПАЦИЈА**
*E. usurpation*
*F. usurpation*
*D. Usurpation*
*P. узурпация*

1. Противправно и самоволно присвојување, одземање или приграбување на туѓи права над нешто, односно, незаконско зафаќање во признати или утврдени права на други.2.Според меѓународното право, чинот узурпација се смета присвојување на туѓа територија, односно власт или функција што му припаѓаат на друг субјект на меѓународното право.

**1381. УЛОГА**

в. Општествена улога

**1382. УЛТИМАТУМ**
*E. ultimatum*
*F. ultimatum*
*D. Ultimatum*
*P. ултиматум*

Во меѓународните односи - последно барање, односно услов за склучување договор со ограничен рок на траење кој една држава и го упатува на друга со закана дека во случај на неизвршување на барањето, односно неизвршувањето на условот, ќе преземе одредени мерки, та дури и војна.

**1383. УМ**
*E. reason*
*F. raison*

*D. Vernunft*
*Р. ум; разум*

Во поширока смисла, севкупноста на човековите спознајни можности или севкупност на сите духовни човекови сили (можности), исто што и дух (в.). Во потесна смисла - една од човековите спознајни можности кои обично му се спротивставуваат на разумот (**iutellectus**).

**1384. УМЕТНОСТ**
*E. art*
*F. art*
*D. Kunst*
*Р. исскусшво*

1. Во потесна смисла - способност или вештина естетски да се изрази или вообличи мисла или чувство со помош на говорен или пишан збор, инструмент или човечки глас, боја, линија во пластична форма, конструкција, движ итн. (поезија, музика, балет, актерска игра итн.).2. Во поширока и подоцна прифатена смисла - способност со помош на сетилни симболи да се изрази одредено видување и сфаќање на светот и вистината.

**1385. УМСТВЕН ТРУД**
*E. intellectual labour*
*F. travail spirituel*
*D. Geistesarbeit*
*Р. умсшвенный шруд*

Оној вид на човечки труд при чие вршење доминира примената на активната свест (интелектот, имагинацијата, емоциите).

**1386. УНИВЕРЗАЛИЗАМ**
*E. universalism*
*F. universalisme*
*D. Universalismus*
*Р. универсализм*

Филозофски поглед кој секогаш целината, општоста ја зема како одредувачка надреденост на сето поединечно и посебно. Поединечното и посебното при што нивното настанување, развиток и дејство можат да се разберат само преку општото.

**1387. УНИВЕРЗИТЕТ**
*E. university*
*F. université*
*D. Universität*
*Р. университет*

Вид високошколска установа. Посебна заедница на учени луѓе, чијшто живот е посветен на изучување на научни дисциплини, на научноистражувачка работа и подготвување висококвалификувани стручни и научни



кадри со академски односно докторски степени.

**1388. УНИВЕРЗУМ**
*E. universe*
*F. univers*
*D. Universum*
*Р. мир; свеш; вселенная*

Единствена и сеопфатна целосност на сѐ што вистински постои во стварноста; вселена, свет.

**1389. УНИТАРИЗАМ**
*E. unitarism*
*F. unitarisme*
*D. Unitarismus*
*Р. унитаризм*

Политички правец којшто се застапува за апсолутно единство на државата, наспроти федерализмот.

**1390. УНИТАРНА ДРЖАВА**
*E. unitary state*
*F. état unitaire*
*D. Unitärstaat*
*Р. унитарное государсшво*

Држава во која власта организационо е единствена и поредокот структурално е неделив.

**1391. УПОТРЕБНА ВРЕДНОСТ**
*E. usability*
*F. valeur d'usage*
*D. Gebrauchswert*
*Р. пошребишельская сшоимосшь*

Својство на некоја ствар којашто задоволува каква и да било човекова потреба.

**1392. УПРАВА**
*E. administration*
*F. administration*
*D. Verwaltung*
*Р. уйравление*

Една од функциите на државната власт, којашто се изразува во донесување управни акти и нивно извршување од страна на посебни државни органи.

**1393. УПРАВУВАЊЕ**
*E. administration*
*F. administration*
*D. Verwalten*
*Р. уйравление*

Одредување на правецот на развитокот на работите и организациските процеси на трудот во организационите единици на државата и стопанството.

**1394. УРАВНИЛОВКА**
*E. equalization*
*F. egalisation*
*D. Egalisierung*
*Р. уравниловка*

Еднаква распределба на произведените блага или на остварениот доход помеѓу учесниците на општествениот производствен процес без оглед на нивното место во организацијата на трудот, на нивното залагање и постигнатите резултати.

**1395. УРБАНА СОЦИОЛОГИЈА**
*E. urbansociology*
*F. sociologie urbaine*
*D. Urbansoziologie*
*P. социологиѕя городов*

Применета социолошка научна дисциплина којашто се занимава со изучување на градовите како територијални и општествени целини и општествените групации во него, како и со општествените односи, процеси и интеракции што се манифестираат во нив и градските агломерации како социјални средини, нивните развојни тенденции и законитости.

**1396. УРБАНИЗАМ**
*E. urbanism*
*F. urbanisme*
*D. urbanistik*
*P. урбанизм*

Теориска и практична дејност која има за цел преуредување на стари и изградба на нови градови и населби како плански организирани целини.

**1397. УРБАНИЗАЦИЈА**
*E. urbanization*
*F. urbanisation*
*D. Urbanisation*
*P. урбанизация*

Процес на претворање на селските населби во градови.

**1398. УРОК**
*E. enchantment*
*F. enchantement*
*D. Verhexung*
*P. сглаз*

Облик на црна магија при што постои верување дека некои лица со својот поглед можат некому или на нешто да наштетат.

**1399. УСВОЈУВАЊЕ**

в. Адопција.

**1400. УСТАВ**
*E. constitution*
*F. constitution*
*D. Verfassung*
*P. конституция*

Во материјална смисла највисок правен акт којшто ги опфаќа основните правила за општественото и државното



уредување на една земја и нејзиниот правен систем независно од формата во која се изразени. Во формална смисла - посебно пишан, кодифициран општ правен акт со најмоќна правна сила во кој се изразени споменатите основни правила.

**1401. УСТАНОВА**
*E. institution*
*F. institution*
*D. Institution*
*P. учреждение*

Организациона единица на државната управа за остварување културни, просветни, социјални, здравствени и слични задачи, кои со прописи им се поставени на органите на државната управа како нивна општествена должност.

**1402. УТИЛИТАРИЗАМ**
*E. utilitarism*
*F. utilitarisme*
*D. Utilitarismus*
*P. утилитаризм*

Филозофско, односно етичко становиште кое смета дека целта на човековото дејствување е користа, благосостојбата, било на единката (индивидуален утилитаризам), било на целината (социјален утилитаризам).

**1403. УТОПИЗАМ**
*E. utopism*
*F. utopisme*
*D. Utopismus*
*P. утопизм*

Учење коешто го одрекува дадениот свет, постојното општество; не согледувајќи ги во стварноста тенденциите и можностите за промени, се занесува со апстрактни, непосредувани конструкции на "нови светови" кои немаат никаква вистинска основа.

**1404. УТОПИЈА**
*E. utopia*
*F. utopie*
*D. Utopie*
*P. утопия*

Место што го нема, коешто не постои, желба која никако не може да се оствари ниту во даден момент ниту во иднина, желба што не се засновува врз реалните општествени состојби, ниту се потпира врз остварливи планови и идеали.

**1405. УТОПИСКИ СОЦИЈАЛИЗАМ**
*E. utopian socialism*
*F. socialisme utopique*

*D. utopischer Sozialismus*
*P. утопическый социализм*

Различни учења за социјализмот како идеално општество настанати во Европа во сé уште неразвиени услови (особено во XVII, XVIII и во почетокот на XIX век). Социјализмот го сфаќале како конечна и статичка цел на општественото движење и особено се занимавале со измислување на што посовршено општествено, социјалистичко уредување (Т. Мор, Кампанела). Меѓу најзначајните социјалистички утописти се Ш. Фурие, Р. Овен и Сен Симон.

### 1406. УТОПИСТ
*E. utopian (utopist)*
*F. utopiste*
*D. Utopist*
*P. утопист*

1. Автор на утопијата; следбеник на утописки концепции (утопискиот социјализам).2. (прен.) мечтател, фантаст, човек што се воодушевува од неостварени мечти.

### 1407. УЧИЛИШТЕ
*E. school*
*F. école*
*D. Schule*
*P. школо*

Општествена установа во која систематски и методички се остварува процес на социјализација, воспитание и образование.



# Ф

### 1408. ФАБРИКА
*E. factory*
*F. usine*
*D. Fabrik*
*P. фабрика*

Парцијална институционализирана производствена општествена група со широко механизиран производствен процес, врз основа на употреба поголем број машини (со заеднички енергетски центар) и користење на достапните придобивки на науката и техниката.

### 1409. ФАКТОРСКА АНАЛИЗА
*E. factor analysis*
*F. analyse factorielle*
*D. Faktorenanalyse*
*P. факторный анализ*

Збир на сложени математичко-статистички постапки при обработката на податоците за меѓусебната поврзаност на појавите. Се повеќе се користи во сите општествени науки.

### 1410. ФАЛАНГА
*E. phalanx*
*F. phalange*
*D. Falange*
*P. фаланга*

1. Борбен поредок на припадниците на тешката пешадија во стариот век вооружени со долги копја, кои со жестокоста на својата сила и моќ обично ја решавале судбината на битката.2. Здружение коешто го предвидел социјал-утопистот Шарл Фурје, а чијашто цел е укинување на спротивностите помеѓу градот и селото.

### 1411. ФАНАТИЗАМ
*E. fanaticism*
*F. fanatisme*
*D. Fanatismus*
*P. фанатизм*

Претерана, занесувачка приврзаност кон извесно религиозно, политичко или филозофско учење, којашто се претвора во страшно воодушевување и тврдоглава упорност, и која најчесто се прет-

вора во нетрпеливост и готовност на секаков вид насилство спрема поинаквите уредувања, сфаќања и идеи.

**1412. ФАТАЛИЗАМ**
*E. fatalism*
*F. fatalisme*
*D. fatalismus*
*P. фатализм*

Вера во предопределеноста, во неменливоста на судбината на секое човечко суштество.

**1413. ФАШИЗАМ**
*E. fascism*
*F. fascisme*
*D. Faschismus*
*P. фашизм*

Реакционерна идеологија и социјално-политичко движење на ситната буржоазија и лумпенпролетаријатот кои се јавуваат помеѓу двете светски војни и кои во некои земји (Италија, Германија и др.) станаа облик на владеење на најреакционерните општествени сили, заснован на отворена диктатура и агресија

**1414. ФЕДЕРАЛИЗАМ**
*E. federalism*
*F. fédéralisme*
*D. Föderalizmus*
*P. федерализм*

Систем на државно уредување во кое државата е федерација, за разлика од конфедерализмот и унитаризмот условен од потребата за што пошироки државни заедници, во прв ред од економски причини, што доведува до соединување во една иста држава на често мошне различни заедници, било по национални, верски, расни, културни или други критериуми.

**1415. ФЕДЕРАЦИЈА**
*E. federation*
*F. fédération*
*D. Föderation*
*P. федерация*

Облик на уставно уредување на државата според кој државата е составена од единици кои во различните федеративни држави носат и разни имиња (држава, земја, покраина, народна република и сл.), а кои имаат посебен статус и особени права.

**1416. ФЕМИНИЗАМ**
*E. feminism*
*F. féminisme*
*D. Feminismus*
*P. феминизм*



Движење за рамноправност на жените и нивната политичка и економска еманципација.

**1417. ФЕНОМЕН**
*E. phenomenon*
*F. phénomene*
*D. Phänomen*
*P. феномен; явление*

Појава; израз кој во развојот на филозофско-социолошката мисла примил различни значења, како: збиднување за разлика од ствар; појава во свеста на нешто кое е вон од свеста, а што е "за себе" непознато; содржина на свеста.

**1418. ФЕНОМЕНАЛИЗАМ**
*E. phenomenalism*
*F. phénoménisme*
*D. Phänomenalismus*
*P. феноменализм*

Правец во социологијата според кој она што е дадено во искуството се смета за "појава" (феномен), неспознатливи "ствари по себе". Учење според кое на човековото познание му е достапна само надворешната, појавната(феноменолошката) страна на стварите, но не и нивната суштина.

**1419. ФЕРТИЛИТЕТ**
*E. fertility*
*F. fertilité*
*D. Fertilität*
*P. фертилитет*

Плодност на населението мерена со бројот на родени деца во одреден временски период во групата жени во фертилниот период (15-49 год.).

**1420. ФЕТИШ**
*E. fetish*
*F. fétishe*
*D. Fetisch*
*P. фетиш*

1. Поим настанат во етнографското проучување на Западна Африка, каде што е забележано дека во некои архаички верски заедници се почитувал одреден предмет (растение, животно, камен и др.). Се сметало дека тие предмети поседуваат натприроден карактер, посебна моќ, или дека во нив се наоѓаат духови. Како варијанта на фетишот се појавуваат амајлиите, магиите и тотемите. 2. Предмет на кој луѓето му придаваат карактер којшто тој предмет според своите природни својства не ги поседува.

### 1421. ФЕТИШИЗАМ

*E. fetishism*
*F. féetichisme*
*D. Fetischismus*
*P. фетишизм*

Магиско-религиско верување во натприродната моќ на материјални предмети или живи суштества. Тие се објект на обожавање, бидејќи се верува дека човекот може да ги придобие со разни ритуални дејства и на тој начин да влијае врз природните појави, како и на процесите и односите во општествениот живот.

### 1422. ФЕУДАЛЕЦ

*E. feudalist*
*F. seigneur, propriétaire féodal*
*D. Feudalherr*
*P. феодал*

Сопственик на земјишен посед (феуд) и припадник на владејачката класа во феудализмот. Феудалците поседот (феудот) го добивале или по пат на наследство или како надомест за војна служба.

### 1423. ФЕУДАЛИЗАМ

*E. feudalism*
*F. féodalisme*
*D. Feudalismus*
*P. феодализм*

Општествено-економска формација која настанува со распаѓањето на Римската империја (V век на нашата ера) и трае до првите буржоаски револуции во Западна Европа (XVII век). Економската основа на феудалното општество ја чини земјоделското производство кое и доминира во целокупното стопанство, и има, пред сé, натурален карактер.

### 1424. ФИДЕИЗАМ

*E. fideism*
*F. fidéisme*
*D. Fideismus*
*P. фидеизм*

Верско учење дека "вишите вистини", кои се однесуваат на божеството не може да ги сфати човечкиот разум, туку само верата во "откровението".

### 1425. ФИЗИОКРАТИ

*E. physiocrats*
*F. physiocrates*
*D. Physiokraten*
*P. физиократы*

Следбеници на француската политичко-економска школа која во XVIII век ја основал Кене. Физиократите поаѓаат од два принципа:1) природата е единствениот извор на богатства и 2) постојат производен и стерилен труд. Земјоделскиот труд е единствен производен труд, затоа што се одвива непосредно во природата и природата заедно со него дејствува врз создавањето на вишок на производи.

### 1426. ФИЗИЧКИ ТРУД

*E. physical labour*
*F. travail manuel*
*D. körperliche Arbeit ; physische Arbeit*
*P. физический труд*

Вид на човечки труд за кој се користи физичката енергија на човекот.

### 1427. ФИКЦИОНАЛИЗАМ

*E. fictionalism*
*F. fictionalisme*
*D. Fiktionalismus*
*P. фикционализм*

Филозофски правец којшто ја пренагласува улогата на фикцијата во научните истражувања и животните ориентации, во тој степен што севкупноста на теориската и практичната свест ја сведува на збир на фикции.

### 1428. ФИЛАНТРОП

*E. philantropist*
*F. philanthrope*
*D. Philanthrop*
*P. филантроп*

Човек кој во љубовта кон човекот гледа највисока смисла на постапувањата.

### 1429. ФИЛАНТРОПИЈА

*E. philanthropy*
*F. philanthropie*
*D. Philanthropie*
*P. филантропия*

Човекољубивост, благонаклоност, љубов спрема други луѓе.

### 1430. ФИЛИЈАЦИЈА

*E. filiation*
*F. filiation*
*D. Filiation*
*P. филиация*

Непишано правило според кое на секој поединец му е одредено местото во потесната и пошироката сродничка група на која им припаѓа. Со самиот чин на раѓање во една група поединецот автоматски, без своја волја и можности за поинакво определување, добива одредена општествена положба и одбележување, како на пример, име (лично и

групно), место во сродничкиот и наследниот систем, култовите итн.

### 1431. ФИЛИСТЕР

*E. philistine*
*F. philistin*
*D. Philister*
*P. филистер*

Самозадоволен и ограничен човек со тесен секојдневен и малограѓански хоризонт и лицемерно поведение. Зборот филистер дошол од племето Филисти, кое околу 1200 год. пред нашата ера се населило во Палестина (земја на Филистри, Филистеја).

### 1432. ФИЛМ (ФИЛМСКА УМЕТНОСТ)

*E. film*
*F. film*
*D. Film*
*P. фильм*

Средство за масовно комуницирање. Покрај употребата во најразлични домени од животот и за различни цели, филмот се развил и во посебна уметност со особени законитости, семантика и логика чијашто суштина лежи во ритмички усогласеното нижење на подвижните слики кои создаваат илузија на реалност.

### 1433. ФИЛОЗОФИЈА

*E. philosophy*
*F. philosophie*
*D. Philosophie*
*P. философия*

Постојат две основни значење на овој збор, одн. две сфаќања на филозофијата. Според првото, филозофијата е само еден вид наука, т.е. најопшта наука, која ги обопштува исказите на сите посебни науки. Второто сфаќање филозофијата ја смета за познајна дисциплина која не содржи искази за искуството, туку за она што би можело да се нарече надискуство, надминување на искуството.

### 1434. ФИЛОЗОФИЈА НА ЖИВОТОТ

*E. philosophy of life*
*F. philosophie de la vie*
*D. Lebensphilosophie*
*P. философия физни*

1. Дел од филозофијата којшто се однесува на вредноста, целите, смислата на човековиот живот; во секојдневниот говор често исто што и "животна мудрост". 2. Правец, во поновата филозофија, спротивен на метафизицизмот и рационализмот ("филозофија на света") кој за излезна точка на филозофирањето го зема феноменот - доживувањето одн. животот како целосна манифестацијата.

### 1435. ФИНАЛИЗАМ

*E. finalism*
*F. finalisme*
*D. Finalismus*
*P. финал*

Учење, становиште дека сé во природата е целесообразно уредено и секој развиток всушност претставува остварување на цели кои биле однапред одредени.

### 1436. ФИНАНСИИ

*E. finances*
*F. finances*
*D. Finanzen*
*P. финансы*

1. Парични односи, трансакции, операции, посебни наплатувања и исплатувања. Со развитокот на паричното стопанство и, особено, на банкарството, финансиите стануваат мошне сложен механизам кој ги вклучува кредитните, монетарните и другите односи. 2. Наука која ги проучува паричните односи и трансакции.

### 1437. ФИНАНСИСКИ КАПИТАЛ

*E. financial capital*
*F. capital financier*
*D. Finanzkapital*
*P. финансовый капитал*

Соединет капитал на индустриските, банкарските, трговските и на други монополистички претпријатија, кои заемно се поврзале и прераснале во квалитетно нова и единствена форма на капитал.

### 1438. ФОЛКЛОР

*E. folklore*
*F. folklore*
*D. Folklore*
*P. фольклор*

Народно творештво на едно општество или област зачувано со традициите. Овој термин бил за прв пат употребен кон средината на 19 век за со него да се означат народните традиции. Фолклорот опфаќа разни облици на народната уметност: легенди, приказни, песни, бајки, басни, пословици, игри, ликовни дела и др.

## 1439. ФОРДИЗАМ
*E. fordism*
*F. fordisme*
*D. Fordismus*
*P. фордизм*

Систем на научна организација на трудот наречена според нејзиниот творец, американскиот индустријалец Хенри Форд. Според неа успехот на некое претпријатие зависи од точната проценка на потребата за некое добро (благо) и од организацијата на работата.

## 1440. ФОРМАЛИЗАМ
*E. formalism*
*F. formalisme*
*D. Formalismus*
*P. формализм*

Одделување на формата од содржината и придавање значење првенствено на формата на односите и појавите во општеството.

## 1441. ФОРМАЛНА СОЦИОЛОГИЈА
*E. formal sociology*
*F. sociologie formelle*
*D. Formalsoziologie*
*P. формальная социолоīия*

Социологија која се ограничува на проучување на таканаречените општествени форми (облици) помалку или повеќе очистени од секаква содржина, и нив ги посматра вонвременски и вонисториски, како чисти облици, кои можат да се употребат како рамка за класификација на одделни општествени појави, но не и како средство за нивно причинско објаснување.

## 1442. ФОРМАЛНИ ГРУПИ
*E. formal groups*
*F. groupes formels*
*D. Formalgruppen*
*P. формале́ные īруūūы*

Општествени групи кои се и формално јасно издвоени од општеството пред сè по пат на усвојување правила за функционирање на групата. Ова најчесто оди заедно со издвојувањето на органите кои дејствуваат во името на групата, вршат власт во неа. Така всушност формалните групи се поистоветуваат со општествените организации.

## 1443. ФРАКЦИЈА
*E. fraction*
*F. fraction*
*D. Fraktion*
*P. фракция*

Организирана група во политичката партија која од целината се издвојува со посебна програма или различни погледи врз општите прашања на политичката партија.

## 1444. ФРАКЦИОНЕРСТВО
*E. fractionalism*
*F. fractionnisme*
*D. Franktionierung*
*P. фракционерсīво*

Политичка дејност која во одредена општествена организација се изразува во создавање посебни групи.

## 1445. ФРАТРИЈА

в. Братство

## 1446. ФРОЈДИЗАМ
*E. freudianism*
*F. freudisme*
*D. Freudismus*
*P. фройдизм*

Влијание на Фројдовите идеи и психоанализата во многу области на науката и уметноста, посебно во антропологијата, социологијата, психологијата, менталната хигиена, книжевноста и воспитанието.

## 1447. ФРУСТРАЦИЈА
*E. frustration*
*F. frustration*
*D. Frustration*
*P. фрусīрация*

Блокирање или попречување на активноста насочена кон некоја цел, без оглед на тоа дали е таа активност свесна или несвесна.

## 1448. ФУНКЦИОНАЛИЗАМ
*E. functionalism*
*F. fonctionnalisme*
*D. Funktionalismus*
*P. функционализм*

Социолошка теорија која општествените збивања ги објаснува со општите модели на органскиот систем, што значи со оној ист модел од кој поаѓа и социолошкиот организам. Со други зборови, социјалната појава (дејност, организација, институција итн.) со самото свое постоење задоволува одредена социјална потреба (одн. потреба на системот). Одреден систем се одржува како таков затоа што сите негови делови дејствуваат заеднички и хармонично и со внатрешна цврстина, без да предизвикува какви и да било судири.

## 1449. ФУНКЦИОНАЛНА СОЦИОЛОГИЈА

в. Функционализам

## 1450. ФУНКЦИОНЕР

*E. official*
*F. fonctionnaire*
*D. Funktionär*
*P. функционер*

Избрано или поставено лице на кое државниот орган или политичкото тело му доверуваат вршење на одредени права и должности, при што тоа вршење е поврзано со одредени права и овластувања односно одговорности.

## 1451. ФУТУРОЛОГИЈА

*E. futurology*
*F. futurologie*
*D. Futurologie*
*P. футурология*

Наука за и идното, за она што претстои.



# Х

## 1452. ХАБИТУС

*E. habit*
*F. habit*
*D. Habitus; Habit*
*P. Габитус*

1. Навика.2. Надворешен изглед на телото, надворешна конституција.3. Носија.

## 1453. ХАРЕМ

*E. harem*
*F. harem*
*D. Harem*
*P. гарем*

Посебен дел од муслиманските куќи во кои живеат само жени.

## 1454. ХАРИЗМА

*E. charisma*
*F. charisme; surhomme*
*D. Charisma*
*P. Гаризма*

Особина на некоја личност врз основа на која таа важи за вонредно надарена, со натприродни или натчовечки сили или својства. За такви луѓе се верува дека се најспособни и поради тоа се почитуваат како водачи. Според Светото писмо - посебен духовен дар за некое звање или служба. Во христијанската религија верување дека бог може еден дел од својата натприродна моќ да им даде на други суштества.

## 1455. ХАРИЗМАТИЗАМ

*E. charismatism*
*F. notion du charisme; surhumanité*
*D. Charismatismus*
*P. гаризматизм*

Специфична форма на власта базирана на влијанието на некој харизматски водач. Состојба во која односите во една организација се базираат на харизматската улога на личноста.

## 1456. ХАРИЗМАТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

*E. charismatic organization*
*F. organisation qui s'occupe des charismes*
*D. charismatishe Organisation*
*P. гаризматическая организация*

Тип на организација на општеството заснована врз харизматски принципи на управување.

**1457. ХАРИЗМАТСКИ ВОДАЧ**

*E. charismatic leader*
*F. leader de l'organisation qui s'occupe des charismes*
*D. charismatischer Führer*
*P. ѓаризмаѿический руководиѿель*

Личност која располага со харизма, со извонредни сугестивни способности и моќ да мобилизира, да уверува и да ги советува масите.

**1458. ХАРМОНИЈА**

*E. harmony*
*F. harmonie*
*D. Harmonie*
*P. ѓармония*

Композиција на една целина која не се заснова на конфликт, при што е исклучено спротивставување и несогласување, но тие се надополнуваат и постигнуваат рамнотежа.

**1459. ХЕГЕМОН**

*E. hegemon*
*F. hegemon*
*D. Hegemon*
*P. ѓеѓемон*

Водач, господар, владетел. Човек кој спроведува хегемонија.

**1460. ХЕГЕМОНИЈА**

*E. hegemony*
*F. hégémonie*
*D. Hegemonie*
*P. ѓеѓемония*

Првенство, превласт, надмоќност на една група, нација, сталеж, класа, сојуз на држави, над други групи, нации, класи и сл. во политички, економски или културен поглед во рамките на една држава и, пошироко, во односите меѓу државите, народите.

**1461. ХЕДОНИЗАМ**

*E. hedonism*
*F. hedonisme*
*D. Hedonismus*
*P. ѓедонизм*

Етичко учење според кое физичкото задоволство е главна цел и највисоката вредност за човекот.

**1462. ХЕРОИЗАМ**

*E. heroism*
*F. heroisme*
*D. Heroismus; Heldentum; Heldenmut*
*P. ѓеройзм*



Јунаштво, голема духовна и телесна надмоќност.

**1463. ХЕРОЈ**

*E. hero*
*F. heros*
*D. Held*
*P. ѓерой*

Човек што се истакнал со храброст.

**1464. ХЕТЕРОГАМИЈА**

*E. heterogamy*
*F. heterogamie*
*D. Heterogamie*
*P. ѓеѿероѓамия*

Брак во кој брачните другари се разликуваат по одредени карактеристики (социјални, физички, ментални).

**1465. ХИЕРАРХИЈА**

*E. hierarchy*
*F. hierarchie*
*D. Hierarchie*
*P. иерархия*

Во организираните општествени групи скала за нејзините членови според важноста во вршењето на општествените функции; вкупност на положбите (чинови, именувања) во една организација, распоредени вертикално по принципот на подреденост на пониските кон повисоките.

**1466. ХИЕРАРХИСКИ ПРИНЦИП**

*E. hierarchic principal*
*F. principe hierarchique*
*D. hierarchisch Prinzip*
*P. иерарѓический ѿринциѿ*

Начин на организација на општествените институции (држава, црква, политичка партија) по принципот на субордонацијата.

**1467. ХИПЕРГАМИЈА**

*E. hypergamy*
*F. hypergamie*
*D. Hipergamie*
*P. ѓиѿерѓамия*

Поврзаност помеѓу изборот на брачниот другар и општествената стратификација. Склучување на брак со лице од повисок општествен ранг.

**1468. ХИПЕРПРОДУКЦИЈА**

*E. hyperproduction*
*F. surproduction*
*D. Hyperproduktion*
*P. ѿереѿроизводсѿво*

Состојба на прекумерно производство, т.е. произ-

водство кое ја надминува побарувачката и потребите.

## 1469. ХИПОГАМИЈА

*E. hipogamy*
*F. hipogamie*
*D. Hipogamie*
*P. гипогамия*

Поврзаност меѓу изборот на брачниот другар и општествената стратификација, односно социјалната подвижност. Склучување брак со личност од понизок општествен ранг, класа или каста.

## 1470. ХИПОТЕЗА

*E. hipoteza*
*F. hypothéze*
*D. Hypothese*
*P. гипотеза*

Суд, став, поставка за состојбата на стварите, за заемните врски, или за начинот на одвивање на процесите, кој не е проверен и важи условно.

## 1471. ХОБИ

*E. hobby*
*F. hobby*
*D. Hobby*
*P. увлечение*

Активност со која човекот се занимава во слободното време, која му причинува задоволство и ја сака; најмила забава, страст, пасија.

## 1472. ХОМОГАМИЈА

*E. homogamy*
*F. homogamie*
*D. Homogamie*
*P. гомогамия*

Брак во кој брачните другари имаат повеќе заеднички карактеристики (социјални, физички, ментални).

## 1473. ХОМО ЕКОНОМИКУС

*E. homo oeconomicus*
*F. homo oeconomicus*
*D. Homo oeconomicus*
*P. хомо оекономикус*

Човек чија секојдневна акција е водена од чисто економски мотиви, кој целта за остварување на материјални добивки ја става над сите останати животни цели.

## 1474. ХОМО ПРИМИГЕНУС

*E. homo primigenus*
*F. homo primigenus*
*D. Homo primigenus*
*P. хомо примигенус*

Првобитен човек, прачовек од дилувијалното време (на пр. крапинскиот човек).



## 1475. ХОМО САПИЕНС

*E. homo sapiens*
*F. homo sapiens*
*D. Homo sapiens*
*P. хомо сапиенс*

Разумен човек. Главни карактеристики: исправено одење, функционално диференцирање на екстремитетите, работата и производство, општествен живот, артикулиран говор и др. особини; човек надарен со разум, денешен човек.

## 1476. ХРИСТИЈАНИН

*E. christian*
*F. chrétien, enne*
*D. Christ*
*P. христианин*

Припадник на христијанската религија.

## 1477. ХРИСТИЈАНСКА ДЕМОКРАТИЈА

*E. christian democracy*
*F. democratie chrétienne*
*D. christliche Demokratie*
*P. христианская демократия*

Политичко движење кое се стреми да изгради општество врз начелата на христијанската црква.

## 1478. ХРИСТИЈАНСКА РЕЛИГИЈА

*E. christian religion*
*F. religion chrétienn*
*D. christliche Religion*
*P. христианская религия*

Систем на верувања, сфаќања, етички правила, обичаи и сл. засновани врз Библијата.

## 1479. ХРИСТИЈАНСКА ЦРКВА

*E. christian church*
*F. eglise chrétienn*
*D. Christliche Kirche*
*P. христианская церковь*

1. Хиерархиски организирана институција составена од верници кои исповедаат определена христијанска вера /католицизам, православие, протестантизам).2. Зграда во која се врши христијанска богослужба.

## 1480. ХРИСТИЈАНСТВО

*E. christianity*
*F. christianisme*
*D. Christentum*
*P. христианство*

Една од неколкуте светски монотеистички религии, објавена религија, настаната со отцепување од староев-

рејската религија, формирана врз некои учења на хелинистичката филозофија, мистицизмот, ориенталната религија и еврејството. Настанала во услови на големи кризи на Римското царство.

**1481. ХРОНОЛОГИЈА**
*E. chronology*
*F. chronologie*
*D. Chronologie*
*P. хронолоīия*

1. Помошна историска дисциплина која настојува точно да ги утврди датумите на историските настани.2. Излагање на некои настани по нивната временска сукцесија.3. Систем на сметање на времето; во разните цивилизации постојат разни бележења на времето.

**1482. ХУМАНИЗАМ**
*E. humanism*
*F. humanisme*
*D. Humanismus*
*P. īуманизм*

1. Културно движење и правец во филозофијата, науката и уметноста кој се спротивставува на доминацијата на средновековниот мистицизам и религиоезен догматизам и кој во фокусот на својот интерес го става слободниот човек како основен идеал и мерка на сите вредности.2. Етички став според кој сите општествени односи мораат да се темелат на слободната човекова личност и почитување на човековото достоинство.

**1483. ХУНТА**
*E. junta*
*F. junta*
*D. Junta*
*P. хунīа*

1. Име за разни постојани или привремени политички или административни одбори во земјите на Латинска Америка и Шпанија.2. Во другите средини со терминов се означува највисокиот орган што ја узурпира државната власт по успешно изведениот државен удар или пуч. Производ на нестабилни политички системи на земјите без демократска традиција.



# Ц

**1484. ЦАР**
*E. czar; emperor*
*F. empereur; tsar*
*D. Kaiser*
*P. царь*

Титула на монарх во некои земји, посебно се однесува на некогашните императори на Русија.

**1485. ЦАРИЗАМ**
*E. czarism*
*F. tsarisme*
*D. Kaisertum*
*P. царизм*

Државно уредување на чие чело стои царот; апсолутна монархија, автократија.

**1486. ЦАРСТВО**
*E. empire*
*F. empire*
*D. Kaisertum*
*P. царсīво*

Држава управувана од цар. Обично држава со голема територија на која живее етнички разнородно население, со политичка организација базирана на принципите на централизмот, хиерархијата и автократијата.

**1487. ЦЕЛИБАТ**
*E. celibacy*
*F. célibat*
*D. Zölibat*
*P. безбрачие*

Неженење; безбрачност - забрана на бракот за свештениците и монасите. Во раното христијанство, до 3. век, не постои како норма туку само како идеал кон кој се стремат оние што наполно и се предаваат на црквата. Во католичката црква се воведува постепено, почнувајќи од 4. век, за да стане општоважечки принцип за свештенството и монаштвото во 11. век. Во православната црква важи само за монасите. Од останатите религии барања за целибат поставува само будизмот.

**1488. ЦЕНА**
*E. price*
*F. prix*

*D. Preis*
*P. цена*

Паричен израз на вредноста на стоката; вредност на стоката изразена во пари кои при купувањето треба да се платат за единица стока.

**1489. ЦЕНЗОР**
*E. censor*
*F. censor*
*D. Zensor*
*P. цензор*

Лице што ја спроведува цензурата:1. авторизиран проверувач на литературните, драмски и сл. творби, кој може да ги забрани ако не одговараат на стандардите на лојалноста или објективноста;2. службеник во војската и затворите кој ја проверува личната пошта и официјалните пратки за да ги отстрани информациите со кои се открива тајна или пак кои не се исправни;3. во античкиот Рим - еден од двата службеника одговорни за поддржувањето на јавниот цензус и јавниот морал.

**1490. ЦЕНЗУРА**
*E. censorship*
*F. censure*
*D. Zensur*
*P. цензура*

Контрола што ја спроведува власта, црквата или одредена политичка организација пред печатењето на напишани дела, изведувањето на театарски и филмски претстави, прикажувањето на радио или ТВ емисии и сл, со цел да се спречи да стигнат до јавноста идеи што и противречат на државната, црковната или сл. идеологија.

**1491. ЦЕНЗУС**
*E. census*
*F. cens*
*D. Zensus*
*P. ценз*

1. Одредена имотна состојба која е услов за учество во јавната власт.2. Периодично пребројување на населението на една политичка единица. Податоците што притоа се бараат не се однесуваат само на бројот на населението туку и на други показатели, како што се полот, возраста, националноста, расата и сл.3. Во античкиот Рим периодична оценка на богатството на граѓаните за нивно соодветно распределување во општествената скала.

**1492. ЦЕНТРАЛИЗАМ**
*E. centralism*
*F. centralisme*



*D. Zentralismus*
*P. централизм*

Систем на управување и организација кај кој сите посебни органи му се потчинети на централниот (центарот). Тој има доминантна улога во донесувањето на одлуките и во контролата на нивното спроведување.

**1493. ЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА**
*E. centralization*
*F. centralisation*
*D. Zentralisation*
*P. централизация*

Управување со нешто од еден центар; во политичката организација процес на јакнење на улогата на централните органи во однос на локалните. Најчесто се остварува преку хиерархиското потчинување на органите на власта при што локалните органи стануваат само продолжена рака на централните.

**1494. ЦЕНТРАЛНО МЕСТО**
*E. central place*
*F. place centrale*
*D. Zentralstelle*
*P. центральное место*

Градовите во центарот на една област кои служат за централно собирање, како и за дистрибуција на сервисите на околната регија. Нивната локација е објаснета преку теоријата на централното место, формулирана од Валтер Кристалер.

**1495. ЦЕНТРИЗАМ (ГРУПЕН)**
*E. group centrism*
*F. centrisme grupal*
*D.*
*P. центризм (групновый)*

Тенденција на група индивидуи општото човечко искуство да го посматраат во согласност со сопствената група, сметајќи ја неа обично за супериорна во однос на другите.

**1496. ЦЕНТРИПЕТАЛНА ОПШТЕСТВЕНА СИЛА**
*E. centripetal social force*
*F. puissance centripete sociale*
*D. gesellschaftliche Zentripetalkraft*
*P. центростремительная общественна сила*

Интеграционите процеси преку кои се приближуваат претставниците на одредена

општествена група, се зголемува соработката меѓу нив и со тоа се зацврстува општествената солидарност и кохезија.

### 1497. ЦЕНТРИФУГАЛНА ОПШТЕСТВЕНА СИЛА

*E. centrifugal social force*
*F. puissance sociale centrifuge*
*D. gesellschaftliche Zentrifugalkraft*
*P. центробежная общественна сила*

Општествените сили кои ја нарушуваат кохезијата на групите и кои во текот на продолжителното дејствување можат да доведат до нивна деструкција.

### 1498. ЦЕРЕМОНИЈА

*E. ceremony*
*F. cérémonie*
*D. Zeremonie*
*P. церемония*

Серија на акти, чијшто редослед е званично утврден и специфичен за дадената група, кои имаат за цел да сигнализираат на некој посебен настан, личност или вредност и да го потцртаат нивното значење за групата.

### 1499. ЦЕХ

*E. guild*
*F. corporation; corps de métier*
*D. Zeche*
*P. цех*

Здружение на занаетчиите од една или неколку блиски гранки, кое има своја управа, статут и права кои се потврдени од градската или друга власт. Типично е за периодот на феудализмот (12-17 век). Неговата основна цел е преку одредени правила да ги регулира производството, набавката на суровините, размената, цената на производите, висината на надниците, должината на работниот ден, критериумите за полагање мајсторски испити и сл. Покрај тоа, цехот ја спречува конкуренцијата, ги штити своите членови, се грижи за обезбедување на заемна помош во случај на болест и смрт и сл.

### 1500. ЦИВИЛ

*E. civil*
*F. civil*
*D. Zivil*
*P. цивил*

Лице вклучено во случувањата (збивањата) на граѓанскиот живот, за разлика од оние што служат во вооружените сили.



### 1501. ЦИВИЛИЗАЦИЈА

*E. civilization*
*F. civilisation*
*D. Zivilization*
*P. цивилизация*

Се користи во повеќе значења од кои се најчести: а) како синоним на поимот култура; б) како еден од облиците на културата кој се однесува на општествениот развој од варварството навами, во кој се јавува писмото, трајната населеност, класите, државата, уметноста, филозофијата.

### 1502. ЦИКЛИЧЕН РАЗВОЈ

*E. cyclical development*
*F. developpement cyclique*
*D. zuklische Entwicklung*
*P. циклическое развитие*

Концепција на развојот, во која тој се сфаќа како закономерна промена со кружен тек, како верига од епохи кои излегуваат од една точка и повторно се враќаат кон неа, како развој кој се остварува преку раст и опаѓање. Типична е за старата општествена мисла (Платон, Аристотел, Ибн Халдун, Ѓанбатиста Вико) до израснувањето на идејата на еволуцијата.

### 1503. ЦИОНИЗАМ

*E. zionism*
*F. sionisme*
*D. Zionismus*
*P. сионизм*

Политичко движење на Евреите, поттикнато од јакнењето на антисемитизмот кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, чијашто основна цел е основањето и јакнењето на независна еврејска држава. Името го има добиено по ридот Цион (Сион) кај Ерусалим - на кој постоел храм што бил сместен за духовен и културен центар на Евреите. Основач на движењето е Теодор Херцл (1860-1904).

### 1504. ЦИРКУЛАЦИЈА НА ЕЛИТИТЕ

*E. circulation of elites*
*F. circulation des élites*
*D. Zirkulation der Eliten*
*P. циркуляция элит*

Тип на вертикална општествена подвижност преку која настануваат промени во редовите на елитите, на супе-

риорните групи кои доминираат во областа на политиката, економијата, војската, културата и сл. Се остварува на тој начин што способните поединци од пониските класи стекнуваат мокни општествени позиции, додека други поединци или цели групи ги губат елитните позиции.

### 1505. ЦИРКУЛАЦИЈА (ОПШТЕСТВЕНА)

*E. social circulation*
*F. circulation social*
*D. Gesellschaftliche Zirkulation*
*P. общественая циркулация*

Тип на општествена мобилност на индивидуите или семејствата која се остварува преку вертикално општествено класно движење во двата правци: нагорен - кон повисоките и надолен - кон пониските рангови на општествената скала.

### 1506. ЦРКВА

*E. church*
*F. eglise*
*D. Kirche*
*P. церковь*

Организација на христијанските религии, која ги поврзува своите верници преку канонските догми и единствениот религиозен идеал. Преку обредите и моралните прописи таа настојува кај своите членови константно да ја одржува свеста за потребата од верата и исполнувањата на религиозните верувања. Најпознати христијански цркви се: католичката, православната, коптската, грегоријанската, лутеранската, калвинистичката, англиканската, баптистичката и др.



## Ч

### 1507. ЧАРТИЗАМ

*E. chartism*
*F. chartisme*
*D. Chartismus*
*P. чартизм*

Масовно движење на англиските работници од крајот на триесеттите до почетокот на педесеттите години на 19 век, предизвикано од тешката економска положба на работниците и од нивната политичка обесправеност. Со посебна повелба на работниците (1938 год.), упатена до Парламентот, во вид на петиција, се барала демократизација на државниот поредок во Англија (општо, еднакво, непосредно и тајно избирачко право, укинување на имотниот цензус на кандидатите за Парламентот итн.).

### 1508. ЧАРШИЈА

*E. business district*
*F. rue de marche*
*D. Geschaftsviertel*
*P. Рынок*

1. Дел од градот во кој се сместени трговските, занаетчиските и услужните објекти и дуќани.2. Дифузен, но значаен, елемент на обликување на јавното мислење со ставови и обрасци на мислење кои се формирани надвор и независно од официјалното мислење.

### 1509. ЧЕСТ

*E. honour*
*F. honneur*
*D. Ehre*
*P. честь*

Комплекс од општествено обусловени и установени морални вредности што ги има човекот како поединец и член на определена општествена заедница.

### 1510. ЧИНОВНИК

*E. publik employee*
*F. fonctionnaire*
*D. Beamter*
*P. чиновник*

Лице на постојана работа (служба) во државната или друга администрација.

**1511. ЧИНОВНИШТВО**
*E. personnel*
*F. administration*
*D. Beamtenschaft*
*P. чиновничество*

Целокупноста на чиновниците како посебна професионална и општествена група.

**1512. ЧЛЕН**
*E. member*
*F. membre*
*D. Mitglied*
*P. член*

Припадник на некоја општествена заедница или група чијашто дејност е обусловена од целите на заедницата или групата и поврзана со дејноста на другите субјекти во неа.

**1513. ЧЛЕНСТВО**
*E. membership*
*F. faire partie*
*D. Mitgliedschaft*
*P. членство*

1. Целокупноста на членовите на една организација; 2. ретко, припадност кон некоја општествена организација во својство на член. Во ова (второво) значење е почеста употребата на изразот членување.

**1514. ЧОВЕК**
*E. man*
*F. homme*
*D. Mensch*
*P. человек*

Живо суштество што се карактеризира со општественост (живее и дејствува во општествена заедница), труд, свест и артикулиран говор. Според тоа, во однос на другите живи суштества на земјата, човекот претставува не само највисок туку и квалитативно нов степен на развојот на живиот свет.

**1515. ЧОВЕКОВА СРЕДИНА**
*E. human environment*
*F. environs humain*
*D. Menschenumgebung*
*P. человеческая среда*

Дел од биосферата во која човекот живее, односно сите подрачја кои тој ги настанува.

**1516. ЧОВЕЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**
*E. humen organization*
*F. organisation humaine*
*D. Menschenorganisation*
*P. человеческая организация*

Во најширока смисла секоја форма на човечко



општествено дејствување; во потесна смисла: институција.

**1517. ЧОВЕШТВО**
*E. mankind*
*F. humanite*
*D. Menschheit*
*P. человечество*

Сите луѓе на земјата земени во својата целокупност.

# Ш

**1518. ШЕРИЈАТ**

*E. cheriat*
*F. cheriat*
*D. Scharia*
*P. шерият*

Шеријатско право - збир на сите прописи од областа на верското право (фикс) и световното право (канони) - кое ги уредува односите во исламските земји.

**1519. ШОВИНИЗАМ**

*E. chauvinism*
*F. chauvinisme*
*D. Chauvinismus*
*P. шовинизм*

Краен облик на национализам кој се одликува со национална исклучивост, со став за супериорност на својата нација над другите нации, односно проповедање на национална изолираност, омраза и непријателство спрема другите земји и народи.

**1520. ШРАМАНА**

*E. hermit*
*F. ermite*
*D. Schramana*
*P. аскет; подвипеник; отшемник*

Аскет, бескуќник. Буда (основач на будизмот, 560-480 пред нашата ера) и неговите ученици редовно се нарекуваат со тоа име.

**1521. ШТРАЈК**

*E. strike*
*F. greve*
*D. Streik*
*P. забастовка*

Организиран прекин на работа во фабрики, установи, училишта и сл. со цел да се постигнат одредени економски и политички права на вработените спрема работодавците, на подредените спрема претпоставените и сл.